УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

ФИЛОЗОФСКИФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА

# „Руската надворешна политика кон Балканот и Македонија од Кримската војна (1853-1856) до почетокот на Првата светска војна“

-Докторска дисертација-

Кандидат: Ментор:

м-р протоерej Атанас Лажовски доц. д-р Никола Минов

Скопје, 2018

# СОДРЖИНА


Вовед 4

Внатрешно политичката состојба во Русија од
Кримската војна до Првата светска војна 7

„Раскрстување“ со феудализмот 7

Револуцијата во Русија (1905-1907) 21

Националните прашања во Русија 28

Руската политика кон Балканот и Македонија од
Кримската војна (1853-1856) до Берлинскиот конгрес (1878) 30

Причини за почеток на Кримската војна 30

Парискиот конгрес и обидите на Русија за анулирање
на неговите решенија 34

Руската надворешна политика за време на Источната криза 56

Цариградската конференција и руската политика на Балканот 67

Руско-турската војна и Санстефанскиот мировен договор 71

Берлинскиот конгрес 78

Русија и Големите сили на Балканот од Берлинскиот конгрес
до Илинденското востание 81

Руско-австрискиот договор (1897) за статус-кво на
Балканскиот полуостров 97

Подобрување на руско-српските односи 108

Натамошни обиди за воведување на реформи во Македонија од
крајот на XIX век и почетокот на XX век 114

Односот на Русија и Австро-Унгарија спрема турските реформи
во Македонија (декември 1902 и февруари 1903 година) 125

Руската политика кон османлиска Македонија од Илинденското
востание до Младотурската револуција 143

Руската дипломатија и општествено-политичките прилики во
Македонија пред Илинденското востание 143

Мирцштегската реформска програма 165

Дејноста на руските и австроунгарските цивилни агенти 173

Дејноста на руските офицери при реорганизација
на турската жандармерија 180

Русија и Австро-Унгарија и прашањето за финансиските реформи во Македонија 199

Русија и Австро-Унгарија и прашањето за судските реформи во Македонија 206

Рускиот однос кон Балканот и Македонија од Младотурската револуција до почетокот на Балканските војни 213

Ревалски средби 213

Младотурската револуција и крајот на руско-австроунгарската реформска програма 217

Состојбите на Балканот и во Македонија од Младотурската револуција до формирањето на Балканскиот сојуз 221

Улогата на руската дипломатија при создавањето на Балканскиот сојуз 243

Русија и Балканските војни 260

Букурешки мировен договор (1913) 273

„Московскиот славјански благотворителен комитет" и Панславизмот 276

Односот на руската дипломатија кон унијатството и протестантството на Балканот и во Македонија 287

Заклучок 297

Преглед на консултирани извори и литература 300

# ВОВЕД

Во 1864 година за руски дипломатски претставник во Цариград бил назначен Николај Павлович Игнатиев. Роден во аристократско семејство и воспитуван во императорскиот двор и Академијата на Генералниот Штаб на руската армија, овој агресивен дипломат бил типичен претставник на руската политичка мисла за активна руска интервенција во балканските работи и за руско покровителство врз националните движења на Балканот. Според Игнатиев, една од главните цели на руската балканска политика било уништувањето на Османлиската Империја. Притоа, според идејата на рускиот дипломат, на местото на Империјата би се формирале неколку национални држави, кои би биле тесно поврзани со Русија. Сепак, Игнатиев признавал дека во 1860-ите и 1870-ите години, руската влада не била во позиција самостојно да ја одредува судбината на Балканскиот Полуостров. Оттука, додека да се случи посакуваното распаѓање на Империјата, главната руска цел била да си обезбеди решавачко влијание кај султанот и Високата Порта. Што се однесува до балканските народи, целта на грофот Игнатиев била да се зачува единството помеѓу православните. Во случај, пак, доколку тоа се покажело невозможно, вештиот руски дипломат сметал дека во најмала рака Русија треба да издејствува единство помеѓу јужнословенските православци и руското царство. Сепак, во посакуваното единство Русија требала да биде „поеднаква“ од балканските Словени, и само таа би решавала за времето и сите преостанати детали при идните национални манифестации и востанија.

Секако, Игнатиев не бил никаков пионер во рускиот пристап кон Балканот. Еден православен, руски, Цариград магловито се назирал во долгорочните замисли на Петар Велики и јасно се исцртувал во конкретните планови на Катерина II. Точно е дека опасноста од „францускиот антихрист“ во 1812 година, внатрешните превирања од 1825 година и револуциите во Европа од средината на XIX век, претставувале дистракција, која привремено го оттргнала руското внимание од посакуваниот плен на Босфорот. Меѓутоа, ниту Наполеон Бонапарта, ниту Декабристите во 1825 година, а ниту пак граѓанските и национални револуции од 1848/49 година не успеале целосно да ја изместат руската надворешна политика од одамна поставениот курс.

Овој курс, или, поточно, урнекот за освојување на Цариград, всушност бил исцртан долго пред Петар Велики и Катерина, и многу долго пред појавата на Игнатиев на дипломатската сцена. Доколку ја погледнеме географската карта, патот кон Цариград и топлите мориња е мошне едноставен – освојување на Црното море и стационирање на Босфорот – но искалените руски државници од XIX век знаеле дека брзото освојување на Цариград е химера и дека освојувањето на османлиската метропола би одело по најдолгиот пат – патот што требало да го изодат и моменталните сопственици на Цариград, при освојувањето на Константинопол. Наместо директен напад врз претолнината на Османлиите, кој неминовно би предизвикал војна со останатите Големи сили и веројатен пораз со децениски, а можеби и вековни последици, Русија била свесна дека падот на Цариград ќе се случи само откако градот ќе стане остров, енклава во големото руско море, по што новата 1453 година би станала само прашање на време и финеси. Но, за да се случи посакуваниот епилог, била потребна долгогодишна офанзива од неколку правци – на север од Кавказот, на истокот од Авганистан и Иран, и на запад од Балканот.

Всушност, оваа руска офанзива и османлискиот инстинкт за преживување ја сочинуваат суштината на Источното прашање. Сето останато (инволвираноста и интересите на другите Големи сили; националните движења на помалите народи и тн.) е само нус појава на рускиот стремеж кон Цариград и фрагменти од големата слика, кои ја збогатуваат комплексноста на Источното прашање.

Токму ваквата комплексност го оневозможува пишувањето на сеопфатен труд за Источното прашање, или, во најмала рака, бара животна посветеност од повеќе автори кои би го разгледувале Источното прашање од сите четири страни на светот. Една исцрпна и сеопфатна анализа на Источното прашање бара премногу време и детално познавање на османотурскиот, рускиот, арапскиот, англискиот, германскиот, францускиот, персискиот, на кавкаските и балканските јазици, нешто што е премногу за еден животен век, па веројатно на ова се должи и непостоењето на сеопфатен труд за прашањето што ги измачувало европските дипломати од XVIII, XIX и почетокот на XX век. Но, доколку биологијата го попречува пишувањето на историјата на Источното прашање од сите четири страни на светот, посветеноста, знаењето и доброто здравје можат да послужат при пишувањето на барем една страна од овој комплексен проблем.

Во овој труд ќе ја разгледаме западната страна на Источното прашање. Како и грофот Игнатиев, и ние не можеме да си припишеме некаква пионерска улога. Интересот за балканскиот аспект на Источното прашање бил толку голем, и трае

толку долго, што амбициозниот истражувач лесно би можел да се изгуби во тоните хартија посветени на оваа тема. Работата дополнително се компликува откако ќе се разгледаат различните пристапи на авторите кон ова прашање. Додека, од една страна, големиот Успенски и плејадата руски историчари, релативизираат и рускиот интерес кон Источното прашање го оправдуваат со некакви возвишени цели, западните автори го маргинализираат проблемот во обид да ги прикријат сопствените траги, или пак ја содомизираат Русија како натрапник кој се обидува да го наруши од Бога дадениот поредок, кој, за волја на вистината, и самите редовно го нарушувале во зависност од своите интереси. Балканските автори, пак, протестираат, и во руската акција гледаат завера насочена кон разнебитување или уништување на народот на кој што му припаѓаат, или пак глорифицираат и посветуваат оди на големата мајка-ослободител, занемарувајќи ги егоистичките интереси на покровителот и неговата подготвеност за ценкање и продажба на судбината на „своите деца“.

Како по обичај, вистината е некаде на средина. Расфрлените фрагменти од релативизацијата, маргинализацијата, глорификацијата, па дури и од протестот и содомизацијата, помагаат да се состави целиот мозаик на балканскиот аспект од Источното прашање. Централно место, пак, во овј аспект од Источното прашање, има руската надворешна политика, па, оттука, долните редови ќе бидат посветени на оваа тема.

На крајот од овој краток вовед, упатувам благодарност до сите што несебично ми помагаа при конципирањето, истражувањето и пишувањето на овој труд. Особена благодарност упатувам до моите ментори, покојниот проф. д-р Кочо Сидовски, кој со своето акумулирано знаење и конструктивни забелешки одигра витална улога при поставувањето на основите на оваа докторска теза, и неговиот наследник, доц. д-р Никола Минов, кој многу помогна во финалните етапи од изработката на трудот.

# Внатрешно-политичката состојба во Русија, од Кримската војна до Првата светска војна

## „Раскрстување“ со феудализмот

За време на Кримската војна, во 1855 година, починал рускиот цар Николај I. За наследник на престолот бил поставен неговиот син, Александар II. Со неговото стапување на престолот се очекувало да започне едно ново време на значајни промени во сите сфери на општествениот живот. Токму за време на неговото владеење, бележиме период на разбрзан развој на капитализмот. Но, за тој да биде воведен во општествено-економскиот систем, неопходно било да биде отстрането феудално-апсолутистичко владеење кое во руската империја било застапено до почетокот на 60-тите години од XIX век.

Новиот владетел бил зрел човек, со конзервативна политичка определба многу блиска до конзерватизмот на неговиот татко, и со солидно воено познавање. Соочен со реалноста, Александар II не останал рамнодушен на новите предизвици и не можел да ги надмине неволјите кои Русија ги имала поради бранењето на старите форми застапени во стопанството и државните институции. Токму затоа, поразот од Кримската војна влијаел рускиот император да го надмине своето конзервативно убедување. Тоа било согласно со мислењето на оние кои сметале дека како резултат на застарениот општествено-политички систем, Русија се наоѓала во внатрешна и надворешна опасност. Царот Александар II уште на самиот почеток од своето владеење, ја искажал неопходноста од воведување на реформи. Во 1856 година Александар II пред московското благородништво многу внимателно изјавил: „*Се слушаат гласови дека јас сакам да го укинам кметството... таа неоснована надеж веќе предизвика неколку случаи на откажување послушност на селаните кон благородниците... но јас и не се противам на таа мерка. Ние живееме во време кога можеби ќе биде потребно (укинувањето на кметството, б.м) да се изврши еден ден и јас мислам дека вие се согласувате со мене; подобро е кметството да биде укинато одозгора, отколку да се чека време тоа да започне само по себе да се*

*укине од долу*".[1] Иако, според своето длабоко убедување и воспитување царот бил против реформите, сепак сфатил дека тие се неопходни и неизбежни. Затоа, подобро било реформскиот процес да се изврши под целосна контрола на државата, отколку преку револуција која, судејќи според револуциите во Франција и Хабсбуршката Монархија, би можела да предизвика сериозни последици. Кај руската аристократија уште со најавувањето на реформите се извршиле поделби на: конзервативна аристократија која се застапувала и понатаму да се зачува постојниот систем и либерална (малцинска) која сметала дека потребно е да се извршат отстапки во полза на селаните, да се промени општествено-политичкиот систем и да се воведе децентрализација на државната власт. Разликата меѓу благородниците во поглед на реформите била многу силно изразена. Таа не зависела само од нивната политичка определба, туку и од нивното потекло. Така, на пример, аристократијата од северните делови, кои биле економски развиени, била подготвена да се отстапат делови од имотот на селаните со гаранција на државата. За разлика од неа, аристократијата која потекнувала од аграрниот јужен и централен дел на руското царство, се залагала да им даде ограничена слобода на селските земјоделци, без право на земја, но и понатаму да се врши експлоатација на селаните преку принудна бесплатна работа (кулук).[2]

Различните ставови меѓу благородниците се прошириле и во владеачките кругови и во самиот Дворец. Биле формирани посебни царски комисии и одбори кои било потребно да ги проучат планираните реформи и да пронајдат најдобар начин на кој што би се извеле. Така биле формирани две групи: едните биле приврзаници на реформите, а другите биле против нив. На чело на првата група биле генералот Растовцев и функционерот на Министерството за внатрешни работи, Николај Миљутин. Поддршка им дале и министерот за внатрешни работи Ланској и Унковски -водачот на Тверската губернија, големиот кнез Константин Николаевич и кнегињата Елисавета Павловна. Од друга страна, против реформите биле шефот на третиот департман на Царската канцелариј,а кнезот Долгоруков, министерот за државни добра Муравјов, министерот за правда Пањин и кнезот Алексеј Орлов.[3]

---

[1] Čedomir Popov, Građanska Evropa (1770-1871), Druga knjiga, Politička istorija Evrope, Novi Sad, 1989, 436.

[2] Harry Hearder, Europe in the Nineteenth Century, 1830-1880, Second edition, London-New York, 1988, 328.

[3] Č. Popov, op. cit., 437.

Додека меѓу благородниците се воделе жестоки дебати зад затворени врати, рускиот цар веќе се определил за реформи. Сепак, при нивната реализација, тој пристапил со голема претпазливост и тактичност. Царот Александар II го прифатил предлогот на литванските благородници, според кој тие би ги ослободиле кметовите, но земјата да ја зачуваат за себе. Одговарајќи им со царска наредба, тој им барал да формираат комитети, според кои би се разработиле планови со кои ќе се овозможи подобрување на животот на селаните. Комисиите морале да водат грижа реформите да се извршуваат постепено, така што селените имале можност да ги откупат парцелите кои ги обработуваат, но за целосно да бидат исплатени, биле должни надоместокот да ги извршат кај земјопоседниците и тоа преку работна и парична рента. Понесен од оваа идеја, рускиот цар основал „Таен комитет" за реформи, кој носел предлози и решенија за спроведување на реформите. Комитетот кон крајот на 1858 година во својата реформска програма предвидел: ослободување на селаните од феудалната зависност и отстапување на селаните на куќите и дворовите. Селаните имале право да добијат обработлива земја, која со помош на државата, можеле да ја откупат од земјопоседниците. Ваквиот предлог на комитетот, предизвикал бурни дискусии, незадоволство и отпор кај благородниците. Тие се спротивставиле, не само кон нацртот, но и кон целокупната идеја за реформи во земјата.

Благородниците во наредните години и понатаму воделе расправи за предлог програмата за реформи во државата. Како резултат на тоа, тие успеале да изнудат поволни решенија со помош на кои би ги намалиле површините предвидени за отстапување и тоа изнесувало околу третина од земјата на големо поседниците. Поголемиот број од благородниците биле задоволни од постигнатите резултати, но она што посебно ги загрижувало било колку државата ќе ги обесштети за давањето на земјата. Напоредно со ова, во револуционерните кругови се појавил енергичен отпор за заштита на правата и интересите на селаните. Ваквото движење и натаму бележело пораст и имало за цел да се изврши радикална реформа. Носители на ваквото движење биле приврзаниците на народната интелигенција, која ќе биде предводник за демократски промени и уривањето на феудализмот и воспоставување на капитализмот.[4]

Револуционерното движење водено од Херцен и Огарјов спаѓало во т.н. стара генерација на народната интелигенција. Новата генерација интелектуалци не ги отфрлила старите идеи, туку, напротив, ги прифатила и тие покажале уште поголема

---

[4] Richard Wortman, The Crisis of Russian Populism, Cambridge, 1967, 35-60.

одлучност и пожртвуваност за укинување на кметството и отстапување на земјата на селаните без откуп. Тие биле свесни и не очекувале дека решавањето на социјалните прашања може да биде решено од страна на царот и владата на Русија, бидејќи тие не можеле да ја доделат земјата на селаните, одземајќи им ја на аристократите и да извршат укинување на самоволството и угнетувањето врз народот. Новата генерација на руската интелигенција кон крајот на 50-тите години од XIX век, го засилила своето револуционерно движење и со издавањето на весникот „Современик", чии уредници биле Чернишевски и Доброљубов. Ваквата револуционерна идеологија ќе се пренесе и кај младата интелигенција и ќе придонесе да дојде до засилување на револуционерно движење, до зголемување на напнатоста и ќе одигра значајна улога во руската историја во натамошниот период. Духот на промени во државата, освен од интелектуалната младина, бил прифатен и од граѓанството, широката интелигенција и неруските народи во царството. Сите овие околности извршиле силно влијание за кршење на отпорот кај владеачките кругови и кај царската бирократија за подготовка на реформи. Кога незадоволствата достигнале врв, рускиот цар Александар II одлучил да воведе реформи.

На 19 февруари/3 март 1861 година, рускиот цар Александар II го потпишал законскиот акт наречен: „Уредба за ослободување на селаните од кметска зависност." Со тоа царот го добил името „Ослободител." Русија е последна од европските големи сили која дошла до сознание дека кметството претставува пречка за политички и економски развој на земјата. Потоа ,преку Царски манифест,[5] законскиот акт бил соопштен на јавноста. Со оваа уредба, интересите на сопствениците на земјата биле загарантирани и заштитени. Но, со воведувањето на реформите тие го изгубиле правото слободно да располагаат со земјоделците и нивните семејства, да ги продаваат, да се мешаат во нивниот приватен живот, мажите имале право да го

[5] Првиот, основниот текст на царскиот манифест бил составен од помошниот министер за внатрешни работи, Н. А. Милјутин, и словенофилот Ј. М. Самирин, но по заповед на царот бил предаден на московскиот митрополит Филарет, со цел да влијае за зајакнување на религиозните чувства кај селаните. Манифестот содржи повеќе законодавни акти од 22 документи кои се однесуваат на прашањето за ослободување на селаните, услови за откупување на земјата од големопоседниците и големината на доделената земја во одделни региони на Русија. Значењето на реформите се состоело пред сè во тоа што го отворал патот за развивање на капитализмот во Русија. (Марина Бобкова Станиславовна, Манифест о всемилостивейшем даровании крепостным людям прав состояния свободных сельским обывателей и об устройстве их быта, 100 главных документов российской истории, док.история.рф,).

напуштат имотот, да се занимаваат со граѓански работи, потоа да купуваат недвижнини, а полицијата, која била под контрола на земјопоседниците, сега била под контрола на селската општина. Сите овие промени во тогашна Русија биле од големо значење, бидејќи ќе допринесат за понатамошен развој на земјата.

Со укинувањето, или, поточно, со ограничувањето на кметството, на земјопоседниците, кои дотогаш биле господари на земјата, им било дозволено од дадените парцели, повторно да добијат дел и да го додадат кон својот имот. Таквиот дел во сите краеви не бил еднаков. Во цела Русија изнесувал една петтина, а во најплодните краеви се движел и до една четвртина од земјата која со реформите им била доделена на селаните. Како последица на тоа, поголемиот дел од руските селани не располагале со доволно обработлива земја, па затоа и понатаму биле наемници кај своите поранешни господари. Како друга придобивка со која што биле заштитени интересите на благородниците, е тоа што селаните за своите намалени парцели биле должни да платат висока сума. За разлика од нив, благородниците се наоѓале во поповолна состојба. Тие не само што добиле висок паричен надомест, но стекнале и други придобивки. Имено, кога се покажало дека поголемиот број на селаните не можеле да го наплатат долгот, тогаш државата ги обесштетила благородниците со 80% од дадената сума, додека пак останатите 20% биле предвидени за селаните. Но селаните биле должни дадените пари повторно на рати да ги вратат на државата. Таквото враќање на средствата претставувало дополнителен товар врз селаните и тоа траело сè до Револуцијата во 1905 година, кога конечно долгот бил отпишан. Како резултат на ваквиот начин на спроведувањето на аграрната реформа, благородништвото и понатаму останало најбогата класа во државата. Нивното влијание во општеството постепено се намалувало и покрај тоа што тие сè уште ги чувале високите функции во војската и во државната администрација. Благородниците својата моќ ја манифестирале преку земјата со која располагале, меѓутоа и таа почнала да се намалува. Заради избавување од финансиски долгови, еден дел од благородниците биле принудени да ја продаваат земјата и потоа парите да ги трошат непродуктивно. Земјата ја продавале главно на трговци и индустријалци. Тоа значело и намалување на вкупните површини со земја со која располагале благородниците, но и развој на една нова класа на богати Руси.[6]

---

[6] Č. Popov, op. cit., 441-442.

Резултатите од царската реформа покажале дека и покрај тешкотиите со кои се соочила, реформата била од големо значење за Русија. На тој начин руското царство од една заостаната држава, станало капиталистичка земја со можност брзо да се развива. Напорите кои ги вршела тогашната руска влада да го зачува феудализмот, претставувале само губење време и доцнење во својот економски развој барем за половина век, кое што огромната руска империја ќе го надмине дури во почетокот на XX век.

Покрај реформите во аграрот, реформи биле спроведени и во државната управа, во судството и образованието. Во 1864 година била преуредена губерниската, а подоцна во 1870 година и градската управа. На чело на оваа управа стоел претседателот на општината. Како органи на локална самоуправа во губерниите биле формирани земства, а во градовите думи. Со воведувањето на судските реформи била сменета дотогашната организација во судството и се стекнала одредена независност од извршната власт. Биле воведени судски трибунали, судска расправа, порота, можност на користење адвокат при споровите итн. Поротниците биле избирани од редовите на аристократите, а исто така и од редовите на градската и селската буржоазија. Во селата надлежен бил општинскиот суд. По пресудата добиена од овој суд, селаните можеле да бидат казнувани телесно. За разлика од овој суд, законите во граѓанскиот биле прилагодени на таков начин што главно ги штителе интересите на големопоседниците. Уапсените револуционери дури и без истрага, биле прогонувани во Сибир или биле испраќани во затвори.[7]

Просветните реформи допринесле да се подобри образованието на рускиот народ, бидејќи голем број од населението било неписмено, необразовано и на многу ниско ниво на цивилизираност. Во градовите биле отворени училишта за описменување на луѓето. Бројот на новоформирани училишта постојано растел. Во 1864 година со посебна училишна уредба годишно биле отворени по 1000 нови училишта. Споменатата уредба била значајна и по тоа што повеќе ги поддржувала световните, отколку црковните училишта. Но и покрај таквата поткрепа, влијанието на црквата и свештенството и понатаму било силно. Со реформите во образованието, се зголемил бројот на средните училишта. Со донесувањето на Законот за гимназии, бројот на запишани ученици постојано растел. Покрај гимназиите биле основани и средни стручни училишта. Голем напредок бил забележан и во високото образование. По добивањето на автономија во 1863 година, универзитетите се

[7] Исто, 443.

ослободиле од притисокот на бирократијата и црковниот клер. Како последица на таквата самостојност, биле усвоени нови наставни и научни програми. Се појавил интерес и за насочување на младите во посебни области како што биле рударството, технологијата, електротехниката, воената хирургија и агрономијата.[8]

Во 1874 година царската влада спровела и воена реформа. Дотогашниот стар начин на регрутирање бил укинат и била воведена воена обврска. Младите со навршени 20 години по пат на регрутација биле земани во војска. Воениот рок бил драстично изменет, од 25 години бил намален на 6 години. Сепак, психологијата во високите воени кругови останала непроменета. Поголемиот дел од генералите и офицерите потекнувале од аристократијата и тие ги воспитувале војниците на таков начин, интересите на царот и големопоседниците и понатаму да останат заштитени.[9]

Реформите кои што биле воведени со царски манифест во 1861 година, не ги задоволиле потребите на прогресивните идеи во руското царство. Најголем неуспех бил забележан во земјоделството. Токму селанството се чувствувало изиграно, бидејќи добило само лажни ветувања за подобар живот. Како резултат на незадоволството од нерешеното аграрно прашање и лошата положба во која се наоѓале селаните, се појавиле протести и немири. Таквите масовни селски протести толку зачестиле, што во повеќе случаи била неопходна интервенција на армијата.

Веќе во следните години доаѓа до стагнација на селските протести. Селските испади дополнително го активирале радикалното интелектуално движење, во прв ред на младината. Како одговор на таквото револуционерно движење, била засилена контролата на полицијата, па во едни такви услови активностите на студентската организација биле ограничени. Меѓутоа и тоа не помогнало. Есента 1861 година во Санкт Петербург и во Москва, дошло до силни протести на студентската младина. Ваквата револуционерна активност била поздравена од нивните истомисленици од земјата и од странство. По тој повод тие испратиле јасна препорака: младата интелигенција треба да се бори против мрачното владеење, против застарените норми кои се застапени во моралот, политиката, науката, религијата и во други области. Поради протестите на селаните и младината, отпорот против власта се зголемил, а тоа значело создавање на масовно движење насочено против државниот врв. Така движењето било поддржано и од писатели, публицисти, просветни работници, лекари и припадници на разни други професии. Тие својата дејност ја

---

[8] Исто, 443-446.

[9] Sovjetska zemlja, kolektiv ruskih autora, Zagreb, 1948, 201.

изразиле преку весникот „Современик“ чиј што уредник бил водачот на револуционерната демократија Н. Г. Чернишевски. Тој бил понесен од идејата да се води организирана пропаганда против режимот и политичката неправда и народот за тоа да биде известуван преку прокламација. Самиот Чернишевски лично се залагал за тоа. Тој испратил повик до селаните и им препорачал дека своите права можат да ги добијат само преку организирано востание. Покрај весникот „Современик“, се појавиле и други револуционерни написи, во кои што царскиот систем и реформите биле изложени на силен притисок. Заедничко за сите написи е тоа што се залагале за длабоки општествено-политички промени во земјата. Така, во еден проглас бил испратен јасен повик за создавање на „руска социјална и демократска република.“ [10]

Пролетта 1874 година, илјадници млади интелектуалци сè повеќе навлегувале меѓу народот и одејќи во населените места, настојувале да ги „просветат“ селаните, да вршат револуционерна агитација меѓу нив и да им ги наметнат социјалистичките идеи. Младата интелигенција, жртвувајќи се, настојувала на селаните да им го покаже патот кој води до „спасение.“ Тие имале за цел да ги наговорат селаните да започнат борба за земјата, против големо поседниците и царизмот. Меѓутоа, селаните не ги прифатиле сите идеи на младите социјалисти, така што и покрај нивното уверување останале рамнодушни. На тој начин т.н. „поход меѓу народот“ доживеал целосен неуспех. Како одговор на дејноста на социјалистите, полицијата уапсила повеќе од 1600 агитатори. Поради суровоста на полицијата и судовите, дошло до опаѓање на авторитетот на владарот. Во текот на истрагата, голем број од бунтовниците, физички и морално уништени, вршеле самоубиства, психички биле уништени (полуделе), биле осудени на робија или пак биле испраќани во прогонство.[11]

Поради тоа што не ги постигнале посакуваните резултати, најревносните социјалисти повторно решиле да се вратат на старите насилни методи на дејствување. Преку обединување на повеќе тајни здруженија, во 1876 година била формирана илегална организација наречена „Земля и воля“ (Земја и слобода) која имала за цел да дејствува против тогашниот режим преку терористички напади. Како последица на таквиот став на организацијата, биле извршени низа

[10] Č. Popov, op. cit., 450-455.

[11] Чедомир Попов, Грађанска Европа(1770-1914) Друштвена и политичка историја Европе (1871-1914) књига 3, Београд, 2010, 169-170.

терористички акти. Така, на пример, Вера Засулич, го убила градоначалникот на Санкт Петербург, Трјепов. На почетокот на април 1878 година, еден член на организацијата извршил неуспешен атентат на царот. За да се заштити земјата од терористичките напади, полицијата презела низа присилни казнени мерки. За кратко време дваесеттина револуционери биле обесени, а некои и стрелани. Но и покрај таквите мерки, терористите раководени од мотото „сила против сила", успеале да убијат 27 државници.

Ваквиот развој на настаните, предизвикал несигурност и колебање и кај припадниците на државната власт. Оние кои сметале дека не треба да се продолжи со терористичките акции, т.н. радикално крило, во средината на 1879 година формирало посебна организација наречена „Народна слобода" или „Народна волја."[12] Главна цел на оваа организација била да изврши рушење на апсолустичкиот систем, да ја преземе власта и да изгради социјализам. За кратко време организацијата имала 500 членови и илјадници други приврзаници и главно била составена од студенти, работници, а во неа тајно членувале и многу офицери. Ова група во неколку наврати успешно подметнала експлозиви во царските резиденции.

Меѓу државната власт се појавиле такви лица кои ги застапувале либералните политички идеи. Најпознат од нив бил Михаил Тариелович Лорис-Меликов. Тој му предложил на царот и го уверил дека, единствено само со реформи може да ја смири тешката состојба во земјата. По наредба на царот, биле подготвени сите неопходности за либерализација.

Во почетокот на јануари 1881 година од страна на генералот бил поднесен проект за формирање на Државен совет, како законодавно тело. Царот најпрво се колебал околу прифаќањето на предлогот од генералот, но потоа го потпишал проектот. Со тоа бил направен значаен чекор напред за создавање на уставна држава. Рускиот цар бил подготвен да го прогласи уставот во државата, а после тоа да се повлече од царскиот престол. Меѓутоа припадниците на „Народна волја", ги

[12] Народна волја е револуционерна терористичка организација која се појавила во 1879 година, по отцепувањето од организацијата „Земја и волја". Главна цел на организацијата е да ја принуди царската власт да изврши демократски реформи. Најмногу се служела со терористички напади. Најголемиот терористички чин кој го извршила организацијата е убиството на рускиот цар Александар II. Во 1882 година имала кружоци во Санкт Петербург, Кронштад, Москва, Одеса, Самара, Кавказ итн. Раководена била од А.И. Жељабов и П. Н. Колодкевич. Други нејзини членови биле: П. Л.Лавров, А. Д. Михајлов, Н.А. Морозов, Л.А. Тихомиров и други.

осуетиле намерите на царот и токму во екот на подготовките за реформи, на 1 април 1881 година извршиле убиство врз царот Александар II. Воедно тоа претставува најголемиот терористички напад којшто го извршила оваа организација. Така, уставот не бил воведен, а во руското царство и понатаму владеело апсолутистичкото уредување, со уште поголема суровост.

Убиството на царот Александар II предизвикало вистинска паника во државниот врв на Русија. Општественото мислење го осудило ваквиот чин и се однесувало крајно негативно кон организацијата и нејзиното членство. На местото на дотогашниот цар, бил поставен Александар III. Новиот цар стравувајќи да не биде убиен, наредил околу него постојано да биде присутно обезбедување. Во такви услови, секој од министрите давал различни идеи за проект кои ќе допринесат за задушување на револуцијата. Најагилна во таквата состојба на безредие била царската полиција која што за кратко време успеала да ги уапси поголемиот дел од нејзините припадници и да ја уништи организацијата „Народна волја." Челните луѓе на организацијата веќе побарале невозможни барања. Имено, тие писмено се обратиле до царот, ветувајќи му дека ќе ги прекинат сите терористички напади, а во замена за тоа да биде воведен устав во земјата. Барањето на комитетот на „Народна слобода" не само што било одбиено, туку царот донел одлука да биде поништен проектот поднесен од Лорис -Меликов. На крајот Меликов и неговите приврзаници биле отстранети од своите позиции, а атентаторите биле јавно обесени. И покрај барањата на некои истакнати хуманисти да им бидат поштедени животите, тие категорично биле одбиени.

Царот Александар III ја презел власта на 36-годишна возраст. Тој се одликувал со трудољубивост, одлуките ги донесувал бавно, но при нивното спроведување бил упорен, бил националист, антигермански настроен, поддржувач на апсолутистичката власт итн. Против револуцијата бил посебно суров. Тој бил првиот традиционален руски владетел кој после двовековен пропуст, носел брада и бил крунисан во старата московска престолнина. Главен негов советник бил В.П. Победоносцев, член на светиот Синод. Како главни фанатични поддржувачи на апсолутизмот биле и министерот за внатрешни работи Д. А. Толстој и И. Д. Делјанов.[13]

Во првите години од своето владеење, Александар III главниот акцент го ставил на тоа да ја да ја прогони опозицијата. Поголемиот дел од членовите на

---

[13] Исто, 174.

организацијата „Народна слобода“ биле уапсени, убиени, прогонети во Сибир итн. Сепак преостанатите членови на 1 март 1887 година се обиделе да извршат атентат врз царот Александар III, кој не бил успешен, но како одговор на него се појавил нов бран на државен терор и прогонства од страна на државната власт. Меѓутоа, тој бран не бил насочен само кон полицијата и судството, но и пошироко. Така во областа на образованието биле укинати мноштво одлуки воведени од Александар II, автономијата на универзитетите била ограничена, вишото женско училиште било затворено, уписот во гимназијата бил отежнат, цензурата била зајакната, делата на светските познатите писатели (Фјодор М. Достоевски, Лав Н. Толстој, Виктор Иго, Мопасан) биле забранети, додека пак верското образование било проширено и му било посветено поголемо внимание. Поради обезбедување на поголеми финансиски средства за царскиот дом, била формирана Дворска банка. Со цел да биде зајакната централната власт, било спроведено строго контролирање на месната самоуправа и под целосна контрола биле ставени општествениот, политичкиот и црковниот живот во земјата. Се чинеле дека, наместо кон 20-тиот, земјата полека се враќа назад во 18-тиот век.[14]

Рускиот цар Александар III станал првиот националист во династијата на Романови. Тој национализмот го користел како орудие за намалување на тензиите во политичките и социјалните сфери на живеење. Во поглед на тоа не заостанувале и неговите најблиски соработници. Така тие станале еден вид на поттикнувачи за националното угнетување и вршеле русификација на народите кои не биле Руси. Во едни такви услови рускиот јазик бил подигнат на повисоко ниво и неговата употреба во образованието и администрацијата, станала задолжителна. Рускиот јазик бил насилно воведен и во Полска, додека украинскиот јазик бил забранет за јавна употреба. Биле изречени забрани и за Евреите. Тие веќе немале право да се занимаваат со државни работи и разни други занимања. Еврејските студенти кои се запишувале на универзитетите, неопходно било да плаќаат numerus clauzus. Великорусите го издигнале национализмот до таков степен, што постојано била присутна паролата: „Русија за Русите!“ И покрај таквите политички прилики во Русија кон крајот на XIX и почетокот на XX век, земјата била зафатена од силни општествено-економски промени. После делумното ослободување од феудалните стеги, целото производство се наоѓало во експанзија. До крајот на XIX век, градот Москва преку железница бил поврзан со сите поважни морски пристаништа и центри за производство. За неколку пати бил зголемен и поморскиот сообраќај и во

[14] Ч. Попов, op. cit., 169-178.

Русија биле формирани големи центри на индустријата. Такви градови биле: Јузовка, Лоѓ, Орехово, Иваново-вознесенски, Баку, Донбаз итн. Урал веќе станал огромен рударско-индустриски регион. Заштитени од апсолутизмот, аристократските бирократи не дозволувале да бидат загрозени од богатите стопанственици и тие настојувале на секој начин да ги зачуваат своите позиции. И работничката класа сè повеќе се зголемувала и станувала поорганизирана. За тоа сведочи фактот што во средината на 90-тите години во Иваново-Вознесенск, бил направен масовен работнички штрајк, за кој чие задушување неопходна била интервенција на војската.[15]

За разлика од другите области, земјоделството и селото напредувале бавно. Тоа главно се однесува на спахискиот и селскиот имот. Спахиите го губеле имотот поради преголемите трошоци и задолжувања, па од тие причини аристократите ја губеле стекнатата надмоќ при извршувањето на функциите во земјата. За педесетина години бројот на аристократите бил намален за речиси двојно. Голем пораст бил забележан кај чиновниците кои потекнувале од граѓаните. Но таквата бирократска група сè уште ѝ била верна на царската власт. Во нејзините редови постоеле и многу способни личности како што бил познатиот министер за финансии Сергеј Јулевич Вите (1849-1915). Тој го усовршил даночниот систем со кој било овозможено двојно зголемување на државните приходи, а успешно го отплатил и државниот долг кон Франција. Русија бележела резултати и во другите сфери на општеството. Била изградена Транссибирската железница, биле отворени нови нафтени извори, рудници итн. Зголемен бил извозот, кој главно бил насочен кон Персија, Манџурија и Германија. Ваквата експанзија била забележана најмногу во првите години од XX век.

Во 1894 година, по смртта на Александар III, година дошло до смена на царскиот престол во Русија. Новиот владетел бил синот на дотогашниот цар Александар III, Николај II. Николај се нашол на чело на огромното царство во едно тешко време, бидејќи за постигнување успех, било потребно вложување на поголема енергија, појасна визија и поголем политички талент од оној кој го имал. Со своите квалитети, но и недостатоци и слабости, новиот руски владетел Николај II, можеби бил изложен на преголем предизвик за вистинско соочување со околностите во државата. Повеќе бил наклонет кон семејните, отколку кон државните проблеми. Тој

[15] Sava Živanov, Rusija na prelomu vekova, Poslednje decenije Ruskog Carstva, Od završetka Krimskog rata do početka Prvog svetskog rata (1855-1914), Beograd, 2002, 138.

често потпаѓал под влијание на други личности, во прв ред на: царицата Александра, потоа генералите, политичарите и др.[16] Во едни такви услови, Николај II, не можел да се соочи со сложените политички прашања, како во внатрешната, така и во надворешната политика. По ориентирање бил ревносен конзервативец и поради постојаното сугерирање од неговиот татко и В. П. Победоносцев, тврдо бил убеден дека власта е добиена од Бога. Поради таквите наложувања, царот не ги прифаќал најразумните совети на оние кои сметале дека за целосни промени во Русија, потребно е да се променат сите политички институции. Наоѓајќи се во една таква конзервативна средина, царот не можел ни да претпостави дека состојбата во земјата е толку напната, а кризата постојано се зголемува и ги опфаќала сите општествени структури. Царот преокупиран со своите лични задоволства, за некакви подлабоки реформи во земјата не сакал ниту да говори, иако бил на самиот почеток на своето владеење.

За време на неговото крунисување во Москва (мај 1896 година) на Ходинското поле, присуствувале околу еден милион луѓе. Поради обемната тежина, импровизираните трибини почнале да се уриваат, при што настанала страшна паника и хаос меѓу присутните, така што биле прегазени и загинати околу 3000 луѓе. И покрај страшната глетка, царот останал рамнодушен на сето тоа што се случило, па дури и дозволил свеченоста да продолжи. Таква смиреност царот покажал и во друга прилика, кога му била соопштена радосната вест за освојувањето на военото пристаниште Порт Артур од страна на руската морнарица.[17]

Поради своите многубројни неспособни соработници, царот бил оптоварен само од една грижа, а тоа била како да ги задуши политичките отпори. Во неможноста да се пронајдат решенија за намалување на кризата, отпорот постојано се зголемувал и тоа особено револуционерниот, кој бил и најсилен. Меѓу руската интелигенција, после 80-тите од XIX век се појавил марксизмот. Г. Плеханов и атентаторката Вера Засулич во Женева ја формирале првата марксистичка организација наречена „Ослободување на работата". Заострените политички па и економски односи во земјата овозможиле, марксизмот во руското царство меѓу младата интелигенција да привлече многу симпатизери. Набрзо меѓу марксистите се појавила разлики во учењето, што било причина да се појават жестоки меѓусебни полемики. Групата предводена од Ленин и Мартов во Москва формирале: „Сојуз за

[16] Исто, 147.

[17] Sava Živanov, Pad Ruskog Carstva, 1, Beograd, 2007, 42.

борба за ослободување на работничката класа". Како реакција на основањето на овој сојуз, се појавиле и прогонства. Така на пример, Ленин бил протеран во Сибир, каде што подоцна престојувала и неговата сопруга Надежда Крупскаја.[18]

Ленин не ги прифаќал идеите за тоа дека Русија не е подготвена за социјалистичка револуција и диктатура на пролетаријатот. Тој бил понесен од идејата на Маркс, дека диктатура на пролетаријатот е можна и покрај заостанатоста на Русија. Таа може бескомпромисно да се реализира преку силна подвижна интелектуална авангарда, која што користејќи го погодниот миг, со помош на пролетаријатот, ќе ја преземе власта во државата и со нејзина помош, ќе воведе диктатура во име на пролетаријатот. После тоа ќе изгради социјализам. Опфатени со такви идеи, во 1900 година, Ленин и Мартов ја формирале Руската социјалдемократска работничка партија или скратено РСДРП. На вториот конгрес на партијата одржан во Лондон, таа се разделила на два дела. Поголемиот дел од членството ги прифатиле замислите на Ленин и тие биле наречени Болшевици, а другиот (помалиот) дел, ги поддржале толкувањата на Мартов, дека без понатамошно развивање на капитализмот во Русија, не може да се дојде до социјалистичка револуција. Припадниците на оваа партија биле наречени Меншевици.

Најавите за настапување на криза во Русија кон крајот на XIX и почетокот на XX век, се среќаваат и во една друга интелектуална средина, поточно кај научниците, филозофите, уметниците, а најмногу кај писателите. Благодарение на своето интелектуално искуство и интуиција, тие ги најавиле сите потреси и општествени судири во земјата. Тоа се случувало и порано, но современиците и историчарите го нарекувале златно време за културен и духовен живот во Русија. Тие во извесна смисла биле и во право. Така започнувајќи од Пушкин до Чехов, па и од Чадаев до Берѓаев, руската култура била по постојан пораст. Треба се има во предвид дека од една страна, врвното творештво во сите овие области било пресудно за подигнување на свеста и духовноста, но од друга страна и аларм за кризата која што опасно се закануваше. Тоа главно се однесува на двајцата најголеми руски писатели, на Лав Николаевич Толстој и на Фјодор Михајлович Достоевски. Покрај овие двајца писатели, руската мисла била збогатена и со други значајни претставници: Тјутчев, Љесков и Чехов. Посебно Чехов во своите драмски дела целосно се доближил до

[18] Ч. Попов, op. cit., 175.

моралното скитање на руската интелектуалност и неговата неспособност да биде против разорноста на времето.[19]

Вознемиреноста може да се забележи и во творештвото на руските сликари и композитори. Сликарите здружени во Друштвото за подвижни уметнички изложби, правеле напори да најават бунт насочен против состојбата во земјата, а додека музичарите како што биле Глинка, Мусоргски, Бородин, Чајковски и други, се труделе да ги отстранат тешкотиите од кризното време во кое живееле. Идентична била состојбата и со руските научници кои поради постигнувањето на врвни резултати уживале светски глас. Тоа биле: нобеловецот биологот Павлов, творецот на периодниот систем на елементите, Димитриј Иванович Менделеев, истражувачот во областа на геохемијата, Вернадски, во антропологијата Миклухо-Маклај и многу други. На тој начин интелектуалниот свет барал начини за излез од моралната и духовната криза во која што се наоѓал.

## Револуцијата во Русија (1905-1907)

Социјалните и политичките настани свој врв достигнале во почетокот на XX век. Граѓанската класа била во постојан пораст и со уште поголем интензитет барала да обезбеди свое влијание во државата. Од друга страна, работничката класа која што за време на првиот стадиум на навлегувањето на капитализмот била тешко експлоатирана, давала сè поголем отпор не само против капиталистите, туку и спрема државата. Селата се наоѓале во тешка состојба и се наоѓале под целосна власт на крупните земјопоседници, трговците и на државата. На оние кои не биле задоволни, интелигенцијата не им понудила никакви практични решенија. Претчувствувајќи ги бурните настани кои што доаѓале, таа била видно вознемирена. Во тоа всушност лежеле и основните причини за револуцијата од 1905 година.[20]

Главни причини за избувнувањето на револуцијата биле економската криза од 1900-1903 година и Руско-јапонската војна. Царската влада сметала дека настапувањето на револуцијата ќе го спречи со помош на војната со Јапонија. По тој

[19] Исто, 176.

[20] S. Živanov, Rusija na prelomu vekova..., 163.

повод, тогашниот министер на руската влада рекол:„Една мала победоносна војна, треба да го истера целокупниот револуционерен занес.“ Но, наспроти очекувањата, токму војната со Јапонија ја заострила револуционерната криза во Русија. Повод за незадоволствата биле револуционерите марксисти, кои до 1900 година го уредувале весникот „Искра“, а потоа членувале во руската социјал- демократската партија. Напоредно со оваа партија, дејствувала и друга опозициска воинствена група на социјални револуционери, на кои главна одлика им била терористичките напади.[21] Доказ за таквата нивна наклонетост било и убиството на министерот за внатрешни работи Сипјагин, извршен од студентот Баламашев.

Претходник на Сипјагин бил полицаецот Плеве, кој што се пресметувал со припадниците на „Народна слобода“ на многу суров начин. Плеве своите акции ги водел, не само преку уфрлување на полицаец кој имал за цел да врши провокација меѓу работниците, туку и преку систематски напади во дворецот против министерот за финансии, Сергеј Вите. Уфрлениот полицаец- С. В. Зубатов, при извршувањето на својата дејност, постигнал и други успеси. Меѓу работниците успеал да добие приврзаници, кои подоцна станале составен дел од полицискиот состав „црни стотини“. Со поддршка на големиот кнез Сергеј Николаевич, Плеве дејствувал кон насочување на општествените незадоволства во шовинистички правци. На тој начин во 1903 година, во Киев биле убиени 45 Евреи, а ранети околу 400 души. Како резултат на ваквата акција, мнозина млади и образовани Евреи изразиле силен револт против руските власти. Тие потоа започнале да се вклучуваат во револуционерните движења. Ваквиот отпор против насилствата на властите, бил поддржан и од либералното граѓанство, кое што преку весникот „Ослободување“ побарале реформи во земјата. Во земјата насекаде се појавил бран од штрајкови. Плеве излезот го барал само преку влегување на Русија во војна, што ќе придонесе да се истроши револуционерната сила кај народот. Затоа тој му сугерирал на царот:„За да ја запреме револуцијата, потребна ни е една мала победоносна војна.“

Во 1904 година на Блискиот Исток започнала руско-јапонската војна, која завршила со катастрофални последици за Русија. Со оваа војна започнала и револуцијата во Русија. Додека војната во Манџурија сè уште траела, во Русија состојбата во државниот врв достигнала кулминација. Со губењето на војната, на Русија и бил затворен излез на исток на море. По препорака на министерот за

[21] Sava Živanov, Rusija i raskol Evrope, Odnosi između evropskih sila pred Prvi svetski rat, Od Berlinskog kongresa do početka rata (1878-1914), Beograd, 2005, 79.

внатрешни работи, царот свикал советување на кое присуствувале највисоките државници. На советувањето Вите дал предлог да се овозможи враќање на Уставниот проект изработен од Лорис-Меликов од 1881 година. Меѓутоа на тоа силно се спротивставил царот Николај II, кој категорично рекол дека рускиот цар со никој и никогаш нема да ја дели власта добиена од Бога. Но и покрај ваквиот став на царот, Земскиот конгрес сепак се одржал и на него било објавено дека Уставот ќе биде донесен. [22]

Во почетокот на 1905 година целата земја била потресена од масовни демонстрации и штрајкови. Царската влада настојувала по секоја цена да ги спречи работниците да учествуваат во револуционерната борба. Тајната царска полиција му доверила задача на свештеникот Гапон, да формира посебна организација „Здружение на руските фабричко- заводски работници“ која ќе допринесе да се спречи вклучување на работниците во револуцијата. Организацијата на Гапон, отворила читални со религиозна и морална литература и биле вршени предавања на разни теми. Целокупната дејност на Гапон била строго контролирана од руската влада. Но, и покрај напорите на Гапон да го неутрализира работничкото движење, работниците ја продолжиле борбата против сопствениците. Гапон предложил да биде напишана петиција и да му се достави на царот со која ќе добијат заштита. Со помош на Гапоновиот план, владата се надевала ќе успее да го задуши работничкото движење. На 9 јануари 1905 година, една огромна колона од луѓе (околу 140.000), водена од свештеникот Гапон, се упатила кон Зимскиот дворец. Народот сè уште се надевал дека царот ќе им излезе во пресрет на барањата и ќе им помогне. На чело на колоната долга од неколку километри, работниците ја носеле сликата на царот, носеле со нив икони и рипиди и гологлави ја пееле молитвата „Спаси ги Господи Твоите луѓе...“ На петицијата биле испишани сите барања на демонстрантите. Работниците наоѓајќи се во една бесправна положба исполнета со беда и немаштија на царот му напишале:„ Не одбивај ја помошта на својот народ, изведи го од гробницата на бесправноста, беда и непросветеност, дај му можност сам да се грижи за својата судбина, ослободи го од него неподносливиот јарем... нека народот управува со земјата заедно со тебе“. Крајот на петицијата бил исполнет и со закана. „Ако не одговориш на нашата молба“, стои понатаму во писменото барање, „ќе

[22] Ч. Попов, op. cit., 178-179.

умреме овде на овој плоштад, пред твојот дворец. Пред нас се два патишта: или во слобода и среќа, или во гроб.“ [23]

Царот уште претходно веќе го имал напуштено дворецот, а неговиот брат Владимир сметал дека бунтовниците веднаш треба да бидат фатени и на тој начин би се смирила силната тензија. Демонстрантите, иако биле предупредени дека ќе биде употребено оружје, одлучно одговориле дека слободата треба да се постигне, а не да се чека да биде добиена од царот. По пристигнувањето пред дворецот, војската отворила силен огномет, при што за кратко време биле убиени 2000 демонстранти. Насекаде се слушале крикови од убиените и ранетите луѓе од долгата колона. Меѓу убиените биле и многу жени, деца, па и старецот што ја носел сликата на царот и детето кое ја носело црковната кадилница. Пред налетот на куршумите луѓето паѓајќи ги туркале и другите луѓе во колоната. Тоа се случило и со Гапон, кој бил турнат на земјата од еден од убиените луѓе. Во таквата панична состојба тој бил спасен од царската стража, кој брзо го префрлила преку ѕидот. На тој начин Гапон се спасил и од домот на писателот Максим Горки испратил јавен повик за сѐ општо востание. Подоцна бил фатен и обесен. Во едни такви услови, започнала граѓанската револуција во Русија.[24]

Со цел да ја спречи револуцијата, царот за генерал - губернатор го поставил генералот Трјепов и при тоа му дал неограничени права. Трјепов само за осум дена успеал да ја смири царската престолнина, но во меѓувреме целата земја била зафатена од револуцијата. Штрајкови од широки размери ги зафатиле градовите Москва, Рига, Саратов, Баку и др. Во февруари 1905 година бил убиен големиот кнез Сергеј Николаевич. Пролетта истата година, револуционерната борба на работниците и селаните, била подигната на уште повисок степен. Насекаде биле забележани масовни селски протести и штрајкови. Немало мир ниту во индустриските центри. Посебно значаен бил штрајкот на текстилците во Иваново-Вознесенск на кој учествувале 70.000 работници. Она што е карактеристично за овој штрајк е што се одвивал сложно, цврсто и организирано. Во Лоѓ, работничко востание било задушено со помош на артилеријата.[25]

Силни протести и изливи на незадоволство биле забележани и во водите на Црно Море, на познатиот брод „Потемкин“ кој што пловидбата ја вршел со

---

[23] Исто, 179.

[24] Sovjetska zemlja...241-243; Ч. Попов, op. cit., 179.

[25] Ч. Попов, op. cit., 179.

револуционерно знаме. Бунтовниците од бродот „Потемкин“ пристигнале во Одеса, каде што во тоа време веќе во тек бил генерален штрајк на работниците. Но, меншевиците во градот не им дале поддршка на морнарите и одолговлекувале со цел да добијат на време. За тоа време во градот пристигнала војска вооружена со артилерија, но и една морнарска единица составена од повеќе бродови (ескадра) со која било планирано да се уништи бунтот на морнарите. Но, морнарите од овие воени бродови одбиле да пукаат во своите другари. Бунтот на морнарите од оклопниот брод „Потемкин“ не успеал, затоа што неговото раководство не било цврсто, без искуство и покажало недоволна енергичност. Но и покрај тоа, бунтот на морнарите имал значење, бидејќи бил направен обид за создавање јадро на револуционерната борба.[26]

Веќе во текот на летото и почетокот на есента 1905 година, цела Русија била зафатена од масовни штрајкови кои достигнале врв во месец октомври со започнување на генерален штрајк, кој ја вознемирил целата земја. Револуционерните движења, особено болшевиците, имале цел овој масовен бран на демонстрации да го претворат во вооружено востание против апсолутизмот, кое што на крајот би завршило со прогласување на република. Но со нивната програма, во редот на големите претпријатија, не успеале да создадат единствен револуционерен фронт, па започнале самите да се организираат и да основаат работнички совет. По иницијатива на болшевистите, меншевиците и есерите, бил формиран: „Петербуршки совет на работнички депутати“. Меѓутоа и покрај нивните настојувања, овој совет не можел да постигне паралелна власт во престолнината.

Наоѓајќи се во една сложена состојба, царот бил принуден да попушти и објавил избори за советодавна дума. Но за вакво отстапување, сепак било доцна. Во октомври, 1905 година револуционерното движење се развило со нова сила. Железничарите започнале масовен штрајк, на кој им се придружиле и работници од фабриките. Нив им се придружиле и претставници од интелигенцијата: адвокати, учители, инженери, студенти, со што штрајкот преминал во општ сѐ руски, во кој учествувале повеќе од два милиони работници. Револтираните демонстранти извикувале и барале сменување на царот и создавање на уставна држава. Генералот Трјепов решително побарал да биде пукано во демонстрантите, но бил спречен од големиот кнез Николај Николајевич и Сергеј Вите. По нивна препорака, била објавена прокламација во која граѓанската слобода била непоколеблива. Царот

[26] Sovjetska zemlja.., 245.

Николај на 17 октомври 1905 година издал манифест со кој на народот му дал посебни придобивки. Тоа значело свикување на државната дума, воведување на устав во земјата како победа на револуцијата. Но царскиот манифест претставувал само еден вид на залажување пред народните маси и собирање сила за повторен удар на револуцијата.

Победата на политичките групации, била сфатена на различен начин. Така на пример, крупната монархистичка буржоазија сметала дека таа е повикана да ја земе власта во свои раце. Новоформираната партија на либералното граѓанство и интелигенцијата (Кадети), се застапувала да добие можност да формира влада и да го зацврсти револуционерното дело. Крајните левичари (болшевици, меншевици и есери) сметале дека револуцијата и понатаму треба да продолжи, до целосно укинување на апсолутизмот. Кога Сергеј Вите ја составил владата, партијата Кадети била повикани да учествува во неа, но тие ја одбиле поканата. Од друга страна контрареволуцијата и понатаму преземала нови иницијативи. Под изговор дека Евреите сакаат да го разрушат руското царство и да го симнат од власт царот, активистите на контрареволуцијата од селата и од најниските слоеви на малограѓанството, успеале да ги убедат и да извршат мобилизација на контрареволуционерни одреди т.н „црностотинаши“. Тие тргнале во напад и при тоа настрадале околу 4000 Евреи.[27]

На политичката сцена во Русија биле извршени поделби. „Црностотинашите“ формирале сојуз наречен „Сојуз на рускиот народ“, а од партијата Кадети се издвоиле „Октобристите“ кои започнале да се приближуваат кон великобуржоаската десница. Во едни такви услови, во Русија владеела целосна анархија. По нападите на оваа десница, болшевиците и есерите организирале бунт на морнарите во воената флота во Кронштат. Како одговор на буната, царската гарда успеала за два дена да го задуши бунтот на морнарите, со што бил означен крајот на крвопролевањата. Набрзо потоа се појавила уште една буна. Во црноморското пристаниште Севастопол се побуниле 12 воени бродови. Но бродовите кои му останале лојални на царот, успеале да го задушат востанието, а нивниот водач Шмит бил заробен, а потоа стрелан. Големи војнички немири биле забележани и во Далечниот Исток.

Едни од најголемите револуционерни борби се случиле во градот Москва. На 27 ноември 1905 година, ростовскиот полк станал непослушен на својата команда. Нему потоа му се придружиле московските работници. Востаниците успеале да

---

[27] S. Živanov, Rusija i raskol Evrope..., 133.

воведат своја власт во градот која траела 12 дена. Војниците кои и понатаму биле верни на царот, биле помалубројни во споредба со Ростковскиот полк и работниците. Меѓутоа од Сант Петербург како помош бил испратен гардискиот Семјоновски полк вооружен со артилерија кој немилосрдно ги бомбардирал востаниците. На крајот востанието било крваво задушено.[28]

Крвавите настани во Москва означуваат пресврт во руската револуцијата во 1905 година. Протестите, нередите и борбите во селата и градовите во огромната руска империја траеле околу две години, а револуционерните акции биле најчесто прекинувани од брзата интервенција на власта. Во април 1906 година царската влада ја свикала првата државна Дума. Поразени од крвавите глетки во Москва, меншевиците ја прекинале својата револуционерна дејност и им дале поддршка на Кадетите. Тие барале мирни избори за Државната дума. Болшевиците и есерите учествувале скоро во сите побуни, но тоа и немало некое влијание врз натамошниот тек и исход на револуцијата. Потоа рускиот цар ја сменил владата на Вите, а на негово место го поставил претставникот на монархијата Горемикин, кој главната поткрепа ја побарал меѓу царските генерали. Спроведувајќи ги одлуките од царскиот Манифест, Николај II распишал избори за влез во Думата. Изборите биле одржани во март 1906 година и завршиле со убедлива победа на Кадетите, кои добиле 179 пратеници, а нивната демократска партија „Трудовици" обезбедила уште 107 пратеници. Тие имале право сами да формираат влада, бидејќи нерусќите сепаратисти имале само 69 места за пратеници во Думата. Болшевиците не ги признавале резултатите од изборите сметајќи ги за нерегуларни, а додека пак есерите повторно се вратиле на терористичките напади. Набрзо потоа царот и дворските луѓе околу него, под изговор дека Думата е причината за немирите во земјата, во летото 1906 година, издејствувале да биде извршено распуштање на Думата.[29]

За нов претседател на владата, царот го избрал Петар Аркадиевич Столипин.[30] Тој се залагал за темелни реформи и затоа рекол: „Дајте ми дваесет

---

[28] Исто, 136.

[29] Ч. Попов, op. cit., 179 -181.

[30] Роден е во 1862 година во Дрезден во Саксонија.. Бил истакнат руски политичар и реформатор. Во 1902 година бил назначен за губернатор на Гроднетската, а потоа и на Саратовската губернија. Во 1906 година бил поставен за министер за внатрешни работи, а потоа и претседател на руската влада. Неговите реформи (особено аграрната) биле пресудни

години мир и Русија нема да ја препознаете.“ Столипин најпрво сакал да го реши главното прашање во Русија, а тоа е аграрното. Со царски указ им дал право на селаните да добијат слободна сопственост на земјата. Државната земја во Сибир и Азија требало да биде поделена на селаните бесплатно, а во европска Русија за потребите на селаните, за подигање заеми, да биде формирана Земјоделска банка. Поради несогласувања со Кадетите околу понудените предлози, кон крајот на 1906 година била распуштена Втората дума. Веќе во јуни 1907 година била формирана и трета дума, со која и покрај големиот отпор, аграрниот закон сепак бил усвоен и ставен во употреба дури во 1910 година.

## Националните прашања во Русија

Во Русија покрај аграрното, не помалку важно било и националното прашање. Во огромната руска империја, само 50% од населението биле етнички Руси. Особено биле развиени три национални движења, а тоа биле: полското, финското и еврејското прашање. Полјаците настојувале во што поголема мера на своето прашање да му придадат интернационален карактер, бидејќи имале силна поддршка од (римо)католичката црква. Столипин во својата реформска програма веќе го имал земено предвид издвојувањето на Полска од Русија. За разлика од неа, во Финска се залагал да се води таква политика која ќе придонесе за русифицирање на земјата. Еврејското прашање особено се интензивирало со револуцијата, но и пред тоа било актуелно. Тоа било поттикнато од британската надворешна политика на Берлинскиот конгрес, од акциите на еврејскиот капитал за време на извршувањето на руските заеми, од социјалистичкото движење итн. Но најмногу се заострило поради дискриминаторската политика на царската власт и угнетувањето на Евреите во руската империја.[31]

Во Русија постоеле и други национални движења: украинското, грузиското и на некои муслимански народи. Најсилно било украинското, бидејќи било поткрепено од унијатската црква и од Галиција која била под австро-унгарска власт. Меѓутоа, Столипин како при решавањето на аграрното, наидувал на отпор и при

---

не само за одржувањето на руската империја, туку и за нејзиниот натамошен напредок. Бил убиен во Киев, а потоа погребен во Киевско-Печерската лавра.

[31] Василиј О. Кључевски, Историја Русије, Београд, 1997, 66.

разрешувањето на националното прашање. Зголемувањето на популарноста кај новиот претседател на владата, предизвикало завист и злоба кај партијата на Кадетите. Незадоволство се јавило и во самиот дворец, од царицата Александра. Царот Николај, наговорен од царицата, ги нарушил односите со Столипин, иако тој бил човекот што, барем привремено, ја спасил Русија. Како и бирократските кругови така и царот во тоа гледале само нарушување на традициите на династијата Романови. Реформите на Столипин биле поддржани единствено само од кнезот Николај Николаевич. Кога во 1910 година, Столипин дал оставка на местото претседател на владата, царот посоветуван од кнезот, не ја прифатил понудената оставка. Но неговите противници и понатаму не мирувале. Столипин бил убиен во Киев на 1 септември 1911 година, од агент на тајната полиција.[32]

Наместо жал за неговата смрт, Романови започнале масовни подготовки за прославување на јубилејната 300-годишнина од доаѓањето на власт на династијата Романови. Прославата била одбележана во 1913 година. За периодот од дваесет години, Русија постигнала значаен развој во сите сфери на општествено-економскиот живот. Апсолутизмот и понатаму се одржувал, иако не бил способен да го следи текот на економскиот и културен живот во империјата. Додека државниот врв бил опседнат од свеченостите и уживал во раскошот на својот дворец, за тоа време револуционерното движење сè повеќе се засилувало, а на прагот веќе била Првата светска војна.[33]

---

[32] Latinka Perović, Planirana revolucija, Beograd-Zagreb, 1988, 289.

[33] Ч. Попов, op. cit., 182-185.

# Руската политика кон Балканот и Македонија од Кримската војна (1853-1856) до Берлинскиот конгрес (1878)

## Причини за почеток на Кримската војна

Балканскиот Полуостров, поради својата геостратегиска положба, бил од посебен интерес и од големо значање за големите европски сили. И Русија, започнувајќи од XVIII век, имала стратешки интерес за Балканот. Северниот дел на Црно Море, не претставувал гаранција за слободен развој на трговијата. Основна цел на Руското царство е да обезбеди право за слободна пловидба по Црно Море и пловење на руската флота низ Босфорот и Дарданелите. По падот на Византија, царска Русија била единствена слободна православна држава и наследничка на Византија. Рускиот народ бил православен, а такви биле и словенските народи на Балканот кои биле под турска власт Со тоа се совпаѓале руските интереси на Балканот. Христијанските народи „само преку Русија како нејзина покровителка, ќе можат да се ослободат од Турците“.[34]

Токму преку Балканот воделе трговските патишта кон Блискиот Исток. Поточно, преку Македонија која имала важна географска положба и поради тоа била сметана за најважна турска провинција на Балканот. Со замавот на индустриската револуција во Велика Британија, трговијата кон Блискиот Исток се зголемила. Поради ривалството, многу важно било тие патишта на транспорт да не бидат под контрола на некоја земја членка на Големите европски сили. Русија и Британија се стремеле да ја зачуваат целоста на Османлиската империја. Морските теснини за Русија биле неопходни заради извозот на руските стоки и од тие причини таа настојувала да биде контролор на Босфорот и Дарданелите. До Кримската војна,

[34] Д. Христов, Русия и Източният въпросъ, част I , София, 1905, 31-33.

британската трговија кон Турција во споредба со другите земји, била неколку пати зголемена. Токму преку Османлиската империја воделе трговските патиштата на Велика Британија за Индија. Затоа од посебен интерес за двете земји бил Балканот и кој ќе владее со него. Рускиот цар Николај I и лордот Палмерстон, се договориле да го зачуваат постоењето на Османлиската империја, додека тоа е можно. При евентуално нејзино распаѓање, двете страни да се договорат какви мерки ќе преземат.[35]

Револуционерните движења кои избувнале во 1848 година, во европските држави имале внатрешна основа и главна причина за тоа била: борбата за ослободување на народите, соперништво на големите европски држави, владеењето на Блискиот исток, како и правото за што поголемо влијание во Османлиското царство. Русија и понатаму настојувала да го засили своето влијание, но на таквите стремежи се спротивставиле Англија, Франција и Австрија. Со други зборови интересите на Англија и Франција се судирале со интересите на Русија. Силна причина за појава на овој конфликт е и непријателството помеѓу Наполеон III и рускиот цар Николај I. Така францускиот цар Наполеон III, издејствувал Рим повторно да биде под власта на папата и преку Цариград успеал римокатолиците да ја добијат управата над Светите места. [36]

Кај европските држави се појавил страв поради претензиите на Русија и нејзината улога на Балканскиот Полуостров. Во 1853 година, Франција и Англија свесни за опасноста од загрозувањето на верските и политичките планови на Исток, стапиле во конфликт со Русија, а повод бил спорот со Светите места. Поточно, спорот бил помеѓу Русија и Франција околу јурисдикцијата над Светите места во Ерусалим. Наполеон побарал од Високата Порта, католиците да имаат посебни привилегии во Ерусалим. Русија се спротивставила на тоа, и претендирала да ги запази правата на христијаните. Така Русија била заштитничка на православните христијани, а Франција заштитничка на римокатоличките верници. [37]

---

[35] Leften Stavrijanos, Balkan posle 1453 godine, Beograd, 2005, 306-308.

[36] Георги П. Геновь, Източният Въпрось (Политическа и дипломатска история), Часть втора, Оть Парижкия конгресь (1856) до Иьойнският договор(1919), София, 1926, 2-3.

[37] Русија и источно питање, Савремена политичка историја, ( www.scribd.com.) 7.

Николай Генчев, Българското възраждане, (Дигитална библиотека по архивистика и документалистика) София, 2008, 58, (www.electronik-library.org); Pavle Miljukov, Sarl Senjobos, Luj Ezenman, Istorija Rusije, (ponovljeno izdanje) redaktor Ognjen Sekuljic, Zagreb, 2009, 469.

Помеѓу Франција и Русија во врска со спорот околу Светите места, се појавиле недоразбирања и околу поправката на куполата на храмот на Гробот Господов. Поради тоа, Николај Игнатиев бил приморан своето влијание да го насочи кон Ерусалим, а другите прашања да ги стави во втор план. Тој сметал дека Франција се трудела силно да ја наметне својата улога при поправката на храмот. Руската општественост сметала дека, треба на Русија да ѝ биде доверена посебна мисија за заштита на православните народи и нивните интереси. Поради заканите од верските пропаганди на Балканот, Игнатиев се залагал за засилување на руското влијание кај христијанските народи на Балканот.[38]

Од оние Свети места кои биле почитувани од верниците се споменуваат: црквата Рождество Христово во Витлеем, разрушената црква во Сихем, црквата во Кана Галилејска, каде Христос ја претворил водата во вино, Тиверијадската црква, претворената црква во џамија-Воведението Богородично во Ерусалим, Вознесенската црква на Елеонската Гора, Апостолската црква во Сион и други. Покрај зачуваните постојат места и зданија кои од Мухамеданците биле разрушени или пак биле употребени за други цели. Пример, домот на Пилат бил претворен во касарна, затворот на Св. Петар го користел турски кожар и тн. И другите народи како што се: Коптите, Ерменците, Сиријците, Грузијците, Абисинците имале мали светињи, но со помало значење. Главниот спор се водел меѓу православните и римокатоличките христијани. Месната турска власт најмногу ја засегала материјалната страна, при наплатата од посетата на Светите места.

Во средината на XIX век поради настанатиот спор, султанот не можел да ги исполни барањата на двете страни, па под влијание на француската дипломатија, направил отстапка во полза на Франција. Предавањето на клучевите од Витлеемската црква на Латините која што дотогаш била под власт на православните христијани, предизвикала огорченост кај руската јавност, со што го продлабочила непријателството меѓу Луј Наполеон и Николај I.

Во февруари 1853 година, рускиот цар Николај I го испратил емисарот Александар Меншиков во Цариград на преговори со турската влада. Меншиков се појавил со својата делегација на Златниот Рог, оставајќи при тоа силен впечаток. Меѓутоа, тој арогантно настапил пред султанот не само со ова барање, туку побарал и апсолутно право на Русија и заштита на целокупното православно население во

---

[38] Александра Димовна Мцхвариашвили, Восточный вопрос и российкая дипломатия в 1864-1871гг. ( по материалиам записок Н.П Игнатьева), Краснодар, 2013, 21.

Османлиската империја. На тој начин Меншиков категорички ги изложил своите барања за да ја покаже својата сила. [39]

Првиот впечаток бил дека рускиот пратеник брзо ќе го реши спорот околу Светите места, но тој настапил со ултиматум за траен сојуз и договор со Русија, со кои ќе бидат загарантирани правата на Русија да биде покровителка на христијанските поданици пред султанот. Под влијание на западните држави, особено на британската дипломатија и воинствениот руски став, Портата го одбила руското барање и преговорите пропаднале. Како последица на тоа, односите меѓу Санкт Петербург и Портата биле прекинати. Со своите избрзани решенија, Меншиков направил фатални грешки кои скапо ја чинеле Русија. Барањето во ваква форма не било прифатено од Портата и од големите европски сили, а големо влијание имал британскиот амбасадор во Цариград- Стратфорд Канинг кој бил антируски настроен. Барањето претставувало понатамошна доминација на Русија над Османлиското царство и нарушување на дипломатската рамнотежа во источниот дел на Средоземно Море. Заминувањето од Цариград и неуспехот на Меншиков, силно го налутил рускиот цар. Тој веднаш сакал да објави војна, но бил спречен од грофот Неселроде, кој го предупредил дека треба да се бори не само со Турција, туку и со цела Европа. Затоа тој го променил својот став. Само десетина дена подоцна, рускиот император ја предупредил турската влада, доколку не ги исполни барањата на Меншиков, руските трупи ќе ги окупираат турските кнежества. Кога повторно бил одбиен, рускиот цар дал наредба трупите да навлезат во Молдавија и Влашка. Тоа биле турски кнежества каде православните христијани биле под поткровителство на Русија. Имајќи ја во предвид безрезевната помош од Франција и Англија, Портата издала манифест за објавување војна на Русија, а на 31 октомври 1853 година, царот Николај исто така преку манифест изјавил: “Нашето очекување е излагано. Напразно и главните европски држави бараат да се замешат во Отоманската влада. На мирољубивите усилби на Европа и на нашето долготрпение, тие одговорија со прокламација полна со лажни обвинувања против Русија“. Понатаму е изложен религиозниот карактер на војната. Русија, се вели во манифестот е „предизвикана на војна и на неа не ѝ останува ништо друго, освен да се надева на Бога да прибегне со силата на оружјето за да ја принуди Османлиската управа да ги почитува договорите и да добие задоволство за оние напори кои ни донесоа одговор на нашите прашања и закони и

---

39 P. Miljukov, S. Senjobos, L. Ezenman, Istorija Rusije..., 469 ; Г. П. Геновъ, Източният въпросъ...54-55 ; Русија и источно питање...,8.

грижи за заштита на православната вера на Исток, како што ја исповеда и рускиот народ ".[40]

По битката кај Синап, во почетокот на 1854 година бил направен договор меѓу Англија и Франција на кого му се приклучила и Турција и бил формиран троен сојуз. Поради политичката и воената немоќ на Русија, западните сили ја победиле руската армија. Пред потпишувањето на Парискиот договор, во есента 1854 година, биле водени преговори во Виена. Тука главно се расправало за барањата на западните држави, за укинувањето на поранешните договори со Турција, намалувањето на флотата на Црно море и тн. Било поставено и прашањето за разоружување на Русија на Црно море, со што би се обезбедила рамнотежа во Империјата. Русија ја застапувал кнезот Горчаков. Преговорите биле прекинати па повторно продолжиле и Русија била приморана да ги задоволи барањата на Големите сили. Во врска со оваа лордот Кларендон истакнал: "Русија навлекла понижување и била приморана да пие од чашата која сама ја наполнила.[41]

## Париски конгрес и обидите на Русија за анулирање на неговите решенија

На Виенската конференција од 1 февруари 1856 година, биле изложени прелиминарните услови на идниот мировен договор. Овие услови биле содржани во Виенскиот протокол. Договорено било конгресот да се одржи во Париз. На него биле формулирани пет точки: Ставање на Дунавските кнежества под протекторат на Европа, контрола на пловидбата по Дунав, за Црно Море, христијанското население-поданици на Портата и за разни други прашања.

Големите сили за пратеници на конгресот ги претставувале министрите за надворешни работи, а другите пратеници биле во функција на втори полномошници. Тоа биле претставници на Франција, Англија, Австрија, Турција и

[40] Г. П. Геновъ, Източният въпросъ... 54-55; Н. Генчев, Българско възраждане...59

[41] Фјодор И. Успенски, Источно питање, Београд , 2003, 163.

Сардинија, а Русија ја претставувал гроф Орлоф и Барон Бруноф. На претседателското место бил поставен гроф Валевски[42].

Особено важна била одлуката со која се гарантирала слободата и вероисповедта на христијанското население. Тоа директно ја засегало турската влада. По тој повод уште порано, лордот Страфорд во врска со заканата со смрт на муслиманите кои преминуваат во друга вера, му се обратил на Рифат-паша со зборовите: „Ако сакате да останете во Европа, вие морате да се одречете од пролевање крв поради религијата." На тоа, турскиот министер рекол: „Во политичките работи ние сме потполно подготвени да се придржуваме на советот на Европа, но кога е во прашање религијата ние мораме да ја сочуваме својата слобода. Сите наши закони црпат своја сила од религијата која останува наш водечки принцип." Во 1854 година дури бил даден предлог да биде издаден закон со кој муслиманите ќе можат слободно да преминуваат во христијани. „Ако султанот го прифати таквото барање тогаш, тој нема да биде духовен поглавар на нацијата и не би останал султан. Кога не би се применувана смртната казна, тогаш би значело будење на фанатизмот во народот и меѓу улемот со кои тешко ќе излеземе на крај." - рекол Али-паша. Тоа значи дека меѓу двете страни постоела голема спротивставеност. Конгресот траел еден месец и завршил без некои големи тешкотии. Она што е најбитно, е тоа што ослабената Русија била принудена да ги прифати понудените услови, што значело неутрализирање на нејзиното влијание на Блискиот Исток[43]. Решението од Парискиот договор ги содржал следните одредби:

1. Османското Царство се прима официјално во концертот на европските сили и силите потписнички се обврзуваат да ги почитуваат независноста и територијалниот интегритет на Царството.
2. Силите со задоволство го примаат на знаење едиктот на реформи, Хатихумајун, кој султанот го издал на 18 февруари 1856 година. Со тој едикт во дваесетото поглавје, ветени се верска рамноправност пред законот и реформи во полицијата и затворот, парите и даночниот систем... силите се одрекуваат од правото да се мешаат, заеднички или посебно во внатрешните работи во Турција.

---

[42] Феликс Бамберг, Източниот вопрос между Кримската война и Берлинският конгрес, София, 2003, 231; P.Miljukov, S. Senjobos, L.Ezenman, Istorija Rusije..., 472-473.

[43] Ф. И. Успенски, Источно питање..., 164-165.

3. Црното Море станува неутрално. На неговите брегови не смее да има никакви утврдувања, било руски било турски. Неговите води ќе бидат отворени за трговските бродови на сите народи, но целосно затворени за сите воени бродови.
4. Дунав ќе биде отворен за бродовите на сите народи, а пловењето по Дунав ќе биде под контрола на една меѓународна комисија.
5. Севастопол ќе се врати на Русите, а Карс на Турците.
6. Русија ќе ги препушти јужна Бесарабија на Молдавија и така ќе го изгуби пристапот кон Дунав. Молдавија и Влашка ќе останат под врховна власт на Портата. Русија се одрекува од своето исклучително право за нивна заштита, а силите потписнички колективно ќе се грижат за нивните барања.
7. На сличен начин ќе биде гарантирана и слободата на Србија, но во таа земја ќе се задржи еден турски гарнизон.
8. Со посебен договор, заклучен на 15 април, Велика Британија, Франција и Австрија се согласиле дека секое нарушување на турската независност и интегритет ќе го сметат како casus belli[44] и заедно ќе донесат мерки во врска со тоа.[45]

Со Парискиот мировен договор, руското влијание на Балканскиот полуостров, добило силен удар. Според член 9 и 22 од тој договор, Русија го загубила правото за покровителство врз христијанското население во Турција; последните останале под власт на султанот; со реформите ветени со Хати-Хумајунот од 8-02-1856 година, силите дале гаранција дека тие реформи ќе бидат исполнети. Европските сили сметале, доколку не го отстранат руското влијание врз христијаните на Балканот, барем значително ќе го намалат, што навистина и се случило. Неспособноста да се бори со западните сојузници, а особено тешкиот пораз кај Севастопол, предизвикал разочарување и губење надеж кај христијаните дека ќе бидат слободни. Русија дури била обвинета за егоизам. Некои критичари ја критикувале Русија, па биле ставени во прашање нејзините вистински цели. Таа била водена од вековниот стремеж да владее со Цариград, Црно море и протоците, а не да ги ослободи христијаните.[46]

---

[44] Време или причина за војна.

[45] L. Stavrijanos, Balkan posle...,320-321

[46] Г.П Геновъ, България и Европа, Санъ Стефано и Берлин 1878, София, 1940, 9.

Во едни такви сложени услови, царската власт за успешно да ги спроведе внатрешните промени, настојувала да ги избегне сите надворешно-политички настани исполнети со воени конфликти, а во исто време да не дозволи да се наруши рамнотежата на силите во Европа, која може негативно влијание врз руските интереси. Главна цел на надворешната политика на Русија после Кримската војна била, да се изврши укинување на ограничувањата донесени со Парискиот договор, враќање на изгубените позиции и влијанието во балканските земји и др.[47]

После Кримската војна, Русија е ставена во состојба на меѓународна изолација. Со Парискиот мировен договор таа ги загубила привилегиите, кои претходно ги добила преку војните. Но седиштето на царска Русија, Санкт Петербург не значи дека лесно ќе се откаже од интересите и покровителството врз православните народи на Балканот. По војната, Русија иако победена, продолжила и понатаму да дејствува врз ставовите на внатрешниот развој на Империјата. Меѓутоа, веднаш после војната таа не била во состојба да спроведува активна политика во Европа. Поради тоа се барале начини да се овозможи запазување на руското влијание, а во исто време да се неутрализира влијанието на западните земји.[48]

Поразот на Русија во Кримската војна, претставувала можност европските сили да ја одземат улогата на Русија којашто дотогаш ја имала. Со Парискиот мировен договор тоа “право” за заштита на христијаните, на Русија и било оневозможено. Турција била ослободена од влијанието на една европска сила Русија, но сега била во состојба големите европски сили, Франција, Австрија, Велика Британија и Прусија да ја креираат нејзината политика.[49]

По Кримската војна за сметка на Русија, се засилило влијанието на Франција и Велика Британија во Цариград. Дури и при спроведувањето на реформите, реформаторите му дале предност на францускиот модел. И Велика Британија како водечка индустриска сила во тоа време, била приврзаник на тоа да се зачува целоста на Османлиската империја. Какво значење и давала таа на своите трговски интереси, говори и фактот што уште во 1838 година го потпишала Балта-лиманскиот договор,

[47] Балканские народы и европейские правителъства в XVIII- начале XIX в.( документы и исследования) Москва, 1982, 153-154.

[48] Религия и църква в България: Социальни и културни измерения в православието и неговата специфика в българските земи, редакция, Георги Бакалов, София, 1999, 136.

[49] Глигор Тодоровски, Русија и реформите во Македонија од средината на 19 век до Илинденско востание МАНУ, прилози 20/1, 67-69.

кој бил многу поволен за Велика Британија. Затоа од интерес бил на оваа поморска сила, да се зачува интегритетот и јакнењето на Османлиската империја.[50]

По Парискиот мировен договор секоја од овие европски држави имала свои интереси и аспирации на Исток и настојувала на секаков начин да ги заштити. Франција најмногу била заинтересирана за Дунавските кнежества, Англија и Австрија ја штителе целоста на Империјата, а Русија да се ослободи од „тежината" која и била дадена со Парискиот конгрес. Таа не се откажувала и од традиционалното покровителство на православните христијани, кога прашањето за нив го претставувала пред Високата Порта, а сега пред Големите сили, кои биле гаранција за исполнувањето на договорот и биле нови покровители на поробените христијани.[51]

По Кримската војна, Турција стана составен дел од европската заедница. За одредено време таа била заштитена од нејзината главна опасност- Русија. Од европските сили повторно ѝ била загарантирана целоста и единството на Империјата. Турција паднала под стопанска и политичка зависност на Европа. На тој начин западните европски сили ја наложиле својата надмоќ над Ориентот. Пратениците на Големите сили ѝ наметнале на Портата еден реформски акт, донесен на 18 февруари 1856 година, познат како султански Хатихумајун. Со него таа го спречила мешањето на Русија во нејзините внатрешни работи. Според новиот реформски акт, султанот им ветувал на своите поданици: сигурност на личноста, на своите имоти без разлика на нивната националност и вероисповед, слободна вероисповед, заштита и неповредливост на христијанските општини, задолжителна воена служба, развој на училиштата и занаетите, да се намалување на злоупотребите при собирање на даноците, слободен пристап на западниот капитал, користење на достигнувањата на европската наука и техника, право на странските државјани да располагаат со неподвижен имот итн. [52]

Токму Велика Британија и Франција, Парискиот договор ќе го исползуваат најмногу за да ги отргнат балканските народи од влијанието на Русија и ќе овозможат Турција да им даде рамноправност на сите народи во поглед на вероисповедта. Тоа значело и формално изедначување на Русија со другите европски

---

[50] Барбара Јелавич, Историја на Балканот, осумнаесетти и деветнаесетти век, том I Скопје , 1999, 334.

[51] Г. П Геновъ, Источниятъ въпросъ...,126

[52] Н. Генчев, Българското възраждане...,65

сили во односите со Турција. Но, при спроведувањето на реформите во прв ред биле ставени сопствените интереси на секоја земја, па затоа се јавувале противречности и несогласувања. Како една од главните причини за воведувањето на реформите од Големите сили во Империјата е да се избегне секаков повод за мешање на Русија со христијанското население, а со тоа и истиснување на целокупното руското влијание на Балканскиот полуостров.

Парискиот мировен договор бил производ на антируската расположеност на западните сили и опасност од руското ширење на овие простори, потиснување на нејзината предност на Балканот и обезбедување пазар за француските и британските производи во Османлиската империја, особено во европскиот дел. Од овие и низа други причини, руската јавност со горчина и острина ги примила решенијата од Парискиот договор. Поразот на својата територија, бил резултат на слабоста и немоќта на царска Русија. Така реформите во Империјата, претставувале истакнување на влијанието на Големите сили.[53]

Русија најмногу ја засегнало нејзината неутрализација на Црното Море, бидејќи само преку него може да ги заштити јужните делови од земјата. Со Парискиот мировен договор, Франција и Велика Британија го засилиле своето влијание во Империјата и Блискиот Исток, а исто така и Австрија правела напори да ги зацврсти своите позиции поради сопствената економија. Во една таква состојба, било потребно да се промени политиката на Руското царство. По тој повод била составена од Министерството за надворешни работи (МИД) записка со наслов: "За политичката положба на Русија после завршениот Париски мир", каде основна цел била, излез од сегашната состојба.[54]

По поразот во Кримската војна меѓународната позиција на Русија, започнала да слабее и од една водечка сила, таа станала второстепена држава. Територијално руското царство останало недопрено, иако Велика Британија тежнеела кон тоа, но од Франција не добила поддршка. Русија била должна да ги почитува одлуките од земјите победнички. Неутрализацијата на Црно Море значела повлекување на целокупната руска воена флота, нејзините бази на брегот на Црно Море, како и забрана за стационирање на нови бродови. Територијата околу делтата на реката

---

[53] Г.Тодоровски, Русија и реформите во Македонија..., 36-39.

[54] Очерки истории Министерства иностранных дел России, Том первый, 860-1917 гг. Москва, 2002, 331.

Дунав била намалена и таа го изгубила покровителството над христијаните на Балканот.[55]

После војната, руското царство настојувало да излезе од таквата изолирана состојба. Русија пред сѐ, се трудела да пронајде сојузник меѓу европските држави, кои за време на војната ѝ биле непријатели. Најдобри услови за тоа се покажале односите со Франција, со која руската влада би можела да воспостави дипломатска соработка.[56]

Како прва шанса на Русија да излезе од изолираната положба, ѝ се дала пред почетокот на војната за италијанското ослободување во 1859 година. Во тоа време била одржана конференција во Париз, која се однесувала на прашањето за Дунавските кнежества. Руската власт користејќи ја можноста, предложила да се разговара за едно поважно прашање, за положбата на христијаните во Османлиската империја и спроведувањето на реформите. Иако овој предлог бил отфрлен, тоа не ја спречило руската влада да дејствува и понатаму. Настаните добиле таков тек, така што повторно станала актуелна положбата на христијаните во Турција. Како резултат на муслиманскиот фанатизам во Либан, бил извршен масакр врз христијаните наречени Маронити. Со цел Франција да ги заштити нив, побарала од европските влади да интервенираат кај Портата за заштита на христијаните во Либан. Руската влада без колебање брзо ѝ дала поддршка на француското барање и побарала во договорот за интервенција да биде вклучен и таен член со кој ќе се издејствува од Портата да се подобри положбата на сите христијани во Империјата. Ако евентуално на Балканот се појават немири, тогаш силите ќе интервенираат колективно. Овој руски предлог наишол на незадоволство кај Големите сили, кои придонесле за мир во Либан, без да биде засегната положбата на христијаните во другите делови на Империјата. Европа не покажала интерес за христијанското население на Балканот, иако според Парискиот договор требало да се грижи за спроведување на реформите, ветени од султанот. [57]

Од тоа време Русија својот акцент ќе го стави врз внатрешната реформа, и за тој период од дваесетина години, нема да ги обнови своите авантури на Балканскиот

---

[55] Сава Живанов, Основи спољне политики Русије крај 19 века и почетком 20 века, Зборник, Матица Српске историје, бр.71,72, Нови Сад, 2005, 62.

[56] Балканские народы и европейские правителства в 18 – начале 20 в. (Документи и исследования) Москва, 1982, 154.

[57] Г.П Геновъ, Б ългария и Европа...,10-11

Полуостров. За Високата Порта од особено значење е оној дел од договорот кој се однесувал за неутрализирањето на Црното Море. Од безбедносни причини и заради заштита на британските интереси, на конгресот било решено да нема стационирање на воени бродови од руска и турска старана. Портата добила и други привилегии. Неколку области од Бесарабија и биле дадени на Молдавија, со што Русија била отстранета од брегот на дунавските држави, а и делтата на Дунав била повторно вратена на Османлиската империја. Ваквите одлуки оделе во прилог на аспирациите на Австрија.[58]

Во споредба со другите западно-европски земји, Царска Русија многу подоцна го започнала својот пат кон капитализмот. Додека во Велика Британија, Франција и Германија се развивала индустријата, во Русија сè уште во сила била принудната работа кај големите феудалци. Дури и рускиот цар Николај бил против продорот на капиталистичките елементи во земјата и се залагал за зацврстување на власта и за зачувување на крепосништвото (кметството). Едно од главните причини за поразот на Русија во Кримската војна е и нејзината заостанатост и големата разлика меѓу буржоаската војска на западните земји и феудалната војска на Русија. Руските војници биле вооружени со стари пушки кои споро се полнеле, додека француските и англиските пушки биле со брзо полнење и со долг дострел. Исто така и руската артилерија не можела да се спореди со англиската, која имала доволно гранати и барут. Исхраната на војската не била на потребното ниво, а бидејќи железници немало, и транспортот на резервите се одвивал споро.[59]

Царот Александар II и руската дипломатија сметале дека треба да се изврши промена на дипломатското раководство со цел да се излезе од меѓународната изолација. За тоа бил поставен Александар Михајлович Горчаков.[60] Новиот

---

[58] Б. Јелавич, Историја и Балканот..., том I , 336.

[59] Sovjetska zemlja..., 198-19.

[60] Кнезот Александар Михајлович Горчаков е роден на 4 декември 1798. Тој е познат руски дипломат и канцелар. Дипломатската кариера ја започнал во 1820 година кога го придружувал грофот Неселроде на конгресите. Во 1850 г бил поставен за руски претставник во Франкфурт. Тука станал пријател со Бизмарк и како резултат на тоа бил склучен сојуз меѓу Русија и Германија. Горчаков ја претставувал Русија на Виенската конференција. По Парискиот конгрес го заменил грофот Неселроде, на позицијата Министер за надворешни работи. Бил многу внимателен во дипломатските акции и за три години ја подигнал Русија кон Европа во барањето за положбата на христијанското население на Балканот. ( Г.П Геновъ, Източният вьпрось....165-166)

министер за надворешни работи имал многугодишно искуство во дипломатската работа, добро ја познавал меѓународната положба, бил литературно надарен и слаткозборлив. Основните цели на надворешната политика на Русија биле: повторно зацврстување на загубените позиции во Европа, потврдување на статусот на голема држава по одземањето со решенијата на Парискиот договор и натамошно ширење на руското влијание на Балканот. На Балтикот Русија повторно да има право на воено зацврстување на Аландските острови кои биле одземени со Парискиот конгрес. Ваквата изолација на Русија, била поради тоа што таа немала вистински сојузници кои ќе ја поддржат нејзината надворешна политика.[61]

Министерот за надворешни работи, Горчаков во август 1856 година, со циркулар ги известил дипломатските мисии за надворешно- политичката позиција на Русија. Таа била составена од два дела: Русија да ги концентрира своите напори за внатрешно оздравување и воздржување од активно мешање во европските работи и второ, Русија нема да ги жртвува своите интереси за другите и себеси се смета слободна при избор на свои пријатели и сојузници. Во врска со ова Горчаков изјавил: „На Русија ѝ префрлуваат да се изолира и да молчи и Русија не се лути, таа собира сила."

При анализата на досегашната надворешна политика и формирање на нова идна руска политика, земјата по Кримската војна, било неопходно да се определи кој ќе и биде сојузник, а кој противник. Австрија и Прусија иако сојузници, сепак не помогнале во борбата против Франција. Австрија заедно со Велика Британија дури ѝ поставиле најтешки услови за време на мировниот процес. Од друга страна Франција на чело со Наполеон III, иако најголема сила, сепак била умерена во барањето, а воедно и домаќин на конгресот и допринесла одлуките да не бидат најнеповолни за Русија.[62]

Како најважна цел на Русија после војната е да излезе од изолираната состојба. Таа се обидела меѓу европските држави да најде вистински сојузник. Најдобри резултати на тој план се покажале односите со Франција, со која во одделни периоди руската царска власт имала добра соработка. На француската дипломатија и недостасувала поддршката од Санкт Петербург во својата политика на Запад, па поради тоа, таа направила некои отстапки на Русија кои се однесувале за

[61] Очерки истории Министерства.., том первый , 352-354.

[62] С. Живанов, Основи спољне политике..,63-64.

балканските прашања. Така, после Кримската војна, Франција од противник, станала сојузник[63]

Александар М. Горчаков според зацртаниот концепт нагласил дека ќе ги штити своите интереси, но и нема да работи и на штета на другите земји. Русија мора да се концентрира на внатрешна стабилизација, а истовремено да се воздржи од мешање во надворешната политика. Тоа не значи дека таа нема активно да учествува при решавањето на меѓународните спорови. Враќањето на својата моќ и углед може да го врати само со помош на добар сојузник. Тоа претставувало и дополнителен ризик, затоа што Русија ќе биде вовлечена во сложениот систем на меѓународните односи.[64]

Кнезот Горчаков настојувал во погодно време да поддржи некоја од Големите сили. Така кога се заостриле и засилиле противречностите меѓу Австро-Унгарија и Франција за господство во Италија, Русија ја поддржала Франција во својство на мировна држава, за подобро решавање на меѓународните спорови. [65]

Во врска со позицијата на Русија на меѓународната политичка сцена, кај владеачките кругови се појавиле два правци: Горчаков и политичарите биле за зближување со Франција, па како резултат на тоа да се овозможи повторно враќање на старите позиции и возобновување на својот углед на Балканот. Наспроти ваквиот став, царот Александар II со политичарите и претставниците и на високата бирократија (каде биле доминантни прибалтичките Германци ) предност им давале на Австрија и Прусија, сметајќи дека тие се поблизу до Руското царство. Горчаков сметал дека сојузот со Прусија, нема да помогне за обновување на руското влијание во Европа. Царот Александар II на крајот го поддржал Горчаков и при тоа изјавил: „меѓу вистинските сојузници ние ја гледаме само Франција“. Сојузот со Франција значел и побрзо укинување на „кримската коалиција“и поништување на одлуките од Парискиот мир за неутралност на Црното море, бидејќи токму таа била главен судија при Парискиот мировен договор.[66]

Но и покрај тоа, царот Александар сè уште се колебал при изборот на својот сојузник. Односите со Прусија можеби повеќе му оделе во прилог, поради нејзината

---

[63] Балканские народы и европейские правителъства..., 154.

[64] Душко М. Ковачевић, Спољна политика Русије до почетка Велике источне кризе (1856-1875), 282.

[65] История России..., 202-203.

[66] Д. М. Ковачевић, Спољна политика Русије.., 282; С. Живанов, Основи спољне политике...65.

неутралност во војната, но таа го немала тоа меѓународно влијание и углед, кое го имала Франција. По тој повод во 1857 година, во Париз го испратил својот брат, Константин Николаевич, да му ги пренесе впечатоците од веројатниот сојуз со Франција. Тој во писмото дури и го предупредил, да биде внимателен со Наполеон и да не ги открива своите цели.[67]

Првиот чекор за зближување меѓу двете држави го направил Наполеон III. Во 1856 година тој го испратил својот најдовелив човек грофот- Морни при крунисувањето на Александар II во Москва, кој уште за време на Кримската војна се залагал да дојде што побрзо до помирување. Морни постојано укажувал на потребата од француско-руски сојуз, како и на ползата од тоа. Тој му ја покажал на царот својата почит на разни начини. Царот му се обратил со зборовите: „Јас му се заблагодарувам на царот Наполеон и никогаш нема да ја заборавам неговата наклонетост спрема нас во текот на преговорите". Како круна на тоа бил и бракот со руската кнегиња Трубецка. На крајот после плановите за економска соработка, Морни задоволно му напишал на Наполеон: „Гледам во Русија рудник за француска експлоатација". Конечниот чин сепак го направиле владетелите на двете земји, на средбата во Штутгарт.[68]

Русија, иако ослабена, и понатаму барала повод за мешање во внатрешните работи на Турција. По завршувањето на Парискиот конгрес, Јегор Ковалевски го посоветувал министерот за надворешни работи Горчаков, дека потребно е да се преземат мерки против оние земји кои сакаат да го сведат на минимум влијанието на Русија меѓу христијанското население на Балканот. Тој понатаму предложил: да се упати соопштение на бугарски и српски јазик на христијаните, во кое ќе ги предупредат дека своите права и слобода ќе можат да ги стекнат единствено со помош на Русија. Во соопштението било нагласено дека, рускиот цар се согласил да го потпише Парискиот мировен договор, дури по ветувањето на султанот пред другите сили дека христијаните ќе имаат исти права како и муслиманите.[69]

И покрај тоа што Франција била должна на Русија да даде поддршка за ревизија на Парискиот договор, сепак потребната помош изостанала. Но, ветувањата за измените ќе бидат во интерес на двете држави. Во една таква состојба и покрај

[67] Очерки истории Министерства..., том первый, 361.

[68] Историја дипломатије, свеска прва, во редакција на В.П. Потемкин, Београд, 1949, 499-500. ; Д. М .Ковачевић, Спољна политика Русије... 283.

[69] Н. Урић, Питање реформи и устанци у Турску... 30-31.

притисокот кој што го вршел лордот Палмерстон, на 19 февруари/3март 1859 година, сепак бил склучен руско-француски договор потпишан меѓу Н.П Киселев и министерот за надворешни работи на Франција, А. Валевски.

Руската дипломатија се надевала дека ќе добие поддршка за надворешната политика на Русија на Балканот. И покрај цврстите гаранции на Франција, сепак не дошло до измена на одлуките од Парискиот договор, особено за неутрализацијата на Црното море. Токму сојузот со Франција и овозможил излез на Русија од меѓународна изолација. Самото сојузништво со една од највлијателните држави во Европа, го подигнал авторитетот на Русија. При нивните преговори за руската политика на Балканот, се покажало дека Франција не ги сака придобивките на Русија, на Балканот и Црно Море. Наполеон во преден план ги ставал сопствените интереси и зацврстување на француските позиции кај Дунавските кнежевства, Србија, Црна Гора, па и пошироко. Тоа било главна причина односите меѓу Франција и Русија постепено да заладуваат.[70]

Во овој период руско-францускиот договор покажувал непостојаност. Причина за тоа било тоа што Франција настојувала не само да ги сочува своите интереси на Балканот, но и не сакала поради Русија да ги влоши своите односи со Велика Британија. Затоа била ограничена поддршката на Наполеон III за балканската политика на Русија. Тоа било знак дека руската дипломатија не може сериозно да смета на заедничко дејство со Франција на Балканот. Од ваквиот став на Франција не бил задоволен царот Александар II кој при една средба со амбасадорот Кисељев рекол:„Мојата доверба кон политичките погледи на Луј Наполеон, е многу поколебана". Тоа е времето кога руско-француските односи претрпеле промени. Тоа не значело и целосен прекин на нивните односи, но Франција веќе не била главен руски сојузник. Нејзиното место подоцна ќе го заземе Прусија[71].

Во втората половина на XIX век, во периодот на целосна консолидација на државата, Балканскиот Полуостров добил приоритена улога во руската надворешна политика.Таа немала можност повторно да владее со морските теснини кај Цариград, поради спротивставеноста на Велика Британија и другите Големи сили. За Русија, Бугарија и Македонија претставувале можност да се отстрани затвореноста кон Црното Море, а со тоа и излез кон Средоземното Море. Бугарија била близу до

---

[70] Очерки истории Министерства...,том первый, 361-362.

[71] Д. М. Ковачевић, Спољна политика Русије.., 288.

Цариград и премините, а Македонија имала директен излез на Егејското (Белото) море.

Според политиката на кнезот Горчаков, се предвидувало целосно разрешување на националните прашања за христијанските народи на Балканот. Од аспект на своите интереси, Русија своите планови ги насочила кон источниот дел на Балканот, кон Бугарија која имала излез на Црно море и близина кон Босфорот и Дарданелите. Затоа се планирало да се создаде нова голема словенска држава под непосредна руска управа. На тој начин Русија ќе излезе директно на Егејско море, избегнувајќи ги морските теснини. Како резултат на директниот ангажман на руската дипломатија, била формирана единствената православна црква–Бугарската егзархија и разрешено црковното прашање на словенските народи на Балканот. Со тоа, залудни биле напорите на македонските црковно-училишни општини за создавање на самостојна црква преку возобновување на Охридската архиепископија, бидејќи руската дипломатија се определила за Бугарите.[72]

Руската надворешна политика на Балканот по Кримската војна имала подредена улога. Но и покрај тоа, примарна цел на Горчаков била да го подигне угледот на Русија меѓу балканските народи и да ѝ покаже на европската јавност, дека без нејзина согласност не може да биде решено ниту едно значајно прашање на Истокот. Една од причините за тој посакуван сојуз со Франција бил и фактот што таа имала големо влијание во Османлиската империја. Затоа сѐ се случува со согласност на Франција и нејзиното мислење било пресудно. Русија ги поддржувала ослободителните движења на христијанското население, но тоа било внимателно и воздржано. Главно се одвивало преку конзулите, чиешто присуство на Балканот сѐ повеќе се зголемувало. Таа помош главно се одвивала преку црквите и училиштата, преку морална поддршка на национално-ослободителните движења, потоа, постојан притисок не само врз Портата, туку и на месната Османлиска власт. На тој начин се засилувал рускиот углед во очите на православните христијани, сметајќи ја за своја заштитничка. Набрзо руската дипломатија повторно ќе има сѐ поважна улога при решавањето на проблемите на Балканскиот Полуостров. Горчаков бил уверен дека ослободувањето на христијаните може да биде решено само со помош на Русија: „Без тоа тие ќе бидат растурени и во анархија, тие ќе бидат под господство на Турците или

[72] Русија и македонското прашање во втората половина на XIX век, стр.2-3.

под експлоатација за запад“. Поради разните управувачи, задачата на руската политика на Балканот била сложена, комплицирана и во отежната состојба.[73]

Кнезот Горчаков во врска со положбата на христијаните во Империјата, пред да се обрати кон другите кабинети, најпрво и се обратил на француската дипломатија. Тој во овој случај бил подиректен и категоричен и барал: Големите сили да се обратат кон Портата, бидејќи не можат да ја трпат положбата на христијаните во нејзините провинции; да се утврди вистинската положба на христијаните и мерките кои ќе бидат неопходни за нивно подобрување, канцеларијата сакала да испрати анкетна комисија составена од еден комесар на Портата и од конзулите на петте сили; и најпосле во христијанските провинции треба да им биде дадена организација која ќе придонесе за цврста гаранција за подобрување на положбата на христијаните. Со овој предлог Русија се стремела да побара од Турција да воведе реформи во оние провинции кои биле населени со христијани. Главниот министер за надворешни работи на Франција, Тувнел го усвоил овој предлог на Горчаков. Тоа го направил не поради сожалување за балканските христијани, но за да ѝ угоди на Русија, чија поддршка подоцна ќе му биде потребна за италијанското прашање. За да ја заштити Русија тој рекол: „Ние не гледаме која цел е од важен интерес за Русија; ние само сакаме да ја предупредиме Европа од опасноста на една можна општа пропаст. По тој повод ние ве покануваме откриено да учествувате во едно дело кое никоја сила не може да го смета туѓо на нејзините чувства и принципи“. Францускиот пратеник во Санкт Петербург во извесна мисла ги оправдува руските постапки. Затоа тој додава: „Многу пати се прашувам, зошто кнезот Горчаков подигна толку тешко барање, но по сè изгледа тој беше принуден да го направи тоа, наспроти своите желби и сè поголеми политички опстојателства, му реков да забави по можност повеќе за таа иницијатива... Но, жалбите и очајните повици на христијанското население во Турција му доаѓаат од сите страни, па бараат руската влада да дојде на помош на своите браќа по раса и религија. Ако тие би останале глуви на тој повик, би изгубиле многу од своето влијание врз источните христијани“.

Еден од дипломатските чекори кои ги презел Горчаков е предупредувањето до Портата, дека добива неповолни информации за страдањето на христијанското население во Империјата. Тоа може да предизвика бунтови и интервенција на

---

[73] Очерки истории Министерства..,том первый, 379

турската војска. Руската влада не може тоа мирно да го гледа- сметал рускиот дипломат.[74]

Положбата на Исток била сериозна, па затоа била неопходна дипломатска акција пред турската влада. Подоцна на 16 мај 1860 година,во Санкт Петербург при средбата со претставниците на Големите сили, кнезот Горчаков им ги соопштил на останатите три држави, предлозите кои ѝ ги дал на француската влада и руските напори за да се стави крај на хаотичната состојба која што владеела во Империјата. Затоа испратил циркулар до руските дипломатски претставници, каде укажал на потребата од договор со Портата за подобрување на положбата на христијаните. Горчаков ја истакнал потребата од свикување на конференција на која би се разгледала прашањето за реформите. Тоа било причина, англискиот пратеник во Цариград, Хенри Булвер, поради многубројните жалби на христијаните, да го наговори султанот да го смени дотогашниот Голем везир. Во 1860 година, за нов Везир бил поставен Мехмед Кибризли-паша. Рускиот министер нагласил дека Европа ќе биде соучесник во непроменливата состојба во провинциите населени со христијани. Тој побарал од амбасадорот Киселев, да побара од Франција согласност за договор со Русија, кој би се однесувал за сите важни прашања меѓу кои и онаа најважното, Источното. Меѓутоа потребниот договор не бил постигнат и руската влада сфатила дека сојузот со Франција е разнишан и непостојан. Средбата била одржана во октомври 1860 година во Варшава.[75]

Во шеесетите години од XIX век, Франција го засилила својот капитал во Османлиската империја, што значело економска зависност на Империјата од Големите сили и позначајна улога при интервенција пред Портата, а со тоа и поотворена спротивставеност спрема руското влијание на Балканот. Русија побарала од Портата, да се формира меѓународна комисија која ќе ја испита положбата на христијаните на самото место. Турската влада со цел да одговори на европското барање, формирала ревизиона комисија на чело со Мехмед Кибризли- Паша. Така по препорака на Франција и Големите сили, новиот Голем везир во мај 1860 година, ги обиколил турските области: Румелија, Бугарија, Македонија и Босна и Херцеговина, со цел лично да ја испита оправданоста на жалбите и да се запознае со спроведувањето на реформите и да примени неопходни мерки за нивна реализација.

---

74 Н. Урић, Питање реформи и устанци у Турску..., 31.

75 Г.П.Геновъ, Източният въпросъ... 164; Д. М.Ковачевић, Спољна политика Русије...290; Н. Урић, Питања реформи и устанци у Турску..., 31

Тој во овие области се задржал до октомври[76] истата година, и при тоа бил внимателно следен од европскиот печат. Всушност реформите само формално биле спроведени, а за нерегуларноста строго се внимавало информацииите да не стигнат до Големите сили. Тие добиле дури и спротивен ефект. Биле ограничени слободата и превилигиите кои во некоја мера дотогаш ги имале. Доказ за тоа биле немирите во Империјата кои особено се јавувале во областите каде што христијанското население било доминантно. Големите сили се подготвувале систематски да извршат подготовка за поделба на "болниот човек од Босфорот". Така Велика Британија и Франција настојувале да се зачува Османлиската Империја, а Русија и Австрија биле сопернички и „наследници“ на Империјата. Кај големите европски сили во поглед на нивните интереси се појавиле противречности. Франција користејќи го својот модел на реформи, се застапувала да се постигне уставна отоманска народност што логички значело зачувување на целокупноста на Империјата. Но, тоа било во спротивност со руската тенденција, која тежнеела кон децентрализација на Империјата и можност сите балкански народи да имаат автономија. Рускиот став бил поткрепен од Австрија, која имала слични аспирации со Русија, додека пак Велика Британија давала поткрепа на францускиот став.[77]

Во средината на XIX век Русија се наоѓала во период на забрзан развој на капитализам. Но, за капитализмот да завладее во општеството, било потребно укинување на феудализмот. Таквото општествено уредување опстојувало до 60

---

[76] Посетата на Мехмед Кибризли-паша го привлекла вниманието на европската јавност и дипломатија. За мисијата на Големиот везир, како во јавноста така и во дипломатските кругови постоело различно мислење. Така на пример англискиот пратеник во Цариград, Булвер положбата на христијаните ја оценил како поволна. Руската дипломатија неповолно ја оценила мисијата на Големиот везир и веднаш по неговото враќање во Цариград, рускиот пратеник Лобанов -Ростовски изразил незадоволство поради тоа што везирот не ги посетил сите провинции. Кибризли паша наоѓал оправдување поради почетокот на есенските дождови, и непроодноста на патиштата. Рускиот пратеник во својот протест го нагласил примерот со Херцеговина, каде состојбата била посебно напната. Набрзо потоа и Горчаков со меморандум го изложил официјалниот став на руската влада. Кибризли-паша со своето присуство, било истакнато во меморандумот, уште повеќе го заплашил населението, препуштај го на милост и немилост на турската власт.( Н. Урић, Питање и реформи и устанци у Турску..,34-35)

[77] Г.Тодоровски, Реформите на големите сили, 1 дел, 41-42 ; Н. Урић, Питање реформи и устанци у Турску..,32 ; Ф. И. Успенски, Источно питање..,171; Г.П.Геновъ, Източният въпросъ..., 167.

години од XIX век, иако во последните години се наоѓало во криза. Одбраната на феудално-апсолустистичкиот систем во Русија, резултирал со длабока криза која особено била изразена по неуспешната Кримска војна (1853-1856). Со таквата бирократска власт земјата не можела да се развива и да биде во чекор со останатите земји. Затоа неопходно било, да се изврши реформирање на општеството и да се укине дотогашниот општествено-политички систем. Со оглед на тоа дека царот Николај I со својот режим претставувал главна пречка за реформска акција, неговата смрт (февруари 1855 год.) во руските кругови донесла олеснување и надеж за подобар живот. Се сметало дека со досегашниот владетел ќе се стави крај на угнетувањето, кое било главна пречка за напредок. Од новиот цар Александар II се очекувало, да започне една нова страница од руската историја. Тој сакал да ја продолжи политиката на својот татко, бидејќи по своите убедувања бил конзервативец и со многу идентични сфаќања како него. Нему му било добро познато дека треба да биде во чекор со времето и како последица на старото општествено уредување се појавила криза во земјата.[78]

Поради опасност од селски револуции, бил приморан да започне со воведување на реформи во земјата. Бил формиран комитет составен од високи чиновници и крупни феудалци- големопоседници, а селаните не учествувале во спроведувањето на реформите. На 13 февруари 1861 година, царот го потпишал манифестот за укинување на кметството. Реформи биле извршени и во другите сфери на општеството, со цел земјата да се прилагоди на новите прилики. Реформи имало и во судството, воени реформи (1874 год.) со кои младите со 21 година биле регрутирани и воениот рок од 25 бил намален на 6 години. Војниците биле исклучени од граѓанскиот живот и целосно одвоени од своите семејства. Творец на воената реформа бил генералот Николај Милјутин. Била формирана и градска дума (1870 год.) на чело со претседател на општината. Со овие реформи руското царство го заменило феудалното, со капиталистичко општество. Но, и покрај тоа многу феудални остатоци претставувале пречка за натамошниот развој на капитализмот. Ова било само еден крупен чекор напред, но руското царство сепак заостанувало во споредба со европските земји кои бележеле брз напредок.[79]

По воведувањето на реформите, рускиот министер Горчаков изразил надеж дека внатрешните реформи ќе ѝ овозможат на Русија да ја зголеми својата моќ и

[78] Ч. Попов, op. cit., 396-397

[79] Sovjetska zemlja..., 198-201; P. Miljukov, S. Senjobos, L.Ezenman, Istorija Rusije...504

тогаш „ таа ќе биде подготвена за борба со политичката, културната или покровителската мисија која историјата и ја одредила на Исток.“[80]

После спроведените реформи во земјата за време на владеењето на Александар II, Русија направила чекор напред што значи и нејзино внатрешно обновување. Со воените реформи дошло до засилување на вооружените сили и по укинувањето на меѓународните ограничувања, Русија повторно го добила статусот на голема европска сила и можност да има позначајна улога во меѓународните спорови.[81]

Руската надворешна политика доаѓала во судир со француската. На Балканот француската влада понудила најнов проект за спроведување на реформите во Турција и го предала на турската влада. Меѓутоа, таа во својот проект не го зела во предвид прашањето за автономија на поробените народи во европскиот дел на Турција. Руската дипломатија очекувано не го прифатила овој проект. Нејзиното барање било христијанските провинции на Балканскиот Полуостров да добијат независност. Поради тоа руската дипломатија ќе одигра значајна улога кај некои балкански држави. Таа и натаму сметала дека реформите во Турција се неможни, поради големите спротивности меѓу христијаните и муслиманите. Русија дури на 18 април 1867 година, донесла контрапроект. Како последица на оваа, дошло до судир меѓу француската и руската влада. Поради неприфаќањето на ставовите на руската влада, дошло до повторно нарушување на нивните односи.[82]

Нови напори за национално-ослободителната борба на Балканскиот Полуостров, бележиме и во понатамошниот период. Христијаните кои се наоѓале под турска власт, изјавувале дека нивното трпение е при крај и време е да се преземат решителни дејства. За разлика од ваквите иницијативи на христијанските народи во Европска Турција, руската дипломатија сметала дека има целосна доверба во сопствените сили и почитувањето кон Турција и понатаму е присутно. Но сепак заклучила, доколку би се презеле мерки во целост да се спречи движењето, тоа било во спротивност со нивните вековни стремежи и на тој начин Русија ќе ги изгуби симпатиите кај христијанското население.[83]

[80] С. А. Никитин, Очерки по истории южных Славян и русско балканских связей в 50-70-те годы XIX в, Москва 1970, 150.

[81] С. Живанов, Основи спољне политике..., .64-65

[82] Г. Тодоровски, Реформите на големите сили, 1 дел, 49-50.

[83] С. А. Никитин, Очерки по истории южных Славян..., 150.

Големи заслуги за ослободителните борби на христијанските народи имал кнезот Горчаков. По негова иницијатива, руските конзули во неколку наврати собирале сведоштва за положбата на населението во христијанските провинции. Во контекс на ова, не биле одминати ниту молбите на сѐ позајакнатата улога на црковно-училишните општини за црковно-словенски во црквите и мајчин јазик во училиштата.[84] Главни поддржувачи за дејството на Русија на Балканот биле директорот на азискиот департмент П.Н.Стремоухов, пратеникот во Цариград Н.Игнатиев, А.С.Јонин, конзул во Јанина и други.

Рускиот цар Александар II и кнезот Горчаков, подготвувале претпазливи тактики и ги повикувале балканските држави кон воздржаност во борбата за независност. И во однос за Критското прашање за присоединување на Крит кон Грција, повторно по иницијатива на руската дипломатија на чело со Горчаков, бил направен демарш од европските држави (без учество на Велика Британија) што предизвикало отстапка на Портата од барањето на државите. Согледувајќи ги таквите лоши резултати, руските претставници на Балканот, презеле порешителни мерки. Самиот Игнатиев очекувал дека востанието во христијанските провинции ќе придонесе за ослободување од турската власт. Споменатите конзули се грижеле да ја спречат раздвоеноста и да ги обединат балканските народи пред Портата.

Кон крајот на август 1867 година, Игнатиев организирал средба на турскиот министер за надворешни работи Фуад-паша, со Александар II и го запознал со проектот за реформи во христијанските провинции при што добил ветување и согласност од Портата. Истата година како противдејство на напорите на руската дипломатија на Балканот, се сретнале Наполеон III и Франц Јосиф, со цел да се запази непроменливоста во Империјата. Тие го отфрлиле меморандумот на Горчаков, па тој поради своите неуспеси бил принуден со циркулар да му предложи на државните раководства, да не се мешаат во односите на султанот кон своите христијански поданици. Всушност тоа и била главната цел на Русија, да го неутрализира и спречи мешањето на западните држави во внатрешните работи на

---

84 Група граѓани до рускиот конзул во Солун, Лаговски, ипратиле петиција во која меѓу другото е забележано:„Сакаме да основаме самостојно бугарско училиште во столнината, во кое во уроците ќе го изучуваме мајчиниот јазик со учениците.... и да се збогатат со изучување на други јазици со кои ќе се утешат нашите очајанија." Петицијата е напишана во Солун, на петтиот ден од Гроздобер во 1869 година. (Државен архив на Македонија, Руски императорски конзулат во Солун, микрофилмуван архивски материјал, Број на сигнатура. XCVI/1145)

турската влада. Таа сметала дека со помошта на европскиот Концерт, не може да го реши проблемот на балканските народи во Империјата.[85]

На 19 јули 1870 година, Франција и објавила војна на Прусија, која завршила со тежок пораз на Франција. Само неколку дена подоцна, Русија објавила декларација со која ја искажала својата неутралност.„Неговото императорско величество одлучил да покаже строга неутралност во односите со завојуваните страни, но само до моментот кога војната нема да ги загрози интересите на Русија". Во понатамошниот тек на декларацијата било истакнато:„царската влада била подготвена да го ограничи размерот на воените настани и да ѝ го врати на Европа неопходниот мир". Неутралност покажале уште и Австрија, Италија и Велика Британија. Војната меѓу Прусија и Франција се покажала како вистински миг за барањата на Русија за измена на членот од Парискиот мир кој се однесувал за неутрализацијата на Црно Море. Рускиот министер за надворешни работи Горчаков, упатил циркуларно писмо до дипломатите на земјите кои биле потписнички на Парискиот мир. Русија сметала дека е должна и понатаму да ги почитува одредбите кои ѝ ги ограничувале нејзините права на Црно море. Ова не е само заради безбедност на Русија, туку и ветување до сите останати членови од Парискиот договор таа ќе ги исполнува, а тоа значи и нема да се отвори ниту Источното прашање. Бизмарк и дал поддршка на Русија и изјавил: „Ние застанавме на страната на Русија, за да ја ослободиме од ограничувањата наметнати од Парискиот договор. Забраната за пловидба крај сопствениот морски брег за една таква држава како што е Русија, е неодржива за подолго време, бидејќе е понижувачка".

Прусија предложила да се одржи конференција на земјите потписнички на Парискиот договор, со цел да се разгледаат прашањата кои ги поставил Горчаков во циркуларот. Конференцијата на европските сили била одржана во Лондон, од 17 јануари до 13 март 1871 година. Прусија предложила да се одржи конференција на земјите потписнички на Парискиор договор. Велика Британија како домаќин, ја претставувал министерот за надворешни работи Гренвил, додека другите земји ги претставувале дипломатските претставници акредитирани во Лондон. Најголемите дискусии на конференцијата се воделе за регулирање на пловидбата на морските протоци. И покрај спротивставеноста на Британија и Австро-Унгарија, тие сепак се согласиле за измени на одлуките од Парискиот договор за неутрализација на Црно Море. На крајот била потпишана конвенција меѓу Турција и Русија, со која била

---

[85] Очерки истории Министерства ..,том первый, 380-382

анулирана конвенцијата од 1856 година. Ова претставувала голема победа на Горчаков и руската дипломатија, кој одлично ја искористил меѓународна поволна ситуација и ја спасил Русија од најтешкиот услов на Парискиот договор. Русија повторно ги воспоставила своите права на Црно море и го вратила својот поранешен углед како голема сила.[86]

На 21 март 1870 година со помош на Бизмарк, била укината забраната на Русија да стационира флота на Црно Море. Оваа поништување на одредбите на Парискиот договор, одамна била главна цел на руската влада. По тој повод Горчаков издал циркулар во кои се наведени начините за кои други држави го прекршиле Парискиот мировен договор. На ова реагирале Англија и Австрија.[87]

Во втората половина на XIX век се појавило српско национално прашање кое било во тесна врска со ослободувањето и на другите балкански народи од турската власт. Во периодот од 1860-1868 година, во Србија владеел Михаил Обреновиќ, којшто развил широка надворешно–политичка активност. Српскиот кнез се залагал: да овозможи независност на кнежеството и да ги обедини јужно-словенските народи под закрилата на српската монархија на чело со династијата Обреновиќ. Своите планови можел да реализира преку ослободителна борба во сојуз со другите балкански држави. За таа цел бил потпишан воен сојуз со Црна Гора и било планирано, при евентуален успех против Османлиската Империја, црногорскиот крал да се повлече од престолот во полза на Михаил Обреновиќ. Бил потпишан воен сојуз и со Грција и во Белград биле формирани востанички чети. На тој начин бил создаден т.н. прв Балкански сојуз кој бил поддржан од Русија. Руската дипломатија презела мерки, овој сојуз уште повеќе да го зацврсти. Поради формирањето на Балканскиот сојуз, во Салцбург (август 1867 г.) била извршена средба меѓу Франц Јосиф и Наполеон III, каде тие јасно го покажале својот негативен став. Особено против новоформираниот сојуз била австроунгарската влада, стравувајќи од ослободителното движење во оние реони кои биле под нејзина власт. За таа цел Австро-Унгарија започнала обиди да изврши преориентирање на Србија. Силните противречности на српските политички кругови довеле до засилување на проавстриското влијание. По убиството на Михаил Обреновиќ во 1868 година, со помош на војската на власт стапил Милан Обреновиќ. До неговото полнолетство, власта била доверена на регенсите И. Ристиќ и И. Гавриловиќ. Под влијание на

[86] Д. Ковачевић, Спољна политика Русије..., 299-302.

[87] Историја дипломатије, свеска прва..., 553-554.

Ристиќ, дошло до нарушување на руско-српските односи. Како последица на ориентацијата кон Австро-Унгарија, односот на регенсите кон рускиот конзул во Белград Н. П. Шишкин, станал лицемерен. На тој начин контактите меѓу рускиот конзул и регенсите биле сè поретки. Во врска со ова Шишкин на директорот на Азијатскиот департмент Стремихов му напишал: „По смртта на кнезот Михаил, моите лични и официјални односи со регенсите не се подобрени. Напротив лицата кои влегоа во состав на новата влада не покажуваат добри односи, така што и посетите се прекинати.“[88]

Во почетокот на март 1871 година, започнала нова фаза од руско-српските односи. Рускиот конзул Шишкин, забележал дека се појавила искрена волја за соработка со царската власт на Русија. Во контекс на тоа Шишкин додава... „првиот регент ми се довери, (дека) српската влада без ничиј совет се определила за вообичаеното покровителство на Русија“.[89] Сан Петербургскиот кабинет го прифатил барањето на Србија и при тоа Милан бил примен од рускиот цар во летната резиденција на руските цареви во Левадија, а конзулот Шишкин ги придружувал за време на патувањето. Патувањето на кнезот Милан во Левадија било позитивно оценето и оставило силен впечаток кај Шишкин. Но таквиот чекор предизвикал негативна ракција кај дипломатските претставници на Австро-Унгарија, Германија, Велика Британија и Франција, кои се наоѓале во Белград. Во понатамошниот период е забележана поголема искреност меѓу српските регенси и руските дипломатски претставници. [90]

Во 1872 година, се појавил еден интересен руски документ кој се однесува на барањата на српските регенси. Извештајот на Горчаков соодржи анализа на две фази од руската политика спрема Србија, од кои во втората е претставена во основа балканската политика на Русија после Кримската војна. За ослободување на јужнословенските народи, Русија ја сметала Србија како главна сила, која поседува своја армија и државен апарат. На крајот Горчаков заклучува дека регенсите имале

[88] Балканские народы и европейские правителъства..., 173-174; С. А. Никитин, Очерки по истории южных Славян..., 152.

[89] Во Србија очекувале дека со укинувањето на ограничувањата од Парискиот договор, во прв ред на пловидбата низ Црно море, руското влијание повторно ќе биде доминантно. „Русија е единствена сила чија што поддршка може да се очекува во тешка состојба“ сметале во српското кнежество. Тоа се покажало како пресудно за определеноста на Србија кон руското царство..( Балканские народы и европейские правителъства..., 193)

[90] Балканские народы и европейские правителъства..., 175.

нереалистички цели и не ја имале во предвид реакцијата на европските кабинети и воената моќ на Османската империја. На крајот било констатирано дека младиот кнез Милан, треба да се ориентира кон собирање на сите балкански земји, за нивно вооружување и стрпливо чекање за настапување во потребниот момент.[91]

## Руската надворешна политика за време на Источната криза

Карактеристика на седумдесетите години од XIX век е национално-ослободителното движење на поробените христијански народи на Балканскиот Полуостров. Европската дипломатија била принудена да преземе неопходни мерки со цел да се избегнат вооружените судири. Дури бил донесен посебен ферман на 12 декември 1875 година, со кој ќе бидат спроведени општи реформи во Империјата. Меѓутоа, како и претходно така и во конкретниот случај, реформите останале неспроведени во дело и не биле подржани од страна на Големите европски сили. Тоа значи дека положбата на христијанските народи останала непроменета. Како последица на тоа, се појавиле на општо незадоволство и револуционерни движења.[92]

Се сметало дека напорите на Големите сили ќе бидат успешни. Тие биле предложени од англиската дипломатија, која што дотогаш била најголем противник на сите обиди за реформи. Таа сега настојувала на најразлични начини, реформите да се реализираат и да се стави крај на сите злоупотреби на турската власт.[93]

За време на Источната криза не постоела држава и народ кои останале рамнодушни за настаните на Балканот. И Србија се вклучила во борбата против Османлиската империја, користејќи различни форми како што се: востанието во Босна и Херцеговина, преговорите со Грците, сојузот со Црна Гора итн. Русија како голема сила се залагала за запазување на рамнотежата на силите во Европа. Истовремено Велика Британија, Австро-Унгарија и Франција, својата политика ја насочувале кон политиката за статус-кво, додека руската влада во одредени периоди им давала поддршка на национално-ослободителната борба на балканските држави.

[91] Исто, 183-184.

[92] Г. Тодоровски, Реформите на големите сили..., 1 дел, 55.

[93] Г.П. Геновъ, Источният въпросъ..., 310.

За време на кризата, Србија се надевала на политичка и воена помош од Русија.[94] Политичката состојба во март 1875 година била мошне сложена и во поглед на надворешната политика доминирала главната цел, а тоа е создавање на силна независна српска држава во која ќе се вклучат поранешни турски области населени со Срби или други братски словенски народи. Тоа би било разрешено по дипломатски или воен пат.[95]

Кога Франција пројавила интерес за повторно зближување со Русија, тоа предизвикало загриженост кај германската дипломатија. По тој повод канцеларот Бизмарк, за да ја зајакне позицијата и влијанието на Германија, ги поддржал интересите на Русија за христијаните на Балканот. Со тоа истовремено ќе овозможи влошување на односите со Франција. Германија дури ѝ понудила финансиска помош, но Русија не ја прифатила. Русија била претпазлива во својата политика, со намера да ги согледа вистинските причини и цели на Големите сили. Таа чувствувала одговорност за иднината на христијанските народи на Балканот и затоа ја поддржувала нивната независност.[96]

Вооружените ослободителни движења започнале во летото 1875 година, со Босанско-херцеговското востание. Со ова востание започнала големата Источна криза, која резултирала со територијални промени на Балканот. Турската влада настојувала со сите напори да го задуши востанието, со цел тоа да не се прошири и во другите делови на Империјата.[97] Оваа криза претставува главен проблем во меѓународните односи и поради тоаГолемите сили, ги следеле настаните со голема внимателност.[98]

Положбата на христијаните во турската империја сè повеќе се влошувала. Како последица на тоа се појавиле востанија и тоа најпрво во Херцеговина. Причина за тоа биле: големите даноци, грубиот начин на кој тие биле собирани, против несигурноста на животите, несигурност на имотите итн. Кога востанието започнало

---

[94] Балканские народы и европейские правителъства..., 192.

[95] Исто, 194.

[96] Михајло Миновски, Ставот на Русија спрема македонското прашање на Цариградската конференција 1876, Зборник -Македонско -руски врски XIX век и почетокот на XX век, Скопје 1996, 99-100.

[97] Крсте Битоски, Македонија во времето на големата Источна криза (1875-1881), Скопје, 1982, 26.

[98] Константин Косев, Кратка история на българското възраждение, София, 2001, 141.

да зазема пошироки размери, водачите на востанието се обратиле за помош од европските влади. Во август 1875 година, некои европски влади ја советувале Турција да испрати комисија која ќе ги испита работите на самото место.[99]

Штабот на востаниците во јуни 1875 година, упатил апел кон христијаните во Османлиската империја и ги повикува сите христијани да се присоединат кон нив за борба против турската власт. Овој повик оддекнал не само во Србија и Црна Гора, туку и во Бугарија и ги забрзал подготовките за Априлското востание. Кај водачите на Херцеговското востание, особено кај Љубобратиќ, се јавиле аспирации за присоединување на Херцеговина кон Србија и создавање на голема српска држава. Други водачи пак се стремеле, да извршат нејзино присоединување кон Црна Гора. Портата настојувала по секоја цена што побрзо да го задуши востанието, но без некој успех.[100]

Кон крајот на 1875 година, Русија, Австро-Унгарија и Германија се согласиле да испратат до другите сили и до Турција окружно писмо, во кое ќе ги искажат своите ставови за положбата во Империјата. За поднесување на нотата постоела и друга поголема причина. Намерата била да спречи вмешувањето на Србија во Босанско-херцеговските настани и да се стесни просторот за дејствување на руската дипломатија. Нотата ја составил австриskiот министер за надворешни работи грофот Ѓула Андраши и затоа е наречена Андрашева нота. Откако била одобрена и од англиската влада таа била доставена до Високата порта од австро-унгарскиот пратеник грофот Зичи, на 19/31 јануари 1876 година.[101] Според нотата:„Трите дворци австро-унгарскиот, рускиот и германскиот, откако ги разменија своите ставови, направија сојуз на кој тие ги изложија своите напори за смирување на Империјата." Во неа се предлага проект-реформи во Босна и Херцеговина. Меѓу поважните барања се: слободна вероисповед, отстранување на досегашниот систем на собирање на даноците, воведување на директни даноци за задоволување на месните потреби, олеснета постапка на христијанското население при купување на земја итн. При спроведувањето на реформите, не треба да му бидат препуштени на пашите, туку да се формира мешовита комисија составена од избрани претставници на христијани и муслимани. Турската влада најпрво била против таквото решение на Големите сили.

---

99 А. С. Цановъ, България въ източний въпросъ, Пловдивъ, 1879, .71

100 Г.П. Геновъ, България и Европа..., .16

101 А. С. Цановъ, България въ источнiй в ъпросъ..., 71-72; Б. Јелавич, Историја на Балканот...,том I , 420.

Таа сметала дека може само да прими совети, и нема да дозволи мешање во внатрешните работи на царството. Веќе на 13 јануари, Портата направила отстапки и со нота ги известила Големите сили дека дава согласност за нивните барања, меѓу кои и амнестија на востаниците. Меѓутоа, херцеговските војводи го одбиле понудениот австро-унгарски предлог за амнестија, при тоа надевајќи се дека добијат поцврсти гаранции за својата безбедност. Водачите на востанието во нотата, не гледале цврста гаранција од Големите сили, за турската влада да ја повлече својата војска и да ги спроведе реформите. Портата не дала согласност за мерките кои се однесувале за директните даноци. Османлиската власт ветувала, обезбедување на извесни суми од државниот буџет на Босна и Херцеговина. Таа не одиграла никаква улога со која би се подобрила положбата на христијанското население[102]

На 20 април 1876 година, во Бугарија започнало Априлското востание. Ова востание иако било подолго време подготвувано, брзо било загушено од турската власт. Карактеристично при задушувањето е силниот фанатизам на власта, поддржана од муслиманското население и големиот број на убиени и ранети луѓе.[103] Во Пловдискиот санџак, Черкезите и башибузукот само за неколку дена успеале да заколат околу 15000 луѓе. Сите убиства биле проследени со зверски мачења и разни други насилства.[104]

Начинот на кој Турците го загушиле востанието, бил осуден од европските сили, особено од руската влада. Русија настојувала да издејствува пред Портата, воведување реформи кои ќе допринесат христијанското население да биде заштитено од муслиманскиот фанатизам. Но, тука изостанала согласноста од другите сили, во прв план од Велика Британија. Британската јавност била загрижена од настаните во Бугарија и настојувала кај својата влада да издејствува подобар живот на христијанското население во Империјата. Но и покрај таквата

---

[102] Ж. Войников, Българското освобождение и дипломатическите перипети свързани с него, 2011, 1-2; Ф. И. Успенски, Источно питање.., 175.

[103] Типичен е примерот во селото Перуштица. Пред налетот на турската војска и башибузукот, востаниците и дел од населението се затвориле во селската црква. Тогаш турските башибузуци откако ја затрупале вратата со камења, ја запалиле црквата заедно со мноштвото присутни во неа. Во Батак состојбата била уште полоша. Илјадници мажи, жени, старци и деца биле убиени на најѕверски начин. Насекаде биле расфрлани човечки коски, черепи, детски трупови, делови од телото итн. (Н. Генчев, Българско възраждение..,.10)

[104] Историја дипломатије, свеска друга, во редакција на В.П.Потемкин (1872-1919, Београд, 1949, 34.

„загриженост", нејзината влада не презела никакви мерки за заштита на населението и за казнување на виновниците.[105]

По Априлското востание и ѕверствата кои биле направени при неговото загушување, претставниците на трите сили повторно презеле иницијативи за да ги прекинатат немирите во Бугарија. Во почетокот на мај 1876 година, по иницијатива на руската дипломатија на чело со Горчаков, во Берлин бил одржан состанок на министрите за надворешни работи на трите империи, на Русија, Германија и Австро-Унгарија. Тој уште е наречен Берлински меморандум. и бил донесен на 1/13мај 1876 година. Овој акт претставувал еден вид на повторување на„ нотата на Андраши", но сега имал ултимативен карактер. Трите страни ќе преземат енергични мерки против султанот за исполнување на реформите, да се прекинат воените дејства во реоните опфатени од востанието во рок од два месеци, да започнат преговори меѓу Портата и востаниците поради утврдување на оштета на лица кои биле оштетни од востанието и на крајот странски делегати да бидат овластени да вршат контрола за исполнување на дадените барања. Главната цел била да се направи демарш и да се испрати до Високата Порта. Грофот Игнатиев согледувајќи ги настаните, се залагал решавањето на споровите да биде по мирен пат и настаните да не добијат друг тек, што би довело до нов поредок во европскиот дел на Османлиската империја. [106]

Неопходно било да се изврши притисок врз султанската влада, за да може сериозно да се пристапи кон реализација на обврските на европските сили. Трите императори сметале дека, Големите сили треба да побараат од Портата, најпрво да се прекинат воените дејства и тоа за рок од два месеци. Со тоа би се отворил пат за директни преговори помеѓу Портата и делегатите на Босна и Херцеговина. Така расправата би се одвивала во следните точки:

а) На вратените бегалци да им бидат доделени матерјали за обнова на домовите и на црквите и да им биде обезбедена храна до оној миг кога тие ќе можат да живеат од својот труд.

б) Доколку распределбата на помошта зависи од турскиот комесар, тој ќе мора да дејствува во согласност со мешаната комисија, со цел да се овозможи сериозна примена на реформите, а со тоа и контрола на нивното извршување.

---

105 Г. П. Геновъ, България и Европа...,17; Б. Јелавич, Историја на Балканот...,том I, 420

106 Ж. Войников, Б ългарското освобождение и дипломатическите...2; Ф. И Успенски, Иточно питање...,175

Комисијата треба да биде составена од месни жители од двете религии во Босна и Херцеговина, по раководство на лице со христијанска вероисповед.

в) За избегнување на судирите во Цариград, турската војска ќе биде сконцентрирана во некои одредени точки.

г) Христијанското население да може да поседува оружје, како и муслиманското.

д) Спроведувањето на реформите ќе го контролираат конзулите и делегатите на државите. [107]

Документот завршил со предупредување, доколку Портата не ги исполни барањата, европските сили ќе преземат поенергични мерки за да се спречи натамошната криза во Империјата. По барање на Горчаков, документот бил предаден и до другите европски сили, со цел да биде ангажиран целиот европски „концерт" под „диригенство"на руским министер. Актот на трите императори (меморандумот), добил поддршка од Франција и Италија, но изостанала согласноста на Велика Британија.Тоа значело дека не е постигната целосна согласност на сите држави.

За тоа време во Цариград бил извршен прсврт. Големиот везир русофилот Махмуд Недим- паша бил симнат од престолот и на негово место бил поставен Мехмед Рушди–паша. Подоцна и новиот везир Абдул Азис бил сменет и бил назначен неговиот брат Мурат V. Новата османлиска власт по предлог на Британија го отфлила меморандумот.[108]

Измените во власта не допринесле за мир и спокојство во царството. Во Цариград, Битола, Филипопол, Кипар и во други градови, биле забележани крвави сцени каде масовно биле претепани и убиени повеќе христијани. Злосторствата на Турците биле остро осудени од Големите сили. Конкретно Гледстон, не ја поддржал Турција против барањата на Русија. Користејќи ја поволната состојба, Русија упатила остри закани во корист на оние провинции кои биле населени со Словени. Турската влада била принудена и понатаму да прави отстапки. Тогаш за да се намали

[107] Македонија во меѓународните договори, 1875-1919, Избор, редакција и коментар на Александар Христов и Јован Донев, Архив на Македонија, Скопје, 1994, 30-33

[108] А. С. Цановъ, България въ источній въпросъ...73-74; Ж. Войников, Б ългарското освобождение и дипломатическите...2; Ф. И Успенски, Источно питање...175; К. Битоски, Македонија во времето. на големата.., 40-42

притисокот од Големите сили, се појавила идејата за воведување на устав и основање на парламентарен Дом составен од народни пратеници. Овој акт прв пат бил споменат на12 октомври 1876 година, во нотата на министерот за надворешни работи Сервер-паша. Ова не ги задоволило барањата на Русија, која премногу била погодена од немирите меѓу христијанското население кои наоѓале силен оддек во братска Русија и го држеле општеството во постојана напнатост.[109]

Карактеристично за сите овие настани е што тие се извршени по точно 20 години од Парискиот мировен договор. Оваа дело претставува доказ, на каков начин се однесувале Турците во Солун, а којзнае како тие се однесуваат во другите делови кои не се под контрола на Големите сили. Во мај 1876 уште еден настан ја потресол турската влада, а тоа било Разловечкото востание во Малешевијата и Пијанечкиот крај. И ова востание било крваво задушено.[110]

Русија наспроти залагањата на Големите сили за статус-кво во Империјата, станала покровител на балканските христијани за ослободување од турската власт. Како резултат тоа во втората половина од XIX век, се појавил Панславизмот.[111]

Зад стремежот на Русија за обединување на сите словенски народи, се криела руската експанзивна политика. На тој начин, руските универзитети претставувале образовни центри за повеќе дејци од Македонија, пред и после испраќањето на Трајко Китанчев во Русија при тоа користејќи ги стипендиите од руската влада. Тука би ги спомента имињата на Константин Миладинов, Партениј Зографски, Крсте Петков Мисирков, Димитрија Чуповски и други.[112]

Најпосле во јуни 1876 година започнала војната на Србија и Црна Гора против Османлиската империја. Таа опфатила повеќе области и во неа учество зеле илјадници доброволци кои се бореле за заштита на Словените. Помошникот министер за надворешни работи Н.К.Гирс му напишал на грофот Игнатиев:„Недовербата кон нашата политика, сè повеќе во јавноста се зголемува".

---

[109] Ф. И. Успенски, Источно питање..,175-176

[110] К. Битоски, Македонија во времето на големата.., 34

[111] Панславистите се залагале за ослободување на сите словенски народи од турската и австро-унгарската власт и за создавање на заедничка федерација каде што Русија ќе има водечка улога. Главна цел на оваа движење е обединување на сите словенски народи. Боите на панславизмот се црвена, сина и бела. Кон крајот на XIX век, ова движење го намалува својот авторитет, а веќе со Октомвриската револуција во Русија (1917г) целосно замрело.

[112] Ванчо Ѓорѓиев, Трајко Китанчев, Скопје, 2015, 36

Самото по себе било разбирливо дека војната против Турција била сè понеизбежна. Од тие причини власта во Санкт Петербург, презела мерки за неутралност на европските држави, за да се избегне непосакуваната коалиција против Русија.[113]

Во Србија веќе биле сконцентрирани околу 4000 руски доброволци и офицери, со кои раководел рускиот генерал Черњаев. Русија ѝ давала поддршка на српската влада и на тој начин, царската влада започнала една опасна игра која можела да има последици, бидејќи не била подготвена за војна гледано ниту од воен ниту од финансиски аспект. Тоа се совпаѓа со времето кога владата на чело со Александар II се наоѓа во аграрна криза и засилено народно движење, па се надевала дека надворешните успеси до некоја мера да ја неутрализираат нестабилната положба во земјата, а со тоа ќе ја зацврсти и својата позиција.[114]

Во Русија силно одекнала ослободителната борба на Словените на Балканскиот Полуостров. Царската власт станала покровител преку дејноста на благотворните друштва. По тој повод Московскиот архиепископ, за кнезовите во Србија и Црна Гора отслужил и свечен молебен. Дури бил испратен санитарен материјал, парични средства и друга хуманитарна помош.[115]

Српско-турската војна претставувала можна опасност војната да добие пошироки размери. Во игра биле и други комбинации. Така евентуална победа на Турција, ќе значи интервенција на Русија и конфликт со Австро-Унгарија. Кога би победила Србија, тоа ќе значи распаѓање на Турското царство и пресметка со Големите сили за нејзиното наследство. Затоа и руската дипломатија била претпазлива и настојувала мудро да ја реши ова задача: да им помогне на балканските народи, а при тоа да ги избегне конфликтот и недоразбирањето со Австро-Унгарија.[116]

Српско-турската војна од 1876 година, ја зголемила напнатоста во Османлиската империја. Војната придонесла за натамошно слабеење на Турција, а тоа било можност за засилено ангажирање на Големите европски сили при решавањето на Источното прашање.[117] Како резултат на негативниот однос на

---

[113] Очерки истории Министерства..,том первый, 382

[114] Историја дипломатије, свеска друга...,34

[115] Ф. Бамберг, Источният вопрос между.., 43

[116] Историја дипломатије, свеска друга...,35; Ж. Войников, Българското освобождение и дипломатическите..,.2

[117] Ч. Попов, Друштвена и политичка историја..,(1871-1914), 223

британската дипломатија кон настаните на Балканот, Русија и Австро-Унгарија влегле во една фаза за планирање на натамошната иднина на Балканот. Заради поголема сигурност за дејствување на Балканот, руската дипломатија побарала поддршка од Австро-Унгарија. Таа сметала дека за таа цел, неопходна е спогодба со неа. Како резултат на тоа, по иницијатива на Русија, бил свикан состанок во Рајхштатскиот замок во Чешка. Таму на 8 јули 1876 година, била склучена познатата Рајхштадската спогодба, помеѓу рускиот цар Александар II и Франц-Јосиф, заедно со нивните министри за надворешни работи, Горчаков и Андраши. На средбата било решено:

1) Државите ќе се раководат по принципот за немешање, со право подоцна да се договорат за тоа. Пристаништата Клек и Котор за двете страни да бидат затворени. На Турците против христијаните да не им се дава помош.

2) Во случај на успех на Турција. Ако Турците применат големи насилства врз христијаните, државите треба да ги спречат во тоа. Тие во Србија ќе побараат воспоставување на статус кво, а Босна и Херцеговина да добие устројство во согласност со програмата на Берлинскиот меморандум.

3) Доколку победат христијаните. Тогаш државите ќе дејствуваат сложно заради средување на последиците од војната.Тие нема да дозволат да се формира голема словенска држава, но Црна гора ќе може да ја анектира Херцеговина и јадранското пристаниште, а Србија насилно да ја присвои Босна и делови стара Србија. На тој начин Австрија ќе може да го анектира турскиот дел од Хрватска и делови од Босна. Русија од своја страна ќе има право да го анектира Батум и со тоа да го врати делот од Бесарабија, одземен во 1856 година. Ако пак пропадне Турската империја, Бугарија и Румелија би можеле да станат независни кнежества, а Цариград би бил слободен град.[118].

Во Рајхштад не била потпишана официјална конвенција, ниту пак протокол. Двете земји имале свои интереси и речиси идентична политика на Балканот за време на Источната криза. Единствено заедничко било, немешањето во настаните на Балканскиот полуостров. На оваа средба бил направен обид за поделба на Балканот на две сфери на влијанија. Источната сфера на влијание ѝ припаѓала на Русија, а западната на Австро-Унгарија.

---

[118] Македонија во меѓународните договори.., (1875-1919), 34-35 ; Сборник договоров России с другими госудраствами...; Ч. Попов, Друштвена и политичка историја...,(1871-1914), 223-224

На ова спогодба биле заземени ставови за погледите за многу важни прашања. На средбата руската влада ја претставила тезата за создавање на т.н. автономни области на Балканскиот полуостров. Овде конкретно се мислело на Бугарија и Румелија. Под првата спаѓале територии од Дунав до Стара планина, а под втората (Румелија), Тракија и Македонија. Од Берлинскиот меморандум наваму во сите дипломатски акции, поточно во нивните комбинации била опфатена Македонија, независно од тоа дали е наречена со свое име или не.[119]

Со Рахјштадската спогодба била купена неутралноста на Австрија, а за против услуга, Русија се обврзала да не освојува турски територии и да не го зазема Цариград. Но најважната точка се однесувала на Босна и Херцеговина. Според неа, Австро-Унгарија имала право да ја окупира оваа територија.[120]

Кон крајот на октомври 1876 година, грофот Игнатиев во својство на генерален полномошник ѝ поставил ултиматум на Портата да прифати примирје, да се изврши прекин на војната, да се осигура европска контрола при спроведувањето на реформите, бунтовните провинции да добијат автономија итн. Во него изјавува дека тој ќе го напушти Цариград, ако Портата во рок од 48 часа не ги прифати условите. Поради силната закана на Русија, турска влада сепак се согласила да склучи примирје.[121]

Предлогот на владата на Велика Британија донесен на 4 ноември 1876 година, бил испратен до Големите сили за свикување на конференција. Тука важни биле условите [122] под кои би се оддржала таа конференција.

---

[119] Н.Генчев, Българското възраждане...127; Види кај: К. Битоски, Македонија во времето на големата...,42-46 ; Историја дипломатије, свеска друга...,35;

[120] Ф.И. Успенски, Источно питање..,177

[121] Исто, 176 ; Г. П. Геновъ, Източният въпросъ..., 301

[122] Тие услови се: 1.Претходна независност и територијална целост на Турската империја; 2. Силите ќе дадат свечена декларација дека нема да бараат никаква територијална придобивка, никакво влијание врз турските работи, никаква концесија за трговијата на своите поданици или пак на било која држава; По прифаќањето на наведените услови на Високата порта ќе и се дадат условите за смирување во областите каде имало востанија.

а) Да се запази статус-квото во Србија и Црна Гора како пред војната. б) Портата ќе потпише протокол со големите сили за да ѝ се даде на Босна и Херцеговина административна автономија, еден систем на месна административна автономија според кои населението би добило извесна контрола врз своите локални работи како и гаранција против самоволноста

Тоа значело дека нема да има подобар живот на христијанските народи на Балканот, бидејќи состојбата ќе биди идентична како пред војната. Сето тоа ќе придонесе да се намали на авторитетот на Руското царство. Предлогот на британската влада не бил прифатен од Русија, бидејќи таа сакала да ги задоволи барањата на христијаните, да ги смири провинциите каде што имало востанија, но на тоа реагирале Австо-Унгарија и Англија.

Руската влада за да ги намали спротивностите, своите ставови во врска со ова прашање ги изложила во два документи, со кое дала до знаење дека ќе оди до крај, со крајна цел да го подобри статусот на христијаните на Балканскиот Полуостров. Тие документи се: циркуларот на кнезот Горчаков и говорот на рускиот цар пред московското дворјанство. Ваквата решителност на руската влада одекнала силно и само придонесла да се забрза свикувањето на Цариградската конференција. По тој повод рускиот цар рекол: "Неговото императорство не ја сака војната и ќе направи сè за таа да биде избегната. Но тој е решен да не запре пред ништо, сè додека прицините се признати за правични, хуманитарни и неопходни од цела Европа и кон кои општственото чувство на Русија се соединува со најголема енергија не бидат целосно применети и нивното исполнување не биде санкционирано со ефикасни гаранции". Понатаму царот го продолжува говорот пред благородниците: „Турција ги исполни барањата за примирјето и Црногорците во таа нерамна борба се покажаа како вистински херои. За жал тоа не може да се каже и за Србите, кон кои се присоединија многу наши доброволци...и ги дадоа животите за словенството. Јас знам дека цела Русија учествува во страдањата на нашите едноверни браќа. Вистинските интереси на Русија се поскапи од сè друго и јас би сакал да ја штедам до крај скапата руска крв. Ќе ги употребам сите сили за да се постигне мир и да се подобри судбината на целото христијанско население на Балканскиот Полуостров".[123]

Пред одржувањето на Цариградската конференција, настапиле со свој проект - реформи, грофот Игнатиев и англискиот гроф Солсбери. Игнатиев испратил до кнезот Горчаков два проект-реформи т.н. проект Максимус и проект Минимус. Спрема првиот проект, Бугарија требало да биде автономна провинција во Османлиската Империја, во чии состав требало да бидат: Дунавскиот и Софискиот

на власта. в) Слични гаранции против лошото управување ќе и се дадат и на Бугарија. г) Реформите за кои Портата се согласила, биле адресирани до големите сили и ќе бидат применети во Босна и Херцеговина и Бугарија. ( Г.П. Геновъ, Източният въпросъ...,304-305 )

[123]Г.П.Геновъ, Източниятъ въпросъ., 307

вилает, Пловдискиот санџак, Сливенскиот санџак и реони од Македонија. Интересно е дека овај проект бил потпомогнат од група бугарски капиталисти од Цариград. Другиот проект-минимум бил резервен, во случај да не биде прифатен првиот. Овде наместо една автономна провинција, биле планирани два вилаети, Источен и Западен и во нив не биле ставени територии од Македонија, но биле земени во предвид: Велес, Скопје, Воден и други. Проектот Минимум требало да биде држен во тајност. Овде намерата на руската дипломатија била да создаде една голема држава, во рамките на Османлиската Империја, што сметала дека ќе биде прифатена од Големите сили. Од разговорите меѓу двајцата дипломати било ставено на знаење дека Солсзбери не се противел на проектот -максимус. На крајот и Солсзбери го претставил својот проект-реформи, меѓутоа сметал дека не морало да се прифатат. [124]

## Цариградската конференција и руската политика на Балканот

Оваа конференција била одржана во Цариград во периодот од 11 декември 1876 до 8 јануари 1877 година. За разлика од Русија, Големите сили не покажале заинтересираност за распаѓање на османлиската власт на Балканскиот Полуостров, бидејќи тоа би довело до формирање на нови држави, а со тоа и загрозување на своите интереси во Империјата. Од тие причини било предвидено воведување на реформи под меѓународна контрола.[125]

Цариградската конференција имала за цел да предложи пред Портата одредени измени во внатрешното уредување на Турската империја и преку подобрување на положбата на христијанското население, да бидат избегнати настаните од 1876 година. На конференцијата учествувале и Големите сили и тие настојувале преку воведување на реформи да се избегне руско-турскиот воен конфликт, кој бил можен, доколку конференцијата не биде успешна. Од тие причини Русија се залагала работата на конференцијата да биде успешно завршена. [126]

[124] К.Битоски, Македонија во времето на ...50-52 ; Н. Генчев, Българското възраждение.....128

[125] В. Поповски, Руската и советската надворешна политика...,34

[126] Македонија во меѓународните договори...1875-1919, 38

Носител на словенофилското движење била Русија и нејзината улога предизвикала сомневања во поглед на нејзините цели. Русија била во тесна врска со Балканот, бидејќи претежно е населена со словенско население и затоа тие се црковно и културно зависни од неа. Стремежот на Русија е и желбата за јужните топли моринја преку протоците, со кои се поврзани и руските интереси на Блискиот Исток. Од аспект на Големите сили, ваквата положба во Турската империја не можела повеќе да продолжи. Со одложувањето на реформите, Турција ќе биде ставена во состојба на пропаст, а сето тоа е во интерес на Русија за остварување на своите желби. Но, наместо дотогашниот начин за реформирање на Империјата како што било предвидено со познатите реформни проекти Хатихумајун и Хатишериф, сега европската дипломатија трасирала друг пат: одделување од Империјата на оние територии каде незадоволството било изразено по пат на востание и добивање административна автономија, а другите делови и понатаму да останат во состав на Османлиската империја. Тоа значи дека европската дипломатија го прекинала дотогашниот начин за општи реформи и го прифатила рускиот предлог за воведувањње на проект реформи во Европска Турција. На тој начин рускиот предлог бил прифатен и тоа значело еден вид победа на руската власт.[127]

Претходните договори на силите биле водени во зградата на рускиот амбасадор. Грофот Игнатиев пред англискиот претставник Маркиз Солсбери, го предложил рускиот проект со кој било предвидено: создавање на автономна Бугарија, автономна Босна и Херцеговина и проширување на територијата на Србија и Црна Гора. На овие решенија бурно реагирале раководствата на Австро-Унгарија и Англија, бидејќи сметале дека е извршено проширување на Панславистичките и руските интереси на Балканот. [128]

Средбите со претставниците на Големите сили, биле водени без претставници на Турција. Целта била да се создаде меѓу силите согласност за ефикасен настап пред Високата порта[129].

Николај Игнатиев понудил предлог за автономна провинција Бугарија, со оправданост дека вклучувањето на повеќе народи во една провинција, ќе претставува

---

[127] Г. П. Геновъ, Източният въпросъ..., 311-312

[128] Т. Икономов, Протоколите на Цариградската конференция.., 6; Очерки истории Министерства.., том первый, 383 ; Ж. Войников, Българското освобождение и дипломатическите...4

[129] Г.П.Генов, Източниятъ въпросъ..., 310

интерес за тие народи и спас од Османлиските напади. Учесниците на конференцијата понудиле различни решенија, но бил наметнат британскиот предлог, според кој претставниците на Големите сили се согласиле да бидат создадени две автономни провинции- вилаети. Територијата на Бугарија треба да се подели на Источен и Западен вилает. Тие да бидат управувани од по еден главен управник христијанин, кој може да биде и турски поданик. Силите барале овие управници да бидат назначени од Портата. Источниот вилает да има центар во Велико Трново, а Западниот во Софија. [130]

Русија била најмногу заинтересирана за успех на конференцијата. Во тоа не е заостанувала и англиската влада, која за тоа го назначила лордот Солсбери. Подготвениот проект бил предаден на Високата Порта. Меѓутоа настаните добиле друг тек. Кога Цариградската конференција требало официјално да започне, султанот со помош на англискиот пратеник Елиот извршил саботирање на конференцијата. Султанот го поставил големиот везир Митхат паша, кој бил приврзаник на уставниот систем. Сафет паша го прогласил уставот со кој „Неговото величество султанот го направил среќно своето царство". Натамошниот тек на конференцијата го прогласил за непотребен, наводно уставот ги дава сите неопходни реформи. Турските претставници го одбиле проектот реформи со образложение, дека тоа е повреда на достоинството и интегритетот на Империјата. Англискиот пратеник Елиот, протурски настроен, бил најважниот фактор што Турција ги одбила понудените проект-реформи од Големите сили. Тоа било наредба од Лондон, грофот Солсбери да не го прифати предлогот на рускиот пратеник, за Турција по пат на сила да ги прифати реформите од Големите сили.[131]

На крајот турските полномошници сметајќи ги за спротивни на своите интереси, ги одбиле и другите проект- реформи коишто Големите европски сили ги прифатиле на прелеминарната конференција, Потоа од страна на грофот Солсбери била понудена скратена програма. Баронот Каличе за ова рекол: „Се согласувам со изјавата на Солсбери и од своја страна, дека ако турските полномошници не ги примат предлозите од силите соопштени од Солсбери, заседанијата на конференцијата ќе бидат без цел и не можат да продолжат." Рускиот пратеник во

[130] Т. Икономов, Протоколитѣ на Цариградската конференция съ Лондонский протоколъ, Варна, 1885..,19; Подетално за оваа види во: Македонија во меѓународните договори...1875-1919, 39-43; Г.П.Геновъ, Източният въпросъ.., 317 ; А.С. Цанов, България в Източниот в ъпрос...94; Н. Генчев, Българско възраждане, 21

[131] Историја дипломатије, свеска друга..., 41

Цариград, Игнатиев дополнил: „Кога преговорите не можат да продолжат, јас во името на руска царска влада која ја претставувам, го сметам продолжувањето на коференцијата безцелно и неможно... Објавувам со голема жал, ако на идното собрание во четврток турските полномошници не ги примат предлозите кои Солсбери им ги соопшти, јас не сум должен да ги продолжам преговорите“. Слични изјави дале и другите полномошници. Ова претставува и последниот обид и притисок на Големите сили за прифаќање на проект-реформите. Скратениот облик бил поднесен, но бил отфрлен. На крајот ополномоштените претставници на Големите сили заклучиле, дека никакви дикусии не се веќе потребни, а заседанието е прекинато. Тоа значело и крај на меѓународната конференција во Цариград за спроведување на роформите во турските области каде имало востанија. Тоа бил еден од последните обиди на европските дипломати за по мирен пат да ја решат Источната криза, со што војната меѓу Турција и Русија станала сѐ понеизбежна.[132]

Предвидувајќи го неуспехот на Цариградската конференција, Русија и Австро-Унгарија започнале да водат тајни преговори за избегнување на нивниот меѓусебен судир. Русија презела иницијативи да обезбеди неутралност од Двојната монархија, при тоа прифајќи ги барањата кои таа ги поставила. Така на 3 јануари 1877 година, во Будимпешта, Русија потпишала конвенција со Австро-Унгарија позната како Будимпештанска тајна конвенција. Потписници на неа биле, грофот Ѓула Андраши и Евгениј Новиков. Според конвенцијата, двете сили ги повториле своите интереси донесени со Рајхштајската спогодба. Русија го истакнала барањето за голема словенска држава, што било во нејзин интерес, но била принудена да попушта поради неутралниот став на Австро-Унгарија. Двете страни се договориле: доколку се распадне Османлиската империја, на Балканот тие нема да дозволат да се создаде голема словенска држава, но само мали независни држави. Австро-Унгарија и Русија се договориле: првата да ја окупира Босна и Херцеговина, а втората да изврши територијално проширување кон Бесарабија. Во врска со оваа Горчаков изјавил: „Така ние ќе го носиме целиот товар и ризик, а Австро-Унгарија без никаков напор ке добие провинција, која може засекогаш да остане во нејзини раце.“[133]

---

[132] Г. П. Геновъ, Източниятъ въпросъ..., 336; Т. Икономов, Протоколите на Цариградската конференция...,118

[133] В. Поповски, Руската и советската надворешна политика..., 38; Види поопширно во: Македонија во меѓународните договори..., (1875-1919), 46-48; Г.П. Геновъ, Източниятъ въпросъ...,340

Санкт Петербург направил уште обид за мирно решавање на спорот со Турција. Николај Игнатиев упатил демарш кон учесниците на конференцијата за обраќање до Портата, кој воедно бил и последениот обид турската влада да ги прифати реформите предложени на конференцијата. Кнезот Горчаков со циркуларно писмо ги известил европските кабинети за нивниот став во врска со откажувањето на Турција да ги прифати предложените решенија. Со тоа Портата ги навредила честа и достоинството на Европа.

Руската дипломатија презела и понатамошни иницијативи. По препорака на царот Александар II, грофот Игнатиев ги посетил кабинетите на Големите сили, со цел да добие нивна согласност за воведување на реформите донесени на Цариградската конференција. Воедно со одбивањето на Портата да ги прими понудените предлози, Русија како мандаторка на Европа имала право да започне воени дејствија против Турција. Како резултат на мисијата на Игнатиев, на 31 март 1877 година, бил потпишан Лондонскиот протокол. Иако според протоколот било предвидено по барање на Британија, да бидат изземени сите совети за гаранција на реформите, но и тоа било одбиено од Турција. На тој начин сите обиди на руската дипломатија да ја реши Источната криза, завршиле безуспешно. Со протоколот Големите сили се согласиле дека се откажуваат од одлуките на Парискиот договор, со кои била гарантирана територијалната неделивост на Османлиската империја. Воедно тоа бил и последниот дипломатски акт за мирно решавање на Источната криза.[134]

## Руско-турската војна и Санстефанскиот мировен договор

Големите сили кои учествувале на Цариградска конференција на 13 февруари 1876 година, испратиле колективно писмо до Портата, со барање за поддршка на договорените точки со кои ќе го запазат својот интерес и со кои се надевале дека ќе се овозможи подобрување положбата на христијанското население, а напоредно со тоа мирот и стабилноста во Европа. Преку овој заеднички документ, Големите сили ѝ

[134] Очерки истории Министерства....,Том первый, 383-384; Г.П. Геновъ, Источниятъ въпросъ...,340-341; Македонија во меѓународните договори...1875-1919, 51-52

сугерирале на Портата да го реши конфликтот со Србија, да ги спроведе ветените реформите во Империјата итн. Меѓутоа, Портата повторно ги отфрлила овие дипломатски ноти, со изговор дека не се во согласност со авторитетот на Турската империја.[135]

Руската влада посебно се обратила до Портата, со барање да прекинат гонењата и вознемирувањата на Словените. На крајот кога рускиот цар и неговите министри го изгубиле трпението, ѝ објавиле војна на Турција. Ваквата вест го разбудила патриотскиот дух, иако веќе одамна руски доброволци во повеќе наврати учествувале во борба против Турците.[136]

На 22 април 1877 година, кнезот Горчаков ги известил руските претставници во странство, за неприфаќањето на Портата на Лондонскиот протокол. Затоа Русија со цел да се зачува интегритетот на Европа и да го заштити христијанското население на Балканот ѝ објавила војна на Турција.[137] Рускиот царот Алаксандар II, во Кишинев со посебен манифест ја објавил воената интервенција против Турција. Крајна цел на Генералштабот била, освојување на престолнината на царството-Цариград.[138]

Руско-турската војна претставува обновување на моќта на Русија. Турција иако ослабена сепак пружила отпор, така што Русија постигнала победа многу потешко отколку што очекувала, сметал државниот врв. Тие дошле до сознание дека, императорот војната ја започнал поради меѓународниот притисок и помошта за словенското население во Империјата. Сепак војната била успешно завршена и донесла победа на руското царство.[139]

Руските успеси на фронтот брзо ги загрижиле европските дипломати, во прв ред на Англија и Австро-Унгарија, бидејќи нивните интереси биле најмногу загрозени. Нивна цел била да се спаси Османлиската империја од пропаѓање.[140]

За време на војната, руската војска го освоила градот Адрианопол (Одрин) оддалечен не повеќе од стотина километри од Цариград. Тогаш во турската

---

[135] К. Битоски, Македонија во времето на големата ...,98-99

[136] История на Росии, том 2, 210

[137] Г.П.Геновъ, Източният въпросъ..., 344

[138] К.Косев, Кратка история на българското...,159

[139] С. Живанов, Основи спољне политике... 66

[140] Г.П.Геновъ, Източният въпросъ..., 344

престолнина завладеела вистинска паника, па султанот Абдул Хамид II заедно со другите високодостојници биле подготвени за бегство. Кога се чинело дека судбината на Цариград ќе биде решена и сигурно ќе падне во рацете на руските војски, интервенирале Големите сили и не го дозволиле тоа.[141]

Британската влада ја предупредила Русија, дека и ако само привремено биде окупиран Цариград, таа ќе биде принудена да ги преземе сите мерки на готовност. Наоѓајќи се во тешка положба, Турција побарала посредување токму од Велика Британија. Кога таа се обратила до Санкт Петербург, добила одговор дека примирје треба да побара од главниот штаб на руската војска. На 8 јануари 1878 година, Портата се обратила до командантот, односно до големиот кнез Николај Николаевич со молба за примирје. Но и покрај преговорите, руската војска и понатаму напредувала кон престолнината.[142]

Под влијание на овие вознемирувачки вести од Цариград, британскиот кабинет испратил своја морнарица во Мраморно Море подготвена за интервенција. Тука интервенирала и Австро Унгарија, базирајќи се на конвенцијата меѓу Русија и Австро Унгарија од 1877 година дека „нема да се создава голема словенска држава на Балканот".[143]

Руската влада во такви услови не сакала да ризикува и да влезе во нова војна со две големи сили и тоа во турската престолнина. Исто така и финансиската положба на државата не била на потребното ниво. Царот му наредил на Главниот штаб, доколку Турција го прифати примеријето, да не врши окупација на Цариград. Примиријето било потпишано на 31 јануари 1878 година. Но бидејки руските војски сè уште не биле официјално запрени, тие и понатаму напредувале, што предизвикало нова паника во Лондон. Затоа била дадена наредба, британската флота да биде стационирана во внатрешните води на Турција и да биде подготвена за заземање на Галиполе. Избегнувајќи ги конфликтите, Русија го зазела местото Сан Стефано[144], на брегот на Мраморно Море. Мирните преговори започнати во

[141] История на Росии, том 2, 212

[142] Историја дипломатије, свеска друга..., 46

[143] Документи за борбата на македонскиот народ..., 234 ( доверливо писмо, бр. 98, од германскиот амбасадор во Русија, Фон Швајниц до германскиои државниот секретар, Фон Билов)

[144] Сан Стефано, на турски Yesilkoy, се наоѓа југозападно од Цариград, на брегот на Мраморно Море. Во 1907 е присоединет кон Стамбол. Сега е кварт на Истанбул со 22 000 жители.

Одрин, биле пренесени во Сан Стефано, близу до Цариград, па според местото е наречен Сан Стефански мировен договор. Со овој договор бил означен крајот на руско-турската војна.[145]

Сан-Стефанскиот договор бил потпишан од претставниците на рускиот цар: гроф Николај Игнатиев и Алекс Нелидов, а султанската власт ја претставувале Сафет-паша и Садулах-бег. Со овој договор била изменета картата на Балканскиот Полуостров. Новото бугарско кнежество требало да има површина од 164.000 км$^2$ и со скоро 5 милиони жители.[146]

Русија тежнеела кон тоа да се руши Османлиската империја, па затоа и ги помагала ослободителните движења и учествувала во војната. Од друга страна интересите на Британија биле спротивни, да се зачува целоста и статус-квото на Империјата. Руската дипломатија водена од својот егоизам се трудела и успеала да создаде голема словенска држава, но прашање било колку таа ќе опстане. Од балканските народи, единствено само Македонија не добила ништо. Напротив таа била оштетена. Наместо да добие независност, таа влегла во составот на Бугарија, а подоцна повторно била вратена под османлиска власт.[147]

Од одлуките на Сан Стефанскиот мировен договор, може да се заклучи дека, интересите на Русија биле да создаде една голема бугарска држава. Како во Босна и Херцеговина, така и во другите области населени со христијанско население, Русија покажала особен интерес. Таквиот нееднаков третман кон христијаните, предизвикал сомневање кај другите народи при натамошните планови на Русија. Меѓу другите привилегии кои ги имала Русија потребно е да се споменат: руските духовни лица, поклониците кои патуваат во европскиот и азискиот дел на Турција ќе имаат исти права како и странските духовни лица. Исто така ќе бидат заштитени и руските конзули. Слични права ќе имаат и монасите од Св. Гора Атонска. Босфорот и Дарданелите ќе бидат отворени, за воени, трговски цели и за бродови кои доаѓаат од руските пристаништа, па и за потребите на неутралните држави.[148]

Една од најважните работи за Игнатиев- творецот на Сан Стефанска Бугарија била, да ја присоедини Македонија кон младото бугарско кнежество. Тој се надевал

---

[145] Г. Тодоровки, Реформите на големите европски сили..., I дел, 74; Историја дипломатије, свеска друга..., 48; Историја Росии...,212

[146] Ф. Бамберг, Источниот вопрос, 542-543; Г. П. Геновъ, Източният въпросъ..., 348-350

[147] К. Битоски, Македонија во времето ...,114.

[148] Г.П.Геновъ, Източният въпросъ , 356-357

дека за неколку месеци, Високата порта под влијание на Англија и Австро-Унгарија, ќе дозволи да се изврши тоа соединување. Од особено значење биле устието на реката Вардар и Солунскиот залив. Со други зборови, овие пристаништа кои ги барал за Бугарија, всушност биле за својата земја. Покрај трговското значење имале и воено значење и близина со протоците. Македонија и по Сан-Стефанскиот преелеминарен договор останала под турска власт. За таа цел со посебна прокламација, од руската дипломатија за главен комесар бил одреден поранешниот руски конзул во Битола, Михаил Александрович Хитрово (1837-1896). Било предвидено во поголемите македонски градови да бидат стационирани руски гарнизони, да се воведе привремена месна самоуправа и еднакво законско право за сите вероисповеди.[149] Како добар познавач на македонското прашање, Хитрово имал намера да воведе руско управување во земјата. Поранешниот конзул нагласил дека насекаде го очекувале, а доказ за тоа е што „македонските христијани ги украсуваат своите домови со руски знамиња... затоа сме должни да го искорениме влијанието на месните бегови, крајно претпазливо“. Но, најверојатно поради опасноста од судир со Британија и Австро-Унгарија тој план не бил реализиран.[150]

Сан Стефанскиот мировен договор бил прелиминарен, односно привремен. За да биде официјално признат, била потребна согласност од Големите сили. Русија не била во состојба да го наметне договорот со сила и да ризикува судир со соперничките сили.[151]

Потпишувањето на Сан Стефанскиот договор предизвикал загриженост во европските земји. Русија не можела по пат на сила да го зачува овој договор. Само преку дипломатски преговори била во состојба да ги зачува придобивките од овој мир. Од друга страна, Англија и Австро-Унгарија сметале дека се нарушува договорот од 1856 година и 1871 година со Рајштајхскиот договор. Двете земји не можеле да се помират со Сан-стефанскиот договор, поради загрозување на нивните интереси. За Австро-Унгарија договорот бил пречка за излез на Егејско Море, а на Англија и била загрозена доминантната положба на Средоземно Море. Избегнувајќи да се реши тензијата преку војна со Русија, тие своите усилби ги насочиле кон

---

[149] К. Битоски, Македонија во времето..,140-141

[150] А. Трајановски, Руската политика кон Македонија..80-81 ; фуснота од: Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот , прв том, Куманово 1995, 75-77

[151] К.Косев, Кратка история на българското...,163

дипломатски пат во своја полза, користејќи ја својата позиција и воената состојба во која се наоѓала Русија.[152]

Главните причини за свикувањето на Берлинскиот конгрес се барањата на големите европски сили. Овие држави не дозволувале да се создаде силно бугарско царство, каде што влијанието на Русија ќе биде силно. Во тоа време во Бугарија се појавило сѐопшто проруско расположение. Многу видни бугарски дејци ѝ дале поддршка на надворешната политика на руското царство.[153]

Реакции во врска со Сан Стефанскиот договор се појавиле и кај руските дипломати. Дека договорот бил грешка мислел и самиот кнез Горчаков. По тој повод до кнезот Лобанов, Горчаков запишал: “Сан Стефанскиот мир ни создаде големи тешкотии. Сега ние треба да отстапуваме и без жртви одвај ќе најдеме излез од положбата“. Грофот Шувалов уште поостро реагирал против овој договор: “Санстефанскиот мир е една несреќа за нас, а не за Австрија. Тоа е најголемото недоразбирање кое можевме да го направиме. Ние ќе бидеме принудени да отстапиме пред очите на цела Европа“.

Работата на кнезот Горчаков за време на преговорите со западните сили за склучување на компромисен договор предизвикала реакции и кај дипломатите на чело со Игнатиев. Тој не знаел за потпишаната конвенција меѓу Австро-Унгарија и Русија во јануари во 1877 година, и за несоздавањето голема словенска држава на Балканот. За тоа тој рекол: “Конвенцијата меѓу Андраши и Новиков, беше држана во тајност од мене... Горчаков го призна тоа пред мене во присуство на царот... Добив и копија од картата на Балканскиот Полуостров... Додека јас водев во Цариград политика за ослободување на сите Словени од турската власт, во Петербург се вршеше давање на словенските земји на Австрија. Горчаков ми нареди со специјална инструкција да му дадам на Сан Стефанскиот мир прелименарен карактер... тоа пред Европа скапо ќе ја чини Русија“.[154]

Руската влада правела напори по мирен пат да ја реши кризата предизвикана од Санстефанскиот мировен договор. Таа тоа се обидела да го реши најпрво со Австро-Унгарија. За таа цел во Виена од рускиот цар бил ополномоштен, грофот Игнатиев. Виена настојувала да издејствува, проширување на австриското влијание во Македонија. Австриските ставови биле следните: западната граница на новата

[152] К. Косев, Бизмарк и Източниот въпрос...399

[153] История Росии, том 2, 213

[154] К.Косев, Бизмарк, източният въпрос...403-404

бугарска држава да започнува од Орфанскиот залив и да заврши кон Врање, да прифати создавање кнежество со име Македонија, кое може да добие автономија, без да има врска со Бугарија. На чело на кнежеството може да биде поставен Родиќ, австроунгарски генерал. Ова идејно решение главно било резултат на интересите на Виена. Понуденото решение за автономија на Македонија, не било прифатено од Русија, особено од кнезот Горчаков, кој сметал дека словенското население надвор од границите на Бугарија, лесно ќе биде денационализирано, и тоа најмногу од грчката пропаганда.[155]

На крајот од војната, Русија била свесна дека без согласноста на Големите сили, не била во состојба да изврши промена на границите на Балканот. Изложена на силен притисок, па дури и со закана од воена интервенција, руската дипломатија добро знаела дека може да влезе во остар конфликт со моќните европски држави. Русија морала да признае дека еднострането решавање на балканските прашања само и донесла штета на нејзиниот углед, бидејќи сега морала да им се покори на условите кои ги поставиле Англија и Австро-Унгарија. Оваа претставувало вистинска лекција за Русија и поука дека прашањата од општ интерес, не можат да бида разрешени по своја иницијатива.[156]

Во мај 1878 година по наредба на рускиот цар, Шувалов отпатувал во Лондон на средба со Солсбери. На средбата британскиот дипломат ги поставил следните услови за спогодба со Русија:а) Англија нема да приговара против присоединувањето на Бесарабија и градовите Батум и Карас кон Русија. б) Англија не приговарала против територијалните придобивки на Црна Гора и Србија, ниту пак имала некакви претензии кон Босна, Херцеговина и Новопазарскиот област.в) Единствено, но и најтежок услов за Англија, бил Бугарија. Солсбери барал Бугарија да се раздели на два дела: Северна и Јужна. Северниот дел до Балкан (планина) да добие политичка автономија со кнежевска власт, а на југ од Балкан да се создаде административно-автономна област со статут слична на англиските колонии, директно потчинета на Високата порта...Јужна Бугарија не требало да има излез на Егејско море. Шувалов

---

[155] К. Битоски, Македонија во времето на...,150 ; Михајло Миноски, Политиката на Австро-Унгарија спрема Македонија и македонското прашање (1878-1903), Скопје, 1982, 204

[156] В. Поповски, Руската и советската надворешна политика...,46

сметал дека англиските услови биле прифатливи. Тој веднаш се упатил за Санкт Петербург да ги достави до рускиот цар. [157]

При повторната посета на Шувалов на Лондон, била потпишана спогодба меѓу двете држави за регулирање на нивните односи и за ревизија на Сан Стефанскиот мировен договор, позната како Лондонска тајна спогодба, потпишана на 30 мај 1878 година. Во едни такви услови, Русија повторно се нашла пред еден вид дипломатска блокада. Таа била принудена да попушта и Санстефанскиот договор да биде ставен на повторно рагледување. Големите сили своето внимание го насочиле кон свикување на меѓународен конгрес, на кој ќе бидат понудени нови облици за решавање на кризата.[158]

Во Санкт Петербург се одржало советување, на кое Шувалов го запознал царот за преговорите со Солсбери. Според Милјутин:„ Зборовите на Шувалов ни оставија силен впечаток, во вистинска смисла...ние очекувавме од Англија нешто сосема неприфатливо...се согласивме со мислењето на Шувалов дека за нас е подобро да и направиме отстапка на Англија, отколку на дрските барања на Андраши...Од сите барања на Англија, најтешко за него било барањето Турција да ја запази својата војска во јужна Бугарија". Според Милјутин барањата на Англија, во споредба на Австро-Унгарија, биле поумерени. Според Солзбери, Македонија требало да остане под турска власт, а јужна Бугарија да не излегува на Црно Море.

## Берлинскиот конгрес (1878)

Кога сите пречки за ревизија на Сан Стефанскиот договор биле отстранети, бил свикан Берлинскиот конгрес. Конгресот започнал на 13 јуни 1878 година. Русија ја претставувале: кнез Горчаков-канцелар на руската империја, гроф Шувалов-руски

---

[157] К. Косев, Бисмарк, източният въпрос...,427-428; Македонија во меѓународните преговори.., (1878-1919) , 67-70

[158] Мария Пандевска, Периодизация великаго Восточнаго кризиса (1875-1881), зборник - Балканот и Русија:Општото и специфичното во историскиот и културниот развиток, (прилози од заедничкиот проект помеѓу институтот за национална историја и институтот за славистика при РАН), Скопје, 2010, 30

пратеник во Лондон и Убри- руски пратеник во Берлин. За претседател на конгресот бил избран германскиот канцелар Ото Фон Бизмарк.

Со ревизијата на Сан Стефанскиот договор било формирано кнежеството Бугарија и автономна провинција Источна Румелија. Останатите балкански држави, Србија и Црна Гора стекнале независност, а Австро-Унгарија добила право да врши окупација на Босна и Херцеговина. На тој начин Берлинскиот договор станал замена за Сан-Стефанскиот договор. Со него бил означен и крајот на Источната криза. Така Балканот и понатаму останал центар на судирите на големите европски држави како и претензии на Балканските држави, кон центарот на Балканот-Македонија.[159]

Од решенијата на Берлинскиот конгрес христијанското население во Македонија било разочарано. Економската положба по конгресот била тешка. Повторното враќање по турската власт значело израз на незадоволство, па како последица на тоа се јавило игнорирање на реформите, особено при давањето данок. Кон тоа треба да се додаде и муслиманскиот терор и грабежите кои ги вршеле разните банди.

Протестите против решенијата на Берлинскиот договор и натаму се јавувале. Потврда за тоа се акциите во Македонија, каде имало луѓе кои сметале дека тоа е направено поради позициите на големите европски сили. Есента 1878 година, околу 50 богати трговци од Македонија се собрале во Пловдив, во резиденцијата на тамошниот митрополит и побарале од Големите сили, особено од Русија и Австро-Унгарија, да бидат под нивна заштита. Трговците предложиле по примерот на Славјанските, да се формираат слични комитети, кои би се залагале за собирање доброволни прилози во пари или материјална помош за македонското население.[160]

Англо-австриската дипломатија со поддршка на Берлин, постигнала значаен успех. Со Берлинскиот конгрес бил „ставен крст на политичкото статус-кво и целосен пад на политиката за запазување на власта на Портата над поголемиот дел на Балканскиот полуостров, што било резултат на задничкото дејство на Русија и балканските народи“. Повторното враќање на дел од христијанското население под турска власт, значело и продолжување на национално-ослободителното движење и можност за нови конфликти- сметала руската дипломатија.[161]

---

[159] Г. Тодоровски, Реформите на големите...1, 82-87

[160] А.Гиза, Н.Г. Шелепенъкин, Ситуация в Македонии и позиция в России после Берлинскаго...,41

[161] Очерки, истории и Министерства...,том первый, 387

По завршувањето на руско-турската војна и Берлинскиот конгрес, Русија била изолирана на меѓународен план. Претставниците на надворешната политика биле обвинети, затоа што не ги штителе руските интереси. Главно обвиненијата биле упатени на адреса на Горчаков, бидејќи извршил предавство на националните интереси на руското царство и братските народи на Балканот. Главна цел на надворешната политика на руската империја, била да се надмине надворешно-политичка изолираност и да се засили воената и економската положба на државата. Истовремено, таа се трудела да го запази своето влијание, како на Балканот така и на Блискиот Исток, да пронајде сојузници меѓу европските земји, да се зближи со Турција, да ги зачува според меѓународните договори, Црноморските теснини, да ги запази добрите односи со соседните земји, да ги развива трговските односи со другите држави итн. Меѓународната положба на Русија станала уште посложена, после растењето на угледот на Германија, поседот на стратегиските позиции на Англија, засилената колонијална активност на големите држави.[162]

[162] Антони Гиза, Г. Н. Шелепенькин, Ситуация в Македонии и позиция в России после Берлинскаго конгреса, 1878 года. 2005, Выпуск 5, 44; Очерки, истории и Министерства...,том первый, 438

# Русија и Големите сили на Балканот од Берлинскиот конгрес до Илинденското востание

По Берлинскиот конгрес, на Балканот биле формирани три различни подрегиони. Во првиот спаѓале: самостојните/вазалните држави - Србија, Бугарија, Црна Гора, Грција и Романија. Во вториот- биле земји кои и понатаму останале под турска власт- Тракија, Кипар, Крит, македонските и албанските вилаети. Во третиот-се земји кои се нашле под власт на Австро-Унгарија: Славонија, Далмација, Босна и Херцеговина. Руската политика како во овие области така и во независните држави, се менувала во зависност од политичките услови.[163]

Од одлуките на Берлинскиот конгрес Русија не била задоволна. Речиси сите придобивки кои ги стекнала со Сан Стефанскиот договор, сега ги изгубила. Бугарското кнежество било значително намалено. Како последица на губењето на Сан- Стефанска Бугарија, руското влијание меѓу балканските народи било намалено. За време на Конгресот па и после него, Русија била изолирана. Изостанала поддршката од Англија и добрите односи со Германија. И Австро-Унгарија поради интересите на Балканот, не се покажала како заштитничка на Русија, а со Франција односите не биле блиски. Со тоа таа имала само непријатели, некои отворени, а некои прикриени.[164]

Резултатите од Берлинскиот конгрес ги одредуваат рамките на руското присутво во Источното прашање. Заедничките напори на Големите сили против рускиот император, придонесле за завршување на Источната криза. Руската теза која била поставена врз основа на императорската идеја за територијално проширување и за зацврстување на политичкиот авторитет во југоисточна Европа после Берлинскиот конгрес, претрпела целосен неуспех. По тој повод рускиот министер за надворешни работи Горчаков изјавил: "Берлинскиот конгрес го сметам за најцрна страница во мојот живот." Во едно писмо до рускиот император Александар II, тој

[163] Ирина Сегеевна Рыбаченок, Политика России на Балканах на рубеже XIX- XX веков: цели, задачи и методы, Институт российской истории, 2010, 2 (www.ebookiriran.ru)

[164] Исто, 445-447

огорчено запишал: ”После потпишувањето на мирот, Русија треба да се врати во извесна смисла во 1856 година, и ѝ престои време да се консолидира.”[165]

Наскоро по Берлинскиот конгрес, Русија правела напори да ја стабилизира својата состојба и повторно да стекне доверба кај балканските народи. Затоа во иднина поради неповолните околности, руската дипломатија со настаните на Балканот ќе настапува внимателно и постапно во зависност од политичките прилики. Карактеристично по конгресот е заладувањето на односите меѓу Русија и балканските држави. Во едни такви услови се развило силно антируско расположение кое траело речиси до крајот на XIX век. Исклучена од оваа била само Црна Гора, која поради својата оддалеченост, руските интереси не биле толку застапени и немале примарна цел.[166]

Рускиот цар Александар II, бил особено заинтересиран за нормализирање на состојбата на Балканот. Поради тоа извршил разоружување на четата на панславистот Атанасиј Василев, кој се обидел да организира вооружен отпор против Австро-Унгарија. Со разоружувањето на четата, царската влада настојувала да го спречи револуционерно движење.[167]

Во првите години по конгресот, Портата не се мешала во меѓународните конфликти пред сѐ тоа било поради страв од Русија. По Берлинскиот конгрес особено се засилило австро-унгарското влијание на Балканот, а од друга страна после Бизмарк дошло до заладување на односите меѓу Германија и Русија. Тоа било повод да дојде до зближување меѓу Цариград и Берлин. Германската индустрија била во постојан пораст, па поради недостаток на слободни пазари и недоволно колонии, таа своето влијание го насочила кон Балканскиот Полуостров, а преку него и кон Мала Азија и понатаму. Поради германската економска моќ, меѓу неа и Русија се појавило ривалство заради влијанието на Блискиот Исток. За разлика од нив, англиското влијание на Балканот по Берлинскиот конгрес се намалило, со исклучок на Грција каде што тоа е зачувано, поради застапеноста на Англија во врска со грчкото прашање.

Австро-Унгарија иако до одржувањето на Берлинскиот конгрес била сојузник на Русија, сепак таа во последен миг го променила својот став и застанала на

---

[165] Нина Дюлгерова, Руски щрихи към Руско-турската война 1877-1878 г.(Руски сценарии за войната и след войната) Статиа 23, 7

[166] В. Поповски, Руската и советската надворешна политика..., 48

[167] А. Гиза, Н.Г. Шелепенькин, Ситуация в Макединии и позиция России...,48

страната на Англија, и покрај тоа што со поддршка на Русија ја добила управата во Босна и Херцеговина. Придобивка на Австро-Унгарија од Берлинскиот конгрес е покрај заземањето на Босна и Херцеговина е и Новопазарскиот санџак. Со втората, таа постепено се доближувала до солунското пристаниште кое за оваа монархија претставува главна порта за своите интереси. [168]

Како последица на новосоздадените услови дошло до промена во раководството на руската дипломатија. Во летото 1878 година, остарениот министер за надворешни работи Горчаков, само формално бил во одделот. Надворешната политика му била доверена на воениот министер Д. А. Милјутин. Сваќањата на Милјутин и министерот за надворешни работи Николај К. Гирс се совпаѓале. Целта им била да го почитуваат воспоставениот курс на надворешната политика. Со овој мирен период сметале дека ќе се подобри финансиската положба на царството и да се сочува земјата од западните земји. На тој начин ќе се избегнат непотребните усложувања.[169]

Поради ставот кој го зазел Бизмарк на Берлинскиот конгрес, дошло до нарушување на руско-германските односи. Словенофилските кругови започнале да водат силна антигерманска кампања против канцеларот Бизмарк, при тоа обвинувајќи го дека ја издал Русија. Поради изгубените територии, критики биле упатени и кон руската дипломатија. Од друга страна Бизмарк преку печатот и забележал на Русија за нејзината неблагодарност, при тоа истакнувајќи дека тој направил најмногу за Русија во споредба со останатите дипломати. Неопходно е да се истакне дека после Берлинскиот конгрес, Горчаков барал од германските претставници поддршка при определувањето на комисии од страна на конгресот, во врска со формирањето на новите граници на Балканот. Во јануари 1879 година, дошло до конфликт меѓу Горчаков и Бизмарк и тоа преку влијателните весници на двете земји.[170] Голема активност во печатот покажале московските словенофили. Нивните критики биле упатени особено кон Бизмарк и Германија кои што на конгресот ѝ ги одзеле на Русија сите придобивки од нејзината победа.[171]

Воениот министер Милјутин вршел реорганизација на руската војска, па затоа и можноста за нова војна не била воопшто посакувана. Она што директно ја

---

[168] Г. П. Геновъ, Източният въпросъ..., 447-456

[169] Очерки истории Министерства...,том первый , 439

[170] Историја дипломатије, свеска друга.., 53-54

[171] Внешная политика России во второ и половине 19 века..,.9

засегало руската дипломатија е да не дојде до конфликт со Англија која на Берлинскиот конгрес била антируски настроена. Тоа би значело стационирање на англиската морнарица во водите на Црно Море и протоците, со што руската надворешна трговија би била загрозена и ќе зависи од расположеноста на Англија. За потребите на Русија била формирана воена морнарица која што била испратена во водите во 1885 година. Со цел Русија да излезе од политичката осменост, настојувала да ја држи на растојание Австро-Унгарија од Англија, кои на конгресот настапиле идентично. Недостатокот од флотата, Русија се трудела да го надополни со користење на сувоземните патишта и на тој начин да стигне на морските теснеци.[172]

Иницијативите за обновување на добрите односи со Германија му се препишуваат на Петар Алексеевич Сабуров, амбасадор во Атина, кој го заменил дотогашниот амбасадор Убри. Преговорите со Бизмарк биле водени во летото 1879 година. Веќе следниот месец било направено советување под претседателство на Александар III на кое учествувале Сабуров, Гирс и Милјутин. На советувањето Сабуров ги изложил идните планови на Русија за Блискиот Исток и балканските земји. Токму на Балканот се судирале интересите со Австро-Унгарија кои после Берлинскиот конгрес биле зголемени, како и Англија поради окупацијата на морските протоци.[173]

Австро-руско-германскиот договор бил потпишан на 18 јуни 1881 година, од страна на рускиот пратеник Сабуров, грофот Шехењи и германскиот канцелар Бизмарк и бил наречен "сојуз на три императори". Според договорот страните треба да почитуваат неутралност, ако некоја од овие земји дојде во војна со четврта сила. Така Русија се обврзувала спрема Германија да не се меша при евентуална француско-германска војна. Исто така било предвидено ниедна од овие земји да не го менува територијалниот статус на Балканот без договор од другите страни. Германија и Австро-Унгарија ѝ ветиле на Русија дека ќе и дадат дипломатска поткрепа против Турција при затворањето на протоците за движење на воени бродови. Во договорот било дефинирано руското гледање, Босфорот и Дарданелите да бидат затворени за воени бродови. На тој начин Англија ќе нема право да стационира своја флота во Црно Море и протоците. Била воспоставена соработка меѓу Русија и Австро-Унгарија, па дури и се презеле мерки да се спречи стапувањето

[172] Историја дипломатије, свеска друга.., 55-58

[173] Очерки истории Министерства...,том первый, 439-440

на турска војска во Источна Румелија. Договорот бил поволен за Русија, но со ограничена важност и можност да биде раскинат.[174]

Русија забележала успеси и во надворешната политика. Односите меѓу Русија и Турција биле регулирани со мирни договори. Договорот бил потпишан во Цариград во почетокот на 1879 година. На него биле одредени територијалните промени врз основа на решенијата од Берлинскиот конгрес. Турција била должна да и исплати на Русија воена оштета во вредност од 802 милиони франци. При финансиска слабост на Турција, ваквата обврска предизвикала причина за притисок врз турската власт.[175]

Во почетокот во 1880 година, австро-унгарското влијание во Бугарија и Србија бележело силна експанзија, а тоа значело и борба против руските позиции, особено во Бугарија. Главна причина за тоа била економската зависност на бугарската буржоазија од австриските инвестиции во оваа земја. Конфликтот меѓу Русија и Австро-Унгарија настанал при изградбата на железничките линии односно при нивните меѓусебни интереси. Имено, Русија настојувала да се изгради железничка линија од реката Дунав и да се протега јужно кон планината Балкан. Ова значело при нова руско-турска војна, брзо настапување на руските војски преку оваа планина. Наспроти руските, австриските интереси биле: со железничка линија да бидат поврзани Виена, Белград, Софија и Цариград. Овој проект бил финансиран од виенски банки и требало да се освои балканскиот пазар и да воспостави политичко влијание врз балканските народи. Австриските планови во периодот од 1880 – 1883 година наишле на одобрување кај бугарската буржоазија, во Србија, и Турција.[176] Така на 16 јуни 1881 година, во Белград, бил потпишан договор помеѓу Србија и Австро-Унгарија.[177] По ратификацијата на договорот, Србија на чело со кралот

---

174 История России, том 2, 220; Внешная политика России во второ и половине 19 века...,9; Очерки истории Министерства...,том первый, 439

175 Внешная политика России во второ и половине 19 века.., 9

176 Историја дипломатије, свеска друга...,74-75; Очерки, истории министерства...,том первый, 447

177 Српскиот крал Милан и владеачките кругови не биле задоволни од однесувањето на Русија за време на Берлинскиот конгрес. Како последица на тоа, тие решиле да бидат под покровителство на Хабзбуршката монархија. Заради задоволување на интересите на кралската династија, лично кралот Милан, започнал да води тајни преговори со Австро-Унгарија. Договорот во своите одредби соодржел: мир и пријателство меѓу двете земји; Австро-унгарска поддршка на интересите на Србија; Србија нема да склучува политички

Милан преминала под покровителство на соседната монархија. Со договорот Австро-Унгарија имала за цел да го стави српското кралство под своја политичка зависност и да ја пренасочи пропагандата од Босна и Херцеговина кон југ, поточно кон Македонија. На тој начин, австрискиот капитал[178] успеал да ги зацврсти политиката и аспирациите на Австро-Унгарија, а тоа значело победа над руската политика на Балканот и зголемување на антагонизмот меѓу двете држави [179]

По Берлинскиот конгрес со одредувањето на границите на бугарското кнежество, било потребно да се организира новонастанатото кнежество. Организацијата на првата национална влада ѝ била доверена на Русија. Според Берлинскиот договор било предвидена окупација на руската армија на Бугарија во период од девет месеци. Интерес на руските власти бил, да воспостави силна власт која ќе биде тесно поврзана со Руското царство. Рускиот кнез Дондуков-Корсаков во соработка со своите помошници составиле нацрт- устав, при тоа користејќи го српскиот и романскиот модел. Потоа тој бил испратен во Санкт Петербург, заради проверка од повеќе комисии. По неговото враќање бил разгледан на Уставно собрание одржано во Трново, во 1879 година. Од страна на меѓународната комисија за прв генерал–губернатор на оваа автономна област бил назначен грцизираниот Бугарин, Алеко-Паша Богориди. Но, тој брзо ја изгубил довербата кај руската и османлиската власт, па бил заменет со Гаврил Ефенди Крустевич. По иницијатива на кнезот Дондуков-Корсаков и по наредба од Санкт Петербург, во Трново бил одржан собир на кој бил избран новиот кнез. Врз основа на новиот статут на собранието бил избран 22- годишниот кнез Александар Батенберг. Така Бугарија како што тоа го имале Грција и Романија, имала владетел од европска династија.[180]

---

договори со други влади; во случај на војна на Двојната монархија си друга сила, Србија да покаже неутралност; воена соработка итн. Потписници на договорот биле Барон де Херберт и Чедомир Мијатовиќ. (Македонија во меѓународните договори..., 1875-1919, 100-102)

[178] Најпрво биле потпишани договори меѓу Србија и Австро-Унгарија, за изградба на железници, за трговија и пробивање на Ѓердап, а со посебен договор била потпишана и железничка конвенција. Со последната, било предвидено Европа да биде поврзана се мошне важното пристаниште во Солун. (Македонија и билатералните и мултилатерни договори...,1861-1913, 81 и 97)

[179] Македонија во меѓународните договори, 1875-1919, 100; Македонија и билатералните и мултилатерни договори...,1861-1913, 99

[180] Б. Јелавич, Историја на Балканот..., том I , 435-437; Ф.И. Успенски, Источно питање...,190

Новиот кнез за своја престолнина не случајно го избрал градот Софија, на југозападната граница, со што ги трасирал идните правци на кнежеството – Македонија и Румелија. Батенберг често пати доаѓал во конфликт со руските воени претставници, бидејќи спрема Берлинскиот договор, Русија имала право девет месеци да врши окупација во Бугарија. Со текот на времето во новото кнежество се создало антируско расположение и младиот кнез заради проширување на својата власт, наишол на отпор од страна на руските советници.[181]

Руските агенти правеле напори да имаат големо влијание во власта. Главен претставник на руската дипломатија бил конзулот П. Д. Давидов. Обуката на новата бугарската армија ја вршеле руски офицери под раководство на министерот за војна, генералот П. Д. Паренсов. Со тоа Русија добила политичка доминација во кнежеството, што значело и зацврстување на своето влијание на Балканот како и близината на Цариград.[182]

Набрзо меѓу претставниците на руската власт и бугарската влада се појавиле недоразбирања. Во земјата била формирана партија со антируско расположение која имала цел да ја ослободи земјата од силното руско влијание. Кнезот за да ја зацврсти својата положба, сакал да ја прошири власта, што било причина да дојде до нарушување на односите со руските советници. По убиството на царот Александар во април 1881 година, бугарскиот кнез издејствувал да го укине Уставот за седум години, што придонесло тој да се здобие со неограничена власт. Повторно со поддршка на руската влада, кнезот свикал народно собрание на кој што била донесена програма за преиспитување на Уставот, а на местото на руските претставници во Софија, биле назначени Каулбарс и Собољев. По оставката на последните руски генерали кои не се согласувале со ставовите на бугарската влада на чело со Стоилов, руско-бугарските односи нагло се влошиле.[183]

На 18 септември 1885 година во седиштето на Источна Румелија-Пловдив избувнал револт. Откако турскиот гувернер бил протеран, водачите ја презеле власта и прогласиле обединување на кнежеството Бугарија со Источна Румелија, а кнезот Александар се прогласил за кнез[184] на обединета Бугарија. Унијата претставувала

181 Ф. И. Успенски, Источно питање...,191

182 Б. Јелавич, Историја на Балканот..., том I, 438

183 Ф. И. Успенски, Источно питање...192

184 По прогласувањето за кнез, Александар се ставил во една непријатна состојба. Тој во претходните месеци на средбите со рускиот министер за надворешни работи Николај К. Гирс,

нарушување на одлуките од Берлинскиот договор и не можела да биде реализирана без согласност на Големите сили. И Русија изразила протест и одбила да го признава соединувањето на Бугарија со Источна Румелија. Во знак на револт, руската влада ги отповикала сите свои офицери.

Новонастанатата состојба ги загрижила и соседните држави Србија и Грција. Српскиот кнез Милан Обреновиќ изразил незадоволство од Русија, бидејќи таа само ги застапувала интересите на Бугарија, а не и на Србија. До средината на 1880 година, Русија и давала поддршка на Бугарија. Српскиот владетел Милан бил принуден да потпише договор со Австро-Унгарија, со која веќе имале добра економска соработка. Со таквиот чекор, Србија потпаднала под влијание на Виена. Соединувањето на двете кнежества во 1885 година, ја нарушила рамнотежата на моќта на Балканскиот Полуостров. Милан се надевал дека со оваа промена ќе ја надомести својата штета. Со поддршка на новиот австро-унгарски министер за надворешни работи Калноки, српскиот кнез во ноември ѝ објавил војна на Бугарија, која завршила со пораз на српската војска кај Сливница на 19 ноември 1885 година. Австро-Унгарија интервенирала со цел да го заштити својот балкански сојузник.

Руската влада не била во можност да го спречи соединувањето на кнежествата. Под влијание на англиската дипломатија на конференцијата во Цариград, бил потпишан турско-бугарски договор, според кој Портата го признала соединувањето, а во Источна Румелија била должна да постави бугарски кнез. За таа цел бил назначен кнезот Александар, со мандат од пет години. Тој владеел во двете области како да е една целина. Со тоа била воспоставена една влада за северна и јужна Бугарија. Во Бугарија англиско-австриско влијание се засилило и на 5 април 1886 година, Големите сили заедно со Турција го признале соединувањето на Бугарија.[185]

Настаните во Бугарија предизвикале незадоволство во Санкт Петербург. Руските државници сметале дека, ако биде потребно соединувањето да биде постигнато, тоа треба да биде под покровителство на Русија, а не на кнезот

---

дал гаранција дека нема да се залага за обединување на кнежеството Бугарија со Источна Румелија. Во едни вакви услови плашејќи се да не го загуби тронот, тој сепак го поддржал обединувањето. ( Б. Јелавич, Историја на Балканот...,том I , 439)

[185] Историја дипломатије, свеска друга..,74-77; Б. Јелавич, Историја на Балканот...,том I, 439 ; Ф. Успенски, Источно питање...,193-194; Опширно во: Г.П.Геновъ, Източниятъ въпросъ..., 464-481

Александар. Во овој период во Бугарија се појавиле истакнати кругови како и некои воени офицери кои се изјасниле како незадоволни. Откако претходно бил информиран рускиот цар и министерот за надворешни работи, бил организиран заговор кој бил извршен на 21 август 1886 година. Група офицери го симнала од власт кнезот Александар, го заробиле и протерале од земјата. Набрзо била воспоставена револуционерна власт. По директива на Стефан Стамболов била извршена контрареволуција и новата власт била соборена, а кнезот Александар имал право повторно да се врати. Но при враќањето направил голема грешка. Сметајќи на руска поддршка, тој до царот испратил телеграма во која било истакнато: "Бидејќи Русија ми ја даде мојата круна, подготвен сум да ја вратам во рацете на нејзиниот суверен". Барањето на кнезот било брзо прифатено. Овој чекор наишол на незадоволство кај група бугарски патриоти, антируски настроени, кои биле против силното руското влијание во земјата. Кнезот Александар бил принуден да даде оставка, а на негово место бил поставен вршител на функцијата на владеачката власт. Потоа Русија ги прекинала односите со кнежеството Бугарија, го изгубила своето влијание и се повлекла од тој дел на Балканот. Подоцна било свикано собрание за избор на новиот бугарски владетел. По бројните тешкотии околу за пронаоѓање на нов кнез, најпосле бил избран Фердинанд Саксокобургски кој стапил на функција во август 1887 година. Повторно зближување бележиме после 1895 година, со доаѓањето на власт на новиот руски цар Николај II и со заложбите на руските дипломати. Во 1896 година, Русија и другите Големи сили го признале Фердинанд и соединувањето на двете кнежества останало трајно.[186]

Руската политика на Балканот во периодот од обединувањето на Бугарија до крајот на XIX век, е составена од неколку ставови и тоа: а)Поддршка на статус квото на Балканот, поткрепа на Турција и понатаму да опстојува и да биде зависна од Русија; б) на балканските влади кои се антируски настроени, неопходно било Русија да го наруши нивниот авторитет, а оние влади кои се приближувале и биле лојални кон руската влада, биле тајно помагани; в) Русија сметала дека на Балканот можело да има само уште една независна држава (Албанија), а врз другите делови од европскиот дел на Турција, да биде извршена поделба меѓу балканските држави; г) Русија настојува да формира Балкански сојуз против Турција, со што оние кои би биле на страната на Русија при поделбата на турските територии, ќе имаат помош од Русија. Руската дипломатија со цел и понатаму да го одржи статус квото на Баланскиот Полуостров честопати ѝ давала поткрепа на Османлиската империја,

[186] Б. Јелавич, Историја на Балканот...,том I , 440-441

кога таа се чувствувала загрозена од големите европски сили. Но, како компензација на тоа, Русија барала услуга од Портата. Тука во прв ред спаѓале можноста за директно влијание во балканските работи. Тоа се однесувало на односите со Бугарија, поради статусот на зависност на кнежеството Бугарија од Турција, додека пак на Србија, Црна Гора и Грција им била потребна руска поткрепа од црковен и политички карактер, наменет кон Стара Србија и Македонија.[187]

Позициите на Австро-Унгарија кон крајот на 1879 година и 1880 година нагло се засилиле. Остри судири се појавиле помеѓу интересите на Русија и Австро-Унгарија и тоа за претензиите за наследството од турската територија, проблемот со морските протоци и борбата за влијание во бугарското кнежество. Руската влада особено ја засегнала и продорот на австро-унгарскиот капитал, засиленото економско приближување на Бугарија кон Двојната монархија и се заканувал да ги истисне руското влијание во Бугарија. Тоа биле главните причини за Русија да биде против обединувањето на Бугарија и да бара смена на бугарскиот кнез Батенберг. Во седиштето на царска Русија се чувствувало загриженост од ваквата состојба. Руско-австриските противречности на Балканот и натаму постоеле. Затоа Русија побарала да се вклучи нов договор со кој Германија би дала поддршка на руските интереси. Овој договор бил во полза и на канцеларот Бизмарк при евентуална војна со Франција. Руско-германскиот договор бил потпишан на 18 јуни 1887 година, во Берлин меѓу Херберт фон Бизмарк и Павел Шувалов и е наречен Сојуз на два императори. Двете страни се обврзале да бидат неутрални при војна со друга држава, поточно ако бидат нападнати од Франција односно Австро-Унгарија, потоа Германија го признавала правото на Русија во Бугарија и источна Румелија, двете земји се обрзуваат за статус кво на Балканот итн. Договорот бил потпишан на три години, но потоа не бил продолжен бидејќи не се согласила Германија. Добрите односи траеле до 1890 година, кога остарениот Бизмарк бил заменет со канцеларот Каприви, а на чело на германското царство во 1888 година, бил поставен Вилхелм II (Wilhelm II Hohenzollern).[188]

Новиот владетел и канцелар, во соработка со воениот врв, не биле целосно задоволни од политиката на Бизмарк, па затоа бил поставен нов правец на германската надворешна политика. Своите планови ги насочиле кон отворена

---

[187] В. Поповски, Руската и советската надворешна политика...,52-53

[188] Внешная политика России...,10; История России..., 220-221; Македонија во меѓународните договори, 1875-1919, 119

експанзија во Европа и завладување на колонии.[189] Тие ѝ давале предност на соработката на Австро-Унгарија, отколку на Русија и таа била дистанцирана од својата надворешна политика. Во една таква состојба на руско-германски противречности, задачата на надворешната политика на Русија била да пронајде сојузник како противтежа на тајниот договор меѓу Германија, Австро-Унгарија и Италија и да го спречи засиленото влијание на Австро-Унгарија во Бугарија и Србија.[190]

Излез од новонастанатата состојба, бил пронајден во зближување со Франција, која уште поодамна била во слична ситуација. Нивното зближување имало не само политичка, но и економска основа. Со тие идеи за добра намера спрема Русија, биле фокусирани новите добри односи со руското царство. Во 1887 година, француската влада обезбедила финансиска помош, а потоа бил даден голем заем од преку 12 милијарди франки. Поради големиот дефицит во државата, францускиот капитал стана извор на руската економија.Тоа значело и пораст на руската индустрија во деведесеттите години од XIX век.

Летото 1891 година во Кронштад [191] пристигнала француската воена морнарица која била примена со големи почести. Делегацијата била дочекана од царот Александар III, и била интонирана француската химна „Марсељеза“. Потоа следеле дипломатските преговори меѓу двете страни. Во една таква атмосфера бил потпишан таен руско-француски договор. Во договорот била истакната: „Цврстата срдечна согласност, која ќе ја обедини и да допринесе за зацврстување на мирот меѓу двете влади и тие меѓусебно ќе се советуваат за секое прашање кое ќе му се заканува на сеопштиот мир“. Потписници на овој пакт биле министрите за надворешни работи Гирс и Рибо. Сите овие збиднувања имале широк оддек кај високотиражниот весник „Петерсбуршки новини“ кој го оценил како настан на годината. Весникот констатирал дека француско-руското пријателство претставува загрозување на тројниот сојуз во кои спаѓале Германија, Италија и Австро-Унгарија.

Сојузот со Франција значел и преориентација на руска надворешна политика и насочување на своите планови кон Далечниот Исток. Руска влада била принудена

---

[189] С. Живанов, Основи спољне политике...68

[190] Очерки истории Министерства...,том первый, 456

[191] Град-пристаниште во Русија. Се наоѓа на островот Котлин во Финскиот залив (Балтичко море), на 30 км северо-западно од Санкт Петербург.

времено да се откаже од активните дејства на Балканот. Но тоа повлекувало и нови отстапки на Русија пред Франција.[192]

Смртта на царот Александар III предизвикала загриженот во Париз околу идната определба на руската политика. Германскиот државен врв сметал дека со смената на власта и заминувањето на антигерманската ориентација на Александар III, се создадени услови за обновување на руско-германските односи. Поради тоа Вилхелм II воспоставил пријателски односи со новиот цар Николај II. При честите лични средби ја налагал потребата од обновување на нивниот сојуз, главно поради одржување на политичката рамнотежата во Европа. Руските владеачки кругови дипломатски ги одбивале овие предлози, со оправдување дека тоа го прават поради мирот и политичката стабилност во Европа. Официјалните посети на Николај II на Франција и обратно на Феликс Фор на Русија, ги зацврстиле односите меѓу двете земји.[193]

Промената на рускиот престол не предизвикала некои значајни промени на односите на Русија со Франција и Германија. Неискусниот цар Николај II, подлегнал на притисоците од страна. Неговата несигурност при водењето на надворешната политика била манифестирана во честото менување на министрите за надворешни работи. Неговите претходници имале само по еден министер. Така Неселроде бил министер 42 години, Горчаков -26, Гирс -13 години итн. Николај II за само 26 години од своето владеење сменил осум министри. По една година биле кнез Лобанов Ростовски, Алексеј Борисович и Шишкин Николај Павлович. Гроф Муравјев Михаил Николаевич раководел три години, гроф Владимир Николајевич Ламсдорф, шест години, Александар Петрович Извољски, четири години. Најдолго на чело на министерство за надворешни работи бил Сергиј Дмитриевиќ-Сазонов, околу шест години. Неговиот следбеник Борис Владимирович Ш.Т. Јурмер бил министер четири месеци. Последниот царски министер Николај Николаевиќ Покровски, бил одвај три месеци и сменет поради револуцијата.[194]

Меѓу Русија и Франција повторно се појавиле несогласувања по прашањето за Источното прашање и Балканот. Сојузот не бил во можност да ги промени старите стратешки цели на двете држави. Додека Русија уште од времето на Екатерина II, гледала поделба на Османлиското царство, Франција се залагала да се зачува

[192] Внешная политика Росии во второй половини 19 века...,14

[193] С. Живанов, Основи спољне политике...70-71

[194] Исто, 81

интегритетот на Империјата, со што несогласувањата не можеле да се надминат. Главна цел на руската надворешна политика и понатаму бил Цариград, протоците и топлите морски води, а за Франција важна била огромната сума пари вложена како заем на Турција. По тој повод ризикувајќи ги своите односи со Русија, Франција во Париз организирала совет на турски повереници одржан во 1897 година, без присуство на Русија. Германија ги поддржала француските ставови и подоцна бил потпишан конзорциум со француско-германски банки, со што односите на Франција и Русија сериозно биле разнишани. Кризата продолжила со заострувањето на Источното прашање предизвикана од грчко-турските војни, со македонското и грчкото прашање.[195]

Кон крајот на XIX век политичко-економската положба сè повеќе се влошувала. Македонскиот народ бил лишен од секакви права, постоела несигурност во животот, несигурност во имотите и тн. После Берлинскиот конгрес особено се зголемила тенденцијата на балканските држави за завладување во Македонија. Овие странски пропаганди својата дејност ја насочиле, најпрво на црковно-училишен план и мошне негативно ќе влијаат при определбата на пропагандата на македонскиот народ. Ваквата тешка состојба во Македонија ќе предизвика усилби за уривање на османлиската власт, ослободување од тешкиот феудален систем, решавање на социјалните прашања и друго. Во 1893 година во Солун биле поставени основите на МРО, која подоцна ќе биде главен носител на Македонското револуционерно движење.[196]

Организацијата била составена од млади интелектуалци и нејзина цел (според руски извори) била добивање на политичка и административно-политичка автономија во составот на Турската империја. Главниот слоган на организацијата бил: „Македонија на Македонците“. Раководството на организацијата се трудел да го обедини целокупното население и преку една ослободителна војна да ги реализира вековните стремежи. Веќе во почетокот на XX век, Организацијата поседувала цела мрежа на илегални комитети на целата територија на Македонија. По нејзина иницијатива биле формирани на првите вооружени чети, коишто биле прифатени од населението.[197] Бугарскиот егзарх Јосиф I, бил против методите на Организацијата, бидејќи месните комитети формирани од ВМОРО, вклучиле свои учители во

[195] Ч. Попов, Граѓанска Европа (1874-1914), 268

[196] Г. Тодоровски, Реформите на големите сили...,прв дел, 153-155

[197] Д. Јањатов, Традициите на руската дипломатска школа...76-77

црковно-училишните општини кои не биле под управа на бугарската егзархија. На тој начин односите меѓу Организацијата и Егзархијата се влошиле.[198]

Веќе во 1896 година скоро цела Македонија била покриена со тајни комитети со цел да го подготват населението за револуционерна борба. Руската дипломатија и покрај тоа што со внимание ги следела сите настани во Македонија, сепак во согласност со својата политика презела мерки за неутрализирање на дејноста на македонските комитети. Во контекс на тоа го издвојуваме потегот на првиот човек на руското министерство за надворешни работи (МИД) грофот Муравјев, кој на своите дипломати во Србија и Бугарија, им наредил да ја прекинат соработката со комитетите. Својата соработка да ја насочат само кон турската власт и со владетелите на балканските држави.[199]

Воените настани во Ерменија ја заплашила европската дипломатија поради можноста од натамошно влошување на положбата во другите делови од Империјата, конкретно во Македонија. Ова е период во кој доаѓа до подобрување на односите меѓу Бугарија и Русија. Користејќи ја таквата придобивка, Бугарија го претставила македонското прашање како „бугарско" во Македонија со намера да побара воведување на реформи во европскиот дел на Турција. Руската влада го прифатила барањето на бугарската страна и го советувала султанот да ги прошири реформите од Ерменија во другите вилаети. Ползувајќи ја таквата состојба, бугарската влада упатила барање до Високата порта и во Македонија да се спроведат сите права од 23 член од Берлинскиот договор и да се преиспитаат барањата за егзархиски митрополити во Битола, Мелник, Струмица и Дебар. Поради тоа што Турција ги одбиле бугарските барања за реформи во Македонија и поставување на егзархиски владици во 1895 година, се кренало т.н. Мелничко востание. Овој акт на бугарската влада, бил осуден од дипломатите на европските сили и ѝ нанесол голема штета врз авторитетот на МРО.

Во согласност со својата надворешна политика за поделба на Македонија меѓу балканските држави, Русија повторно ги возобновила своите односи со Бугарија и започнала подготовки за преку преговори да издејствува согласност со балканските држави.[200] Зајакнувањето на односите со Русија, кај Бугарија вродиле плод, бидејќи Русија започнала да ѝ дава поддршка на бугарските планови за воведување на

[198] Македонские земли в 1878-1914, (www.knowledge.allbest.ru), 3

[199] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата...,прв том, 259-260

[200] В. Поповски, Руската и советската надворешна политика...,87

реформи во Империјата. Од страна на бугарската влада биле дадени конкретни предлози во врска со воведувањето на реформите. Тие биле истакнати во јавните гласила, не само во Бугарија туку и во другите европски градови. Тие оделе дури и подалеку. Да се формира ново кнежество што значи и нова автономна провинција во Турската империја. Поради постојаниот притисок кој најмногу го вршела Русија, на крајот султанот се согласил да даде декрет за воведување реформи во румелиските вилаети на 22 април 1896 година. Тие се составени од шест дела: увод, потоа за реорганизирање на администрацијата, за инспекцијата, за работата на правосудството и верата, за работа на јавните служби, за јавните работи од областа на стопанството, за давачките и мерките што требало да се превземат за јавната безбедност. Мошне важно е да се истакне дека овие реформи се однесуваат само за македонските вилаети: Солунскиот, Битолскиот и Скопскиот, иако во нивните состави влегувале територии кои не припаѓале на Македонија.[201]

Кон крајот на XIX век, Русија поради својата неподготвеност за балканските прашања, сметала дека треба да ги стави во состојба на мирување однесувањето кон настаните на Балканскиот Полуостров. Нејзина цел била исто така да го спречи проширувањето на Австро-Унгарија кон Македонија и Стара Србија и да го неутрализира притисокот на Англија врз Портата за порадикални реформи во Македонија. Поради определеноста на Русија да ја подели Македонија меѓу балканските држави, руската влада им сугерирала на нивните влади да бидат во состојба на мирување во однос на балканското наследство. Поради тоа таа не само што им давала поддршка на оние балкански држави кои воделе проруска политика, туку настојувала да ги зближи Бугарија и Србија и да издејствува руска посредување при нивни можни спорови.[202]

Сите овие настани за балканските прашања, предизвикале недоверба и напнатост кај Големите сили, за која од нив да го спроведе своето влијание. Тие најпрво биле изразени во Србија, Црна Гора, Романија, Кнежество Бугарија, Источна Румелија и други. Со нивното смирување во почетокот на 90-тите години од XIX век на сцената стапиле: Македонското, Албанското и Грчкото прашање кое било изразено во најсилна форма. Македонскиот народ бил со нерешено црковно и национално прашање, па затоа бил приморан да се ослободува од стегите на Цариградската патријаршија и да ја прифаќа јурисдикцијата на Бугарската

---

[201] Г. Тодоровски, Реформите на големите европски..,I дел, 158-161

[202] В. Поповски, Руската и советската надворешна политика..., 57-58

егзархија. Во една таква состојба, аспирации кон Македонија, покажале и соседните земји Србија, Бугарија и Грција, кои започнале да водат жестока верско-просветна, а потоа и вооружена акција за наметнување на своето влијание. Со уште поголем интензитет се актуелизирало грчкото прашање. Со одлуките од Берлинскиот договор(член 24), било предвидено проширување на границите на Грчкото кралство кон Епир и Тесалија. Како последица на тоа се појавиле спорови со Османлиското Царство во кое се замешале и Големите сили. Напнатоста меѓу Грција и Османлискиото Царство не престанувала, напротив после Ерменското востание, се засилила, а во јануари 1897 година достигнале врв. На островот Крит од тамошните Грци, избувнало општо востание каде востаниците барале ослободување од Турците и соединување со Грција. Така започнала грчко-турска војна[203] која донесла нови бранувања на Балканот.[204]

Истовремено поради вознемиреноста од оваа војна, како и од можноста за вмешување на Големите сили, владите на Србија и Бугарија по влијание на Русија, започнале преговори за потпишување на договор меѓу двете држави. Со овој договор тие го дефинирале взаемниот однос кон своите интереси во Османлиската империја. Со спогодбата двете страни: се обрзуваат, сите прашања кои се однесуваат за нивните интереси да ги разгеледуват договорно, владите да не преземаат никаква воена акција без согласност на другата страна, взаемно да ги утврдуваат националните, црковно- училишните прашања итн. Договорот бил потпишан на 19 февруари 1897 година, во Софија, од двајцата владетели Фердинанд и Александар. Договор бил таен, а одредбите потребно било да ѝ се соопштат на руската влада. [205] За време

---

[203] За време на грчко-турската војна поради верност кон турскиот султан во рамките на турската војска учествувале околу 10.000 албански доброволци. Воената опасност го засилила нивниот муслимански фанатизам и идентичност со турските интереси на Балканот. Благодарение на борбеноста на албанските одреди, Турција брзо го скршила грчкиот отпор и ја добила војната во своја корист. По завршувањето на војната, албанските доброволци не го вратиле оружјето добиено од турската власт и веднаш започнале да ги напаѓаат своите соседи. Турскиот султан со симпатии гледал кон Албанците, па за да ја заштити северната граница на Империјата од евентуални напади, не ги разоружал. Албанци учествувале дури и ви личната гарда на султанот. ( Славиша Недељковић, Стара Србија и турске реформе (Турски реформски програм из 1902 године) Ниш, 2006, 234 www.scindeks–clanci.ceon.rs

[204] Ф. И. Успенски, Источно питање...,205; Ч. Попов, Граѓанска Европа (1871-1914), 269

[205] Македонија во билатералните и мултилатералните договори...,1861-1913, 117-118; Македонија во меѓународните договори...1875-1919, 137-138; В. Поповски, Руската и советската надворешна политика...,87

грчко-турската војна, грчките трупи наоѓајќи се безизлезна положба преку министерот Рали барале посредување на Големите сили. Рускиот царот Николај II, побарал од султанот да го запре победоносниот поход на турската армија. Така воените операции биле прекинати, а Грците биле приморани да го повлечат воениот полковник Васос. Под команда на германски офицери, војната завршила со победа на турската војска. На крајот биле донесени решенија според кои Крит станал автономна држава под суверенитет на султанот на чело со принцот Ѓорѓи, а Грците било потребно да ѝ вратат на Турција, дел од Тесалија. Веќе на 3 декември 1897 година, бил потпишан грчко-турскиот договор.[206]

## Руско-австроунгарскиот договор (1897) за статус-кво на Балканскиот Полуостров

Кон крајот на XIX век, царска Русија тежиштето на својата политика го насочува кон Далечниот Исток. Русија настојувала да ги зацврсти своите позиции во Кина и Манџурија. Од тие причини, Санкт Петербург не бил во можност да спроведува активна политика на Балканот. [207] Во контекс на тоа, министерот за надворешни работи Лобанов-Ростковски рекол: "Потребно беше Балканот да го ставиме под стаклен капак, додека не се справиме со поитни работи". Насочувањето на руската надворешна политика на Далечниот Исток, значело на секој начин да се избегне радикалното решение на македонското прашање (поделба меѓу балканските држави или добивање автономија во составот на Османлиската империја) кое би довело до сериозен конфликт на Балканскиот Полуостров, што за Русија било неповолно.

Н. Муравјев, кој го заменил дотогашниот министер за надворешни работи Лобанов-Ростковски сметал дека: „Македонското прашање треба да биде битен фактор за решавање на Источното прашање, но во даден момент решението на македонскиот проблем неопходно е да се одложи да таа минута, кога Русија ќе биде во состојба да се фокусира со сите свои сили". За реализирање на надворешно-политичка концепција во врска со македонското прашање, било потребно Русија да

[206] Ч. Попов, Граѓанска Европа(1871-1914), 269-270 ; Ф. И. Успенски, Источно питање...,205

[207] Михаил Ямбаев Леонидович, Македония и Русия (1897-1902),Москва, 2004, 4

се договори за поддршка за статус-кво на Балканот со својот главен конкурент Австро-Унгарија. На Русија неопходно и било да се соедини со некоја европска држава под услов, таквиот сојуз да биде од полза, без разлика каков политички концепт има дадената држава. На ова размислување се базирала идната спогодба со Австро-Унгарија, која ќе стане рамка за подоцнежното однесување на Русија на меѓународен план во кое спаѓало и македонското прашање.[208]

Во оваа време ниту една од Големите сили не сакала да избувне балканска криза. Хабсбуршката монархија била оптоварена со свои внатрешни и наворешни проблеми, а Русија своето внимание го насочила кон Далечниот Исток. Русија во тоа време водела активна политика на Далечниот Исток, но и покрај тоа, таа целосно не се откажала од руските интереси на Балканот. Целта на двете држави била да ја запазат непроменливоста на Османлиската империја. Руската влада настојувала да го зацврсти своето влијание на Балканот и во оние реони кои биле близу до црноморските протоци. Уште поважно било, да не дозволи друга силна држава да се зацврсти во протоците. Од интерес за двете влади било, да се зачува статус-квото во регионот. Нивниот меѓусебен договор претставувал гаранција дека македонското прашање нема да биде искористено ниту од една страна и нема да биде загрозен општиот мир во Европа.[209]

Владите на Русија и Австро-Унгарија не можеле да останат рамнодушни на опасноста од вооружените судири на Балканот. И покрај судирите кои постоеле меѓу двете држави, тие покажале интерес да го зачувуваат статус-квото во тие региони, сè додека една од нив не биде готова да ги спроведе своите цели со воена сила. Задача на руската дипломатија била да даде поддршка на Големите сили за разрешување на Критското прашање преку реформи, но не и да допушти да се прошири конфликтот и да се наруши статус-квото во црноморските протоци. Една од алтернативите за решавање на тие прашања е да се постигне договор со Австро-Унгарија.[210]

---

[208] А. Н Сквозников, Российская дипломатия о путях решения македонского вопроса в конце XIX-начале XX вв, Форум славянских культур, 2005 , 2, (www.sklaviny.ru) ; А. Н. Сквозников, Македония в конце XIX века.., 42 ;Растислав Терзиоски, Руската дипломатија и македонските бранувања ( крај на XIX и почеток на XX век) Скопје, 2011, 36

[209] В „пороховом погребе Европы“, 1878-1914, (група автори), Москва, 2003, 309; Барбара Јелавич, Историја на Балканот, дваесетти век, том II , Скопје 1999, 110

[210] В.Н. Ламздорф, Журнал "Дипломатический вестник“. 5, www.mid.ru

Со цел Австро-Унгарија непречено да дејствува во северниот дел на Турската империја, било неопходно да го намали руското влијание во овој дел на Балканот. Промената на руска надворешна политика и насочување кон Далечниот Исток и одело во прилог на Австро-унгарските планови на Балканот.[211]

Во овој период бележиме извесно зближување меѓу Русија и Австро-Унгарија. Као резултат на тоа се должи реформската акција на двете држави. Во него биле скриени допирните точки на двете големи сили во Европа и се кријат нивните меѓусебни интереси. Пред нивното застапување, влијанието и спротивставувањето на Високата порта ќе се намалува.[212]

Големите сили настојувале преку запазување на целоста на Османлиската империја, да воспостават рамнотежа на Балканот. Тоа е време кога Русија поради внатрешните проблеми, а особено поради зафатеноста на Далечниот Исток, водела дефанзивна надворешна политика на Балканот. Од тие причини биле планирани преговори за потпишување договор меѓу Русија и Австро-Унгарија со кој би била одржана непроменливоста на Империјата. Србија претставувала препрека за реализирање на австроунгарската цел -натамошно продирање (преку Косово) на Балканот и Вардарската долина до Солун. Така просторот меѓу Новопазарскиот и Косовскиот санџак до Скопје, бил пречка за спроведување на австроунгарските аспирации.[213]

Пред престојната посета на Франц Јосиф на Санкт Петербург, кога било потребно да се вршат преговори за нивната балканската политика, рускиот амбасадор во Виена, Капнист дал свој предлог кон Руското министерството за надворешни работи (МИД). Тој сметал дека простата поддршка за статус-кво не е доволна, затоа е потребен претходен договор со Австро-Унгарија, за поделба на владеењето меѓу балканските народи во Европска Турција. Министерството за надворешни работи ги рагледало предлозите на Капнист, кои иако ризични, сепак за Русија се покажале полезни. Со нив тие ќе имаат право за компензација со Австрија, за замена на руски територијални барања за морските теснеци. Пред престојните

---

[211] С.Недељковић, Стара Србија и турске реформе...,234

[212] Стоян Даневъ, Очеркъ на дипломатическата история на балканските държави, Балканския близкоисточенъ институтъ, София, 1922, 110.

[213] Весна Зарковић, Руски дипломати на удару атентатора у Косовском и Битољском вилајету почетком XX века. Свеска 32, 2012, 130

преговори тие своите желби ќе ги ограничат кон заеднички усилби за запазување на мир на Баканскиот поуостров. [214]

За да се спречат усилбите на сè позасиленото незадоволство на населението во овие подрачја во Европска Турција и да се задржи непроменливоста на Турската империја, Виена и Санкт Петербург (по руска иницијатива) потпишале таен договор. Договорот го потпишале министрите за надворешни работи Голуховски и Лобанов. Согласноста меѓу двете држави најпрво била потпишана во Виена во1896 година, а потоа била потврдена на втората средба во Санкт Петербург, во мај 1897 година, кога тука допатувал и царот Франц- Јосиф. Средбата била одржана во Зимскиот дворец пред двајцата императори, а од Муравјев и Голуховски било изнесено заедничко соопштение. Со цел да не се појават некакви недоразбирања, бидејќи извештајот не бил изразен со размена на документи, Муравјев побарал од Голуховски да го изложи заклучокот во писмена форма. Австрискиот министер тоа го направил од Виена и го испратил до својот претставник во Петербург кнезот Лихтенштајн, а потоа предаден до грофот Муравјев. Тоа ги соодржи следните точки:

1. Поддршка на Балканот на статус-кво сè дури е возможно.
2. Доколку тоа стане невозможно, тогаш де се исклучат освојувачките планови на Балканскиот полуостров како од страната на Русија и на Австрија, така од страна на другите држави.
3. Прашањето за Константинопол, проливите и заднината до реката Марица не влегуваат во предметите на спогодбата и се сметаат за прашања од општ европски интерес.
4. Русија и Австрија се договараат, за сметка на другите делови на Балканскиот полуостров за следниве начела:

а) Се признаваат сите предности (Босна, Херцеговина, Ново-пазарски санџак) осигурани за Австрија со Берлинскиот конгрес.

б) Се образува независно кнежество Албанија.

ц) Останатите слободни земји на Полуостровот се делат меѓу малите балкански држави, за зачувување на рамнотежата.

Грофот Муравјев се согласил само за точките 1, 2 и 3, но за останатите потточки, имал свои забелешки. Со Берлинскиот договор на Австро-Унгарија ѝ било

---

[214] А. Н. Сквозников, Российская дипломатия о путях решения македонского..,3 ; В.Н. Ламздорф, Журнал "Дипломатический вестник", 5

дозволено да изврши окупација на Босна и Херцеговина, но не и да изврши присоединување. Создавањето на албанско кнежество како и разделувањето на Полуостровот меѓу балканските држави- се преуранети.[215]

Русија го сметала одржувањето на Дарданелите за свој основен интерес. Австро-Унгарија барала во случај на поделба на Балканот, Русија да не ги зема во предвид Босна, Херцеговина и Санџак кои ѝ биле потребни за да ги чува разделени Србија и Црна Гора, а исто така, да обезбеди самостојност на Албанија. Двојната монархија и Руското царство настојувале да не го истакнуваат своето влијание на Балканот едни над други, туку тоа да го прават со заеднички договор. Основната цел на двете влади е зацврстувањето и поддршката на малите балкански држави. Со размената на писмата меѓу двата министри се состои целокупната Австро-руска спогодба од 1897 година. Никаков друг документ и не постои.[216]

На тој начин Русија за сметка на Источното прашање, своето пријателство со Франција го ставила во втор план. На прашањето упатено од рускиот претставник до францускиот министер Аното, каков став би зазела Франција при евентуална војна со Австро-Унгарија, Французинот одговорил-неутрално. Тоа силно ја разгневило руската дипломатија и била една од причините за зближување на Русија и Австро-Унгарија. Двете сили покрај тоа што се обврзале дека ќе го чуват статус- квото на Балканот, дале согласност и за Цариград, неговата околина и протоците сметајќи ги за од општ европски карактер. Кога би се нарушила непроменливоста на Империјата, двете сили ќе се договорат за да ги сочуваат своите интереси при евентуални територијални промени на Балканот. На тој начин тие отворено ги истакнале своите цели: на Русија кон Цариград и на Австро-Унгарија за излез кон Солун и Егејско Море. Со оваа спогодба за непроменливост на Империјата, му била дадена можност на султанот и понатаму да има слобода да ги задушува револуционерни настани од секаков вид. Со овој договор, двојната монархија (Австро-Унгарија) ке го избегне мешањето на западните држави во овој дел на Европска Турција кој претставувал нејзина сфера на влијание. Користејќи ги

---

215 С. Дракул, Македонија меѓу автономијата ...прв том, 222-224; А. Н Сквозников, Российская дипломатия о путях решения македонского..,3; Васиљ Поповић, Европа и српско питање у периоду ослобођења (1804-1918) Београд, 1940,----; В.Н. Ламздорф, Журнал "Дипломатический вестник, 6; А. Н Сквозников, Македония в конце XIX века..., 43; Македонија во меѓународните договори 1875-1919, 139-142

216 В. Поповић, Европа и српско питање..., 217

придобивките од овој договор, Австро-Унгарија планирала да го засили своето влијание во северо-западна Македонија и Албанија. Какво значење и придавала Двојната монархија на овие територии, говори и фактот што таа за да обезбеди сигурна поткрепа, ги корумпирала албанските главатари со пари и скапи подароци. Така рускиот весник „Новое время“, објавил дека австро-унгарската влада издвојувала од 5000-6000 круни годишно.

Но ваквиот договор имал и своја слабост. Имено, со овој договор не биле опфатени положбата на Цариград и протоците, бидејќи ги сметале за општо европско значење. И покрај нивниот договор, несогласувањата меѓу двете страни и натаму постоеле. Договорот опфаќал размена на дипломатски ноти. Спрема таа нота, Австро-Унгарија и понатаму имала право на окупација врз Босна и Херцеговина и да присоедини дел од Новопазарскиот санџак. Со натамошната поделба на Балканот, било неопходно да не биде нарушена рамнотежата. Тоа значи дека Австро-Унгарија, не давала дозвола да биде формирана голема словенска држава на Балканот. На тој начин важен дел од договорот останала само точката за натамошното одржување и статус квото и мирување барем за некое време за Источното прашање. Замрзнувањето на Источното прашање, двете држави го искористиле, а за продолжување на статус квото се определила и Германија. Руската надворешна политика се ориентирала кон Далечниот исток, а пак Австро-Унгарија се наоѓала во внатрешна криза.[217]

Со постигнатата спогодба, двете држави се надевале дека ќе гледаат со поголемо спокојство кон политичките настани на Балканот, иако во тие во секој миг би можеле да се искомплицираат. Оттука произлегува и желбата на Голуховски: „Неизбежниот процес на распаѓање на Турција, колку е можно повеќе да се задржи. Со напорите на двете соседни монархии да се обезбеди постепено регулирање на балканскиот проблем...“ Неопходно е да се потенцира дека со оваа спогодба, Русија се откажала од планот предвиден со Сан Стефанскиот мировен договор, имајќи го во

[217]Јован Донев, Ставот на Русија кон македонското прашање при крајот на XIX и почетокот на XX век(1897-1903) Зборник, Македонско-руските врски во XIX и почетокот на XX век, Скопје, 1996, 126-127; Глигор Тодоровски, Македонското прашање и реформите во Македонија, ( Од дипломатската историја на македонскиот народ), Скопје 1989, 121-122 ; С.Недељковиќ, Стара Србија и турске реформе...234; Историја дипломатије, свеска друга.., 114-115; Г. П. Генов, Източниятъ въпросъ...522

предвид податокот, ако се засили бугарската држава, таа би станала нивни противник на Балканот.[218]

Договорот со Русија (1897 г.) ѝ овозможил на Австро-Унгарија да ги реализира своите надворешно-политички цели: да ја запази територијалната непроменливост на Балканот, кое на Виена и било неопходно за решавање на внатрешно-политичките цели; засилување на политичкото и економското влијание на Балканот; неутрализација на руското влијание на Балканот итн.[219]

Друга мошне важна причина за австро-руската спогодба, била и економското и политичкото ширење на Германија на Балканскиот Полуостров. Засилената германска индустрија била предизвик за пронаоѓање нови пазари за пласман на своите производи, како и нови извори на суровини. Приоритет при извозот на стоката ѝ бил даван на Турција. Меѓутоа, таквото навлегување на германските производи не било во согласност со интересите на другите западно-европски капиталистички земји, кои не останале рамнодушни спрема нејзиното брзото ширење на овие простори. Тоа најмногу ги засегнало Австро-Унгарија, Русија и Велика Британија кои се спротивставиле на засиленото германско ширење во Турција, Балканот и Македонија. Заради сузбивање на германското влијание како и поради ривалството околу наследството по распаѓањето на Турција, Русија и Австро-Унгарија се определиле за статус -кво на Балканот. Исто така неопходно е да се нагласи и интересот на Италија за Балканскиот Полуостров која навлегувајќи преку Албанија се спротивставила на австриското ширење на Балканот и ова подрачје претставувало место на судир на интересите и на другите големи европски сили.[220]

Со договорот меѓу Русија и Австро-Унгарија во прв ред биле ставени аспирациите на двете земји. На Русија - Цариград и протоците, а Солун и Средоземно Море на- Австрија. Двете земји имале цел да го задржат општиот мир и досегашната состојба во Империјата. Ваквиот став на овие земји предизвикал негативности околу иднината за решавањето на македонското прашање и општествените промени во Европска Турција. Тие претставувале чувари на интегритетот и непроменливоста на Империјата кое го прифатиле и другите европски држави. Поради нивната близина, тие го добиле епитетот „најзаинтересирани земји“ кои вршат надзор врз балканските држави. Дури и при

[218] Ј. Донев, Ставот на Русија кон македонското прашање...,(1897-1903), 127-128

[219] Н. А. Дюлгерова, Политика России и Австро-Венгрии в отношении Болгарии..,.5

[220] Г. Тодоровски, Македонското прашање и реформите...,116-117

спроведувањето на реформите тие имале главна улога. Тоа главно се должи на нивниот економски интерес за овој простор. Затоа и малите балканските земји иако независни, биле определени меѓу едната или другата држава. Така Русија се грижела за Бугарското кнежество, Австро-Унгарија за Србија итн.[221]

Во зависност од политичката определба и идеологија, руската општественост дала предлози за решавање на македонското прашање. Со таквите проекти македонскотото прашање уште повеќе се искомплицирало. Биле дадени неколку предлози, а тоа се: присоединување кон Бугарија, автономија на Македонија, воведување реформи, разделување меѓу балканските држави, окупација од Големите сили итн. Можноста за решавање на македонското прашање по пат на автономија се појавило кон крајот на 90-години од XIX век, а веќе почетокот на XX век добива нова форма. Во Русија излегле на виделина гласови дека, руската влада е подготвена да ѝ даде автономија на Македонија и за генерален губернатор да биде поставен црногорскиот кнез Мирко. На тоа се спротивставиле, Бугарија, Србија и Грција. Првата земја зазела таков став поради тоа што бугарските интереси би биле ставени во втор план. Србија не ја прифаќала автономијата, затоа што преку поделба ќе добие излез на Егејско Море, додека Грција стравувала нејзината народност да не биде потисната од бугарскиот елемент. Двете држави своите усилби ги ставиле во насока на поделба на Македонија.[222]

И покрај тоа што руската надворешна политика кон Македонија била вака поставена и водела кон поделба, кон крајот на XIX век се појавиле нови руски иницијативи за решавање на македонското прашање. Конкретно во 1898 година, рускиот дипломат Иван Зиновјев говорел за можноста на Македонија да ѝ се даде автономија. За да се намали штетната дејност на пропагандите на соседните држави, турската власт била против секакво изненадување, па затоа и понатаму го зголемувала бројот на војската во Македонија. Македонија била важен фактор на Балканот и затоа барем засега не било неопходно да се реши нејзниот статус- сметал тој. Меѓутоа ако се создадат услови кои би довеле до промена на тогашната состојба, тогаш треба да се формира автономна област- независна од Србија и Бугарија. Исто така нагласил, дека после критското, треба да се реши македонското прашање.

---

[221]Г. Тодоровски, Реформите на големите сили, 1 дел, 206-207; Г. Тодоровски, Македонското прашање и реформите...123; М. Миноски, Македонија и македонското прашање во Руската политика..., Зборник, Македонија и Руската политика..., 88

[222] Стоян Германов, Руската общественост и революционното движение в Македония и Одринско 1893-1908, София, 1992, 77

Ваквата изјава на Зиновјев е речиси слична со изјавата на британскиот доцент Емери кој истата година престојувал во Македонија. Британецот ја истакнал потребата од отворање на британски конзулат во Скопје и потоа ревносно ќе се заземе за автономна Македонија. За овој став на рускиот амбасадор, веднаш реагирал рускиот министер за надворешни работи Муравјев, кој категорично рекол дека „Русија нема да наиде на разбирање ниту поддршка. Напротив императорската влада ќе биде приморана да даде полна слобода на репресивните дејства на турските власти за задушување на револуционерните замисли уште во самиот нивен почеток". И рускиот дипломат во Софија Бахметов, и покрај заканите од министерот за надворешни работи, дал свое мислење за македонското прашање. По тој повод изјавил: "Критското прашање е решено според желбите на големите држави, сега на ред е да се реши македонското прашање."[223]

Најголема активност за воведување реформи во Македонија и за мирно решавање на македонското прашање покажале Русија и Австро-Унгарија. Со својата заинтересираност го избегнале натамошното компилицирање на меѓународните односи на Балканот. На тој начин Русија можела да се посвети на Блискиот Исток, а Австрија да се посвети на својата внатрешна политика и проблемите поврзани со словенското и антихабсбуршкото движење во Дунавската империја. Со тоа двојната монархија за некое време се откажала од активна надворешна политика на Балканот.[224]

Поради изработката на реформската програма и надгледување при нивното спроведување, Русија и Австро-Унгарија добиле статус на „најзаинтересирани страни". Таквата привилегија им гарантирала надмоќ пред претставниците на Големите европски сили. Тоа значи дека четирите земји потписнички на Берлинскиот договор, се откажале од својата одговорност за политичките настани во Османлиската империја. Големите сили сметале дека, Русија и Австро-Унгарија се само ополномоштени затапници на Европа, која ги контролира нивните дејности и поради специфичноста на тоа им се даваат такви овластувања.[225] Двете држави ја сметале Турција за своја должничка и ги одложиле своите завојувачки цели за едно

---

[223] Александар Трајановски, Руската политика кон Македонија и македонското прашање кон крајот на XIX и почетокот на XX век(1876-1915), Годишен зборник, книга 10, Скопје 2004, 85-86

[224] А. Н. Сквозников, Македонский вопрос в внешней политике Росии в начале XX века, 2006, 6

[225] Х. Н. Брейлсфърд, Македония и нейните народи...287

подруго време, биле признати од Европа за најдиректно заинтересирани земји и тие имале една сложена задача: да внесат една разумна мисла и да ги воздржат балканските држави пред сè на Бугарија, и да го задушат револуционерното движење и да воведат реформи со кои христијанското население ќе биде задоволно, а истовремено ќе биде прифатливо и за турската влада. За тоа време Германија своите економски планови ги насочила кон Мала Азија и Блискиот Исток. Истовремено Италија како членка на Тројниот сојуз и формален сојузник на Австро-Унгарија, не играла значајна улога: таа свирела на најмалку важниот инструмент на концертот. Франција и Англија биле задоволни при зачувувањето на мирот во вилаетите, но нивната улога во реформските акции е речиси пасивна.[226]

Дејноста на претставниците на Големите сили може да се подели на два дела: на едната страна се наоѓале Русија и Австро-Унгарија, а на другата Англија, Франција и Италија. Иако претставниците на трите големи сили имајќи ја поддршката од своите влади, настојувале да се доближат или да бидат повлијателни како првите, сепак нивните дејства биле ограничени. Причина за тоа бил договорот меѓу Русија и Австро-Унгарија, со кое било оневозможено мешање на друга сила во македонското прашање. И на генералниот инспектор Хилми-паша, повеќе му одело во прилог, да биде контролиран од две, отколку од пет земји.[227]

На тој начин руската дипломатија зазела негативен став спрема можното решавање на македонското прашање. Со други зборови ниту Русија, ниту другите земји нема да дозволат да избувне востание, бидејќи со тоа повторно ќе се отвори Источното прашање и ќе се актуелизира македонското како меѓународно. Рускиот дипломат Капнист на министерот Муравјев дури му понудил таен план за Македонија и македонското прашање. Имено, тој во согласност со руските интереси на Балканот предложил: Македонија да биде поделена меѓу соседните балканските држави, а при тоа во предвид да се земе и Романија која исто така има излез на Црно море. Романија би можела да се прошири до Варна, што во некоја мера би било опасност за Русија како држава од втор степен, меѓутоа со тоа опасно би се засилиле балканските држави кои котирале најблизу до протоците. Тој сметал дека поделбата

---

[226] Христо Силянов, Освободителнитѣ борби на Македония, Том първи, Илинденското възтание, София, 1933, 188-189 (фототипно издание)

[227] В. Зарковић, Руски дипломати на удару атентатора..,130

на Македонија меѓу Бугарија, Србија и Грција би ги задоволиле апетитите на овие држави и за подолго време ќе се обезбеди мир.[228]

Турција искажала благодарност кон руско-австроунгарскиот договор за зачувување на суверенитетот на Империјата. Тоа било потврдено и на средбата меѓу турскиот пратеник Турхан-паша и рускиот цар во резиденцијата на руските цареви во Левадија. Меѓу другото, пратеникот задоволно потенцирал дека Русија е единствената земја која е наклонета и ѝ дава поддршка на Турција. Но, онаа што ги загрижувало нивните дипломатии, било македонското прашање кое секогаш претставувало потенцијално жариште за немири и нереди и ја потресувало Империјата. Руската дипломатија во тоа време заедно со Австро-Унгарија и Турција се залагала, засекогаш да ги спречат и неутрализираат революционерните движења во Македонија. Сложеното македонското прашање ќе било решено, само преку спроведување реформи и Русија секогаш ќе ја има под контрола положбата на христијаните на Балканот.[229]

Намаленото руско влијание на Балканот, резултирало и со изнаоѓање на нови патишта за економско поврзување со балканските земји. Кон крајот на февруари 1890 година, со одлука на С.Ј. Вите-руски министер за финансии, било формирано „Здружение за познавање на Истокот". Оваа здружение имало свој устав и било составено од 112 членови. Претседател бил Николај Константинович Шведов, а во составот биле Нелидов, генералот Куропаткин идр. Главната цел на оваа здружение било да се шири рускотото влијание во Источните земји (како што ги нарекувале балканските и словенските народи). Задача на здружението била преку трговијата, индустријата, јазикот, традицијата, религијата да се прошири што е можно повеќе руското влијание во другите земји надвор од границите на руското царство. Така биле формирани оддели во Романија, Бугарија, Србија, Полска, Кина итн. Здружението за познавање на Истокот, ги разгледувало можностите за изложување на руските производи, организирање предавања, изложби, издавање на списанија, брошури, кои сигурно би овозможиле побрзо пробивање на тамошните пазари. За подобар успех, здружението било поделено на три дела: а) Трговско-индустриски дел, кој имал за цел да изврши проучување на економската состојба во определена земја, со што би се создале поволни услови за продажба на руски производи. б) Научно-културен, за ширење на руската наука и култура. в) Воспитен дел, наменет за

[228] А. Трајановски, Руската политика кон Македонија..., 84

[229] Исто, 86-87

привлекување на научници, преродбеници и други напредни луѓе, кои откако ќе го добијат потребното образование да бидат вратени во своите земји да го пренесат своето учење и повторно да извршат влијание. Како резултат на руската поддршка на Србија, во Белград биле отворени руска трговска агентура, музеј и банка.[230]

Кон крајот на XIX век, руската дипломатија за настаните на Балканот настапувала умерено и со посебна внимателност. Во 1900 година, рускиот министер за надворешни работи грофот Ламсдорф, во врска со политичката состојба на Балканот напишал белешка, во која ја изложил миројубивата руската надворешна политика. Ламсдорф настојувал да ги уреди односите со балканските држави, што според мислењето на МИД било потребно и за внатрешниот развој на Русија. Во своите инструкции при поставувањето на рускиот амбасадор во Атина Р. Розен, тој додал: „Основата на руската политика на Балканскиот полуостров е изработена, пред сѐ за запазување на неприкосновената власт на султанот и избегнување на опасни усложнувања кои лесно можат да се јават и да имаат последици при поставувањето ред во прашањето за разделување на Турција“.[231]

## Подобрување на руско-српските односи

Во последните години од XIX век македонското прашање станувало сѐ посложено. Тоа е време кога сѐ повеќе доаѓале до израз аспирациите на соседните балкански држави спрема Македонија. Единствено Македонското револуционерно движење давало некои перспективи за решавање на македонското прашање кое било во спротивност со интересите и тенденциите на балканските држави. Од друга страна, Турција со воведувањето на реформи настојувала да го неутрализира национално-револуционерно движење. Таа тргнала од претпоставката дека, штом ќе се подобри општествено-економската положба на македонското население, нема да се предизвикуваат нови кризи. Натамошното влошување на положбата во Македонија не било во интерес на Големите сили, бидејќи тоа ги загрозувало нивните

---

[230] Ванче Стојчев, Македонското прашање во политиката на на царска Русија од XVII до XX век.( Зборник, Македонско-руски врски во XIX и почетокот на XX век) Скопје, 1996, 64-65

[231] И. С. Рыбаченок, Политика России на Балканах...,3

привилегии во Турската Империја и затоа ја поддржувале да ги спроведе реформите во румелиските вилаети кои биле во согласност со одлуките на Берлинскиот договор. Со ангажирањето на Големите сили како и на балканските држави се вршело распаѓање на турскиот феудализам овозможен не само од притисокот од внатрешните туку и надворешните фактори. Токму во Македонија се вкрстувале интересите на големите европски сили и на балканските држави. И додека европските држави сакале да го задржат статус-квото на Балканот, соседните балкански држави тежнееле да ја изменат таквата состојба и да го завршат националното ослободување на „своите“ народи. Така српската пропаганда изговор наоѓала во традицијата на српската држава и на царот Душан, Бугарија и Грција на царот Симеон, односно на Византиското Царство.[232]

Заедничките интереси на Балканските држави спрема Македонија, ќе допринесат преку меѓусебна спогодба да дојдат до посакуваната цел. По прашањето за Македонија кај нив ќе се јават меѓусебни судири и несогласувања. Се разбира сето тоа требало да биде во согласност со Големите сили кои внимателно го следеле развојот на односите меѓу балканските држави, а тоа биле Русија и Австро-Унгарија. Така во 90 години од XIX век, претседателот на српската влада Никола Пашиќ со кралот Александар Обреновиќ, ја посетиле Русија и биле водени разговори за односите на балканските земји и прашањето за Македонија. Со ова биле трасирани новите српско-руски односи и идната насока на српската политика на Балканот и можност за приближување на Србија кон Русија. Оваа посета се должи и на тоа што Србија имала послаба позиција на Балканот во однос на Бугарија и Грција. Така следеле српско-грчки, па српско-бугарски преговори и напори на трите држави за заеднички настап пред Високата порта во врска со Македонија и поделба на интересни сфери на влијанија. Од овој контекст не треба да биде изоставена поддршката на Русија и Австро-Унгарија, кои при нивните спогодби ги поттикнувале и мотивирале балканските држави, при тоа сугерирајќи им на опасноста од револуционерното движење[233].

Самото подобрување на руско-српските односи резултирало со засилена активност на српската дипломатија. Така српскиот дипломат во Цариград, Владан Ѓорѓевиќ упатил барање кај турската влада за поставување на српски владика во Скопје.Ползувајќи ја поддршката на Русија, успеал да издејствува постоење на

[232] Г. Тодоровски, Македонското прашање и реформите ..,65-67

[233] Исто, 69-74

српска народност во Македонија. Покрај тоа, таа добила од Портата и дозвола за отворање на свои училишта во Охрид, Битола, Прилеп и на други места. Со добивањето на егзархиски владици, отворањето на српски училишта и поставување на српски администратор, за пропагандите на двете држави се создале услови за натамошен продор во Македонија.[234]

Српската пропаганда (како што известува Гирс од Солун), во турските вилаети не се темелела врз цврста подлога. Поради недостиг на вистинско српско население, кралска власт се трудела да привлече млади луѓе во училиштата кои таа ги организирала. Српската власт ги снабдувала со ученички облеки, обувки, ученички помагала, парична помош на нивните родители итн. Српската влада не била во можност да им обезбеди работа на оние ученици кои ги завршиле повисоките училишта, со што би им осигурала средства за егзистенција. Тоа на еден начин претставувало изневерување на српското дело во Македонија.[235]

Со барањето во Скопје да биде поставен свој митрополит, Србите сакале да го прошират своето влијание источно од реката Вардар. Од друга страна, Бугарите стравувале дека со назначавување на митрополит-Србин, извесен дел од македонското население кое ја признава јурисдикцијата на Егзархијата, повторно ќе се врати под управа на Цариградската патријаршија. Но, на ваквите спротивставени ставови меѓу Србите и Бугарите, турската влада гледала од поинаков аспект. Свесна за својата немоќ да ја измени актуелната состојба, таа ваквата појава ја сметала за поволна. Ваквиот натпревар на балканските народи претставувал гаранција за нејзината безбедност. На Турција особено и било важно со колкава сила на дејствување располага секоја национална пропаганда и колку таа ќе биде опасна за нив. Со оглед на тоа што српската пропаганда во Македонија започнала подоцна и немала постигнато важни позиции со кои ќе и се спротивстави на бугарското влијание, турската влада започнала да прави отстапки во полза на Србија.[236]

Интересен е фактот што турските власти заради своја полза, вешто го користеле соперништвото на балканските национално-црковните пропаганди според добро познатиот принцип: „раздели па владеј“, со кој сакале да го уништат братството на овие словенски народи. Како противтежа на грчките и бугарските

[234] Г. Тодоровски, Реформите на големите европски сили...1 дел, 212; Г. Тодоровски, Македонското прашање и реформите.., 93

[235] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата..,прв том, 516-517

[236] Руски документи за Македонија...,(1859-1918), 174-176

стремежи, Турција ги поддржала српските аспирации кон Македонија, од едноставна причина, сметајќи ги за помалку опасни за Турција. Ваквиот турски став бил од пресудно значење за натамошното ширење на српската пропаганда во Македонија.[237]

Заложбите на руската дипломатија за поставување на српски митрополит и понатаму продолжиле. Зиновјев ( во својата телеграма од 19 март 1902 год.) пред султанот ги изнесол барањата како што му биле наредени од царската власт. Тој барал: „неодложно утврдување на Фирмилијан (Дражиќ), што нам ни е одамна ветено". На оправдувањата на султанот, рускиот допломат му се заканил, дека од исполнувањето на нивното барање, ќе зависат понатамошните односи на руската императорската власт спрема Турција. При тоа, султанот побарал руската дипломатија да даде гаранција и да ги преземе сите неопходни мерки за немирите кои можат да се појават во Бугарија. На тоа Зиновјев одговорил: „ќе биде доволен само еден збор од господарот Император за да ги предупреди усложнувањата од страна на Бугарите".[238]

Против ракополагањето на Фирмилијан, во Софија и во други градови во Бугарија се појавиле протести, кои мирно завршиле. На оваа меѓу другото Бахметов во својата секретна телеграма од 3/16 април 1902 година запишал: „Кнезот и министрите, во разговорите со мене осознаваат, дека оваа патриотско бранување е презголемено и не е основано; но тие немаат можност да го спречат него, дури ни во границите на Бугарија, а да не стане збор за Македонија, каде ќе биде посилно и ќе доведе до крупни нереди". [239] Својот став против решението на султанот пред Големиот везир го изнел и бугарскиот егзарх. „Во случај на утврдување на Фирмилијан тој, егзархот, ќе биде присилен да поднесе оставка и да ги собере на советување бугарските митрополити и мерката која султанот ја презема ќе предизвика сѐопшта буна меѓу македонските Бугари". Зиновјев (како што запишал во својата телеграма) го посоветувал егзархот да остане спокоен и дека „секаква демонстрација ќе биде строго осудена од Императорската власт". Ваквиот акт ќе претставува „жесток удар" за Бугарите. Протест упатил и бугарскиот дипломатски агент Гешов. Тој пред Портата изјавил дека во случај да биде поставен Фирмилијан, ќе го напушти Цариград.[240]

---

[237] Д. Јањатов, Традициите на руската дипломатска школа...,76

[238] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата..,прв том, 377

[239] Исто, 341

[240] Исто, 403

И покрај цврстото решение на Русија, бугарската влада продолжила ревносно да се зазема за оваа прашање пред Портата. Бугарскиот кнез упорно барал кај султанот да се одложи назначувањето на српскиот митрополит, „заканувајќи се со опасни компликации". Грофот Ламсдорф во телеграмата до А. Н. Бахметов од 16 мај 1902 година, ја предупредува бугарската влада дека одлуката на Русија за поставување на Фермилијан е неотповиклива. Со ваквиот став, „Бугарија се спротивставува на руските упатства кои можат негативно да влијаат за финансиските преговори[241] во Париз, како и за претстојното патување на кнезот Фердинанд во руската претстолнина." На овој начин, грофот Ламсдорф јасно го изразил решението на руската влада да ги поддржи српските интереси во Македонија, а напоредно со тоа и руското влијание на Балканот. [242]

Во понатамошниот тек по прашањето за Фирмилијан, Зиновјев известува: „ние и ја дадовме нашата готовност да ги поддржуваме нејзините (српските) интереси во Цариград и не сме одговорни затоа што барањата на споменатата влада досега не се задоволени". Српската влада не можела да издејствува договор со Вселенскиот патријарх, но најпосле настаните добиле таков тек, така што прашањето за Фирмилијан се решило по желба на нивната влада.[243]

За тоа какви напори вложила руската дипломатија за назначување на Фирмилијан за српски митрополит во Скопје, сведочи и писмото на Зиновјев. Кога Големиот везир побарал да се одложи утврдувањето на Фирмилијан за идната есен, Зиновјев запишал: „Јас решително го одбив тој предлог, како непрактичен во највисок степен... и потоа го предупредив мојот соговорник, дека не можам да се согласам со никакви одложувања". Искажаните пофални зборови на рускиот дипломат дека: „Императорската власт има најдобри желби спрема Турција и е исто така со цврста намера да нѐ допушти усложнувања на Балканскиот Полуостров",

---

[241] Заради стабилизирање на финансиска состојба, во 1902 година Русија се согласила Бугарија да добие финансиски заем од Франција во вредност од 106 милиони франци, но и со посебен ултиматум. Бугарската влада да не се противи на поставувањето на Фирмилијан за српски митрополит во Македонија. Тој бил хиротонисан во чин митрополит во Ставропигијалниот манастир „Св.Спас"во Скилоти.

[242] Руски документи за Македонија...(1859-1918), 194

[243] Тајна депеша на И. А Зиновјев од 13/26 април 1901 година, за посветување на Фирмилијан во чин скопски митрополит и проблемите во врска со тоа. (Руски документи за Македонија...(1859-1918), 177

имале силно влијание. Веќе следниот ден му било соопштено, дека утврдувањето на Фирмилијан за митрополит на српската општина во Скопје нема никакви пречки.[244]

По барање на руската диломатија, решавањето за Фирмилијан било разгледано на заседанието на Советот на министри при турската влада. Како што и се очекувало, Портата позитивно одговорила на барањето на Императорската власт и го потврдила поставувањето на Фирмилијан за скопски митрополит. Оваа известување било потребно да се чува во тајност, сè до враќањето на бугарскиот министер Данев, кој се наоѓал во Санкт Петербург. Потребно било тој да го „смири оштетвеното мислење во кнежеството", па потоа да се изврши ракополагањето на Фирмилијан.[245]

На крајот откако, се утврдило дека хиротонијата на Фирмилијан нема никакви пречки,[246] било потребно само вселенскиот патријарх да го утврди датумот на неговото ракополагање. Меѓутоа, според депешата на Зиновјев (3/16 мај 1902г.) пристигнале информации, според кои: „Бугарскиот егзарх и понатаму продолжува да ја плаши Портата со последиците од утврдувањето на Фирмилијан, но тој бил во состојба да ги предодврати усложнувањата во Македонија, единствено ако му биде дадено да назначи митрополити во трите македонски епархии, во кои што досега нема егзархиски претставници". На ова запознавање со барањата на егзархот, Везирот категорично одговорил: „султанот под ниедна форма, нема да се согласи со неговото задоволување".[247]

---

[244] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата..,прв том, 365-366

[245] Тајна телеграма од грофот Ламсдорф до Чариков во Белград. 5 април 1902 С. Петербург (С. Дракул, Македонија меѓу автономијата) ...413

[246] Митрополитот Фирмилијан во јуни 1902 година, му се обратил на Зиновјев со кое упатил благодарност до Господинот Император за неговата преданост и за моќното покровителство кое што му било укажано преку него на српското население.(С. Дракул, Македонија меѓу автономијата..,прв том, 410)

[247] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата ..,прв том, 415

# Натамошни обиди за воведување на реформи во Македонија од крајот на XIX и почетокот на XX век

За поделбата на Македонија на сфери на влијание на соседните балкански држави известува и грофот Д.А. Капнист од 21 ноември/4декември 1902 година: „Македонија е со централно управување и област што подлежи на реформи. За неа се предвидени сфери на влијание на Србија, Бугарија и Грција". Но, Капнист предупредува дека:„ тоа премногу би личело за нејзина подготовка за поделба на турската територија и поради тоа би предизвикало, од една страна, сомневање и противење на султанот, а од друга, пак би значело поттикнување на готовноста за поделба за сфери на влијанија што се појавува кај соседните со Македонија балкански држави, кои како да сакаат да го обележат своето идно наследство".[248]

Балканските соседни земји за да ги реализираат своите аспирации кон Македонија, ќе станат и заштитници на нивната политика спрема Македонија. Од друга страна пак и Големите сили, поради меѓусебните спротивности се определувале за една или друга земја и при тоа поддржувале некои интереси на балканските земји спрема Македонија. Ползувајќи се со таа привилегија, тие дури и се натпреварувале која ќе обезбеди поголема поддршка при нивните стремежи кон македонското прашање. На почетокот на XX век, реформите станале поинтензивни, а тоа било резултат на сè позасиленото општествено движење на македонскиот народ за национална слобода.[249]

Во однос на другите балкански држави, Црна Гора активно водела проруска надворешна политика. За руската влада, Црна Гора претставувале еден верен сојузник, па како резултат на тоа Русија воено и ја помагала. Од почетокот на XX век, руските офицери го извршувале модернизирањето на армијата на Црна Гора. Повеќе години од Русија биле испраќани илјадници донации за потребите на армијата, училиштата, високото чиновништво итн.[250]

Бугарските великодржавни кругови, увиделе дека меѓу балканските држави не може да се направи спогодба за поделба на интересни сфери на влијание и тоа претставува мошне комплицирано прашање. Додека не се пронајде вистинско

---

[248] Руски документи за Македонија...(1859-1918), 204-205

[249] Г. Тодоровски, Реформите на големите европски сили... 1, 228,

[250] И. С. Рыбаченок, Политика России на Балканах...,11

решение, тие решиле да побараат воведување на реформи во Македонија, предвидени според Берлинскиот договор.[251]

Во почетокот на XX век бележиме нов период во развојот на македонското-револуционерно движење. Тоа се наоѓало во фаза кога ја покривало речиси цела територија гледана во етнички рамки и претставувало решителен политички фактор. Честите афери, откривањето на оружје и муниција, тајни служби, било знак дека дејствува некаква активност. Таквите дејства на Револуционерната организација, ја натерало турската власт да ги засили своите акции за да го оневозможи ослободителното движење. Наспроти ова, рускиот фактор иако доминантен заедно со Австро-Унгарија, подржувајќи го бугарското барање за реформи во Македонија, презел иницијатива за да се спроведе 23-тиот член од Берлинскиот договор.[252]

Турските власти биле растревожени поради забележливите подготовки за востание па затоа „преземаат енергични мерки за фаќање на засега незначителниот број организирани банди, што подоцна можат да прераснат во побројни шајки". Муслиманското население започнало самоволно да врши претреси во селата населени со христијани. При тоа тие преку измачување и тепање на месните жители сакале да откријат каде го кријат оружјето кое потоа им го даваат на комитите. Во ваквите акции не заостанувале многу ниту месните Грци, кои тоа го вршеле со дозвола на грчкиот митрополит Амвросиј. По тој повод рускиот конзул во Битола, Александар А. Ростковски[253] се обратил кај Генералниот губернер, заради прекин на насилствата и да им се забрани на башибузуците да ги малтретираат селаните, кои тоа го вршеле со изговор дека трагаат по револуционери. Поради ваквата состојба, турската власт испратила циркуларно писмо со кое им се забранува на конзулите од Битола да излегуваат надвор од градот без придружба на турски жандари, за да не

[251] Г. Тодоровски, Македонското прашање и реформите во Македонија.., 78

[252] Г. Тодоровски, Реформите на големите европски сили... 1, 231-233

[253] Алексадар Аркадиевич Ростковски бил руски дипломат. Роден е на 18 октомври 1860 година во Одеса. Бил руски конзул во Битола од 1895-1903 година. Бил секретар на рускиот генерален конзул во Бејрут, Ерусалим и Јанина, потоа и втор секретар во Софија, а од 1895 година конзул во Битола. Одржувал контакти со револуционери од ВМРО. Во 1900 година, за време на еден приватен разговор ја искажал познатата мисла: „ Од сѐ срце ми е е жал за Македонските Словени, но руските интереси ми се поважни и по лично искуство и по долгот на службата". Бил убиен пред Илинденските настани од еден турски војник (етнички Албанец). Бил погребан во Одеса.

биде некој од нив грабнат од револуционерната организација. „Означената мерка е предизвикана не од грижа за зачувување на конзулите од опасноста, туку од желбата на Турците да не им го допуштат на христијаните подавањето до странските агенти жалби за потиснииштвата, што се вршат врз нив"- смета конзулот Ростковски од Битола, во извештајот од 16.2.1902 година.[254]

Опасноста од востание во Македонија и понатаму била присутна. Рускиот дипломатски претставник во Белград Н. Чариков, го известил својот министер за надворешни работи Ламсдорф, за подготовката на Македонецот Марко Мушович, да го посети рускиот цар во Санкт Петербург. За време на разговорот, Чариков му ја искажал решеноста на руската влада да го зачува мирот во Македонија и Србија и дека „никаков револуционерен обид нема да наиде на поддршка од руска страна..." Во понатамошниот тек, Чариков им објаснил на своите претпоставени „да го искористат случајот и преку него да подејствуваат на преставуваните од него мирни конзервативни елементи во Македонија, со цел да се попречи подготвуваното во оваа земја- во оваа пролет, востание." За време на престојувањето на Марко Мушович во Санкт Петербург, рускиот министер му укажува на својот император да му стави до знаење, дека Русија не престанува да се грижи за олеснување на судбината на македонското население, но и дека сите насилни дејства ќе бидат безусловно непожелни и би се одразиле на најболен начин на судбината на жителите тие области.[255]

Стравот од вооружени дејствија на Револуционерната Организација и натаму предизвикувало вознемиреност кај руската дипломатија. Обезбедувањето на пари за оружје, претставувало додатен гнев и негативни реакции кај руските државници. Зиновјев по тој повод во тајниот извештај од 14 март 1902 година до Ламсдорф, го опишува засилувањето на ВМОРО по добивањето на 14500 турски лири за американската мисионерка Мис Елен Стон. Зиновјев понатаму констатира:„земените пари ќе се употребат за вооружување не само на постоечките членови на Организацијата, но и за нови чети." [256]

Како последица на руската интервенција, Портата му дала заповед на Генералниот губернатор, да прекинат ѕверствата кои ги врши муслиманското

---

[254] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот...прв том, 335

[255] Р. Терзиоски, Руската дипломатија и македонските...,101; С. Дракул, Македонија меѓу автономијата...,прв том, 370-371

[256] Р. Терзиоски, Руската дипломатија и македонските...,102

население. Исто така и на башибузукот му било забрането да доаѓа да ѝ помага на жандармеријата. Благодарение на ваквото руско застапништво, насилствата и зулумите врз населението биле прекинати. Но, тоа предизвикало незадоволство и гнев кај Грците, кои исто така активно учествувале при ограбувањето на словенското население. Тие им сугерирале на турските власти да не им даваат значење на Големите сили на кои не им бил интерес да има мир и само барале повод да се мешаат во внатрешните работи на Османлиската империја. Во соработка со грчкиот конзул Папаз, на грчките учители и свештеници распоредени по селата, им било наложено да ги информираат властите за намерите на христијанското население. На тоа брзо реагирал рускиот конзул Ростковски, а за тоа Папаз му одговорил: „Бугарите-шизматици и не ги признава за христијани...сите средства во борбата со нив се дозволени, нема да престане да им помага на Турците во нивното истребување“.[257]

За време на Шипченските свечености одржани по повод 25 годишнината од ослободителната борба и битката кај Шипка, руските дипломати поради претходно зацртаната политика за непроменливост на империјата се труделе да не се создаде атмосфера што ќе ја вознемири турската влада. Дури и оние бугарски претставници кои било потребно да одржат говор, неопходно било одобрение од министерот за надворешни работи.[258]

На свеченостите учествувал и грофот Николај Игнатиев кој не бил активен во руската надворешна политика[259], но и понатаму не се откажувал од можноста за повторно создавање на голема словенска држава. Во април 1902 година, тој за последен пат допатувал во Софија, во придружба на кнезот Николај Николаевич, воениот министер, поранешни дипломати и неколку велокодостојници на руската православна црква. Притоа на руските пратеници им бил приреден средечен дочек од тогашната русофилска власт на Бугарија. На остарениот генерал Игнатиев му

---

[257] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата...том прв, 401-402

[258] Р. Терзиоски, Руската дипломатија и македонските...109; М. Палангурски, Русия, България и Виенските ...,(1902-1903) 2

[259] Неповолните решенија од Берлинскиот конгрес, негативно влијаеле врз личноста и делото на Николај Игнатиев. Заложбите на Игнатиев да се изврши преразгледување на решенијата од Берлинскиот конгрес, не се реализирале. Тогаш настапило време кога политичката кариера на Игнатиев почнала да стагнира. Во 1883 година бил назначен за претседател на Друштвито за индустријата и трговија на Русија.( Д. Јањатов, Традициите на руската дипломатска...,246)

било допуштено да одржи говор, со кое повторно ги оживеал старите русофилски идеали. При тоа тој од балконот на руската амбасада упатил остра критика кон Турција, во врска со неговите напори за создавање на Санстефанска Бугарија. На Бугарите им порачал: „Мој идеал беше и сега е, слободна Бугарија. Јас за тоа мечтаев од 1862 година, и од сè срце сум благодарен што мојот сон можам да го видам остварен. На бугарскиот народ му посакувам процветување". Приемот на делегацијата го потврдил ставот на царска Русија дека и таа и понатаму води грижа за ослободување на словенското население на Балканот. При тоа тој им порачал на Бугарите, дека Русија се грижи за нив и ќе настојува да го обнови стремежот за Санстефанска Бугарија и ја има под нејзина заштита. Овој говор бил поздравен од претставниците на државната власт и предизвикал бурни овации меѓу присутните граѓани. После тоа, рускиот гроф примил македонска делегација предводена од Димитар Робев. Приемот на делегацијата го потврдил ставот на царска Русија дека таа и понатаму води грижа за ослободување на словенското население на Балканот.[260]

Покрај говорот на Игнатиев се случил и друг настан. Еден од руските генерали пристапил и го целивал знамето на македонските претставници. Тоа предизвикало силен гнев кај руските дипломати. Поради остриот говор на Игнатиев, Турција во знак на революлт, испратила официјален протест. Сето тоа допринесло руската дипломатија да има непријатни спомени од овој настан. И покрај тоа, Шипченските прослави се одржале во една празнична атмосфера, што било можност за зближување меѓу бугарскиот и рускиот народ. Бугарската власт и Фердинанд, настојувале на свеченоста да и дадат во што поголема мера антитурски карактер, а додека пак претставниците на руската дипломатија покажале воздржаност од тој правец, што било во согласност со официјалната политика на Русија во тоа време. [261]

Свеченостите од битката кај Шипченскиот премин, биле збогатени и со уште еден настан. Сопругата на рускиот дипломат Бахметов во Софија, доделувала помош за македонските бегалци кои таму ја минувале зимата. Тоа било иницирано од написите во рускиот печат, дека Русија повторно се грижи за своите браќа кои се

---

[260] Хенри Ноел Брейлсфърд, Македония нейните народи и тяхното бъдеще, София, 2013, 286 ; Д. Јањатов, Традициите на руската дипломатска...247, С. Германов, Руската общественост и революционото движење в Македония...91; В. Стојчев, Македонското прашање во политиката на царска Русија ...(зборник, Македонско руски врски во XIX и почетокот на XX век), 66

[261] С. Германов, Руската общественост и ревоюционното движение в Македония.., 91

наоѓаат под турска власт. Оправданоста за таа грижа лежи и во претпоставката дека при промена на русофилската власт и поставување на националистичка власт, Македонците ќе дигнат бунт без да чекаат помош од руската влада. Тоа влеало несигурност и колебање кај руската власт, па оттаму и таквата доза на охрабрување.[262]

Јубилејните свечености кај Шипка на кои присуствувала многубројна бугарска војска, потоа на поранешниот руски амбасадор во Цариград "Игнатиф-паша" (како што го нарекувале Турците, грофот Игнатиев) и Големиот кнез, кај муслиманското население предизвикало напнатост и тревога. Христијанското население присутвото на кнезот го поистоветувале со рускиот цар, кој само со едно движење на раката можел да ја ангажира против Турција целата бугарска и руска армија. Тие исто така биле убедени дека поддршката од руска страна нема да изостане.[263]

Внатрешната политичка положба во Македонија била сложена. Во овој период на територијата на Македонија се јавуваат вооружени чети испратени од врховистите. Поради ваквата состојба која го загрозувала мирот, не само на Балканот, но и во Европа, се јавува позасилена активност на дипломатските кругови на европските земји. Во една таква состојба било дигнато т.н. Горноџумајско „востание“ во септември 1902 година. Оваа врховистичка акција била крваво задушена од турската власт и била проследена со најжестоки измачувања, палење на селата, разграбување на имотите идр. Како последица на оваа смислена акција, Турците наоѓале изговор да ја неутрализираат и ликвидираат Македонската револуционерна организација. Странскиот печат бил преплавен со настаните за крвавото задушување на востанието. Тоа значело и притисок врз владите на големите европски држави да преземат мерки против Турција и да се овозможи подобрување на положбата во Македонија. Започнале преговори меѓу Големите сили за координирана реакција за воведување на реформи и конечно да се воведе мир во Румелиските вилаети (Битолски, Скопски и Солунски). Со цел да се овозможи мир меѓу христијаните во Империјата, започнале преговори меѓу рускиот пратеник во Париз и францускиот министер за надворешни работи Делкасе.[264]

---

262 Х. Н. Бреилсъфорд, Македония нейните народи...286

263 С. Дракул, Македонија меѓу автономијата...прв том, 477

264 Г. Тодоровски, Реформите на големите европски сили... 1, 243-245

Општото револуционерно вриење, Горноџумајското востание и засилениот терор од турската власт, во текот на 1902 година, предизвикале во Македонија да се создаде една силна тензична атмосфера. Конзулите и другите дипломатски претставници непрекинато ги известувале своите влади за тешката состојба во Македонија. Не помалку за состојбите во турските вилаети, била засегната и европската општественост. Големите француски писатели и публицисти Виктор Берар, Андре Шарадам, Жорж Голист идр. посветиле повеќе статии за македонската кауза. Во весниците "Temps" и особено "Daily news" била застапена идејата за воведување на реформи под европска контрола. Најголем застапник за ослободување на Македонија бил Англичанецот, Џон Мекдоналд. Како последица на настаните во Македонија во текот на 1902 година и во рускиот печат бележиме еден голем пресврт. Така на пример, во „Вестникъ Европы " било запишано: „Додека Европа не го земе во раце македонското прашање, со тврда намера да го разреши без помош на Турција, дотогаш положбата на работите ќе зависи од разни случајности и стихијни избувнувања, над кои дипломатите немаат власт". Македонското прашање, според „С. Петербургскія ведомости" може да биде разрешено со поставување на христијанин за генерал-губернатор и во управувањето месното население да има поголемо учество.[265]

Султанот Абдул Хамид побарал од руската влада да преземе решителни мерки врз бугарската влада против агитаторите. Следеле брзи интервенции на бугарскиот егзарх до своите митрополити во Македонија, потоа и инструкции на грофот Ламсдорф до Бахметов, со цел владата на Данев да ги смири македонските комитети. Конзулот Ростковски во октомври 1902 година, раговарал со селските претставници во Битолско. Според него, кога селаните го запрашале дали да се приклучат кон востаниците, конзулот ги советувал да не пристапуваат кон „бандите", бидејќи „востанието нема да успее и во случај ако продолжи притисокот врз населението, тој ќе биде приморан да ја извести турската власт".[266]

Руското министерство за надворешни работи (МИД) го имало во предвид сознанието, дека е од полза да се разгледа прашањето за подобрување на положбата на христијанското население во Македонија. Во прилог на оваа се наведува писмото на рускиот император упатено до бугарскиот кнез. Меѓу другото императорот додава: „Тажните настани во Македонија, за кои вашето кралско величество

---

[265] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби... том първи, 185-186

[266] Р. Терзиоски, Руската дипломатија и македонските бранувања..,110-111

соопштува во писмото детални информации, секако не можеа да останат без мое внимание. На мојот амбасадор при Неговото величество султанот, Зиновјев, му наредив да ѝ направи најенергични забелешки на отоманската Влада во врска со насилствата во Македонија што ги вршеа Турците и да се пронајдат можни средства за подобрување на животот на христијанското население и на административниот поредок во таа провинција“. Рускиот император изаразил длабока благодарност поради неговото ангажирање за спречување на „македонската агитација и трогнатост поради готовноста на вашето кралско височество да го насочувате народот кој ви е доверен во согласност со советите и упатствата на Русија.“ На крајот рускиот цар го изразува мислењето дека, не се сомнева дека бугарското “кралско величество и понатаму ќе прави сè што е можно во тој правец, бидејќи успешното воведување ред и мир во Македонија во голема мера зависи од беспрекорното однесување на бугарските власти.“[267]

Руската дипломатија сметала дека еден од првите чекори на владата треба да биде јасната определба, за што точно треба да се смета „Македонија“. Од особено значење било да не се нарушува политичкото статус-кво во европскиот дел на Турција и нејзината административна положба. Николај Чариков смета: "Не е пожелно сега да биде создадена некаква нова провинција, уште со име ’Македонија’, која не се среќава во договорите... Царската влада има строго ограничени цели. Постојната поделба на областите населени со христијани, за која таа се грижи, на трите вилаети-Солунски Скопски и Битолски, нема да биде пречка, бидејќи не се работи за создавање на нови политички организми, туку само за подобрување на постојните административни поделби. Реоните каде што се воведуваат реформи, да се означат со општиот назив ’трите гореспомнати западни вилаети’, а терминот ’Македонија’ да не се употребува.“ [268]

Состојбата во европскиот дел на Турција била напната. Акциите на бугарските чети, дејството на комитетите во Македонија, политичката состојба во Србија и општата опасност од избувнување на голем воен судир во Македонија, го привлекло вниманието на Големите сили. Но, таквата заинтересираност на европските сили за воведување на реформи, предизвикала загриженост кај турската влада од некои подлабоки промени кои би можеле да дојдат со воведувањето на реформите. Од тие

---

[267] Руски документи за Македонија..,(1859-1918), 196-197

[268] Тајно писмо од Н. Чариков од Белград, 10 декември 1902 година. (Руски документи за Македонија...(1859-1918) , 211-212 )

причини Турција често пати нагласувала дека нема да дозволи мешање во нејзините внатрешните работи. Но според член 23. од Берлинскиот договор, Русија и Австро-Унгарија имале право да го штитат христијанското население во рамките на Турската империја.[269]

Од особена важност за руската дипломатија е да ги зацврсти врските со балканските држави. Еден од првите знаци за подобрување на руско-бугарските односи е крштевањето во православен обред на наследникот на бугарскиот престол, кнезот Борис. После тоа, односите помеѓу двете земји постепено започнале да се нормализираат. Политичките препораки на Ламсдорф, придонесле руската влада да изврши влијание врз: активностите на бугарските власти, однесувањето на кабинетот, македонските комитети и црковните прашања.[270]

Претседателот на бугарската влада, Стојан Данев за решавање на македонското прашање во своја полза, направил обид за обезбедување на поддршка од Русија, преку потпишување на воена конвенција. Но тогашниот воен министер Паприков, по средбата со воениот врв, истакнал дека сѐ уште не помислуваат на некакви активни дејства на Балканот. Но мисијата на Данев сепак била успешна.[271] Пролетта во 1902 година, првиот човек на бугарската влада, Данев два пати ја посетил руската престолнина и успеал да издејствува да започнат преговори за финансиски заем и за потпишување на тајна воена конвенција[272] меѓу Русија и Бугарија, со која се гарантирала територијалната целост на Бугарија, а за сметка на тоа бугарската политика спрема Македонија да трпи отстапки и да покаже неутралност спрема Турција. Основната цел на конвенцијата била, да изврши противдејство кон Австрија и Романија, а не против Турција. Таа имала одбранбен карактер и била во согласност со интересите на руската политика за зачувување на мирот на Балканот. И покрај тоа, тоа не значи дека Бугарија обезбедила силен сојузник за разрешување на македонското прашање, бидејќи Русија побрзо би им

[269] С. Недељковић, Стара Србија и турске реформе...236

[270] И.В.Якубовская, Имперская политика и Балканы в конце XIX –начале XX вв. 2008, 20

[271] И. С. Рыбаченок, Политика России на Балканах, 16

[272] Тајната воената конвенција била потпишана во Санкт Петербург, во мај 1902 година од Куропаткин и Паприков и од бугарската владина делегација. Текстот бил изработен од Генералштабот, но и одобрен руската дипломатија. Во него не биле предвидени никакви дејства против Османлиската империја и балканските држави.( И. С. Рыбаченок, Политика России на Балканах, 17)

дала поддршка на Србија, отколку на Бугарија. Единствено што Данев не успеал е да ја убеди Русија, да заземе порадикална позиција спрема Турција.[273]

Поради непристрасноста кон востанието, владиниот кабинет на чело со Стојан Данев, се надевал дека Русија ќе преземе мерки за реализирање на реформите предвидени според член 23 од Берлинскиот договор. Исто така се надевал дека, руската дипломатија нема да ги повтори грешките од 1876 до 1878 година и да ја разрешува Источната криза на свој начин.[274]

На тој начин Русија успеала да ги обнови дипломатските односи со Бугарија, со што според договорот со Австро-Унгарија од 1897 година, руската влада успешно ќе и се спротивстави на австриската политика на Балканот, ќе ги зацврсти политичките врски со Бугарија и со успех ќе ја спроведе својата политика на Далечниот Исток.[275]

Петгодишното запазување на статус-квото на Балканот и насочување кон Далечниот Исток, се доволни показатели за неподготвеноста на Русија да започне нова фаза од Источната криза. Како последица на таквата состојба, започнале разговори меѓу рускиот император Николај II и министерот за надворешни работи Ламсдорф. После дискусијата е решено, грофот Ламсдорф да ги посети Виена, Белград и Софија. Кнежеството Бугарија било вклучено во програмата за посета на рускиот министер, и имала стратегиско значење. Имено, поради можното востание, Русија треба да биде добро подготвена да ги зачува реонот на Црно Море и протоците, во спротивно поради посветеноста на Далечниот Исток, тоа да не се одрази лошо врз руската империја. Рускиот император го предупредил својот министер, доколку Бугарија и Србија ги прифатат барањата на Русија, да им вети добивање поддршка и олеснување на нивната состојба од турската власт. Русија исто така сметала дека треба да ѝ предложи на Виена, и понатаму да продолжи нивната заедничка доминација на Балканот.

Пред да ја започне својата официјална посета на балканските земји, грофот Ламсдорф, побарал мислења од неколку дипломатски претставници Зиновјев,

---

273 Милко Палангурски, Русия, България и Виенските реформи (1902-1903г.) www.uni-vt.bg, 1 ; И. С. Рыбаченок, Политика России на Балканах, 16; Р. Терзиоски, Руската дипломатија и македонските...,114-115

274 М. Палангурски, Русия, България и Виенските ...,(1902-1903г.) 2

275 Нина Ангелова Дюлгерова, Политика России и Австро-Венгрии в отншении Болгарии в конце XIX-начале XX вв.(1896-1903), Москва , 1985, 5

Нелидов, Чариков и Капнист. Нелидов предложил најрадикален пристап, кој веднаш бил отфрлен од руското министерство за надворешни работи (МИД). Според него било потребно да се вратат реформските идеи утврдени од европската комисија од 1880 година. Со тоа Балканот би бил ставен под една општоевропска контрола. Ваквиот став на Нелидов бил веднаш отфрлен од Санкт Петербург. На оваа идеја најенергично се спротивставил Зиновјев, кој сметал дека таквиот развој на настаните во врска со македонското прашање, ќе значат и почеток на крајот на руско-австриската доминација. За разлика од него, идеите на Чариков биле со силно нагласен просрпски дух. Сепак најподобен се покажал предлогот на Капнист кој се залагал за реформски акции.[276]

Кон крајот на 1902 година, грофот Владимир Ламсдорф ги посетил балканските држави во кои насекаде бил срдечно пречекан. Конкретно во Софија, Ламсдорф остро ја предупредил бугарската влада, да не предизвикува немири и конфликти во Македонија, во спротивно не може да смета на поддршката од Русија. Ламсдорф изразил незадоволство од понудените проекти на претставниците на македонците бегалци со кои било барано да се добие автономија на Македонија, но тој повеќе се залагал да се има има трпение за тоа. Со Австро-Унгарија постигнал спогодба за задушување на револуционерното движење во Македонија. Сето тоа допринесло да доведе до маргинализирање на вековните идеали на македонскиот народ за добивање самостојна држава во тоа време.[277]

За потребите на вооружените сили на балканските држави биле поставувани руски воени агенти. Военото министерство ја рагледало можноста за назначување на таков агент во Црна Гора. За тоа време таа должност во Србија и Црна Гора ја извршувал потполковникот Е. А Леонтович; во Грција воен агент бил И. А. Холмсен; во Софија до 1904 година воена агент бил И. И. Протопопов; Во Букурешт дејствувал Леонтев.[278]

Руската дипломатија презела сериозни мерки за протежирање на руските планови за македонското прашање, а истовремено и да го спречи Македонското революционерно движење (МРО) да ги реализира своите идеи за Македонија. Во прилог на тоа руската влада кон крајот на 1902 година, им го презентирала планот

---

[276] М. Палангурски, Русия, България и Виенските...,(1902-1903г.) 3-5

[277] Д. Јањатов, Традициите на руската дипломатска.., 249; И. В. Якубовская, Имперская политика и Балканы...,20

[278] И. С. Рыбаченок, Политика России на Балканах..,18

на руската дипломатија посветен за македонското прашање. Него го подготвиле најистакнати претставници на руската допломатија, како што биле: Зиновјев, Нелидов, Капнист како и дипломатите во Белград, Чариков и Бахметов во Софија. Во ноември 1902 година, тие заедно со рускиот министер за надворешни работи Ламсдорф го поставиле следните мерки за спроведување на руската политика на Балканот, конкретно за македонското прашање:

1) Точно да се одредат границите на провинцијата Македонија и во неа не можат бидат ставени вилаети близу морските теснеци, ниту Албанија;

2) Да не се наруши поделбата на вилаети и од нив да не се формира единствена провинција Македонија;

3) Да не се дозволи името Македонија, туку да се употребува називот "трите вилаети"- Солунски, Скопски и Битолски;

4) Да се избегнува терминот Македонија, а наместо терминот Генерал - Губернатор, да се користи Генерален инспектор;

5) Да се направи реформа во имињата, со вклучување на срб-милет. (тогашен началник на срб-милетот бил Фирмилијан кој по руска препорака бил поставен од султанот во 1897 г.); 6) Официјален јазик во вилаетите, покрај турскиот да биде и јазикот на православната народност кој преовладува во дадениот вилает.[279]

## Односот на Русија и Австро-Унгарија спрема турските реформи во Македонија (декември 1902 и февруари 1903 година)

Со цел да ги спречи понатамошните компликации на Балканот, руската дипломатија ја изнесла потребата од воведување на реформи во Македонија. И самата руска влада се надевала дека турската власт ќе преземе мерки за да ги намали насилствата и да ја подобри состојбата на христијанското население. За тоа известува рускиот амбасадор во Цариград, Зиновјев. „...ми беше доставена копија со утврдени

[279] В. Поповски, Руската и советската надворешна политика....78-79 (Оргинално цитирано од: АВПРИ ф. 151, оп 482, л. 198-201)

инструкции од султанот наменети за реформи во Европските делови на Турција.[280] Понатаму во друго писмо (28 ноември 1902 г. бр. 226) Зиновјев ја опишува средбата со Големиот везир и министерот за надворешни работи. На двајцата државници им ја опишал состојбата во „Македонија пренесена од руските конзули и доверливи извори кои јасно сведочат за безредијата кои владеат во Македонија, а Генерал-губернаторот и другите власти рамнодушно се однесуваат кон нарушувањето на мирот од кои страдаат христијаните... а воените сили не преземаат мерки за спречување на грабежите." Според Султанското ираде за воведување на реформи во европскиот дел на Турција, на должност началник бил назначен Ибрахим-бег. Зиновјев не бил задоволен од изборот на бегот на таква влијателна функција, при што била ставена во прашање искреноста на султанот. После тоа за генерал-губернатор бил избран понергичен човек, а тоа бил Хусеин Хилми-паша.[281]

Заинтересираноста на Големите сили за воведување на реформи, предизвикала загриженост кај Портата. Стравувајќи од некои подлабоки промени, турската влада во повеќе наврати истакнувала дека нема да дозволи мешање на другите држави во нејзините внатрешни работи. Според Берлинскиот договор, Русија и Австро-Унгарија имале право да го штитат христијанското население во Империјата. Поаѓајќи од тоа, султанот Абдул Хамид II, објавил реформска програма.[282] Така на 12 декември 1902 година, турскиот султан со посебно Ираде,[283]ги објавил реформите во трите европски вилаети, Солунскиот, Битолскиот и Скопскиот. Реформите биле подготвени од посебна турска комисија која била одбрана од Големото везирство.[284]

Ова реформска програма била поделена на два дела и била составена од 18 члена. Првиот дел, (од првиот до деветиот член), се однесувал на реформите во администрацијата. Било предвидено:да се зголеми одговорноста на административната власт, која најпрво требало да обезбеди мир во Империјата, со што ќе се овозможи напредок во индустријата, земјоделството, трговијата и народната просвета. Во овој контекс спаѓала и жандермеријата во чиј состав било

---

280 Реформы въ Македоніи, Дипломатическая переписка, (1902-1903), С. Петербургь, 7

281 Исто, 9-10

282 С. Недељковић, Стара Србија и турске реформе..., 236

283 Службен султанов указ, објавен во писмена форма.

284 Г. Тодоровски, Македонското прашањеи реформите.., 89; Х. Н. Брейлфърд, Македония нейните народи...,286

предвидено покрај муслимани да има и христијани. Предност имале оние муслимани кои веќе ја имале регулирано воената обврска. Членовите од 10-12 се однесувале на реформите во правосудството. И во оваа област само се повторувале истите акти кои порано биле донесени. Тоа особено се однесувало на Законот за вилаети донесен во 1881 година, што само било доказ дека состојбите во судството останале непроменети. Досегашниот изборот на судии било неопходно да биде изменет, тие да ги имаат потребните квалификации,а членовите на судот да бидат избирани од муслиманите и христијаните во Империјата. Понатаму, било предвидено судовите да бидат независни и кога ќе се констатирала некоја неправилност,натамошната постапка ја преземало Министерството за правосудство. И во областа на народната просвета било предвидено отворање на основни и средни училишта. Во областа општествените работи главно спаѓале изградбата на патишта и врските со позначајните центри. Вториот дел се однесувал румелиските вилаети. Покрај валиите бил поставен и главен инспектор за трите румелиски вилаети (Скопски, Битолски и Солунски). За спроведувањето на Ирадето[285] било потребно и контролирање на административните и финансиските работи, да се информира Портата за состојбата во вилаетите итн. За генерален инспектор на трите вилаети во европска Турција бил поставен Мустафа Хусеин Хилми паша. Тој имал големи овластувања и за својата работа во вилаетите, директно бил одговорен пред султанот.

По објавувањето на Ирадето, повторно се активирала дипломатската дејност на балканските држави, во прв ред на Србија. Така на пример, српската влада испратила писма до своите пратеници во поголемите центри во Европа, известувајќи ги за соодржината на султанското Ираде. Потребно било пратениците да соберат информации за ставовите на другите дипломати. По тој повод, руската влада објавила соопштение во кое повторно ја истакнала грижата за состојбата на христијаните на Балканот, особено за Македонија. Директорот на првиот департман

[285] За спроведување на реформите во Цариград била формирана комисија. Таа пристигнала во Скопје во декември 1902 година. Комисијата била поделена на: комисија за судски реформи и комисија за реформирање на жандармеријата и полицијата. Во северниот дел на Србија и Косово била формирана посебна комисија која ја имала најтешката задача, да ги убеди Албанците да ги прифатат реформите кои биле против нивната примена. Поради отпорот на Албанците, спроведувањето на реформите имало слаб одзив. Наредната година, во јануари се појавило силно антиреформско движење која својата кулминација ќе ја достигне со убиството на рускиот конзул во Митровица, Григориј Шчербин. (С. Недељковић, Стара Србија и турске реформе...,240)

при Министерството за надворешни работи на Русија, Сементовски остро ги предупредил Бугарија и Србија да останат смирени,а решавањето на македонското прашање да ѝ го препуштат на Русија. Подоцна Сементовски истакнал дека воведувањето на реформи во трите румелиски вилаети не претставува никаква новост и тие претставуваат само празни зборови. Наспроти тоа руската влада бара посериозни реформи. Набрзо се покажало дека турската влада не ги исполнила своите цели. Наместо да ги задоволи барањата на христијаните, а напоредно со тоа да го неутрализира македонското револуционерно движење, султанот предизвикал нов бран на незадоволство, бидејќи реформите не придонесле за подобрување на животот во Империјата.[286]

Во врска со впечатокот што го предизвикал Ирадето на султанот, Бахметев во извештајот број 77, од 27 ноември 1902 година запишал:„ Ирадето за воведување реформи не остави никаков впечаток и се смета само за обично, вообичаено турско одложување и нов наивен обид, барем привремено да се ослободи од претставките што му биле доставувани на султанот речиси секоја недела и неопходнота за подобрување на животот на потчинетите христијани, а потоа мирно да продолжи да работи по старо...Ниту султанот ниту неговите советници ни малку не се потрудија да измислат нешто ново, туку претставија само второ издание, далеку од совршено. Ниту највeрните заштитници на турската управа едвај ќе решат отворено да изјават дека султанот, на крај, најде практичен начин да ја извлече својата држава од тешката и опасна ситуација...Ирадето на султанот беше одобрено само во Виена и органот на Министерството за надворешни работи смета дека е потребно да се изрази општа благодарност за таквата милост спрема христијаните во Европа“.[287]

Рускиот министер за надворешни работи грофот Ламсдорф на 7 февруари 1903 година, испратил телеграма до рускиот кнез Урусов во Париз, со цел да го запознае францускиот министер за надворешни работи Делкасе, за согласноста со Голуховски да не се употребува терминот Македонија, туку само „трите турски вилаети“, а наместо Македонци да се користи „христијанското население од трите вилаети“. Така спрема мислењето на Ламсдорф, Македонците не постојат како посебна националност. Руската дипломатија не застанала тука. Таа извршила притисок и врз турската влада. Султанот дал заповед со која забранил при

[286] Г. Тодоровски, Реформите на големите европски сили... 1 дел, 248-254 ; С. Недељковић, Стара Србија и турске реформе..236

[287] Руски документи за Македонија и македонското прашање(1859-1918) ( Избор и редакција на Александар Трајановски), Скопје, 2004 , 207-208

административните работи во трите вилаети, да се употребува името Македонија. Според руски податоци во Македонија живеат: Бугари, Власи, Турци, Албанци, но не и Македонци. Ламсдорф категорично рекол: „Македонци во Македонија нема, постои само конгломерат од народности и маса Турци". Од тука произлегува и заклучокот дека неговото залагање се однесува на подобрување на состојбата на христијаните во Турското царство, а не на Македонците како нација. [288]

По иницијатива на Русија и Австро-Унгарија бил подготвен нов предлог за реформи кој се однесувал на трите македонски вилаети. После консултациите на Големите сили во Виена, била подготвена т.н. „Виенска програма" за реформи во Македонија. Творци на новиот реформски акт биле рускиот и австро-унгарскиот амбасадор, Зиновјев и Каличе. После нивното усогласување, проектот бил предаден на разгледување на големите европски сили.[289] Како потврда за тоа е писмото на Нелидов од 4 февруари 1903 година, во кое известува: „го предадов заедно со австро-унгарскиот пратеник текстот со проект реформи..со кое амбасадорот се надева да ги поддржи предлозите на Русија и Австрија". Проектот за реформи во трите вилаети бил предаден и во Министерството за надворешни работи на Франција. Урусов во својата телеграма запишал: "Заедно со австро-унгарскиот амбасадор денеска го предадов на министерот за надворешни работи проектот за реформи. Делкасе ми кажа мене, дека уште денеска или утре ќе му испрати телеграма на францускиот амбасадор во Цариград со инструкции за енергична поддршка на проектот." На тој начин проектот за рефоми бил предаден на разгледување во: Берлин, Виена, Лондон, Париз и Рим. Германската, италијанската и францусксата влада дале согласност за реформите, додека Лондонскиот кабинет покажал само делумна согласност со можност за понатамошна дополнување или измена на поставените услови. Но поради запазувањето на целоста на Империјата, поволниот развој на настаните, како и признавањето на правото на Русија и Австро-Унгарија како најзаинтересирани страни, сепак ја прифатиле новата реформска програма.[290]

Русија и Австро-Унгарија како „најзаинтересирани" сили, директно биле вклучени не само во преговорите, туку и при предавањето на проектот реформи за трите македонски вилаети. Конкретно за ова Зиновјев информирал дека: „На 8/21

[288] Растислав Терзиовски, Сведоштва за некои насоки на руската дипломатија..(зборник, Македонија и руската политика на Балканот...) Скопје, 2008, 133; В. Поповски, Руската и советската надворешна политика.., 79

[289] Г. Тодоровски, Македонското прашање и реформите.., 92

[290] Реформы в Македонии, (190-1903), Дипломатическая переписка...,18-20

овој месец бевме заедно со австро-унгарскиот амбасадор кај Големиот везир. Секој од нас му поднесе примерок од проект реформи одобрен од нашите влади, за Македонија. По читањето на проектот од барон Каличе, примероците беа врачени на Ферид паша и при тоа изразивме надеж дека ќе се стави крај на тревожната состојба во Македонија. Нашата влада очекува изработениот проект Султанот без одолжување ќе го прифати.“[291]

Амбасадорите како главни причини за новите реформи ги нагласиле општите немири, тешката состојба во наведените вилаети и заради тоа било неопходно било да се преземат порешителни мерки. Султанот покажал вознемиреност од плановите на двете земји и од тие причини разговорал со германскиот амбасадор во Цариград, Маршал кој со својот смирен разговор го убедил султанот да ги прифати понудените реформи.[292]

На 10/23 февруари 1903 година, според извештајот на Зиновјев, Големиот везир ги известил двајцата амбасадори за одговорот на Портата, по прашањето за реформите. „Тефик паша ме посети мене на вечера и ми предаде мене копија од нотата со која се известува дека Портата се согласува на предлозите на царската власт“. Во понатамошниот дел од телеграмата, „султанот изразил длабока почит кон Императорот (руски) за големото внимание кон Него... и сугерирања на императорската власт кон Софија со кои ќе придонесе бугарската власт да преземе мерки за прекинување на револуционерната дејност на македонските комитети.“[293] Каличе и Зиновјев дури ѝ предложиле на турската влада, гувернерот Хусеин Хилми паша[294] да има мандат од три години, без да биде сменет од султанот. По прифаќањето на предлогот, веднаш реагирале соседните сили, под изговор дека со новата реформска програма тие се чувствуваат запоставени. Откако биле усогласени сите ставови за иницијативата на Русија и Австро-Унгарија, на 21 февруари 1903

[291] Исто, 25-26

[292] Г.Тодоровски, Реформите на големите европски сили... I дел, 275

[293] Реформы в Македонии, (190-1903), Дипломатическая переписка...,25-26

[294] Бил турски државник и два пати голем везир. Еден од најуспешните администратори во Европска Турција. Генерален инспектор во трите македонски вилаети. Говорел француски јазик и бил најспособен човек меѓу турските чиновници. Бил голем бирократ кој постојано водел статистики за разни настани. Претседател на турската црвена полумесечина. Починал во Виена 1922 год.

година,[295] австрискиот пратеник Каличе и рускиот Зиновјев со своите драгомани,[296]упатиле Меморандум за нови реформи наменети за Битолскиот, Скопскиот и Солунскиот румелиски вилает. Во меѓувреме додека се чекало одговор на турскиот султан, во српскиот, рускиот и австрискиот печат се појавиле статии за реформите и ставот на Османлиското царство спрема нив. Со ваквите написи се вршел одреден притисок врз турската влада да ги прифати реформите. Земјите потписнички на Берлинскиот договор, дури направиле и демарш кај Турција, за задожително прифаќање на понудената реформска програма. На крајот кога реформите биле прегледани од турската влада, султанот Абдул Хамид со свое Ираде на 24 февруари 1903 година, објавил дека го прифаќа проектот за реформи кои уште и се наречени Февруарска реформска програма. За прифатената реформска програма, биле известени рускиот и австроунгарскиот амбасадор во Цариград, а потоа и амбасадорите на другите големи европски сили. (Велика Битанија, Германија, Франција и Италија.) Поради умереноста на новата реформска програма, султанот бил посебно задоволен и тоа задоволство му го изразил на австрискиот амбасадар Каличе, па дури и кажал дека ќе даде и повеќе од она што во Меморандумот било побарано.[297]

Поднесената реформска програма од Русија и Австро-Унгарија воедно значела и смирување на револуционерното движење, а со тоа и немирите во турските провинции на Балканот. Поради тоа султанот ја примил со благодарност, а тоа силно ја израдувало руската дипломатија. Тогашниот руски амбасадор во Цариград, Зиновјев по тој повод истакнал:“ми беше соопштено од министерот за надворешни работи дека султанот е длабоко благодарен на Господарот Император за благосклоното внимание кон него кое се однесува на македонските реформи, како и кон сугестиите направени на императорската влада во Софија, што ја побуди оваа влада да преземе мерки за прекратување на револуционерната дејност на

---

[295] Постојат несогласувања околу точниот датум на врачувањето на Меморандумот со реформи на турската влада. Така некои автори сметаат дека тој е врачен на 21 февруари, други на 22 февруари. За најточен датум сепак е земен 23 февруари, кога Меморандумот официјално бил упатен на турската влада.

[296] Официјалани преведувачи, користени главно при дипломатските претставништва во турската влада.

[297] Г.Тодоровски, Реформите на големите европски сили.., I дел, 276-279

македонските комитети и ме замоли да му го изразам чувството на топла благодарност од султанот до Императорско величество".[298]

Новата реформска програма предложена од Русија и Австро-Унгарија претставувала дополнување на претходното Ираде од декември 1902 година. Од таа причина била и брзо прифатена од турската влада. Таа ги соодржела следните точки: 1) Реорганизација на жандармеријата и полицијата со странски стручњаци (германски офицери) во турската служба; 2) Жандармеријата да биде составена од христијани и муслимани во соодветен размер со бројот на населението во дадената област; 3) Подготовка на посебен буџет за Солунскиот, Битолскиот и Скопскиот вилает контролиран од Отоманската банка за финансирање на државните службеници, офицери и полиција; 4) Данокот десеток требало да се замени со земјишен данок; 5) Полјаците, чуварите на земјата да бидат христијани таму каде има мнозинство христијанско население.; 6) Генералниот инспекторат ќе биде задржан на таа должност во период од повеќе години како што ќе биде однапред утврдено и тој требало да ги спроведе реформите во живот. Ако биде потребно за одржување на јавниот ред, може да користи отоманските војски. Валиите се должни да се повикуваат на неговите упатства. За генерален инспектор на трите македонски вилаети (Солунски, Битолски и Скопски (Косовски), во Европска Турција од султанот Абдул Хамид и бил назначен Хусеин Хилми -паша. Според планот било предвидено, генералниот инспектор да биде контролиран од руските и австриските конзули.[299]

Меѓутоа, во пракса реформите не се спроведувале спрема предвидениот тек. Така на пример, била собирано повеќе од предвидената стапка на десеток, така што ваквиот данок негативно влијаел за развојот на земјоделството. Врз полјаците - христијани биле вршени зулуми и физички напади. Иако со реформите иноверните падари биле заменети со полјаци-христијани, тие и понатаму со сила се наметнувале за полјаци. Затоа овие реформи биле наречени „падарски реформи". Главен недостаток на февруарските реформи е тоа што не биле под меѓународна контрола. Тие биле нецелосни и не ги задоволувале ниту основните прашања на населението. И овој пат како и досега непроменливоста и статус-квото во Империјата, било

---

[298] Р.Терзиоски, Руска дипломатија и македонските бранувања.., 139-140

[299] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата...,втор том, 32-33 ; Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност...том прв, 281-282; Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби, томъ първи, 192

главното мото на само на Русија и Австро-Унгарија, туку и на големите европски сили.[300]

И покрај донесените реформи, состојбата на македонскиот народ останала непроменета и сè повидливи биле знаците за престојното востание. По иницијатива на Големите сили, па и на некои балкански земји, било упатено барање кај турската влада за амнестија на сите затвореници. Во Меморандумот на владите на Австро-Унгарија и Русија во врска со реформите во вилаетите меѓу другото е забележано: „Многубројните апсења извршени во трите вилаети, силно ги возбудија духовите. Со цел да си изврши забрзано враќање на нормалната ситуација и да се смири влошената состојба, во март 1903 година, турската влада прогласила амнестија[301] на сите обвинети или осудени од политички причини или емигранти". По тој повод биле формирани посебни комисии. Сите амнестирани лица должни биле да дадат клетва за лојалност кон султанот. Како резултат на таквите реформски мерки биле ослободени од затвор, Даме Груев и Христо Узунов и др. По нивното ослободување тие веднаш се приклучиле кон револуционерното движење.[302]

За амнестијата сведочи и извештајот до пратеникот во Константинопол, Гирс: „Имам чест да ве известам за ослободувањето од солунскиот затвор на 123 политички претстапници, исклучиво Бугари, меѓу кои има и осуденици на заточение, така и оние од истражниот затвор. Околу 80 души задржани во затворот заради обвинение за учество во политички убиства, сè уште не се опфатени од амнестијата, заради разјаснување на прашањето во колкава мера таа се однесува за таквите претстапници. Во Солунскиот вилает претстапници ги има на број 400-500 души, при што некои од нив казната ја извршувале во затворите во Мала Азија".[303] За амнестијата во Битолскиот вилает известува рускиот конзул Ростковски: „По најавената амнестија од затворите на вилаетот ( Битолскиот) до 3 март беа пуштени

---

300 Г. Тодоровски, Македонското прашање и реформите..., 2 дел, 94-95

301 Прилепчани штом дознале за ослободување на своите сограѓани од битолскиот затвор, свечено ги пречекале. За време на одењето низ улиците тие пееле револуционерни песни. Дознавајќи за тоа од властите генералниот инспектор на трите македонски вилаети, Хусеин Хилми –паша преку кајмакамите побарал да им објасни на поугледните граѓани, дека за амнестијата е извршена исклучиво по милоста на Султанот. Затоа потребно било да го величат Неговото величество-Султанот, а не да прославуваат со револуционерни песни. ( С. Дракул, Македонија меѓу автономијата...,втор том, 53)

302 Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност ...том први, 413

303 С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот.., том втор, 35

506 души политички престапници, од кои 490 христијани и 16 муслимани. Ова цифра е нереална и не ја претставува бројката на сите затвореници, па во Рускиот конзулат секојдневно доаѓаат роднини на останатите и понатаму во затворите, со молба да се заложи за нивно брзо ослободување.“[304]

Главна цел на Февруарската реформска програма била да ја задржи дотогашната општествено-политичка и економска состојба и да ја ликвидира македонската револуционерна организација која претставувала и постојана опасност за нарушување на статус-квото во Империјата за која толку многу се залагале Русија и Австро-Унгарија. По тој повод владите на овие земји, преку амбасадорите презеле иницијативи кои требало да ги достават до своите конзули во европскиод дел на Турција, поточно до трите румелиски вилаети(Битолскиот, Солунскиот и Скопскиот). Конзулите кои се наоѓале во центарот на вилаетите, било потребно да го следат текот на спроведувањето на реформите.

За реорганизација на турската жандармерија во трите румелиски вилаети требало да бидат вклучени странски офицери. Високата порта планирала таа задача да им ја довери на германските офицери Рудшиг паша и Ауер паша, кои веќе се наоѓале во служба на турската војска. За таа цел преку германската амбасада било испратено барање, да бидат повикани дополнителен број на германски офицери. Тоа наишло на силни реакции од страна на руската дипломатија, која сметала дека присуството на тие офицери кои биле претставници од една голема сила, ќе предизвика сомневање кај другите европски држави. Затоа за инструктори во турската жандармерија требало да бидат повикани офицери од неутрални држави кои не биле заинтересирани за настаните во Македонија. За таа цел биле ангажирани: Нандруп од Норвешка, Унандер од Шведска и Наз од Белгија. Меѓутоа поради нивната оддалеченост и непознавањето на состојбите во трите вилаети, тие не биле во можност целосно да ја извршат својата дејност.

Зачестеното присуство на жандармеријата и турската војска на територијата на Македонија предизвикало: судири со четите на македонската револуционерна организација, пребарување оружје меѓу населението и зголемено гонење. Со реоганизацијата на жандармеријата, особено поради злоупотреба на службената дејност, само во Скопскиот вилает биле отпуштени околу 90 жандарми. Според февруарските реформи, било предвидено во составот на жандармерија да бидат примени и христијани. Тие во почетокот не се пријавиле за оваа служба, најмногу

---

[304] Исто, 6

заради непознавањето на турскиот јазик, недовербата кон новата реформска програма и негативниот однос на Македонското револуционерно движење кон реформите. Но заради целосно спроведување на реформите, сепак биле примени христијани во служба на жандамеријата и полицијата. Турските власти особено внимавале при приемот на кандидати за христијани во жандармеријата и при тоа избирале лица кои имале нарушен углед пред месното население и слаба моралност. Поради симпатиите кон Османлиската империја кои ги покажал романскиот пратеник во Цариград, биле примени и Власи како припадници на христијанска вера.[305]

Реформацијата на жандармеријата биле причина за интервенција на странските конзули, меѓу кои и рускиот. Имено, со реформите во овој сектор, се вршела мобилизација на баталјоните составени од редифи и илјави. Редифите биле составени од полудиви Албанци од Прешево, Приштина и Гњилане. Рускиот конзул Александар Ростковски известува дека „во рускиот конзулат постојано доаѓаат жалби за злосторништва и грабежи што се вршат од овие војници...злосторништвата толку се засилија, што месните конзули беа присилени да испратат до Валијата колективен протест, па како резултат на тоа војниците засега се однесуваат нормално.“[306]

Руските конзули биле најупатени и најдобри познавачи на македонското прашање, во своите извештаи и понатаму продолжиле да ги спроведуваат старите сознанија за националниот состав во оваа област на Балканот. Чиновниците кои ги составувале извештаите на царот сведочеле дека Словените се најбројни во Македонија, а тоа се Срби или Бугари. Рускиот амбасадор во Србија истакнал: „Македонци не постојат, постојат Срби, Бугари, Турци, Грци, Албанци, Власи“.[307]

Обидот да биде извршен прием на христијани во жандармеријата како дел од реформската програма, наишол на отпор кај Албанците кои не дозволувале да има неалбанци во жандармеријата. Така во Пеќ, Ѓаковица и во Македонија, тие извршиле колежи, убивале христијани, ги палеле нивните домови, го ограбувале населението, убивале руски конзули идр. Така на 30 март 1903 година, бил убиен рускиот конзул во Косовска Митровица, Григориј Шчербин, а подоцна на 26 јули во Битола, и рускиот конзул Александар Ростковски. Како последица на тоа, Високата

---

[305] Д. Јањатов, Традициите на руската дипломатска школа...,85

[306] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата..., втор том , 69

[307] Д. Јањатов, Традициите на руската дипломатска школа...,85

порта испраќала војска против Албанците. Но, реформите пропаднале, а немирите и понатаму продолжиле со исто темпо.[308]

Како последица на засилените злосторства и уништените куќи од страна на турската жандармерија во трите вилаети, луѓето ги напуштале своите живеалишта и стапувале во редовите на МРО. Незадоволствата и поплаките на населението од ден на ден се повеќе се засилувале. Таквите реакции ги изразувале најчесто пред руските конзули. Но нивниот однос не доликувал на земја која се претставува како покровител на христијаните на Балканот. Типичен е примерот во Костурско. Имено, по отседнувањето на турската војска во селото, селаните се обратиле кај рускиот конзул барајќи негова заштита. Но тој наместо да ги прими, гневно им кажал, додека не ги изгонат четите, нема да има милост и „рускиот цар ќе му допушти на турскиот цар да ве исколи." На тоа селскиот учител му возвратил: „Ние сме комити, и никогаш нема да ги предадеме четите". Кога незадоволниот народ се обратил до австрискиот конзул, тој ги примил и им дал совет да не го предаваат оружјето, бидејќи тоа им е потребно за ослободување. Потоа турска војска го напуштила селото. Оваа претставува јасен доказ за различните ставови на руската и австро-унгарската дипломатија. [309]

Пролетта 1903 година, турската власт го засилила прогонството врз христијанското население во Македонија без разлика дали се тие виновни или не. Турците во сите христијани гледале како комити па како резултат на тоа, тие хиенски го напаѓале и прогонувале месното население. Започнувајќи од март па натаму, редовни слики биле: масовно или поединечно претепување на населението, разрушување на цели села, прогонство на жителите, грабежи во домовите, уапсените биле носени во заточение итн. И покрај неподносливата положба во Македонија, европската дипломатија не презела речиси никакви конкретни чекори за подобрување на состојбата во таа област. Двете "најзаинтересирани" сили Русија и Австро-Унгарија, само ја потврдиле дотогашната политика за непроменливост на Империјата.[310]

Неуспехот на Февруарските реформи влијаел за нарушување на угледот на Русија и Австро-Унгарија, кои всушност ги предложиле реформите. Поради тоа Велика Британија и Италија сакале да предложат да се воведат порадикални

---

[308] В. Поповић, Европа и српско питање у периоду ослобођења.,55

[309] Г. Тодоровски, Реформите на големите европски сили...1 дел , 283-291

[310] Г.П. Геновъ, Източниятъ въпросъ, 523

реформи, бидејќи дотагашните се покажале како недоволни. Тие сметале дека неопходно е да се изврши проширување на Виенската реформска програма. Главна причина за неуспехот била, невклучувањето во реформскиот проект на другите големи европски сили. Учеството во реформите на другите држави, не било од интерес на турската влада. Во април 1903 година, рускиот и австро-унгарскиот амбасадор во Цариград, Зиновјев и Каличе упатиле барање до Портата да преземи поенергични мерки за спроведување на проектот реформи во трите вилаети. Демарши кај турската влада упатиле и францускиот, британскиот, и италијанскиот амбасадор во Цариград. Така Русија и Австро-Унгарија успеале да се одбранат од мешањето во реформската програма на другите европски сили. [311]

Понудените реформи на Портата за трите вилаети „се покажаа немоќни да ја спречат несреќата. Напротив тие уште повеќе го потпалија духот на отпорот... Движењето сега оди кон неконтролиран правец, кој никој не го предвидел." Македонското востание сега било уште понеизбежно. Настаните се одвивале забрзано. „Централниот комитет познат под името 'Внатрешна организација' ги презема сите мерки да предизвика сèопшто востание во Македонија. Енергични дејства се одвивале во Битолскиот вилает каде сите селани се вооружени со добри пушки." (Писмо на Д. Никољски до Н.Г. Хартвиг од 21 март 1903 година, За македонското востание и подготовките за него, Санкт Петербург.)[312]

За разрешување на македонското прашање интересни размислувања искажал рускиот дипломат во Белград, Чариков. Тој во својот извештај од 12.03. 1903 година, запишал: „Најсоодветно за интересите на Русија би било- разделување на Европска Турција меѓу балканските држави, под услов сочувување меѓу нив политичка рамнотежа- во градот Константинопол заедно со неговата околија би требало при тоа да се создаде посебна администрација од претставниците на сите балкански држави под врховен надзори раководство на Русија. Обезбедувањето на Балканот на стратешките и економски интереси на Големите држави би можело да биде достигнато со посебна претходна спогодба меѓу нив". Распределбата на територијата според Чариков може да се изврши на следниот начин: Србите би можеле да го добијат одамна посакуваниот излез на море, по линијата Белград-Солун, земајќи ги по укажаната линија деловите од турската територија. На Бугарија би ѝ припаднала

---

311 Г. Тодоровски, Македонското прашање и реформите., 2 дел, 136 ; Г. Тодоровски, Реформите на големите европски сили...1 дел, 297-298

312 Руски документи за Македонија и македонското прашање (1859-1917), 246

сета сегашна турска територија кон југ и кон исток... Грција би го добила јужниот дел на Македонија меѓу новонастанатата бугарска граница и Јанинскиот вилает. Додека од последниот заедно со Скутарскиот (Скадарскиот) вилает би можело да се образува посебна албанска држава..."[313]

Подготовките на македонскиот народ за кревање на сѐопшто востание се одвивале многу брзо и состојбата била оценета како била тревожна. Поради понатамошни можни усложнувања, власта преземала мерки за поправка на патиштата и изградба на нови касарни. Во контекс на тоа високиот руски дипломат Николај Карлович Гирс (во извештајот од 25 јануари -1 март 1903 година) од Солун додава: „Бројноста на бандите од ден на ден нараснува. Во округот нема село каде што не би била загнездена чета востаници која што меѓу христијаните наоѓа делумно принудени, делумно доброволни покровители."[314] Гирс понатаму додава: "Револуционерните комитети со трескавична брзина подготвуваат сѐ што е потребно за востанието, врбувајќи во своите редови млади христијани, подготвувајќи обувки, облека, различни видови резерви и санитетски материјал".[315] Во една таква состојба заради зачувување на поредокот, месните власти често доаѓале во судир со востаниците. Поради овие настани бил воден разговор меѓу рускиот генерален конзул и командантот на турската војска во Македонија Хајри-паша. Во извештајот се вели: „состојбите од ден на ден стануваат сѐ понеиздржливи и по мирен пат разрешување нема да има. Она што во сегашниот момент го ангажира Турското правителство е:- какво би било гледањето на Русија врз преземањето на решителни мерки за пресметка со востаничките банди. Гирс мисли дека тешко би можело да се допушти револуционерната агитација сама да се распадне... сепак не треба да губи од вид можноста за едновремена експлозија во разни пунктови од трите вилаети и пресметка на Турците со востаниците."[316]

Поради незадоволството од реформите, револуционерните комитети дури правеле напори да го спречат нивното спроведување. Во извештајот од 3 март 1903 година, Ростковски запишал: „Тие го убедуваат месното население да купува оружје и да им се придружува на бандите, во спротивно заканувајќи им се со смртна казна. Во Конзулатот постојано доаѓаат депутати од селата за совет-што да прават-да ги

[313] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата.., втор том , 54-56

[314] Исто, 46

[315]Руски документи за Македонија и македонското прашање..., (1859-1917) , 241

[316] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата..,втор том, 47

извршуваат ли барањата на инсургентите, или не. Откако ќе го ислушаат советот од мене да не земаат никакво учество во претпоставуваното востание, делегатите ме молат да ги одбранам од инсургентите... јас ги советувам да се држат спокојно и решително да ги одбиваат предлозите на инсургентите кои потоа сами ќе се повлечат.“ Интересно е што од комитетите се плашеле и граѓани од други националности. Некои богати муслимани од страв да не бидат убиени, подарувале пари во револуционерниот фонд. Исто така и еден „богат грчки трговец, (исплашен) доброволно ја предложил бараната од него сума од 100 лири.“[317]

Турската власт стравувајќи од сè позачестената напнатост, употребила и други средства. Таа ја објавила споменатата “амнестија и ослободи околу илјада Бугари што се наоѓаа во затвор...и поголемиот број од нив побрза да им се приклучи на бандите.“ Од друга страна рускиот пратеник Чариков сметал, дека дозволата на христијаните да учествуваат во жандармеријата, постепено можела да доведе до прекинување на насилствата кои се вршат врз христијанското население.[318]

Рускиот конзул Машков, ги прецизира можните центри на востаничкото движење. Според него тоа се: Штип, Прилеп и Кичевската околија. Извештајот на рускиот конзулат дека „царската влада не го одобрува дејствувањето на комитетите и во случај на востание тие ќе бидат препуштени на нивната сопствена судбина, комитетите внимателно го кријат од населението.“ Револуционерите во Македонија дури се труделе да го убедат населението дека сето тоа се прави под покровителство на Русија. Машков понатаму дополнува, дека селаните од кочанското село Соколарци испратиле делегација до рускиот конзул, со цел се информира, дали има вистина во тврдењето на револуционерите дека движењето е по иницијатива на Русија.[319] Тоа го потврдува и рускиот конзул во Битола, Ростковски. Во извештајот до Зиновјев тој соопштува за засиленото револуционерно движење. „Треба да се забележи дека бројот на бандите постепено се зголемува, бидејќи комитетите го убедуваат населението дека востанието се подготвува по наредба на Русија“. Ростковски понатаму наведува: „Сарафов во својство на признат главен началник, му наредувал на селаните да продолжат да собираат оружје“ за подготвени да го започнат востанието, без да им каже кога точно тоа ќе биде, нагласувајќи ги дека тоа е по наредба на Русија. „Членовите на комитетите настојуваат да ги спречат селаните

---

[317] Исто, 48

[318] Руски документи за Македонија и македонското прашање (1859-1918) , 244

[319] Исто, 245

да доаѓаат кај мене, плашејќи ги да не ги откријам, бидејќи редовно ги испраќаат во Австрискиот конзулат, со кој комитетот одржува активни пријателски односи." На македонските револуционери добро им бил познат ставот на руската дипломатија во врска со подготвуваната поделба на Македонија. Поради тоа комитетот гледал со симпатии кон австрискиот конзул[320] кој би ја спречил поделбата, доколку се обезбеди нејзино покровителство. [321]

Еден од органите на македонскиот комитет весникот "Право", објавил статија во која ја осудил руската дипломатија, а напоредно со тоа и дејноста на руските конзули во Македонија. Така рускиот амбасадор и конзул се обвинети за „отворени турски шпиони кои бараат Македонците да се задоволат со мизерни реформи и ако нема да се задоволат, тие ќе ги препуштат на судбината."[322] Тоа го потврдил и конзулот Ростковски:„начинот на делување на руските конзули, кои што ги смируваат христијаните и ја контролираат реализацијата на реформите, претставува пречка на активностите на комитетите, и тие сакајќи да го поткопаат авторитетот на нашите конзули, не се стеснуваат да прибегнуваат кон клевети" (како оној во весникот „Право"). [323] Споменатиот весник понатаму го изнесува непријателскиот однос на руските дипломати спрема Бугарите. Поради тоа: „Русија загуби секаква

---

[320] Во прилог на овие симпатии кон австриската влада, мошне важно е да се забележи улогата на г.Вагнер, австриски дописник на францускиот весник " Le Temps". Тој во текот на своето новинарство се посветил на проучување на состојбите кај балканските народи. Особено давал детални информации за Револуционерна организација во Македонија и Бугарија. Господинот Вагнер лично се познавал со српските и бугарските дејци и служел како место за сигурен контакт меѓу нив. Виенскиот дописник имал многу блиски врски со водачите на Организацијата. Врските биле зајакнати како резултат на материјалната помош кој ја давал на сиромашните студенти. Тој воопшто" не ги криел своите симпатии спрема делото што го вршеле комитетите" но терористичките потфати со употреба на динамит не ги одобрувал. Обземен од тоа, тој често пати говорејќи за комитетите, го употребувал зборот" ние" односно "наши". Според Вагнер, Комитетите можат де сметаат на поддршката од Русија, но за нив покорисно е да потпираат не само на неа, туку и на општото европско вмешување. (Руски документи за Македонија и македонското прашање, 258-260 ; Поопширно и кај С. Дракул, Македонија меѓу автономијата.., втор том, 214-222, Во писмото од грофот Капнист, Виена 19 мај/1 јуни 1903 година)

[321] Руски документи за Македонија и македонското прашање (1859-1918), 248-249

[322] Исто, 247

[323] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата...,втор том, 69

привлечност меѓу населението, кое гледа во лицето на конзулите исклучително турски жандари: Битолскиот руски конзул (Ростковски) е наречен Турски агент.“ [324]

Сериозните закани за востание кои доаѓале од Балканскиот Полуостров, биле причина за нови иницијативи на руската дипломатија. Грофот Ламсдорф на 27 март 1903 година, испратил шифрирана телеграма до рускиот претставник во Софија, Бахмедов која требало да се достави до Кнезот и до Данев. Во изјавата меѓу другото стои: „Русија е наполно уверена, дека побараните реформи од Турција ќе бидат применети. Христијанските народности од трите вилаети би требало да ја обосновуваат својата доверба врз тоа, дека ќе настапат суштински подобрувања во самите услови на нивниот живот. Неопходно е кнезот Фердинанд и Неговото Правителство цврсто да дејствуваат, заедно со исконската заштитница на Славјаните -Русија, и доколку революционерните агитатори успаат да кренат востание во вилаетите- да се сочува полно незамешување во востанието.“ Потоа Ламсдорф додава „само под такви услови Бугарија може да смета на силна поддршка од Русија. Во спротивно при најмал обид на Бугарија да им даде помош на востаниците- Русија ќе симне од себе секаква одговорност за тешките последици на кои ќе биде подвргнато христијанското население на Турција“.[325]

Однесувањето и делувањето на претставниците на македонските комитети, предизвикувале сомневање и недоверба кај руските конзули. Рускиот конзул во Скопје добил писмо потпишано од двајца свештеници и од кметовите на селото Соколарци, Кочанско. Во писмото било запишано: „Тие барале од рускиот конзул укажување, како да се однесуваат спрема уверувањата на македонските четници. Четниците секоја ноќ се појавувале и изјавувале дека делуваат со одобрување на Русија и ги присилуваат селаните на придонеси во натура и пари или пак да ги терале да поаѓаат со нив. Свештениците го увериле конзулот, ако тоа се прави со одобрување на Русија, тогаш тие ќе појдат каде што ќе им се заповеда, но да им се овозможи безопасно место за нивните жени и деца.“ Претходно руското конзулство испратило соопштение до санџаците и казите според кое, Императорската власт не ја одобрува дејноста на македонските комитети. Од друга страна рускиот конзул Машков смета: „обрнувањето на селаните до Рускиот конзулат покажува дека,

---

[324] Исто, 34

[325] Исто, 71-72

влијанието на Русија не може да биде искоренето и масите на селското население не сочувствуваат со Македонското револуционерено движење“.[326]

Сите најави за востание во Македонија, сериозно ја загрижувале руската влада. Водачите на револуционерното движење и понатаму ја ширеле мислата меѓу населението, дека Русија била подготвена да им даде воена помош и цврсто стои зад нив. Сите напори на руските конзули да го убедат населението, дека Русија е против вооружената борба на христијаните против Османлиската империја, биле безуспешни. Тие им соопштувале како на интелегентните слоеви, така и на обичните граѓани, дека Русија ослободила многу земји кои биле под турска власт, па нема да ја одмине ниту Македонија.[327]

---

[326] Исто, 90-91

[327] Ольга Исаева, Македонская тема в Балканской политике России(1878-1913гг.) зборник, Балканот и Русија...,15

# Руската политика кон османлиска Македонија од Илинденското востание до Младотурската револуција

## Руската дипломатија и општествено-политичките прилики во Македонија пред Илинденското востание

Водачите на револуционерното движење биле разочарани од залудните напори со кои ќе се овозможи вмешување на големите европски сили. Тоа е времето кога се случиле познатите Солунски атентати кои го свртеле вниманието на европската јавност и нивната интервенција станала неопходна. Меѓутоа, „овие атентати во Европа предизвикаа гласно негодување“, биле осудени и тоа можеби ќе предизвика извршителите на заговорот „да се откажат од понатамошните дејства и поддршката на Бугарија ќе изостане“- запишал во својот преглед за состојбата во Турција, рускиот дипломат Зиновјев.[328]

Турската власт немала спокојство, затоа што солунските атентати би можеле да се прошират и во другите градови. Но уште поголем страв внесувала можноста од сè поголемите шанси за востание на христијаните. Зголемиот број на уапсени христијани поради можно учество во немирите, го намалиле стравот кај турската власт, а големиот масакр врз христијаните во Солун дополнително ја охрабрило турската власт и во голем степен го рабудил муслиманскиот фанатизам. После солунските атентати, централната турска власт испратила до властите во провинциите, упатства со кои им дала неограничено право на дејство по примерот на солунските колежи. Тие инструкции биле еден вид на поддршка, без некаков повод да се преземат натамошни репресалии.[329]

Во Скопје, солунските немири „го возбудија силно и без тоа наелектризираното муслиманското население од градот. Во две џамии беа одржани советувања на кои било решено беспоштедно да се истребуваат сите Бугари, уште веднаш штом ќе биде извршен и најмал атентат“. Ако се земе во предвид податокот

[328] Руски документи за Македонија и македонското прашање (1859-1918), 254

[329] Македония и Одринско(1893-1903) Мемоар на Вътрешната Организация, София, 1904, 113-114

дека во градот во тоа време доминирало турското население, од кои сите биле вооружени, оттаму и таа оправдана паника меѓу христијаните. Понатаму во својата тајна телеграма од А. Н. Манделштам до императорскиот претставник во Константинопол од 21 април 1903 година, известува: „Какви мерки би презел Хилми -паша за смирување на целокупната состојба и за предухитрување на атентатите, исто така и за заштита на христијанското население од репресалиите". За смирување на состојбите во цела Македонија, Генералниот инспектор имал намера да исели во Мала Азија 300 „сомнителни" семејства од сите вилаети. Но ваквата мера не ја одобрил големиот везир Ферид-паша и потоа таа била укината. При тоа Хилми–паша сметал дека ќе добие поддршка од странските претставници кои ќе учествуваат при составувањето на списоците. „Конзулатите и општествените згради ќе бидат силно заштитени од сите можни атентати."[330]

Кај турската власт преовладувало мислењето дека солунските атентати се најава за востание на христијаните. Нивните официјални и неофицијални кругови сметале дека токму Ѓурѓовден односно 23 април (стар стил) е ден кога треба да започне востанието. Настаните кои довеле до познатото Илинденско востание, само ја потврдиле претпоставката на турската власт.[331]

Напнатоста од солунските атентати ја растревожиле власта и во Битолскиот вилает. Особено тешка била состојбата во Битола. Многубројни патроли деноноќно крстосувале низ градот и ги обележувале куќите во кои живеат христијани, а оние пак кои доаѓале од други места биле веднаш враќани. Христијанското население најмногу стравувало од пописот на нивните куќи, бидејќи токму обележаните куќи би биле мета на муслиманите. Вознемиреното муслиманско население започнало да се групира и да презема мерки за одбрана од можни напади. Рускиот конзул во Битола во својот извештај до императорскиот претставник во Цариград од 23 април 1903 година, запишал: „се почувствував должен да се обратам до Валијата, со претставка за неопходноста од преземање на навремени мерки, за да не биде допуштено муслиманскиот џган да се нафрли врз мирното население". Валијата ветил дека нема да дозволи муслиманското население да учествува заедно со војската и ќе настојува да се спречи крвопролевањето. Турската полиција вршела постојани апсења на луѓе кои сметала дека имаат некакви врски со револуционерните комитети. Многу често тие поткажувања на власта ги правеле

[330] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата...,том втор, 111-112

[331] Македония и Одринско(1893-1903), Мемоар на Вътрешната ...,114

Грците. При посетата на битолскиот затвор рускиот конзул Ростковски бил згрозен од состојбата на затворениците. Поради неможноста да се бидат сместени идните затвореници, било предвидено да биде изграден нов затвор, но тој сè уште бил само проект.[332]

Особено напната била состојбата кај муслиманите кои очекувале да бидат нападнати од револуционерните комитети. Тие биле во состојба на готовност, па и најмал повод бил доволен за почеток на насилствата и колежот. Дури се слушале гласови дека христијаните ќе дигнат во воздух џамиите. Кавгата започнала на битолскиот пазар и тоа меѓу турскиот кафеџија Шериф и еден млекаџија-христијанин кој наместо да добие пари за млекото, бил застрелан. При тоа кафеџијата бранејќи се рекол, дека бил нападнат. Тогаш Турците се нафрлиле врз едно момче и со камења му ја смачкале главата. Веднаш потоа и башибузуците почнале да ги напаѓаат христијаните. За време на на жестоките напади, на турските банди им се придружиле и жандарми и чиновници и ги напаѓале луѓето. Повеќе од три часа турските банди беснееле низ градските улици изливајќи го својот бес. Турската полиција и жандармерија стрелале дури и по прозорците каде се наоѓале христијани. Целиот град бил во паника. Скриени во домовите христијаните во секој миг ја очекувале смртта. Официјалната власт бил само нем посматрач на немилите настани. [333] На граѓаните им било забранeто да го напуштаат градот, после заоѓањето на сонцето. Ако на некој му била потребна лекарска помош, тој можел да биде повикан само со поткупување на стражарите или во придружба на полиција. Целокупниот деловен живот бил прекинат. Дури и најпознатите солунски трговци-Евреи биле загрижени, бидејќи се плашеле да не останат без христијаните и на тој начин да останат без работа. На крајот поради интервенциите на конзулите, насилствата на Турците биле прекинати.[334]

Овој настан се случил во Битола(на 23 април/6 мај 1903 г.), на празникот Св.вмч. Георгиј (Ѓурѓовден) кога започнал невиден пустош и масовно убивање на христијанското население во кое биле убиени 25, а многу биле ранети. Колежот на

---

[332] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата...,втор том, 116-118

[333] Македония и Одринско(1893-1903), Мемоар на Вътрешната..,114 ; А. Н. Сквозников, Македония в конце XIX века...,67

[334] Х. Н. Брајсфорд, Македония, нейните народи....150-151

христијанското население траел цели два дена, во кои имало многу убиени и ранети луѓе.[335]

Така во текот на два дена биле убиени 25, а ранети повеќе од 30 души. Оние кои биле полесно ранети или претепани се криеле по куќите, а некои пак биле спроведени во битолскиот затвор. Овој број бил нереален, бидејќи властите тоа внимателно го прекривале. Во третиот ден од насилствата, рускиот и австрискиот конзул повторно го посетиле валијата „поднесувајќи му списокот на башибузуците, што убиваа христијани, баравме нивно казнување и затворање, бидејќи бевме уверени, дека единствени виновници за сето тоа се Турците-војници, жандари и башибузуци- на коишто му се придружиле дури и Евреите кои најмногу ги напаѓале децата и жените-христијани". За време на своите обиколки на низ христијанските квартови турските војници и жандари насилно ги претресувале луѓето, потоа ги тепале и им се заканувале дека ќе ги исколат сите христијани.[336]

Ниту на едно друго место не бил толку силно изразен турскиот гнев како во Битола. Впрочем тоа била и целта на турската власт да го уништат центарот на револуционерното движење во западниот дел на Македонија. Овие крвав масакр бил започнат, без да има некаква провокација од страна на Македонската Револуционерна Организација. [337]

Ниту родниот град на повеќето од атентаторите Велес, не бил одминат од турската одмазда. Овде биле апсени и мачени татковците, браќата, па дури и роднини на атентаторите. За таа цел во солунскиот затвор биле донесени и осудени 23 велешани. Меѓу нив бил и веќе остарениот Поп Јорданов, обвинет затоа што „имал таков потомок" (Орце) кој ги правел експлозиите со динамит.[338]

Меѓутоа и при вакви случаи валијата настојувал да ги оправда постапките на војниците. Наводно тоа го правеле поради својата дивина. Во градот скоро сите војници биле Албанци и затоа не постоела никаква дисциплина. На крајот во својот извештај, Ростовски бара од императорскиот претставник во Цариград да

---

335 В „пороховом погребе Европы"..., 311; А. Н. Сквозников, Македония в конце XIX и начале XX века....67

336 Овде станува збор за познатите Ѓурѓовденски колежи (6 мај 1903) кои настанале како последица на солунските атентати.

337 Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби...томъ първи , 265

338 Исто, 265

интервенира пред Портата и да му се даде заповед на валијата строго да ги казни турските виновници за да не се случи повторен колеж.[339]

За да се намали напнатоста меѓу христијанското население и да се нормализира состојбата во градот Битола, рускиот конзул Ростковски одиграл значајна улога. За тоа сведочи неговиот извештај од 28 април 1903 година:" Вчера тие се плашеа да служат служба во црквите, поради што, во согласност со духовенството им беше соопштено на христијаните да не се плашат да доаѓаат, бидејќи на богослужбата ќе биде присутен рускиот конзул. Гледајќи дека јас одам во грчката, а Г. Кохмански во бугарската црква, народот се ободри и појде во црквите". Рускиот конзул секојдневно вршел обиколки во градот и при тоа ги посетувал не само христијанските туку и муслиманските делови.[340] Месното население ги одобрувало ваквите чекори на рускиот конзул и го сметале за свој заштитник пред турската власт. Во врска со списокот кој му бил доставен на валијата за Турците кои ги убивале христијаните, "властите ги вложуваат сите свои усилби да докажат, дека нашите податоци не се точни и со тоа да ги спасат муслиманите од казнувања и со тоа ја изразувале својата крајна пристрасност". Рускот конзул понатаму наведува дека единствена заслуга на валијата е тоа што не дозволил да биде пуштена од касарната четата на Приштинскиот редифски баталјон, бидејќи "овие диви Албанци" (како што ги нарекува) биле во состојба целиот град да го разнесат. За да успеат да ги задржат во битолската касарна, бил задолжен дел од овдешниот гарнизон.[341]

Настаните во Македонија особено атентататите во Солун допринесле за уште посилно инволвирање на Австро-Унгарија во македонското прашање. Ползувајќи ја новонастанатата состојба, австриската воена морнарица без да се советува со руската влада, се утврдила во Солунското пристаниште. Таквиот потег бил оправдан, поради грижата на Австро-Унгарија за своите граѓани од атентатите. Овој самоволен чекор на австро-унгарската влада, предизвикал недоверба кај Русија, што значело и извесна мера до влошување на нивните односи. Странските дипломати поради стравот, револуционерното движење да не предизвика промена на статус-квото во Империјата, извршиле уште посилен притисок врз турската влада целосно да ги спроведе февруарските реформи. Но, тоа значело дека Портата ќе преземе уште

---

339 С. Дракул, Македонија меѓу автономијата...,втор том, 120-124

340 Во овие делови рускиот конзул не бил пречекан со симпатии. Напротив, неговото присуство предизвикувало крајна злоба, но и чудење, како еден ѓаур се осмелил да престојува или да помине покрај нив.

341 С. Дракул, Македонија меѓу автономијата...,втор том , 140-141

посериозни мерки против Македонската револуционерната организација. Силен притисок врз Портата најпрво направила руската, а потоа и австро-унгарската влада. [342]

Двете „најзаинтересирани сили", Русија и Австро-Унгарија настојувале по секоја цена да се задржи суверенитетот и непроменливоста на Османлиската империја. Таквиот заеднички став бил утврден на нивниот договор (1897), а бил поддржан и од другите европски држави. При евентуални немири тие било потребно да извршат силен дипломатски притисок, со кој ќе се овозможи повторно да се воспостави мир во Империјата. Во тој контекс, тогашниот министер за надворешни работи, Ламсдорф, покажал вонредна широка активност во укажувањето на штетноста од можно востание во Македонија. Таквата акција нема да биде поддржана од Големите сили, и затоа ќе биде осудено на предвремен неуспех. Во една таква неповолна положба, без да имаат сојузник, водачите на Внатрешната организација ја презеле одговорноста за неуспехот на востанието.[343]

Во тесна врска со македонското прашање и подготовките за востание, мошне интересен е раговорот на српскиот пратеник во Рим, Г. Миловановиќ со новинарот и личен пријател на Сарафов, Симеон Радев.[344] Спрема последниот: "во втората половина на мај, или почетокот на јуни, во македонските вилаети ќе треба да пламне општо востание. На располагање на комитетите се наоѓале, околу 20.000 луѓе, добро дисциплинирани и снабдени со достатно количество оружје, муниција и динамит. Во Македонија ќе настанат чуда – рекол Радев- во споредба со кои солунските настани се детска игра". Понатаму Радев потенцирал дека откако Македонија ќе добие

---

[342] Г. Тодоровски, Реформите на големите..., I дел, 298-299

[343] Глигор Тодоровски, Реформите на големите европски сили во Македонија (1829-1909) II дел, Скопје, 1984, 6 ; Симо Младеновски, Учество на Руси во Илинденското востание, (Зборник, Македонија и руската политика на Балканот од Берлинскиот конгрес до првата светска војна), Скопје, 2008, 187

[344] Симеон Радев (1879-1967) е познат револуцонерен деец. По потекло е од познато ресенско семејство со работа во Цариград. Својата револуционерна дејност ја започнал многу рано и се приклучил на Сарафистичките кругови во Софија. Најверојатно по нивна иницијатива во европските земји ја застапувал идејата за разрешување на актуелното македонско прашање. Во Женева заедно со Борис Сарафов го издава весникот "L' Effort" и " Le Mouvement Macedonien" во Париз. Радев бил истакнат претставник на автономистичко крило на македонското револуционерно движење, но подоцна се приклучил кон бугарската политика и дипломатија. ( С. Дракул, Македонија меѓу автономијата .., прв том, 323)

автономија (без разлика по каква цена), и доколку не биде ослободена со заеднички сили на Србија и Бугарија, таа може да биде под австриска окупација. Тој смета дека доколку Македонија биде заземена од страна на европските војски, како господарка на земјата најмногу би ја посакувале Австрија.[345]

Руските дипломати Капнист и Зиновјев често пати известувале за дејствата на Револуционерната организација која е создадена по многугодишни напори. Рускиот пратеник Зиновјев прецизира дека ”цела Македонија е заплетена во мрежа од искусно организирани заговори...и нивните банди претставуваат сериозна пречка за спроведување на реформите”. Двајцата дипломати (во април и мај) даваат податоци за социјалниот состав на револуционерните комитети. Тоа се: ”дипломатски агенти, учители, свештеници кои се расеани по сите села и го држат населението во страв и во свои раце”. Тој смета дека и директорите и учителите се членови на македонските комитети. За таквата состојба, тој ја обвинува турската власт и нивната негрижа која го имаа во предвид фактот дека македонските училишта претставуваат расадник на револуционери. [346]

Во почетокот на јуни 1903 година, пред подигнувањето на Илинденското востание, рускиот дипломат Капнист, испратил писмо до Министерството за надворешни работи ( МИД) на Русија во кое ги поставил следните мерки: а) Излез од тешката состојба може да се направи со конечно уништување на Револуционерната организација, во трите вилаети; б) Тој смета дека најопасно е да се споменува членот 23 од Берлинскиот договор. Тоа би предизвикало растројство на Османлиската империја и би дало повод Револуционерната организација да смета дека поради нејзините барања се прават отстапки.[347]

Руската дипломатија вон крајот на XIX и почетокот на XX век, настојувала по секоја цена, да ги спречи сите бранувања во Македонија. Како главен “виновник“ за тоа била Македонската револуционерна организација и нејзините комитети. Токму Револуционерната организација претставувала “суштинска опасност за нарушување на мирот на Балканот“. Руската дипломатија сметала дека официјална Русија не

---

[345] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата...,втор том, 147-148( Исписка од извештаите и писмата на Чариков и Муравјов, Белград, 4-6 мај 1903 година )

[346] Нина Дюлгерова, Международни аспекти на Илинденско-Преображенското въстание 1903 год. Варненски свободен университет, 6-7

[347] В. Поповски, Руската и советската надворешна политика..., 95( цитирано според оригиналот на АВПРИ Д. 2629. Л 34-36, 190)

може да се занимава со балканските работи и таа состојба треба да остане непроменета. Доколку христијаните сакаат да се одржат и понатаму да постојат, неопходно е да се придржуваат кон статус-квото на Турската империја и кон проектите за реформи. Целото свое внимание за решавање на македонското прашање се сведува кон реформите предвидени со Берлинскиот конгрес. На руските дипломати им било сугерирано да бидат особено внимателни и да не го поддржуваат револуционерното движење. Руските министри за надворешни работи им забранувале на своите дипломати да контактираат со македонските комитети и да не гледаат со симпатии кон револуционерната борба. Само со ликвидирање на водачите на Организацијата можат да се создадат поволни услови за успешно спроведување на реформите. Токму водачите на движењето дејствуваат врз христијанското население и ги наговараат дека тоа се прави со помош на Русија, па поради тоа царската влада ја осудува активноста на револуционерите и се бара четите да ја прекинат својата дејност.

Покрај овие наведените, постоеле и притисоци вршени врз балканските земји со цел да се одржи мирот на Балканот. Руската влада постојано им давала инструкции на своите конзули што треба да пренесат на своите влади. Балканските држави биле постојано предупредувани да останат неутрални кон кризата на Балканот и да го намалат своето ревносно заземање за Македонија. Во понатамошниот период руската дипломатија дури им се заблагодарила на балканските држави за покажаното неутрално држење и непристрасност спрема македонското прашање. Тие напоредно со тоа дури и се зближиле и со помош на Русија успеале да го спречат револуционерното движење.

Руската дипломатија за прекратување на револуционерата активност и за смирување на состојбите во Македонија им давала препораки и на бугарската влада. Таа ветувала дека ќе преземе сите мерки за да го спречи револуционерното движење и целосно да ги укине комитетите. Бугарската влада цврсто гарантирала дека нема да допушти да се формираат вооружени чети во Македонија, што впрочем тоа бил и нејзин интерес. Така во април 1903 година, руската дипломатија со задоволство ја информирала царската власт во Санкт Петербург за неучеството на бугарската влада во револуционерната агитација во Македонија. Рускиот цар покажал особено задоволство кога бугарската влада успеала да го промени Сарафов, а на негово место го назначил Despite Цончев.

Имајќи го во предвид сознанието дека бугарскиот егзарх може да влијае за убедување на населението да го игнорира повикот за востание, руската дипломатија

извршила одредени притисоци и врз него. Од егзархот се барало да дејствува врз учителите и свештениците односно врз училиштата и црквите. На тој начин духовниците ќе им дадат упатства, ќе го подучат населението да не учествува во немирите и да си ја извршува својата работа. Егзархот Јосиф испратил циркуларно писмо со кое ги известил бугарските владици во Македонија, да го убедат народот да не го помага и да не учествува во револуционерното движење. Против оние кои ќе покажат непослушност, да бидат преземени строги казни.

На крајот за задушување на револуционерното движење своја улога одиграла и руската дипломатија која имала толерантен однос кон турската власт. Имено, Русија ѝ давала полна слобода на Турција да дејствува против Македонското револуционерно движење. Турската власт имала право да презема строги мерки за да се спречат немирите во Македонија. Руските дипломати дури покажале загриженост од недоволното залагање и рамнодушноста на турската власт, па затоа им давала и начини за поголем ефект, а со тоа и поголемо спокојство и стабилност во Империјата. Охрабрени од ваквиот толерантен однос на руската дипломатија, турските власти започнале да преземаат поостри мерки против комитетите. Тие особено биле манифестирани при задушувањето на Илинденското востание, кога на турските војски и башибузуци им се дала полна слобода, неопходна за воени операции. Поради таквото залагање на рускиот цар, турските власти искажале благодарност од највисок степен.[348]

Состојбата во Битолскиот вилает од на ден станувала сѐ полоша. Страдањата на христијанското население тешко можеле да се следат, и уште потешко да се опишат. Револуционерното движење и понатаму траело. Комитските чети веќе се наоѓале во внатрешноста на земјата и имале намера после жетвата да го започнат востанието.[349] За тоа време ВМРО ја продолжила подготовката за општо востание. Главната цел на востаниците била да се ослободи земјата од османлиската власт или пак да се издејствува странска интервенција. Водачите на востанието погрешно процениле, кога се надевале дека Големите сили ќе се замешаат при разрешувањето на македонското прашање.[350]

И рускиот амбасадор Зиновјев со својот однос, придонесол за означување на почетокот на Илинденското востание. Имено, после убиството на конзулот

---

348 Р. Терзиоски, Руската дипломатија и македонските ...,41-58

349 В. Зарковић, Руске дипломате на удару атентатора у Косовском и Битољском вилајету...,135

350 Б. Јелавич, Историја на Балканот.., том II , 110

Ростковски, султанот Абдул Хамид испратил посебна депеша до руската влада во кое е изразен жал за настанот како и волја за секаков компромис. Зиновјев не добил никакви инструкции, а со својот став за понатамошна мирна политика и трпеливост уште повеќе придонесол за порешителна акција на македонските комитети. Тие дури очекувале дека ќе дојде до нарушување на руско-турските односи. Ова уште повеќе влијаело, Турците со сите сили да преземат акции за задушување на востанието, не само во Битолскиот, туку и во другите вилаети.[351]

Во една таква состојба без да биде обезбеден некаков сојузник, организаторите на востанието ја презеле целата одговорност. Означувањето на почетокот на востанието било неколку пати одложувано. Кај борците видлива била нивната нетрпеливост, печалбарите веќе пристигнати, а судирите на четите со турската војска биле интензивирани.[352]

Начинот на кој биле „спроведени“ реформите[353] бил проследено со жесток режим. Како резултат на тешката положба на христијанското население, било дигнато Илинденското востание кое започнало на денот на Св.пророк Илија( 2 август, 1903 г.). Во контекс на тоа рускиот конзул во Битола, Ростковски во својата телеграма од 23 јули 1903 година, додал: „По објавувањето на комитетот за општо востание, многу луѓе бегале во планините и се присоединиле кон бандите. Откако ги пресекоа телефонските линии, нападнаа три муслимански села, а исто така и христијанското село Смилево каде има турски војници...биле запалени неколку домови и била убиена една жена.“ За состојбата во другите кази, Ростковски не известува, бидејќи телеграфите не функционирале.[354] Тоа го потврдил и рускиот конзул во Солун, Гирс во својата телеграма од 23 јули 1903 година:„Телеграфските линии меѓу Битола и Солун се прекинати... цела северна половина на Битолскиот вилает е во востание. Цели села се присоединија кон четите... во повеќе места се

---

[351] В. Зарковић, Руске дипломате на удару атентатора у Косовском и Битољском вилајету.., 136-137

[352] Г. Тодоровски, Реформите на големите европски.., II дел, 6

[353] Застапникот на рускиот конзул во Скопје, Манделстам тврди: „Целокупната работа на Турција за воведување на реформи и начинот на кој е тој воден, само ги предизвикува христијаните на отпор. Претставниците на власта се најобични разбојници чиј старешина е Хилми- паша “.( В. Зарковић, Руске дипломате на удару атентатора у Косовском и Битољском вилајету..,136)

[354] Државен архив на Македонија. Подрачна единица во Битола. Руски императорски конзулат во Битола. бр.2.616.1.162/1

водат борби. За помош од Косово итно се повикани осум баталјони и два од овде. Во самата Битола царува тревога.“[355]

Тешко можеле да се опишат сите настани во кои што страдало христијанското население во овој крај. Известувањето било отежанато поради прекинот на телеграфските линии. Рускиот конзул од својот конзулат честопати ги гледал пожарите кои гореле во непосредна близина, кои многу го потсетувале на неодамнешните крвави Ѓурѓовденски настани.[356] Нападите на востаниците во Битолскиот вилает продолжиле и понатаму, а поради опасноста од налетот на турската војска, мноштво луѓе бегале во планините. „Многу села се запалени и турски војници се убиени. Турците се многу возбудени. Се слушаат гласини, дека во другите градови правеле ѕверства. Редифите и илавите им се сојузници.“-дополнил Ростковски за состојбата во тајната телеграма до рускиот абасадор во Цариград.[357]

Востанието било задушено од турската власт со голема жестокост. Ѕверствата кои ги вршеле војската и башибузукот тешко можат да се опишат. Насекаде биле убиени и ранети, масакрирани христијански жени и деца, осквернети православните цркви, обесени свештеници итн.[358] За време на востанието Централниот комитет на ТМОРО преку надворешните претставници во Софија, упатиле Декларација до владите на големите европски сили. Таа била објавена во бугарскиот и странскиот печат. Нејзиниот текст гласи:

“Неказнетите насилства на мухамеданците и систематските прогонства на админитрацијата, ги доведоа христијаните од Македонија и Одринско до неопходност да преземат една масовна вооружена одбрана. Тие ја прегрнаа таа крајност, откако ги исцрпија сите мирни средства, за да допринесат за интервенција на Европа во духот на договорите, кои ја уредуваат положбата на тоа население. Таа интервенција претставува како и досега единствено средство за да се отстрани злото и да се спречи пролевањето крв. Бидејќи безрезултатните постапки преземени до сега од европскиот концерт, да се подобри турскиот режим со повлијателни мерки, доведоа само до едно засилување на мухамеданскиот фанатизам и на државниот притисок. Таа интервенција може да биде успешна само ако се земат во предвид две значајни прашања:

---

355 Државен Архив на Македонија. Руски императорски конзулат во Битола...,бр.2.616.1.164.1

356 В. Зарковић, Руске дипломате на удару атентатора у Косовском и Битољском вилајету..,135

357 Државен Архив на Македонија. Руски императорски конзулат во Битола...,бр.2.616.1.163.4

358 А. Н. Сквозников, Македонский вопрос в внешней политике..., 5

1. Назначување во согласност со големите држави на еден главен управител, кој дотогаш не бил во служба на турската администрација и независен од Високата порта при исполнување на неговите должности.

2. Поставување на една меѓународна колективна контрола која постојано би применувала широки права на санкции".

Внатрешната организација ги отфрла сите одговорности и изјавува дека ќе ја поддржи борбата за целосно постигнување на својата цел, која црпи енергија од својот долг и од симпатиите на цивилизираниот свет. [359] Според овој документ Внатрешната организација се надевала дека големите европски сили ќе преземат мерки за интервенции во Турција, конкретно во Македонија која исто така спаѓала во Источното прашање. Од друга страна Организацијата добро знаела дека нејзиниот повик нема така лесно ја раздвижи европската дипломатија. Гледано од друг аспект, јасно се гледа дека водачите на востанието пројавуваат сомнеж во силата на востаниците и неговиот исход. При бугарско-турска војна и замешувањето на Големите сили, раководителите на востанието би ги реализирале своите вековни идеали. Турција стравувајќи од можна странска интревенција во својот европски дел, енергично дејствувала за што побрзо да го задуши востанието. На Портата ѝ било добро познато дека, доколку набрзо не го задуши востанието, ќе се појават нови иницијативи на европските држави, а со тоа и нови усложнувања. Ваквиот суров и варварски однос на турската власт спрема востаниците во Битолскиот вилает, дури бил поддржан од една од Големите сили- Русија.[360]

Водачите на Илинденското востание биле изненадени од суровоста на турската власт. По тој повод Даме Груев истакнал: „Не верувавме дека Турците ќе решат да применат таква жестокост, целосно да го уништат населението". Така Главниот штаб на 30 јули 1903 година, упатил Мемоар до претставниците на Големите сили. „Турската власт ги уништува нашите сили со еден од најварварските начини на загушување на движењето кое се состои во ограбување и горење на христијанските села и во обесчестување и убивање на жени и деца." Една од главните причини поради која востаниците не можеле да ја продолжат борбата била и тоа што во голема мера биле запалени повеќе воденици и уништени фурните и складовите со жито стационирани во планините.[361]

---

359 Х. Силяновъ, Освободителните борби...,томъ први, 355-356

360 Г. Тодоровски, Реформите на големите европски сили...,II дел, 8-9

361 Х. Силянов, Освободителнитѣ борби..., томъ први, 431-432

Поради бурните настани предизвикани од Илинденското востание, Виена (Париз) и Сан Петербург, уште во почетокот на август дале предлог да се свика Цариградска конференција на која ќе земат учество пратениците на Големите сили. Било планирано на конференцијата да се разменат мислења и предлози за решавање на новонастанатата состојба во Македонија. На тој предлог се согласиле Велика Британија и Германија. По тој повод рускиот амбасадор Зиновјев се обратил до британскиот амбасадор Никола О` Конор. Но, Британецот сметал дека за кризата во Македонија потребно е да разговара на ниво на влади, а не меѓу претставниците на големите сили во Цариград. Поради тоа и го одбил предлогот на Зиновјев ".[362] Турскиот пратеник во руската престолнина во еден извештај сведочи дека, против предлогот на Големите сили за свикување конференција во Цариград, бил и германскиот пратеник во Санкт Петербург. Тој сметал дека: „Состанокот на пратениците во Цариград, на таква конференција не е згоден, бидејќи тоа би ги окуражило востаниците што ќе и дадат друго толкување".[363]

За време на дипломатската активност на големите европски сили, Турција настојувала по секоја цена и што побрзо да го задуши востанието. Таа имала отворена поддршка од руска страна. Така на 23 август 1903 година, турскиот амбасадор во Санкт Петербург ја информирал Портата, дека Русија не ја променила својата политика на Балканот. Во тој контекс рускиот министер за надворешни работи Ламсдорф изјавил: „ И препорачувам на Високата Порта, да примени најстроги мерки против востаниците, а при тоа да не се вознемирува невиното население..." Непромеливоста на руска политика ја потврдил и францускиот пратеник во Санкт Петербург. Тој истакнал дека главната цел на руска влада е да се одржи и понатаму статус-квото во Империјата и да нема никакви воени интервенции. Тоа е потврдено и со еден дипломатски извештај во кој се вели: „Руската влада неколку пати имала случај да го изрази својот став спрема македонското прашање, осудувајќи ги сите потфати на словенските народи кон насилствената измена на постоечката состојба на Балканскиот Полуостров, заштитен со меѓународни договори". Царската влада не дозволувала промена на дотогашната состојба на Балканот и затоа ги осудувала сите обиди на христијанските народи. Русија со сите сили била против ослободувањето на Македонија, бидејќи тоа ослободување би значело пораз на руската влада и воопшто за руската монархија.

---

[362] Х. Силянов, Освободителнитѣ борби ...,том II, 38

[363] Х. А.Полјански, Ситуацијата во Македонија по Илинденското востание..,(фуснота број 104), 24

Иако руска надворешна политика била фокусирана на Далечниот Исток, тоа не значи дека таа не била незаинтересирана за збиднувањата на Балканот. Тоа преставувало само намалување во извесна мера на нејзината активност на Балканскиот полуостров. [364]

Министерот Ламсдорф укажува дека за императорската влада крајно е опасно општественото мислење да биде засегнато со натамошното раскажување на жестокостите кои ги претрпувало македонското население. Руската дипломатија се трудела да ги спречи и оние малубројни сили во Русија кои ќе изразат "поддршка на бунтовничките активности во Македонија" (главно се мисли на печатот), разни благотворителни комитети кои можат да го зголемат притисокот врз Русија итн. За да се избегнат таквите последици, министерот Ламсдорф смета дека треба да се преземат мерки за прекратување на сите иницијативи кои одат во полза на Македонците, предизвикани како од рускиот печат така и од славјанските комитети. На рускиот конзул во Битола, Кохмански му било наредено строго да внимава, испратената помош за настраданите од востанието да не падне во рацете на лица кои се вмешани во револуционерното движење.[365] Тогашниот руски конзул дури бил засегнат од силниот терор на турската власт, башибузукот, насилствата, како и од вонредно тешката положба на христијанското население по востанието. Трогнат од сето тоа, тој дури и го "замолил рускиот амбасадор Зиновјев, дали може да им даде макар и незначителни суми?".[366]

Руската општественост изразила длабоко сочувство спрема македонското население кое настрадало како последица на турските репресалии. Во Русија започнале да се собираат доброволни прилози наменети за бегалците. На тој начин Словенското благотворително општество од Санкт Петербург доделило 10.000 рубли. Во поглед на сочувство врз христијанското население покажала активност и европската општественост. Најмногу се истакнале британските добротворни организации. Напоредно со нив навалиле и протестантските и римокатоличките

---

364 Х. А. Полјански, Ситуацијата во Македонија по Илинденското востание..,21-22; Г. Тодоровски, Реформите на големите европски сили...,II дел, 16-17

365 Р.Терзиоски, Руската дипломатија и македонските бранувања...,159-160

366 С. Дракул, Македонија меѓу автономијата..,том втор, 374

мисионери кои го повикувале населението да премине во католицизам односно протестантство. Нивното покровителство го прифатиле повеќе населени места.[367]

Но, при испраќањето помош за настраданите во Македонија од руската општественост и високите кругови, нивната (руската) дипломатија не заборавила да потсети дека се станува збор само за хуманитарна акција наменета за настраданите, но во никој случај за поддршка на револуционерното движење во Македонија. Истата дипломатија повторно предупредила, помошта да не пристигне кај револуционерната организација. Таквата пасивна улога била поради стравот, да не појават активности кои би придонесле натамошно распалување на востанието.[368]

Рускиот конзул во Скопје А. Белјаев во писмото испратено до генералниот руски конзул во Солун, Гирс изразил недоверба за преземените реформи во Македонија и затоа вели: „Турците никогаш нема да воспостават ред во Македонија", па како решение за излез од таквата положба гледа во окупацијата на трите македонски вилаети со меѓународна војска и потоа на воведување автономија. „Нема друг излез освен окупација на трите вилаети од страна на меѓународни војски и воведување автономија", заклучува Белјаев. Истиот конзул дури ги обвинува повисоките институции на руската дипломатија, кои според неговото мислење се „добро укотвени во своите удобни положби и лекомислено се однесуваат кон овдешните работи..." и се сомнева дека сето тоа го знаат во Санкт Петербург и Цариград и „дали тие воопшто знаат каде одиме..." [369]

Последиците од востанието за македонскиот народ биле катастрофални. Тие ги опфатиле сите сфери од општествениот развој на земјата. Посебно тешка била состојбата на широките народни маси. Турската војска крстосувала низ Македонија и извршувала: палежи, грабежи измачувања на населението итн.[370] За оваа, рускиот конзул во Битола, Кохмански, во писмото од 20 октомври 1903 година, до рускиот амбасадор во Цариград, запишал: „Положбата во нашиот крај воопшто не е подобрена. Војниците со големи одреди продолжуваат да талкаат по селата, користејќи ги старите изговори за пронаоѓање на оружјето и со голем гнев го

[367] А.Н. Сквозников, Македонский вопрос в начале XX века и российская общественост, Самара, 2008,71

[368] Р.Терзиоски, Руската дипломатија и македонските бранувања.., 160

[369] Исто, 219-220

[370] Историја на македонскиот народ, книга втора, 248

измачуваат населението.“ Насекаде се гледале опустошени полиња, градини, лозја, а со настапувањето на студеното време состојбата била уште потешка.[371]

Начинот на кој било задушено Илинденското востание, ја разбранувало европската јавност. Дипломатските претставници од Битола, Солун и Скопје со своите детални извештаи, само ги потврдиле настаните од Битолскиот вилает. Францускиот амбасадор во Цариград Де Констант, ја известил својата влада за лошиот однос на турската војска спрема востаниците. Слични иницијативи презел и британскиот амбасадор во Цариград, Никол О' Конор. Тој побарал од министерот за надворешни работи Ленсдаун, да се преземат сериозни мерки за испраќање на воени пратеници на големите европски сили во Македонија. О'Конор сметал дека постои опасност од замешување на други земји и поголема можност за проширување на востанието. Меѓутоа, другите европски сили не го прифатиле барањето на Франција и Велика Британија. Тоа било направено со јасна цел, да не дојде до загрозување на нивните интереси. Од друга страна, Русија заедно со Австро-Унгарија и понатаму се залагала за статус-кво и не покажала интерес за воена интервенција на Балканот.[372]

Руските конзули во Македонија сликовито известувале за сите турски жестокости кои биле вршени за време на востанието. Истовремено тие барале начини како да го заштитат населението и заедно со месните австро-унгарски конзули испраќале дипломатски протести кај валијата и кај командантите на турската војска.[373]

Настаните по Илинденското востание предизвикале зголемен интерес на руската дипломатија. Така Министерството за надворешни работи (МИД) имало за примарна цел да го зголеми бројот на конзуларни претставништва во Македонија. Било планирано да бидат отворени вице-конзулства во Серез, Селфиџе, Мелник, Велес, Охрид и Кичево.[374]

Од времето на Илинденското востание, Русија се инволвирала во македонското прашање и процес за територијална распределба на европскиот дел на Турција меѓу балканските држави. Од тоа време до 1908 година, решавањето на

---

371 Државен архив на Македонија. Руски императорски конзулат во Битола..., бр. 2. 616.1.2/3

372 Г. Тодоровски, Реформите на големите европски сили...,II дел, 11-12

373 Н. Дюлгерова, Международни аспекти на Илинденско-Преображенското...,7

374 Р.Терзиоски, Руската дипломатија и македонските бранувања...,176

македонското прашање станало неизбежно во политиката на Големите сили на Балканскиот Полуостров.[375]

На двете „најзаинтересирани сили“ добро им било познато дека, состојбата во Битолскиот, Скопскиот и Солунскиот вилает, воопшто не се подобрила, напротив уште повеќе се влошила. Тоа ќе придонесе, Големите сили да преземат посериозни чекори за да се подобри состојбата во Македонија. Стравувајќи од опасноста на Италија, а особено Велика Британија, да наметнат порадикални реформи, Русија и Австро-Унгарија, презеле нови иницијативи. Австро-унгарскиот министер за надворешни работи, Голуховски, бил уверен дека старата реформска програма не донесла промена во турските вилаети. Тој сметал дека неопходно е да се преземат чекори за нова реформска програма, која и понатаму ќе ги запази политичките интереси на Австро-Унгарија. Од друга страна Турција поради суровиот однос спрема востаниците, сакала да докаже дека таа успешно ги реализирала реформите, па дури и ги надминала февруарските реформи предложени од двојната монархија и Русија. Била формирана и посебна комисија составена од претставници на сите верско-национални институции. Во неа членувале: Никола Робев од Битола- „Бугарин“, Пантелеј Мишо, Влав-„Романец“, Нико Костиќ од Скопје- „Србин“, Наум Никаруши, Влав-„Грк“ и еден Турчин од Солун. Оваа комисија претставувала помошно тело на генералниот инспектор Хусеин Хилми паша. Таа постоела само формално, немала влијание врз реформската програма и претставувала само дел од играта која што ја водела Турција. [376]

Илинденските настани силно ја раздвижиле европската дипломатија. Поради стравот од натамошно проширување на востанието и нови компликации, претставниците на големите европски сили во Цариград, поднесле неколку демарши до Илдиз Кјошк[377] со цел што побрзо да се воспостави мирот во овие румелиски вилаети.Така на пример, германската влада преку својот пратеник во Цариград, баронот Маршал му предложила на султанот да изврши реорганизација на војската и со енергични мерки да ја задуши (како што ја нарекува) „македонската револуција“. Во таа смисла, сличен демарш направил и рускиот пратеник во Цариград, Зиновјев. Но, ваквите притисоци врз Портата се покажале како неполезни

---

375 В „пороховом погребе Европы“.., 455-456

376 Г.Тодоровски, Реформите на големите европски сили...,II дел, 13-14

377 Така бил наречен, дворецот на султанот во Цариград.

и не го промениле односот на силите спрема македонското прашање, главно поради нивните противречности и различни интереси.[378]

Големите европски сили поради крвавото задушување на востанието, започнале да бараат интервенции кај Портата за воведување на реформи во полза на хритијанското население. Во спротивно настаните можеле да прераснат и да добијат големи размери и нови воени конфликти. Најголема активност за мирно решавање на македонското прашање, покажале токму Русија и Австро-Унгарија. Двете империи се труделе да го избегнат усложувањето на Балканскиот Полуостров и да се откажат од спроведување на активна надворешна политика на Балканот.[379]

Во една состојба на антагонизам помеѓу Русија и Австро-Унгарија од една страна и Големите европски сили од друга страна, била говорено за можна турско-бугарска војна, бидејќи Бугарија била обвинета дека таа го започнала востанието во Македонија. По тој повод Русија и Австро-Унгарија па и Германија, упатиле до другите сили Меморандум, кој соодржел колективно предупредување упатено кон турската и бугарската влада. Овој Меморандум бил доставен до големите европски сили на 15 септември 1903 година. Според него, Русија и Австро-Унгарија и понатаму се залагале за реформи, кои биле поддржани од Големите сили. Но нивното спроведување било отежнато од страна на Бугарија и на Турција. За смирување на состојбата во трите вилаети, двете влади дури ги предупредиле Софија и Цариград, дека нема да ја добијат потребната поддршка, ако се спротивстават при спроведувањето на реформите. На крајот големите европски сили, со исклучок на Велика Британија, го прифатиле барањето на Русија и Австро-Унгарија, за неспроведувањето на реформската програма, виновни биле Бугарија и Турција. Очигледно е дека овој Меморандум претставувал успешна проба за согласност на Големите сили за реформи во Македонија после Илинденското востание.[380]

Она што е посебно интересно за реформите во Македонија е интересот на Велика Британија. Нејзината дипломатска активност особено се засилила во септември 1903 година. Така Британија им предложила на Русија и Австро-Унгарија да вложат заеднички напори со цел да се воспостави мир во Македонија, а со тоа и на Балканскиот Полуостров. Но најдиректно „заинтерисираните“ страни не го

---

378 Х. А. Полјански, Ситуацијата во македонија по Илинденското востание..,21

379 А.Н. Сквозников, Македонский вопрос в начале XX века...,71

380 Г. Тодоровски, Реформите на големите европски сили...,II дел, 18-20

прифатиле таквото мешање на Британија на Балканот, сметајќи го за своја сфера на влијание.[381]

Рускиот министер Владимир Ламсдорф констатирал дека за руските интереси е неповолно активирањето на Германија, особено на Англија, кои предлагале конкретни мерки за нивно отстранување од делата на Балканот. Принципот за решавање на немирите од Источната криза преку пратенички конференции или европски комисии, не само што го смета за неповолен за Санкт Петербург и Виена, но и опасен за присуството во овој регион. Опасност не гледал во останатите држави од "европскиот концерт". Ламсдорф категорично сметал, дека треба да се намалат апетитите на другите европски држави и реформите треба да бидат само во рамките на австро-рускиот сојуз.[382]

Британскиот кабинет пред средбата на австрискиот и рускиот император во Мирцштег дал свои совети кои би биле разгледани на престојната средба. Британскиот министер Ландстоун на европските кабинети, а особено на Русија и Австро-Унгарија наложувал да ги имаат во предвид следните алтернативи: а) Генерал-губеранатор кој нема да има никаква врска со Балканот и Големите сили. Најдобро е тој да биде незаинтересиран за балканските работи и да е од Холандија, Швајцарија или од Скандинавските земји. Тој ќе биде непристрастен и на тој начин ќе бидат задоволни сите националности. б) Генерал-губернатор, муслиман, но со европски помошници. Турција треба да изврши реформирање на македонската жандармерија.[383] Предлозите кои ги доставила британската влада се речиси идентични со барањата на претставниците на ТМОРО изнесени во својата Декларација упатени кон големите европски сили по објавувањето на востанието. Британскиот министер преземал иницијативи, но дејствувал внимателно и сакал да го знае мислењето на владите и на другите европски сили. На тој начин сакал за секогаш да се стави крај на немирите кои владеат во овој дел на Балканот.[384]

Велика Британија се залагала да се преземат порадикални реформи со кои ќе го намали германското односно австриското влијание во европскиот дел на Турција. Британскиот парламент му посветил големо внимание на македонското прашање.

---

[381] Антони Гиза, Балканските държави и македонският въпрос, София, 2001, 20

[382] Н. Дюлгерова, Международни аспекти на Илинденско-Преображенското...,9

[383] Г.П Генов, Източният вопросъ..,, 524-525 ; Х. Силянов, Освободителнитѣ борби на Македония.., том II, 25

[384] Х. Силянов, Освободителнитѣ борби на Македония..., том II, 25

Главна причина за тоа е, да го зачува стратешкиот интерес, неопходен за една водечка сила бидејќи преку Моравско-Вардарската долина водел најкраткиот пат за Цариград, па и подалеку за Индија, која била најважна британска колонија. Исто така и Персискиот залив и Индискиот океан имале особено значење за британската политика. Друга причина за интересот на британскиот кабинет е тоа што повеќе децении се наоѓал во улога на политичка дефанзива, а во поглед на балканските прашања во блескава изолација ("Splendid isolation"), надвор од сојузи и обврски во односите кон другите држави. Таа се трудела да ја подобри дотагашната разнишана состојба, особено сега кога германската економска моќ се наоѓа во постојан пораст.[385]

Британскиот министер Лорд Ленсдаун во името на британската влада предлагал порадикални реформи. Тој планирал да го лиши султанот од власт во Македонија. Турција имала силни економски врски со Германија. Од тие причини Британија повторно го актуелизирала македонското прашање. Таа ги користела немирите кои настанале во Македонија во 1903 година, за да изврши екомонски притисок врз султанската власт. Британија дури настојувала да добие поддршка од Русија, со цел да го принуди султанот да ја промени надворешната политика кон Македонија.[386]

Британската влада дури настојувала Македонија да добие автономија или пак да има посебен статус со назначување на генерален гувернер, христијанин. Ваквата иницијатива на Британија била резултат на желбата да ги запази своите интереси и економската моќ во Империјата. Таа сакала да изврши притисок и врз Русија и со тоа позитивно да ги реши англо-руските спорови и да го намали руското влијание на Далечниот Исток. Британскиот став за порадикални реформи предизвикал вознемиреност кај Русија, Австро-Унгарија и Германија. Двете најзаинтересирани сили повеќе биле загрижени од притисокот на Велика Британија, отколку од востаничките акции во Македонија. Набрзо потоа следат австро-германски средби (18-19 септември 1903 година) на кои бил заземен став за заедничко настапување кое ќе биде од интерес за надворешната политика на двете земји. Овие средби претставувале и консултација на Австро-Унгарија со Германија, се одржале пред официјалната средба меѓу рускиот цар Никола II и австрискиот Франц Јосиф. За забрзување на потребата за воведување на нова реформска програма, големо

---

385 Александар Растовић, Македонско питање у британском парламенту (1903-1908), Ниш, 1910, 369

386 Историја дипломатије, свеска друга.., 165

влијание одиграло и пристигнувањето на британската флота на островот Крит. Стационирањето на морнарицата било оправдано поради опасноста за состојбата во Македонија. Друг повод за преземањето на конкретни чекори за нови реформи е тоа што Русија и Австро- Унгарија и понатаму сакале да го зачуваат приматот меѓу големите европски сили за реформите во Македонија.[387]

Илинденското востание ги манифестира вековните идеали на македонскиот народ за ослободување, а напоредно со тоа, претставува и протест против (неуспешните) реформи кои Големите европски сили ги преземале за подобрување на положбата. Реакциите на европската јавност предизвикан од односот на турските власти не само кон востаниците, но и кон населението, придонесол Концертот на Големите сили, преку најзаинтересираните земји Русија и Австро-Унгарија, да и испорача на Високата порта програма за воведување на реформи во Македонија. Доставената нота до Портата, претставувала еден вид продолжение на дотогашната политика за натамошна непроменливост на Империјата.

Рускиот министер за надворешни работи Ламсдорф, до амбасадорот Зиновјев во телеграмата (од 3 октомври 1903 г.), истакнал: „Русија и Австро-Унгарија непоколебливо го продолжуваат започнатото од нив воспоставување на мирот, без оглед на појавените тешкотии во нејзиното остварување. Додека, од една страна револуционерните комитети предизвикаа безредија и му пречеа на христијанското население на трите вилаети да соработува врз остварувањето на реформите, од друга страна органите на Високата Порта, на кои им беше наложено да ги применуваат тие реформи, не ја искажаа потребната готовност и не навлегоа во вистинските цели што беа основа на овие мерки. За да обезбедат општа сигурност, обете влади се договорија за поефикасни начини и контрола.“ На крајот двете земји изразиле надеж дека „нивните напори ќе ја постигнат назначената цел за воспоставување мир во настраданите предели и нивните наполно непристрасни совети ќе бидат прифатени.“[388]

Прелеминарните разговори меѓу Големите сили за новата реформска програма во Македонија се одвивале со забрзано темпо. Пред престојните разговори меѓу Ламсдорф и Голуховски, британскиот министер Ленсдаун испратил телеграма до својот британски пратеник во Виена, сер Френсиз Планкет (sir Francis Planket). Во телеграмата меѓу другото е искажано сознанието поради присуството на Ламсдорф

---

387 Г.Тодоровски, Реформите на големите европски сили...,II дел, 21-24

388 Македонија во меѓународните договори...,1875-1919, 149-150

во Виена, детално ќе разгледува ситуацијата која Австро-Унгарија и Русија ги довела на Балканот. „Ние сме убедени дека тие ќе ја разберат потребата од преземање на ефикасни мерки, за да се помогне ситуацијата во земјата и сакаме да ги увериме во нашата поддршка и да им ги дадеме некои индикации“. При тоа Грофот Ламсдорф им дал уверување дека таквите индикации ќе бидат добредојдени.[389] Државните секретари на Русија и Австро-Унгарија, Ламсдорф и Голуховски потребните инструкции им ги испратиле на своите амбасадори Зиновјев и Каличе кои и ги предале на Портата. Двете сили било потребно да ги разгледаат следните пет инструкции:

1. Потреба од проширување на Февруарската програма. Британската влада смета дека реформите нема бидат успешни доколку му бидат доверени на муслиман потчинет на султанот. Затоа треба да се назначи христијанин кој нема никаква врска со Балканот;

2. Турската влада треба да постави европски офицери и подофицери во доволен број за да ја преземат реорганизацијата на жандармеријата;

3. Повлекување од Македонија на сите недисциплинирани војски редифи или илаве(ти) и да се задржат само редовните војски. Двете сили да не дозволат навлегување на бугарски војски и чети преку границата;

4. Ние сметаме дека двете сили не гледаат позитивно на нашите предлози што големите сили испраќаат војни аташеа за придружба на турските војски.

5. Ние се надеваме дека силите ќе дадат согласност за давање помош на лицата кои ги биле приморани за време на востанито да ги напуштат своите домови и биле изложени на голема мизерија. Потребно е да им овозможи нивно повторно враќање. Со тоа биле поставени основите на најновата спогодба меѓу Русија и Австро-Унгарија, за реформи во трите македонски вилаети [390]

---

[389] Документи за борбата на македонскиот народ...,том прв, 417

[390] Х. Силянов, Освободителнитѣ борби...,том II, 33-34; Документи за борбата на македонскиот народ...,том прв, 417-418; Македонија во меѓународните договори...,1875-1919, 150-152

## Мирцштегската реформска програма

За престојната средба на австро-унгарскиот цар Франц Јосиф и рускиот цар Николај II, сè било подготвено. Железничката станица во Виена на која требало да пристигнат високите гости веќе изгледала празнично, а улиците биле украсени со австро-унгарски и руски знамиња. Рускиот цар бил придружуван од министерот за надворешни работи Владимир Ламсдорф и советниците: Хорман, Ковалоси и Лефтер, државните секретари- Коваленко и Трусов, потполковникот Радендорф и капетанот Ручкин. Таму бил срдечно пречекан од австро-унгарскиот цар Франц Јосиф, во придружба на високи државни чиновници и дворјани. После испуканите топовски истрели, високите гости се упатиле кон Шенбрунскиот дворец. На средбата покрај министрите за надворешни работи на двете земји Голуховски и Ламсдорф, присуствувале и рускиот пратеник во Виена, Капнист и австро-унгарскиот пратеник во Санкт Петербург, баронот Ерентал.

Од таму разговорите продолжиле во малото место Мирцштег[391] во околината на Виена.[392] Во тамошната ловечката резинденција, се сретнале двајцата императори и нивните министри и започнале советувања поради вознемирената состојба на Балканот предизвикана од Македонското револуционерно движење. Тука биле формулирани главните точки на втората австро-руска реформска програма, кои поради местото Мирцштег е наречена Мирцшегска реформска програма. Како основа на оваа програма се земени Февруарските реформи. Новина во новата реформска програма е тоа што таа ќе биде спроведена под меѓународна контрола.[393]

Русија и Австро-Унгарија со својата спогодба ги исклучиле останатите големи европски држави од било какво учество во реформската акција. Од тоа не била поштедена ниту Англија, која не била во сојуз со ниту една држава. Ваквото

---

[391] Селото Мирцштег (Mürzsteg) се наоѓа во Брук-Мурцушлаг во покраината Штаерска. Името најверојатно го добило по реката Мирц која имала тек низ селото. Селото од сите страни било заобиколено со планини. Се наоѓа на 782 метри надморска височина. Денеска во него живеат 612 жители.

[392] Г. Тодоровски, Реформите на големите европски сили...II дел, 31-31

[393] Македония и Одринско (1893-1903), Мемоар на Вътрешната Организация..., 259; Х. Бреилсфорд, Македония нейните.... 299; А. Н. Сквозников, Македония в конце XIX-начале XX века...,80

решение на двете држави било во спротивност не само со одлуките на Берлинскиот конгрес, туку и со сите други меѓународни договори и решенија донесени после Парискиот конгрес и правото сите Големи сили да имаат еднакво влијание врз Османлиската империја. Од таквото решение на двете царства произлегуваат следните заклучоци: тие се стремат да го запазат своето влијание на Балканот и да не извршат вистински реформи во Македонија, но само да ги усогласат своите спротивставени интереси на Балканот.[394]

Наредниот ден двајцата министри, Голуховски и Ламсдорф до своите пратеници во Цариград испратиле идентични телеграми со кои е означен почетокот на новата реформска акција на Русија и Австро-Унгарија. Во телеграмата до австро-унгарскиот пратеник, баронот Каличе е запишано: „Сосема неодамна вие бевте оптоварени да изјавите дека Австро-Унгарија и Русија се постојани во делото за мир кои тие го презеле и го подржуваат во изработената програма, наспроти тешкотиите кои досега се појавиле пред нејзиното спроведување. Зашто навистина, додека од една страна револуционерните комитети предизвикуваа смутови и му пречеа на христијанското население од трите вилаети да помага во спроведувањето на реформите, од друга страна органите на Високата порта оптоварени од барањето, воопшто не ја покажаа посакуваната ревност и не проникнаа во духот кој беше инспириран во тие мери. За да го изразат своето тврдо решение за наведните реформи прифатени од Портата, двете влади се согласија на поефикасен начин да вршат контрола и надзор. Вие ќе добиете точни инструкции за тој предмет... Владите на Австро-Унгарија и Русија цврсто се надеваат дека нивните постојани напори ќе ја постигнат целта за воведување на еден траен мир за настраданите провинции и тие се убедени дека нивните совети исполнети со безпристраност ќе бидат услишани во нивниот сопствен интерес од сите оние кои се упатени. По заповед на Неговото Императорско величество и Апостолски крал мојот Господар, јас ве поканувам да го соопштите горе изложеното на турската власт, потоа кога ќе се разберете со вашиот руски колега, кој добива идентични инструкции“.[395]

Во нив главно било опишано решението на двете држави да ја поддржат февруарската реформска програма за чие неспроведување биле обвинети револуционерните комитети и недоволната ревност на турските органи; осудено било дејството на комитетите и сожалување поради жестокоста на турските власти и

---

[394] Г. П. Геновъ, Източниятъ въпросъ.., 526

[395] Х. Силянов, Освободителнитѣ борби...томъ втори, 39

на крајот било подвлечено дека со спогодбата ќе се овозможи траен мир во настраданите провинции. Двајцата министри на своите претставници им укажале да ја известат турската влада за горе наведените телеграми.[396] Двајцата императори со ваквиот став само го потврдиле добро познатиот принцип од нивната спогодба од 1897 година, за одржување на непроменливоста на Османлиската империја. Со новата реформска програма двете „најзаинтересирани земји"се надевале дека ќе ги разрешат сите тешкотии, а при тоа да не предизвикаат некои подлабоки промени во Империјата. Истовремено, најавата за поефикасна контрола и надзор, значела и нов начин за реформи во Македонија во споредба со дотогашните реформи, при тоа вешто отфрлувајќи ја одговорноста за неспроведувањето на февруарските реформи во Македонија. Двете влади се надевале дека нивните иницијативи ќе бидат прифатени од турската влада.[397]

Пратениците на Австро-Унгарија и Русија на 22 октомври 1903 година, го врачиле целиот текст на Мирцшегската реформска програма. Еве го полниот текст[398] на овој документ: I. За да се воспостави контрола врз дејноста на месните отомански власти по однос на применувањето на реформите треба да се назначат при главниот инспектор Хилми Паша специјални цивилни агенти од страна на Автро-Унгарија и Русија, кои ќе бидат должни да одат заедно со главниот инспектор насекаде да му обрнуваат внимание на потребите на христијанското население, да ги запишуваат злоупотребите на месните власти, да им ги соопштуваат соодветните забелешки на пратениците во Цариград и да им поднесуват извештаи на своите влади за сè што станува во земјата. Како помошните на споментатите агенти да им се назначат секретари и драгомани кои ќе бидат задолжени да ги исполнуваат нивните заповеди и за тоа ќе биде дозволено да прават обиколки во казите, за да ги распрашуваат жителите од христијанските села, да вршат надзор на месните власти и др. Бидејќи задачата на цивилните агенти е да го следат спроведувањето на реформите и смирувањето на населението, нивниот мандат ќе истече по две години од денот на нивното поставување. Да се задолжи Високата порта која ќе им нареди на месните власти да им дадат на овие агенти секакви можности за да си ја исполнат својата мисија; II.Бидејќи реорганизирањето на турската жандармерија и полиција се најсуштествени мерки за смирувањето во земјата, се налага да се бара нова реформа

[396] Македония и Одринско (1893-1903), Мемоар на Вътрешната Организация..., 259

[397] Х.Силянов, Освободителнитѣ борби...томъ втори, 39

[398] Заради значењето на Мирцштегските реформска програма за трите македонски вилаети, текстот е приложен во целост.

од Портата. Кога се има предвид дека неколку души шведски офицери и други кои непознавајќи го ниту јазикот, ниту месните услови, не можеле да бидат полезни, би било пожелно кон првобитниот проект да се додадат и следните промени и дополнувања.

а.) Реорганизирањето на жандармеријата во трите вилаети да му се довери на еден генерал од туѓа народност при служба на царската влада, при која да бидат аташирани и воени лица на големите сили, кои ќе ги разделат меѓу себе окрузите, каде што ќе ја развиваат својата работа, како контролори, инспектори и организатори, на тој начин тие ќе можат да го контролираат и поведението на војската спрема населението.

б.) Тие офицери ќе можат да побараат, ако им се виде тоа неопходно, и помош од други офицери и подофицери исто така туѓинци; III. Откако ќе се установи смирување на земјата, да се побара од царската влада изменување на територијалната поделба на административните единици со цел поправилно да се групираат разните националности; IV. Во исто време да се бара реорганизирање на административните и судските установи во кои ќе биде пожелно да се вклучат и домашните христијани и да се толерира раширувањето на месните самоуправи; V. Наеднаш во поважните центри на вилаетите да се формираат мешани комисии, составени од еднаков број христијани и муслимани, за разгледување политички престапи и други дела извршени за време на бунтовите. Во овие комисии треба да земат учество и конзулските претставници на Автро-Унгарија и Русија; VI. Да се побараат од турската влада суми, определни специјално.

а.)За враќање на родните места на оние христијански семјества што избегале во Бугарија и на други места;

б.) За помош на христијаните што си ги загубиле своите имоти и куќи;

в.) за поправање на куќите, црквите и училиштата, урнати од Турците за време на востанието.

Комисиите во кои ќе заседаваат и христијани првенци ќе го решаваат раздавањето на овие суми. Австро-унгарските и турските конзули ќе го следат нивното распределување; VII. Во христијанските села, изгорени од турските војски и башибузукот, христијанските жители кои се вратиле ќе бидат ослободени од секаков данок за една година; VIII. Турската влада да се задолжи да ги воведе повторно и без одлагање реформите означени во подготвениот проект во месец февруари оваа година, како и оние за кои ќе се почувствува неопходна потреба подоцна; IX. Бидејќи повеќето од насилствата и ѕверствата ги извршија илавите и редифите од втора класа

и башибазуците, да се задолжи Портата за натаму да не се служи со илави и башибузуци и редовни војници.

Ако се покаже нужно од повеќе набљудителни пунктови и ако таа потреба ја забележат пратениците на Австро-Унгарија и Турција во Цариград, двете големи сили ќе можат да го зголемат конзулскиот персонал во трите вилаети, во погоден момент.[399]

Турскиот султан Абдул Хамид со цел да ги направи излишни упатставата од Санкт Петербург и Виена, прибегнал кон својот традиционален начин за неутрализирање на престојната опасност. [400] При тоа, Високата порта откажала да ги прими реформите главно поради засегнатите суверени права на султанот. Таа се базирала на одлуките од Берлинскиот договор според кои, големите европските сили биле задолжени да се грижат за оние провинции во Европска Турција кои биле населени со христијани. Реформите кои би ги вовел Хилми паша, биле оценети како безпредметни и излишни. При тоа, Портата имала поддршка од Германија и од таа причина, не отстапувала од својата одлука. Тоа наишло на реакција кај општественоста во западна Европа, особено во Англија и Франција. Тие предлагале да се стави крај на турските игри и да се изврши притисок врз Портата, па доколку тоа не помогне, да се назначи генерален губеренатор –христијанин.[401]

Големите европски сили, а особено подносителите на Мирцштегската реформска програма, наишле на голем отпор кај турската влада. Заради тоа биле извршени притисоци, со цел таа ја прифати новата реформска програма. Во една таква состојба повторно дошле до израз различните интереси на големите европски сили. Турската влада постојано ја потенцирала нивната непотребност со намера да добие во време и да го пролонгира нивното прифаќање. Во контекс на тоа на 10 октомври 1903 година, Хилми паша објавил телеграма. Таа била објавена еден ден после предавањето на австро-руската нота за реформите на Портата. Во телеграмата е искажано дека со реорганизацијата на турската жандармерија од европски

---

[399]Документи за борбата на македонскиот народ..,том први, 419-420; Х. Силянов, Освободителнитѣ борби...томъ втори, 42-43; Х. Бреилсфорд, Македония нейните народи...299-300;; А. Н. Сквозников, Македония в конце XIX -начале XX века..., 80-81; Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт, Македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает (1893-1903), Скопје 2003, 25-27

[400] Македония и Одринско (1893-1903), Мемоар на Вътрешната Организация..., 260

[401] Г. П. Геновъ, Източният въпросъ, 528

офицери, се навредува авторитетот и суверенитетот на султанот. Во прилог на таквата спротивставеност на Турција и одело неединството на Големите сили при донесувањето на Мирцштегската реформска програма.[402]

Поради неприфаќањето на новата реформска програма, Русија и Австро-Унгарија испратиле Меморандум до Високата порта на која турската влада не останала рамнодушна. Повторно како изговор било наведено загрозувањето на суверенитетот на Турција во трите румелиски вилаети и одредени точки од програмата кои не можеле да најдат примена. Затоа неопходно било да се преземат нови интервенции и притисоци од големите европски сили врз Портата со цел да ги прифати понудените реформи. Поради своето влијание врз Високата порта било побарано да се заземе Германија. Токму германската влада ќе одигра значајна улога при прифаќањето на реформите во Македонија, бидејќи во тоа време турско–германските односи биле на високо ниво. За тоа бил овластен од германскиот кабинет амбасадор во Цариград, Фрајхен фон Маршал. Во разговорите водени меѓу султанот и амбасадорот Маршал, последниот најпрво му сугерирал да се распуштат нерегуларните единици (редифите, илавето и жандарамеријата) кои само го нарушувале угледот на турската армија. Потоа Маршал го убедил султанот да има соработка со Русија и Австро-Унгарија, кои се залагале за територијална непроменливост на Балканот и дека со прифаќањето на Мирцштегската реформска програма нема да се нарушува суверенитетот на султанот.[403]

Во напорите за убедување на Портата да ја прифати новата реформска програма не заостанале и министрите и амбасадорите на другите земји, како што биле Каличе и Голуховски. Сличен став како и другите претставници на Големите сили зазел и рускиот пратеник во Цариград, Зиновјев. Заедничко за сите преземени мерки е да се заплаши султанот, доколку не ги прифати реформите можно е новата реформска програма да има многу порадикален карактер.[404]

Меѓутоа, турската влада со нота од 3 ноември 1903 година, повторно го одбила австро-рускиот Меморандум, а со тоа и реформите од Мирцштег. Веќе наредниот ден, рускиот амбасадор во Цариград, Зиновјев, соодржината на нотата ја

---

402 Г.Тодоровски, Реформите на големите европски сили.., II дел, 51-52

403 Исто, 53-54

404 Исто, 57-58

пренесол на руската влада. После тоа, руската дипломатија се заложила кај германскиот кајзер со цел да изврши силна интервенција кај султанот. [405]

Германскиот амбасадор Маршал пред султанот го изнесол мислењето на рускиот цар Николај II, како многу позитивно. Така тој од една страна и дал спокојство на Турција, а од друга страна ја предупредил за какви последици би можела да има, ако и понатаму ја одбива новата реформска програма. [406]

Во тој правец се одвивале и напорите на дипломатските претставници на Големите сили во Цариград, да ја убедат турската влада да ги прифати реформите. Така рускиот министер за надворешни работи, Ламсдорф, до рускиот пратеник во Цариград, Зиновјев испратил писмо со инструкции, каде опширно бил опишан ставот на руската влада спрема реформите во Македонија. Турската власт извршила големи злодела и не можела да го запре прогонот на христијаните, па поради тоа неопходно било да се преземат мерки за смирување на состојбата во македонските вилати. За време на разјаснувањето на одделни членови од новата реформска програма, било поставено барањето за назначување на двајца цивилни агенти, кои воедно би биле претставници на двете големи сили кај генералниот инспектор Хилми паша. Меѓутоа на Турција повеќе и одело во прилог, наместо еден Русин и еден Австриец, да бидат поставени германски претставници. Сите натамошни напори на Високата порта да измени некои одредби од реформската програма останале без успех. [407]

Се појавила потреба од уште поголем притисок. На крајот решавачката улога за прифаќање на Мирцештегската реформска програма од страна на Турција ја имала Германија. Германската влада сметала дека со спроведувањето на австро-рускиот проект на реформи, не само што нема да се наруши германската политика спрема Турција, туку и ќе бидат во уште подобра позиција во однос со својот конкурент - Велика Британија. Германската влада им укажала на турската власт на илузорноста од Мирцшегската програма и токму со нејзиното прифаќање, Портата барем привремено ќе го избегне мешањето на Британија во Европска Турција.[408]

Притиснат султанот не можел повеќе да ги одбива реформите и дал согласност дека ги прифаќа сите точки од Мирцштегската реформска програма.

---

[405] Исто, 66-69

[406] Исто, 84-86

[407] Исто, 88-90

[408] А. Н. Сквозников, Македония в конце XIX века...,84

Потоа турскиот министер за надворешни работи Тефик-паша на 24 ноември 1903 година, официјално со нота ги известил пратениците на Австро-Унгарија и Русија во Цариград дека Високата Порта ја прифаќа предложената реформска програма. Таа го задржала правото на приговор со Русија и Австро-Унгарија за одделни точки од реформите со оглед на дека тие се согласуваат на првата и втората точка кои се однесуваат за независноста, суверените права, угледот на царската власт и статус-квото на Империјата.[409]

Главната власт ќе му биде доверена на главниот инспектор Хилми паша, кој директно ќе биде одговорен пред султанот. Русија и Австро-Унгарија ќе назначат двајца цивилни агенти кои насекаде ќе го придружуваат европскиот мандатор- Хилми паша. Во служба на турската војска ке биде поставен генерал -туѓинец кој со помош на помошните офицери на Големите сили треба да ја реорганизира жандармеријата. Мисијата на офицерите од армиите на Големите сили, претставувала гаранција за воспоставување на мир и спокојство во вилатите.[410]

После тоа во Цариград за практично решавање на реформите во Македонија се собрале претставниците на големи европски сили. Тие биле должни под раководство на Русија и Австро-Унгарија да извршат реализација на Мирцштегската реформска програма.[411]

Главна цел на Мирцштегската реформска програма е смирување на состојбата и преку реформите подобрување на животот на христијаните во Македонија. Но со третата повелба, според која османлиската влада треба да изврши промена на територијалното разграничување на административни единици заради групирање на одделните националности, додатно се искомплицарала и така несредената состојба во вилетите. Наведената одредба им дала повод за промена на пропагандната дејност на соседните балкански држави. Како последица на тоа, тие уфлувале чети во Македонија, кои присилно го принудувале населението да определи за некоја од националностите која тие ја пропагирале. Таа подоцна би им

---

409 Х. Силянов, Освободителнитѣ борби...томъ втори, 47-48

410 Македония и Одринско (1893-1903), Мемоар на Вътрешната Организация..,262

411 А. Н. Сквозников, Македония в конце XIX века...,85

претставувала силен аргумент при конечната поделба на Османлиската империја. Таквата политика била инспирирана од руската влада.[412]

Поради многубројните судири меѓу четите на соседните држави, во 1904 година, амбасадорите на Русија и Австро-Унгарија испратиле посебна нота до Портата. Слабото дејствување на турска војска им овозможило на четите да водат меѓусебни борби, и поради таквото безредие, неопходно било турската власт да воведе мир и стабилност во вилаетите.[413]

## Дејноста на руските и австроунгарските цивилни агенти

После добивањето на нотата од Високата порта, со која официјално била прифатена Мирцштегската реформска програма, била одржана средба меѓу рускиот и австрискиот амбасадор во Цариград, Зиновјев и Каличе. Главната дискусија се водела за реорганизација на турската жандармерија во трите румелиски вилаети. Новата реформска програма не можела да се спроведе и без уште едно друго прашање, а тоа е определувањето на двајца цивилни претставници кај генералниот инспектор Хилми паша, и тоа еден Русин и еден Австро-унгарец. Било потребно да се пронајдат искусни личности кои ќе можат да ја вршат оваа мисија во трите румелиски вилаети (Солунски, Битолски и Скопски ). Руското министерство за надворешни работи (МИД), телеграфски го известила својот амбасадор, Зиновјев, заедно со Каличе да изработат инструкции кои требало да им се дадат на цивилните агенти. Телеграма со слична соодржина била испратена и од австро-унгарското министерство надворешни работи, кој го задолжило Каличе заедно со Зиновјев да извршат разработка на инструкции наменети за цивилните егенти. Така руското министерство се определило за дотогашниот генерален конзул во Бејрут, Николај Демерик, додека пак Австро-Унгарија за свој цивилен агент го определила Хенри Ритер Милер фон Рогај, конзул во Одеса. На 8 декември 1903 година, двете

---

412 Ванчо Ѓорѓиев, Реформи за мир или одлагање на конфликтот, 100 години од Балканските војни, (Прилози од научниот собир одржан на 3-4 декември, 2013 година), Скопје, 2013, 117-118

413 В. Ѓорѓиев, Реформи за мир...,118

„најзаинтересирани“ сили ги назначиле своите цивилни агенти како соработници на Хилми паша.[414]

Иако Портата се помирила со присуството на двајца „помошници“туѓинци, таа настојувала од нив да направи агенти кои пред главниот инспектор Хилми паша ќе имаат споредна улога. Таа доследно им ја признава нивната титула, со право да вршат надзор и да имаат свои секретари и преведувачи. Портата сметала дека султанскиот суверенитет ќе биде нарушен, доколку им се допушти на туѓинците сами без дозвола на централната власт да носат решенија. На крајот било донесено компромисно решение околу несогласувањата, со кои цивилните агенти можат да вршат анкети, да добиваат жалби од населението, да инсистираат за исполнување на реформите, но не да издаваат наредби и заповеди. Овие овластувања цивилните агенти можеле да ги вршат, само во присуство на турски чиновник. Единствено само главниот инспектор Хилми паша, имал право да решава и да дава заповеди.[415]

Примената на реформите започнала со пристигнувањето во Солун на двајцата цивилните агенти Демерик и Милер, на 21 јануари 1904 година. Тие биле зависни од наредбите и волјата на Хилми паша, што значи немале право сами да дејствуваат. Цивилните агенти со своите помошници патувале низ Македонија и при тоа на самото место можеле да го надгледуваат спроведувањето на реформите. Тие добивале жалби од населението кои ја изразувале тешката состојба во која се наоѓале, имале поплаки и од тешките злосторства кои ги вршеле турските башибузоци. На тие жалби цивилните агенти не им посветувале многу внимание, бидејќи тоа главно зависело од моменталното расположеност и волјата на турските власти. [416]

Руските дипломатски претставници во согласност со официјалната надворешна политика, ја гледале реформската акција како процес кој се одвива кон посакувана насока. Уште при првите извештаи на руската амбасада во Цариград, било укажано дека реформската дејност во трите вилаети се оценува позитивно и работата на двајцата цивилни агенти веќе започнала да дава резултати. Таквото тврдење било потврдено со факти. Ползата од медијаторната улога на двајцата цивилни агенти била призната од населението. Во упатените жалби кон цивилните

---

414 Г.Тодоровски, Реформите на големите европски сили..,II дел, 91-92

415 Х. Силянов, Освободителнитѣ борби...томъ втори, 48 ; Х. А. Пољански, Ситуацијата во Македонија по Илинденското востание..., 28

416 Х. А. Пољански, Реформите на големите европски сили..,31

агенти, доминантна улога имале нарушените права на населението. Само за првите шест месеци биле разгледани околу 600 жалби. Но, и покрај тоа, тие сметале дека резултатите биле сѐ уште скромни. Причините биле најразлични. Не само балканските, туку и европските држави немале доверба спрема новите реформи. Тешкотии се јавувале и поради соперништвото меѓу христијанските народи на Балканот. Најпосле, руските претставници како пречка ја сметале и ВМРО. Оваа организација само привремено ги прекинала своите революционерни акции и повторно ќе ги започне, откако ке согледа дека нема подобрување на состојбата во трите вилаети.[417]

Цивилните агенти за време на летото при посетата на разрушените околии на Битолскиот вилает, можеле директно да се се запознаат со населението и да ги слушнат нивните поплаки. Тие за време на посетата се запознавале со условите за живот на месното христијанско население, снабдувањето со храна итн. Во врска со оваа известува Петрјаев, кој на барање на цивилните агенти, го посетил Малесискиот округ (дел од Охридската и Струшката околија). По тој повод тој запишал: „Селаните насекаде нѐ пречекуваа со големо воодушевување и со нашето доаѓање поврзуваа некои свои посебни надежи. За карактеристика на расположениeто не можам да не ги наведам следните епизоди". Онаа штом им оставило силен впечаток, била нивната верност кон Револуционерното движење. Така на пример: „во селото Глобочица, свештеникот и мухтарот ме молеа да останам до утредента-20 јули (Св. Илија) за да ја отпразнувам со нив годишнината од (Илинденското) востанието". Во друго село, еден стар свештеник со гордост им раскажувал за неговите синови кои биле во планината. Она што можеле тие, да го забележат е односот на месното население кон настаните од востанието и духот на народот кој бил бодар и покрај мизерните услови за живот.[418]

Карактеристично било однесувањето спрема населението во Битола и Битолскиот вилает при посетата на цивилните агенти. За време на примањето на жалбите, тие љубезно се однесувале спрема тамошните жители. Таквото однесување ги зачудило и им оставило посебен впечаток на христијанското население. Гирс и Милер, сите жалби со внимание ги слушале и дале ветување дека ќе посредуваат кај Хилми паша, обвинетите да бидат казнети и да се исправат сите нерагуларности и

---

[417] С. Германов, Руската общественост и революционното движение...,165

[418] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, трети том, Скопје, 1997, 283-284; Х. Силянов, Освободителнитѣ борби...томъ втори, 78

незаконски дела. Колку во тоа цивилните агенти успеале е сосема друго прашање, бидејќи тие не биле во можност сами да решаваат за важни прашања.[419]

За време на овие посети во споменатиот (Битолски) вилает, цивилните агенти добивале информации за односот на населението спрема Мирцштегските реформи. Заменикот на австроунгарскиот цивилен агент Алфред Рапапорт, лично учествувал во тие обиколки и забележал: „Мнозинството од македонското население кое дигнало оружје за да добие автономија ветена со член 23 од Берлинскиот договор ја отфрлија Мирцштегската програма и заземе опозициски став спрема реформите. ...населението не беше задоволно од заштитата која им беше давана. За сомневањето да биде осветлено, цивилните агенти во летото 1904 година, во Охрид и околината добиле илјадници петиции со кои се протестираше против 'гнилите реформи' и се бараше автономија".[420]

Мерките кои ги преземала руската дипломатија, требало да послужат како задача за воведување ред во Европска Турција и за разрешување на македонското прашање. Но таквиот непрактичен однос спрема македонските вилаети, претставувал и можна опасност. За таквата состојба сведочи писмото на Зиновјев до Гирс, каде е запишано: „Главниот инспектор на вилаетот Хилми паша, кој очигледно дејствува по укажување на Илдизот, успал да ја ограничи дејноста на Граѓанските агенти и ги одолжува на непределено време важните за цврсто смирување и преобразување на крајот мерки, како иследувањето на самото место на жалбите од христијанското население, разрешување на споровите за користење на црквите итн" Зиновјев понатаму констатира дека „со замешувањето во македонските работи со помош не само со Австрија, туку и на сите Големи држави, ние си ја ограничивме нашата слобода на дејствување, ги испуштивме погодностите на својата исклучителна положба на Балканскиот Полуостров и си го намаливме нашето сопствено значење".[421]

Руската дипломатија настојувала сите преземени мерки да ги насочи кон спроведување на реформите кои биле зацртани со Мирцштегската реформска програма. Рускиот амбасадор Зиновјев ја соопштува записката испратена од граѓанскиот агент Гирс во која се вели: „Ние не можеме да не осознаваме, дека сме се зафатиле со работа, што не може да биде извршена, а која не е ни во согласност со

---

[419] Г.Тодоровски, Реформите на големите европски сили...втор дел, 178-179

[420] Х. Силянов, Освободителнитѣ борби...томъ втори, 78

[421] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата...,трет том, 410-411

нашите суштински интереси на Балканскиот полуостров". За поправилно разрешување на македонското прашање, Гирс понатаму тврди: „ние сме должни да бараме потпорна точка во постоечкото бугарско национално движење, раководено од македонските комитети, да му ги признаеме на тоа движење правата на постоење и непосредно да содејствуваме за надешта на Бугарите, во границите, што ние ќе ги укажеме и кои ќе ни бидат нам погодни". Токму Императорското министерство ја дало насоката на македонското прашање и затоа руската дипломатија имала обврска да ја спроведува таквата програма, која сепак постигнала завидни резултати. „Откажувањето од таа програма не би можело да не го расколеба нашиот авторитет на Балканот и би му дало нов импулс на револуционерното движење, со чијашто помош македонските комитети сметаат да ја попречат примената на реформите"- запишал рускиот граѓански агент Гирс.[422]

Рускиот цивилен агент Демерик, при еден разговор со Г. Начович, јасно го изразил својот став кон реформите во Македонија. Тој сметал дека реформската акција ги дала потребните резултати и тие би биле поуспешни, доколку не биле спречени од месната турска власт и Внатрешната револуционерна организација. На тоа бугарскиот дипломатски агент му одговорил: „Зошто ја обвинувате ВМРО, кога целиот свет знае, дека четите привремено го одложија оружјето, а Македонија се претвори во бојно поле од поддржаните од Турција српски и грчки чети?" При тоа Демерик додал дека четите имаат врска со населението, а српските и грчките чети имаат поткрепа од турската власт, со цел за да го ослабат словенскиот елемент.

Сепак мисијата на цивилните агенти при спроведувањето на реформите не постигнала значајни успеси. Рускиот цивилен агент Демерик добро ги разбрал задкулисните игри на Главниот инспектор во реформските акции и за својата положба – може да дава совети, да го придружува насекаде Хилми паша, но нема никакви права. Тие не влегувале во конфликт со Генералниот инспектор, за да не ја направат својата положба потешка. На тој начин и Демерик и Милер се помириле со нивната подредена улога која требало да ја имаат во „македонската реформска комедија."[423]

Цивилните агенти Демерик и Милер и понатаму ја продолжиле својата дејност, придружувајќи го генералниот инспектор Хилми паша за време на

---

422 Исто, 398-399

423 С. Германов, Руската общественост и революционното движение...,166; Македония и Одринско (1893-1903) Мемоар на Вътрешната Организация..,269

патувањата низ Македонија. Тие и покрај ограниченоста и понатаму ги примале молбите и поплаките на населението. [424]

Двајцата цивилени агенти својата дејност ја извршувале активно и со голема пожртвуваност. Во прилог на ова е приложен разговорот на Дамјан Груев со уредникот Кирилов, во весникот „Новое время". На прашањето „што прават цивилните агенти, тој одговара, тие работат и дење и ноќе...нивните добри желби и енергија, не доаѓаат под сомневање; наполно достапни на населението, тие се сепак бессилни. Хилми- паша при најважните случаи не ги слуша нивните совети, овие македонски маченици буквално се истезаваат; јас нив длабоко ги сожалувам; тие самите горко се жалат во приватните разговори на својата трагична положба".[425]

За застапување на цивилните агенти пред турската власт од населението постојано биле испраќани барања и молби. Таква молба до рускиот цивилен агент Демерик, испратил и дебарскиот митрополит Козма. Причина за тоа бил нападот од страна на разбојникот Муктар Дука со уште 5 разбојници, врз метохот во дебарското село Рајчица, кој му припаѓал на Бигорскиот манастир Св. Јован. За време на борбата меѓу разбојниците и војската, вторатa за да ги уништи разбојниците, го запалила метохот од чиј што пожар било уништен целокупниот манастирски имот и сè што е вредно. Затоа митрополитот во молбата упатена до Демерик изразил надеж дека „Султанот секогаш ги поткрепувал и ги помагал манастирите со што ги ослободувал од сите даноци и им подарувал земја и шума". Затоа Козма бара „да му се плати поскоро 2500 лири на манастирот и поради направените загуби, да биде ослободен неколку години од сите даноци за земја".[426]

Цивилните агенти вршеле посети и на затворите во кои престојувале затворениците. Во тоа време во центарот на Битолскиот вилает постоеле два затвори во кои биле држени околу илјада луѓе. Во писмото до Зиновјев, рускиот цивилен агент напишал: „За време на посетата (заедно со австрискиот агент) ние имавме полна слобода за распрашување на затворениците. Освен жалбите од лична природа, ни укажуваа на лошата организација на медицинска помош, ограничен број на часови за видување со своите најблиски како и купувањето на прехранбени артикли на своја сметка, бидејќи им бил даван единствено само лебот". Покрај другото, рускиот цивилен агент не можел „да не ја забележи разликата во материјалната

[424] Г.Тодоровски, Реформите на големите европски...III дел, 211

[425] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата.,четврти том, 17

[426] Исто, шести том, 25-26

положба меѓу Грците и Бугарите. Првите се наоѓаат во неспоредливо подобри услови, бидејќи секој Грк добива од грчкиот комитет 50-100 франци месечно, со што се здобива со поголеми удобства“.[427]

Поплаки до руско-автриските цивилни агенти во Битола упатило и населението од Вевчани. Повод за тоа биле злочестијата извршени од разбојници предводени од Бајрам Лимани од Велешта (Охридско). Имено оваа шајка, во селската мандра, убила еден овчар и отерала 595 овци. Во писмото од населението на Вевчани стои: „ ние известивме како до Вас, така и до вилаетската управа. Досега само очекуваме да да ни биде вратена оваа загуба и несреќа...Затоа најпокорно ги молиме Вашите Високи Превосходства да ги земите под Вашето благонаклоно внимание нашите поплаки..“[428]

Често пати руски конзули сами патувале низ вилаетите, со цел лично да се запознаат со места од кои редовно не добиваат вести. Такво патување и покрај наговарањето на валијата да се откаже од такви маршути, направиле и управителот на руското конзулство Кохмански и австрискиот конзул. „Нам ни беше неудобно на почетокот, многу да настојуваме, со оглед на тоа, што Генерал-губернаторот при секој таков наш проект наоѓање практични отежнувања- де под изговор дека месноста е немирна, де божем заради неможноста да најдеме ескорт- така што ние бевме присилени да се воздржуваме и да дадеме таков план кога валијата ќе одобри и на тој начин да биде одбегнато секое судрување со власта“. Руският претставник имал план да ги посети Гевгелија, Кавадарци и Воден. Тиквешијата претставувало околија со христијанско и муслиманско население. Она што му оставило негативен впечаток е тоа што „христијаните не смееја отворено да ни се обратат во градот со своите потреби, макаршто, како што дознав потоа, тие се спремале да се соберат пред нашето пристигнување; да навлегуваме подлабоко во внатрешноста на казата, заради искажаните соображенија, но ние не сакавме“. Двајцата конзули после патувањето дошле до заклучок, дека ваквите патувања се полезни заради запознавање со настаните на самото место. Исто така „појавата на конзулите на самите места, остава силен впечаток врз провинциските власти, присилувајќи ги да бидат повнимателни во своите однесувања спрема христијанските жители“.[429]

[427] Исто, 32-34

[428] Исто, 45-46

[429] Исто, петти том, 117-123

Меѓутоа со доаѓањето на жандармериските офицери во Македонија, улогата на цивилните агенти значително опаднала. Населението сè помалку барало помош од цивилните агенти. Власта имала почит кон Де Џорџис, што било причина угледот на цивилните агенти да опаѓа. Селаните му давале поголемо значање: поради неговата воена подготовка, излегувањето на терен со своите помошници, желбата да се информира за настаните на самото место, им давал можност на селаните ги изразат своите жалби итн.[430]

## Дејноста на руските офицери при реорганизацијата на турската жандармерија

Сите жандармериските офицери биле внимателно одбрани. При изборот на офицерите, петте големи сили воделе сметка како за стручната подготовка, така и за нивниот сопствен углед. Во Македонија биле испраќани најподготвените офицери, кои покрај тоа што со успех ќе ја спроведат реформација на жандармеријата, ќе го штитат месното население, ќе го издигнат и угледот на земјата од каде што доаѓаат. Со други зборови, определените офицери ја спроведувале официјалната политиката на своите влади. Во зависност од тоа, едни странски офицери настојувале само да ја исполнат својата мисија и да ја запазат рамнотежата во односите спрема христијанските народи, други покажувале поголема заинтересираност, а додека трети биле насочени само кон примената на реформите во жандармеријата.[431]

При реорганизацијата на жандармеријата се јавувале тешкотии. Особено спорно било прашањето кој ќе раководи со жандармеријата. Турција предложила за таа цел да биде поставен Германец. Но Германија го одбила предлогот бидејќи стравувала да не го разниша турско-германското пријателство. Австро-Унгарија предложила за реорганизатор на турската жандармерија да биде поставен италијанскиот генерал Емилио Де Џорџис,[432] кој одлично ја познавал

[430] Г.Тодоровски, Реформите на големите европски...III дел, 212

[431] Х. Силянов, Освободителнитѣ борби...томъ втори, 79

[432] Де Џорџис (De Giorgis)е роден 1865 год.во Суса, во италијанската покраина Пиемонт. Прво бил поручник во италијанската војска, па станал заповедник, а потоа извршувал и други високи воени должности. Пред заминување во Македонија, бил командант на дивизија во

жандармериската служба. Италијанските офицери имале стекнато искуство при реорганизацијата на жандармеријата на островот Крит. Австро-унгарскиот предлог бил раководен и од многу поважна причина. Имено, се настојувало Италија да се приближи до Мирцшегската реформска програма и да ѝ стави на знаење на италијанската влада дека Австро-Унгарија не ја негира Италија во однос балканските прашања. Договорот бил потпишан на 14 март 1904 година. По долги дискусии повторно со посредништво на германската влада, Портата била принудена да попушти и да го именува италијанскиот генарал Де Џорџис за реорганизатор на турската жандармерија.[433]

По назначувањето на генералот Де Џорџис за командант на турската жандармерија, се појавиле спорови околу поделбата на жандармериските сектори. Со тоа на виделина повторно се покажале противречностите и различните интереси на Големите сили. Така Русија го резервирала секторот на Воден, Австро-Унгарија секторот на Скопје, а на Италија и преостанало поради западните области на Балканот, да бара да и биде доделен секторот на Битола.[434]

Пред да се одобри нивното назначување, странските офицери во Цариград направиле консултации во врска со реогранизацијата на жандармеријата. Меѓу претставниците на комисијата се воделе големи спорови за територијалната распределба на Македонија за реорганизирање на жандармеријата на шест окрузи, за секоја сила по една. На крајот комисијата решила реформите да се спроведат во рамките на етничките граници на Македонија. Реформските акции биле насочени во оние области каде што влијанието на Македонската револуционерна организација било најсилно. Спорот кој се појавил се однесувал за поделба на реформираните области по жандармериски сектори. Тука доаѓале во судир интересите на Големите сили. Од комисијата било решено: Солунскиот вилает да го добие Русија, Скопскиот вилает да го добие Австро-Унгарија, Битолскиот - Италија, Серскиот –Франција,

Сардинија. И покрај спротивставеноста на турската власт, успеал да ја обезбеди дејноста на странските офицери во турската жандармерија во румелиските вилаети.

433 Х. Андонов -Полјански, Ситуацијата во Македонија по Илинденското востание..., 28-29; Г. Тодоровски, Реформите на големите европски сили...втор дел, 104

434 Кочо Сидовски, Италија и Македонија од крајот на XIX век до 1909 година, ИНИ, Скопје, 1994, 94-95

Драмскиот –Англија. Германија го откажала учеството на свои офицери во турската жандармерија.[435]

На тој начин Големите сили си обезбедиле свои сфери на влијание односно извршиле поделба на Македонија. Со добивањето на Солун и западните делови на вилаетот, Русија успешно се одбранила од Австро-Унгарија, која копнеела за солунското пристаниште. На Австро-Унгарија и бил доделен Скопје кој претставувал важен центар за проширување кон северна Албанија.[436]

Меѓутоа, напорите за цврсто смирување на состојбата во Македонија и за врамнетожување на состојбата, не ги дале посакуваните резултати. За тоа ни сведочи записката на Гирс: „Непријателствата меѓу сопереничките народности Грците, Србите, Бугарите и Албанците кои доаѓаат со свои барања, се води со несмалена жестокост. Борбата на овие народности поради Македонија се одразува, при рапределбата на округите меѓу европските жандармериски офицери и меѓусебните односи меѓу најповеќе заинтересираните за таа работа Големи држави, ставени во неопходност, заради одбрана на своите интереси, да влегуваат во една или друга форма“.[437]

Меѓу учесниците во комисијата се воделе расправи: за надлежностите на началникот на жандармеријата, за бројот на странските офицери, за нивната униформа, за чиновите на офицерите итн. Времето одминувало, а жандармериските офицери сè уште заседавале. Турците со цел да ги задржат странските офицери во Солун на поголемо растојание и добијат на време, ползувале непотребни барања за разни прашања или пак се враќале на веќе разрешените прашања. Ваквата тенденција ја забележале англискиот и францускиот конзул во Солун кои веднаш реагирале со цел нивните офицери да го напуштат Солун и да ги заземат определените места. Кога генералот Шостак за еден руски весник бил запрашан, кога Де Џорџис планира да замине за Македонија? Тој одговорил: „Ние брзаме околу 20 март оваа година да патуваме во Македонија. На тоа инсистираат и цивилните агенти. Тамошното македонско население не верува дека постои нашата жандармериска комисија, која функционира негде во Цариград, далеку од срцето на Македонија. Во Солун ќе ја разработиме инструкцијата на жандармеријата, ќе ја

---

[435] А. Н. Сквозников, Македонский вопрос в политике великих держав...86; Х. А. Полјански, Реформите на големите европски сили...,30

[436] Х. Н. Брајсфорд, Македония, нейните народи...,301

[437] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата..,трети том, 141

завршиме последната точка на заседанијата, ќе ги повикаме сите офицери и подофицери и ќе одиме во своите санџаци."[438]

Иако стапиле на должност, руските офицери сè уште се наоѓале во Солун и ниту еден од нив не го посетил својот терен. Веќе во првата половина на мај 1904 година, рускиот полковник Свирски, Милер и потполковникот Салис-Севис отпатувале во Битола за да изнајдат станови, бидејќи со Хилми паша било потребно да отпатуваат за Битола.[439]

Пристигнувањето на странските офицери и реоганизацијата на турската жандармерија, според извештајот на Петрјаев до рускиот амбасадор во Цариград, претставувал мошне важен чекор на реформаторската дејност. Снабдени со укажувањата на генералот Де Џорџис, „офицерите веќе се распоjдени по местата на своите назначувања. Покрај специјалните обврски во преобразувањето на жандармеријата, тие ќе укажуваат важни услуги при примената на разните реформски мерки".[440]

За началник на руската воена мисија во Солунскиот вилает бил назначен генерал-мајорот Фјодор Александрович Шостак. Руските жандармериски офицери биле примени од солунскиот валија, Рауф паша, но официјалната турска власт во овој вилает немала голема доверба иако тоа било во согласност со руско-турските односи. Русија заедно со Австро-Унгарија спаѓала во т.н најзаинтересирани земји овластени од големите европски сили за настаните во Европска Турција. Таа како христијанска земја покажувала интерес за христијанското население на Балканот. Руско-јапонската војна (1904 г.) и неуспесите на руската војска исто така влијаеле за намалување на авторитетот на руските офицери во Солунскиот вилает. Русите ја имале таа несреќна околност, затоа што се појавиле во време кога муслиманскиот свет се радувал на поразот на руската војска на далечниот Исток[441]. Како последица

---

438 Х. Силянов, Освободителнитѣ борби...томъ втори, 54

439 Глигор Тодоровски, Реформите на големите европски сили во Македонија (1829-1909) III дел, Скопје, 1984, 38

440 С. Дракул, Македонија меѓу автономијата..., трети том, 199

441 За време на летото 1904 година, кога Русите патувале во Битолскиот вилает, во една канцеларија на еден турски чиновник, ги забележале на една карта обележани воените успеси на Јапонија против Русија. Таквиот непријателски акт ги навредило руските претставници.(Х. Силянов, Освободителнитѣ борби..., томъ втори, 83)

на тоа, гласот на руските жандармериски офицери помалку бил слушан кај месната турска власт.[442]

Христијанското население во Македонија од Илинденското востание било потполно истоштено и трпело тешки последици. Тоа очекувало да се изврши: спроведување на реформите со Мирцштегската програма и пристигнувањето на руските офицери во земјата, бидејќи населението било уверено дека со настапувањето на овие офицери ќе дојдат подобри времиња и сите неправди ќе бидат надминати. Руските офицери ќе бидат сигурна заштита од сите притисоци и неправди. Какви очекувања имало населението од нивното присуство, ни сведочат зборовите на митрополитот Герасим: „Макар и ништо не правете, но само бидете овде и веќе е добро, веќе е можно да се дише“.[443]

Под команда на генерал-мајорот Шостак се наоѓале: потполковникот Свирски кој вршел спроведувањето на реформи на жандармеријата во Гевгелија, Кавадарци и Воден; капетанот Воронин ги спроведувал реформите во Струмица, Дојран и Енице Вардар и штабот на капетаните Певцов и Сурин, а додека Кукуш и Лангаза се наоѓале под директна управа на генерал-мајор Шостак и капетан Полтанов. Поставувањето на руските офицери во Македонија било примено со воодушевеност од страна на христијанското население. Населението сметало дека со Мирцшетгските реформи прикриено ќе се отстрани турската власт од Македонија и Русија и Австро-Унгарија ќе ја земат управата во свои раце. Но набрзо им станало јасно дека граѓанските агенти на двете империи имаат функција само да ги набљудуваат реформите. Ограничените полномоштва на меѓународната контрола предизвикала разочарување кај месното население. Еден значаен дел од христијанските народи живеел со надеж дека токму со помош на руските офицери ќе се овозможи подобрување на својата положба. Населението упатувало многу жалби[444] и барања до руските офицери за да им дадат поддршка пред турските власти. Офицерите жалбите им ги соопштувале на кајмакамите, а неразрешените жалби од нив, биле упатувани до Генерал-Инспекторот, кој брзо донесувал одредени

---

442 Х. Силянов, Освободителнитѣ борби...томъ втори, 83

443 Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, четврти том, Куманово, 1998, 7

444 Жалбите на населението биле од најразличен карактер. Така се споменуваат: тепање на населението, измачување, насилства, грабежи, барање пари за откуп, крадење стока, опожарување на домови, бесчестија, забрана на свештенодејство на непатријаршиски свештеници, грабеж на имот и добиток, насилно обесчестување на девојки, потурчување (преку грабнување), барање за поставување на христијански Губернатор, итн.

решенија. Жалбите на жандармеријата ги проверувал генералот Шостак, а додека жалбите на месните претставници биле пренесувани до цивилните агенти, за потоа повторно да бидат доставени до Генералниот инспектор Хилми паша. [445]

За спроведувањето на реформите во казите на Солунскиот санџак, (од мај до декември 1904 год.) откако во него се наоѓале руски офицери, меѓу другото констатирано е следното: „населението можеби и очекуваше и премногу и на премногу се надеваше. Но еве поминуваат месеци, еден по друг; најпосле половина, а потоа веќе речиси и цела година, откако се дојдени офицерите; а нема ниту една реформа, што би му ја олеснила судбината на населението христијанско. Покренат е единствено значително моралот во составот на жандармеријата... Со еден збор во сегашниот миг положбата во овој крај е многу полоша, отколку што беше таа во пролетта 1904 година".[446] Полковникот Свирски за време на обиколката во казите го слушнал мислењето на кадијата на Гевгели(ја). Тој рекол:„ Овде (во Македонија) е грозно; ние преживуваме тешка болест, потребен е многу опитен лекар, за да нè излекува и да ги поправи расипаните односи. За жал, сè уште таков не дочекавме". [447]

Приемот на руските офицери во Солунскиот санџак, е опишан во текстот бр. 42 од 3 јануари 1905 година. Обиколката на земјата на руските офицери на чело со рускиот генерал Шостак, претставувало вистински празник за христијанското население. „Турските власти приредуваа свечени пречеци, насекаде беа построени почесни стражи, заради оддавање на почести ученици од училиштата со нивните учители, толпи народ во празнични облеки, му излегуваа во пресрет на генералот Шостак, жените плачеа и се крстеа, а мажите демонстративно се поклонуваа".[448] По тој повод населението дури ги прекинало истапите против власта и поредокот во земјата. Турската власт поради стравувањето од жалби на населението, дури ги намалило грабежите. Рускиот генерал Шостак во својство на личен сведок додава: „Христијаните беа полни со надеж во незабавното, со пристигнувањето на руски офицери, подобрување на нивната материјална положба како и на личната сигурност. По завршувањето на заедничката обиколка, христијанското население им излегуваше свечено на пречек уште од далеку, ги молеше да го почестат со тоа што

[445] А. Н. Сквозников, Македония в конце XIX- начале XX века-яблоко раздора...,88-89

[446] С. Дракул, Македомија меѓу автономијата...,четврти том, 11

[447] Исто, 43

[448] Исто, 8

ќе ги посетат нивните домови...,цели толпи ги заобиколуваа нивните квартири, со единствена желба отпоблиску да го погледнат рускиот офицер“.[449]

Меѓутоа, уште за време на оваа обиколка се појавил отпор спрема руските офицери. Така на пример, во Струмица уште пред пристигнувањето на руските офицери, грчките учители со учениците го напуштиле градот, со цел да не присуствуваат на пречекот пред насобраниот народ. И турската администрација ги предупредила кајмакамите да не им дозволат на руските офицери мешање во работите, што не се однесуваат на жандармеријата, а Хилми паша не им дозволи „на офицерите проверка во книгите на арестуваните, ни надгледување на редот во затворите и издршката на затворениците“. Но и покрај тоа, населението ги сметало руските офицери за свои заштитници и во нив имало бескрајна доверба.[450]

По стапувањето на руските офицери во Солунскиот вилает за реорганизација на турската жандармерија, по нивното пристигнувањето во вилаетот рускиот генерал Шостак забележал: „На што наидовме ние во земјата при нашето пристигнување? Полна бесконтрола на дејствување и на своеволија на месните власти, нивен незадоволувачки личен став, поткупливост, неправично и честопати жестоко однесување на војските со жителите, составот на жандармеријата вистински очаен, како на офицерите така и на нижите чинови“.[451]

Со населувањето на руските офицери во доделените кази во Солунскиот вилает, состојбата сѐ уште не би можела да се смета за нормална. Рускиот полковник Свирски дава свои лични впечатоци за тоа. Тој забележал:„ Администрацијата, раководена во најголемиот дел од лица поткупливи, што ни оддалеку не ги задоволуваат современите барања за подготовка на реформите, инертни фанатици, кои не го сакаат ни најмалечкото подобрување на животот на населението, рамнодушни спрема неговите правични жалби, а во лицето на христијанското население гледаат единствено јавни и потајни бунтовници- ја имаат создадено таа тешка положба на населението, што и сега се забележува“. Оние турски администратори кои правилно ја извршуваат својата дејност, претставувале вистинска реткост. Единствено пофалби од христијаните, имало за кајмакамот на Лангаза. Додека пак за лошата администрација говореле и муслиманите.[452]

---

[449] Исто, 265

[450] Исто, 9

[451] Исто, 274

[452] Исто, 42-43

Во доделените кази, руските офицери од страна на мирното население биле сметани не само како реформатори на турската жандармерија, но и како и оние кои ќе вршат контрола при дејствувањето на месната турска власт. Според извештајот на Свирски, „од сите страни тие беа заплиснувани со жалби, откажувањето од примањето на кои би значело злоупотреба со доверба на населението, и затворање на очите спрема сè, што се случуваше наоколу. Со тоа тие одеднаш беа ставени во отежната положба во односот спрема властите. Токму властите протестираа против, според нивното мислење, незаконски дејствувања на офицерите, што се наоѓаат во служба на Султанот". Така на пример, кајмакамот на Тиквеш, бидејќи не можел да го спречи приемот на жалбите, сакал да го насочи против рускиот офицер муслиманското население, изјавувајќи дека „доколку не биде прекинато примањето на жалбите, тогаш тој не одговара за неговиот живот". Но и покрај таквата опасност, приемот на жалбите продолжил и понатаму.[453]

За реорганизацијата на турската жандармерија и полиција, на руските реформатори им било потребни силни напори. Иако словенските народи со радост ги примиле вестите за реформи во Македонија и руските претставници веќе пристигнале, односот кон реформите на грчкото население бил поинаков. Според извештаите на рускиот претставник во Атина, Штербачев, Русија и Австро-Унгарија во грчките весници биле обвинети дека со самиот почеток на реформите, бил убиен елинизмот во Македонија. Грчките духовни лица изјавиле дека руските офицери во Македонија ги заштитуваат Словените и тоа е штетно за елинските интереси. Ваквите забелешки биле неосновани, бидејќи генералот Шостак во своите инструкции до своите офицери им рекол да не појавуваат симпатии спрема претставниците на разните народи во Македонија. Затоа што нивна грижа била реорганизацијата на жандармеријата и при општењето со месното население да се однесуваат внимателно. Дејноста на руските офицери и цивилните агенти придонесла, револуционерното движење во Македонија да опаѓа. И влијанието на ВМРО исто така да намалувало, иако дотогаш тоа било единствен застапник на македонското население.[454]

Мисијата на руските офицери во Солунскиот санџак, предизвикала загриженост кај грчкото неселение поради наводно загрозување на елинистичките интереси. Во контекс на тоа Александар М. Петрјаев во извештајот од 27 мај 1904

[453] Исто, 45

[454] А. Н. Сквозников, Македония в конце XIX- начале XX века- яблоко раздора..., 90-91

година, известува: „грчкиот митрополит Александар искажал страхување кај Хилми паша, дека небаре присуството на руските офицери би можело да биде протолкувано од Бугарите како поддршка во нивната агитаторска дејност... месното население со нескриена радост го очекувало пристигнувањето на Русите и очигледно полага врз нив посебни надежи“. На ваквото гледање спрема недовербата на руските офицери од страна на месното грчко население, Петрјаев го известил Генерал-инспекторот дека ваквите и „слични стравувања мене ми стојат наполно несериозни. Улогата на сите иностранi офицери, па според тоа и на руските, во Македонија е ограничена на специјални технички задачи, а инструкциите што им се дадени, исклучуваат секаква помисла за нивно учество во партиска борба“. Понатаму Петрјаев бил известен од генерал-мајорот Шостак, дека струмичкиот митрополит Александар при посетата на руските офицери „не забавил да испрати на нивно располагање еден бугарски учител, со тоа што овој постојано се наоѓа кај капетанот Вороњин и да му служи како посредник и преведувач при неговите контакти со месното население“.[455]

Руските пратеници во Цариград како и порано така и сега, сè уште го имале тој негативен став спрема револуционерното движење на Балканот. Тие истакнувале дека главен услов за спроведување на Мирцштегските реформи е елиминирање на Револуционерната организација која со своето постоење била пречка за таа благосостојба.[456]

Мирцштегската реформска програма како што тврдат сите непристрасни посматрачи, воопшто не ја изменила положбата во Македонија. Илдис Кјошк и понатаму се мешал во управувањето, да ја спречи секоја акција, да внесува безредие во државните институции итн. Власта му е апсолутна и преку Хилми паша и ја парализира секоја добронамерност која произлегува од претставниците на Големите сили.[457]

Во почетокот на 1904 година, на крајниот Исток започнала војна помеѓу Русија и Јапонија која силно одекнала и во Европа. Руското ангажирање на Исток и овозможило на Австро-Унгарија слободно да дејствува. Перспективите кои ѝ се отвориле на двојната монархија, предизвикале загриженост не само меѓу малите, но и кај Големите сили заинтересирани за балканските работи. Напнатоста предизвикана од војната на Далечниот Исток, ја зголемила и опасноста на Балканот

455 С. Дракул, Македонија меѓу автономијата..., трет том, 143-144

456 Г. Тодоровски, Реформите на големите европски сили...втор дел, 18

457 Македония и Одринско(1893-1903) Мемоар на Вътрешната Организация..,269

бидејќи положбата во Македонија се влошила со вооружените акции на српската и грчката пропаганда. Грофот Голуховски користејќи зафатеноста на Русија на Исток, успеал да го засили австриското влијание, но без да ја наруши привелегираната положба на Австро-Унгарија како една двете „најзаинтересирани“ страни. Тој на крајот сепак покажал некаква коректност спрема својот руски партнер.[458]

Поради опасноста од понатамошни усложнувања на Балканскиот Полустров, можни судири меѓу Турција и Бугарија и ослободување од Турското иго, се појавиле интересни активности од рускиот амбасадор во Виена, грофот Капнист. За мирен развој на Источното прашање, за негово разрешување, за кое вели дека барем засега не постојат услови, рускиот амбасадор смета дека „следен чекор претставува автономија со христијански Губернатор, назначен од Државите со зачувување на номиналната власт на Султанот. ...треба да се претпочита назначување на тројца Губернатори, од три различни народности: Бугарин, Србин и Грк. Според моето мислење автономијата треба да биде една за цела Македонија со христијански Генерален -Губернатор. Огромното мнозинство на Христијаните во Македонија се - Славјани, а од нив далеку најголемиот број им се многу поблизу на Бугарите, отколку на Србите. Додека Грците населуваат незначителни реони, предимно блиски до морето“ .[459]

Користејќи ја зафатеноста на Русија на Далечниот Исток, Турција и Бугарија воделе интензивни преговори, кои завршиле со потпишување на заедничка спогодба. Иницијатор на овие преговори за спогодба, бил турскиот султанот Абдул Хамид II и германската дипломатија. Со овој договор ќе се ограничи во голема мера руско-австриското мешање во внатрешните работи на Империјата. Императорскиот комисар во Софија, Али Ферух бег, уште на 27 декември 1903 година, дал предлог за склучување на турско–бугарска спогодба со цел да се отстрани опасноста од мешањето на Големите сили, а Бугарија да ја зацврсти својата позиција во Македонија и Одринско. Во тој проект се предлагало амнестија, спроведување на Мирцштегските реформи, трговски, царински олеснувања итн. Од бугарска страна било потребно да формира специјален закон против комитетите и четите, да се уништат комитите, да се спречи внесување на динамити идр. На крајот да се потпише спогодба за взаемна помош, во случај ако едната од двете држави биде нападната. Разговорите биле водени во Османлиската престолнина, меѓу Али Ферух

458 Х. Силянов, Освободителнитѣ борби...томъ втори, 93-96

459 С. Дракул, Македонија меѓу автономијата..,трет том, 111-113

бег и Григор Д. Начович[460], дипломатски агент во Цариград. Спогодбата била потпишана 26 март 1904 година од Григор Начович и од претседателот на државниот совет Саид паша и началникот Зеки паша.[461].

По заклучувањето на бугарско-турската спогодба, била прогласена најавената амнестија. Во врска со оваа подетално известува рускиот конзул во Битола, Виктор Фјодорович Каљ: ...„населението беше известено со излепени објави по целиот град и тоа кај Бугарите остави радосен впечаток... Турците се однесоа спрема неа индиферентно, не придавајќи и поголемо значање. Бугарите отслужија торжествена молитва на која присуствуваше бугарскиот трговски агент Г. Тошев“. Со оваа бил запознат и Статскиот советник Демерик, кој всушност и бил еден вид посредник при амнестијата на главатарите на револуционерното движење. Бугарија имала обврска да ги растури комитетите во земјата, да го прекине револуционерното движење, да ја штити границата од нападите на бандите, да не дозволи формирање на чети на нејзина територија, да спречи уфрлање чети во Империјата итн. Турција била задолжена да изврши амнестија на учесниците во Илинденското востание и други политички затвореници, со исклучок на солунските атентатори –Гемиџиите.[462]

Месната турска власт веќе отпуштила затвореници од турските затвори. Рускиот конзул во Битола, Каљ, како дополнување во своите извештаи пишува:„ Отпуштајќи околу 300 души од затворот, месните власти за извесно време го позапреа амнестирањето на затворениците, барајќи за понатамошно ослободување на осудените, дозвола од Портата или од Главниот Инспектор. Турското правителство не треба да се прекорува, бидејќи тоа испушти на слобода многумина Бугари“. Меѓутоа бидејќи водачите на револуционерното движење, не приложиле молби за амнестија, Валијата го известил бугарскиот агент дека по наредба на Хилми паша, „сите главари на Внатрешната организација ќе бидат амнестирани, штом ќе дадат дадат изјава за покорност“. Но и покрај апелите за учесниците од востанието да се потчинат, ниту еден од главарите не се предал на турската власт, со исключок на

[460] Бугарски политичар и дипломат. Роден е на 3 февруари 1845 година, во Свиштов. Се школувал во познатиот Бебек-колеџ и во трговски училишта во Прага и Париз. Од 1903-1906 е дипломатски претставник во Цариград. Учествувал во договорите за спогодба со Турција. Починал во Софија во 1920 година.

[461] Х. Силянов, Освободителнитѣ борби...томъ втори, 96-100

[462] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата..,трет том, 109-110

неколку четници. Како последица на амнестијата, се појавиле разни разбојнички чети по целиот вилает.[463]

Целосната окупираност на Русија на Далечниот исток, била искористена за потпишување на нов договор. Опасноста од можна воена интервенција на Австро-Унгарија во Македонија и Стара Србија, придонесла за сојузништво меѓу балканските народи против Двојната монархија. Раководени од принципот „Балканот на балканските народи“ и обезбедување на мир и сигурност на народите, владата на српскиот крал Петар I и на бугарскиот цар Фердинанд I, потпишале договор за сојуз. Двете држави се обврзале дека ќе придонесат Мирцштегските реформи да се спроведат во трите вилаети; ќе ги вложат сите свои напори за зачувување на мирот на Балканскиот Полуостров; двете сојузнички ќе се спротивстават на секоја непријателска акција; двете страни се обврзуваат сите спорни прашања да ги поднесат на рускиот цар. Ако тој откаже да го реши спорот, тогаш решението да биде доставено до меѓународната арбитража во Хаг. Српско-бугарскиот договор бил склучен во Белград на 30 март 1904 година, на третиот ден на Велигден.[464]

За тоа време мисијата на руските офицери за натамошната реорганизација и натаму продолжила. На наведените офицери кои учествувале во реформските сили за контрола на турската жандармерија им биле давани упатства. Тие при контактите со месното население било потребно да ги избегнуваат сите начини со кои ќе покажат дека руските офицери се повеќе наклонети спрема една или друга националност или вероисповед. Меѓу другото во упатствата од 20 мај 1904 година на генерал Шостак се вели: ”да им се објасни на жителите дека пристигнатите офицери сите усилби ќе ги насочат кон тоа да се создаде добро организирана жандармерија и жандармите внимателно ќе се набљудуваат строго да се придржуваат кон законот, а за секое беззаконие најстрого ќе бидат казнети. ...жителите без страв да ги пријавуваат тие жандарми, затоа што тоа е во нивни интерес“. Покрај тоа, да им објасни на жителите дека за да се обезбеди мир во земјата ”потребно било време, поради што подобрувањата нема да бидат забележливи од првиот ден на пристигнувањето на руските офицери, туку постепено, затоа за месните жители потребна е разумна трпеливост: трпеа безнадежно во текот на векови, нека се трпат

463 Исто, трет том, 200-202

464 Македонија во билатералните и мултилерални договори...,1861-1913, 131-133; Македонија во меѓународните договори..., 1875-1919, 153-154

уште неколку месеци со целосна надеж за скорешно искоренување на поранешното зло”.[465]

Заради поголема посветеност кон доверената мисија, на руските офицери им било наредено, да го изучуваат турскиот разговорен јазик, но и запознавање со месните говори. До генералот Шостак пристигнале гласини дека руските офицери сепак покажувале слабост кон Словените, поточно кон Егзархистите. Заради тоа им кажал дека ”треба да бидат претпазливи во сите случаи“.[466] Во исписката од циркуларот на генерал-мајорот Шостак, од 11 октомври 1904 година, запишано е: „господата офицери во сите случаи да бидат крајно внимателни, кога нивните дејства или нивните зборови, би можеле да дадат повод за лажно толкување. Уверен сум дека во иднина сите постапки на сите офицери ќе ја покажат јавно нивната желба да ги покровителствуваат сите христијани без разлика на вероповеста, еднакво“. За избегнување на сите непријатности кои ги создаваат патријаршистите, и „слуховите за нашата насоченост кон нив, им предлагам на господата офицери да ангажираат станови по куќите, побргу кај муслиманите, отколку кај Бугарите, а пак во случаите, кога ни под овие услови не се наоѓа стан, тогаш да бидам известен јас“.[467]

На странските офицери не им било дозволено во своите реони да ги сослушаат и испитуваат жалбите на населението. Не можеле да даваат наредби, да дадат заповед за апсење на некој престапник, следење на разбојници итн. Целата команда била во турски раце. Веднаш по нивното пристигнување во реоните, тие биле зобиколени од мноштво селани подготвени да ги достават своите петиции, опишувајќи ги во целост нивните страдања. Напроти тоа, Хилми паша испратил циркуларно писмо со кое им забранил на новите офицери да примаат петиции. Офицерите имале право да испраќаат извештаи до главните офицери, а тие до Де Џорџис кој може да (не)донесе одлука за одговорност на Хилми паша.[468]

Реформската акција во Македонија се одвивала во едни мошне сложени услови. Тоа е потврдено и од извештаите на руските офицери кои учествувале во реформирањето на жандармеријата. Воените претставници за разлика од дипломатските, ни даваат една поинаква претстава за настаните во трите вилаети и

465 Руски документи за Македонија...(1859-1918), 335-336

466 Исто, 343-344

467 С. Дракул, Македонија меѓу автономијата...трет том, 463-464

468 Х. Н. Брајсфорд, Македония, нейните народи..,303

нивното мислење е речиси идентично. Така на пример, генералот Шостак во своите извештаи соопштува за судири меѓу бугарски и грчки чети. Причина за тоа била чија јурисдикција да биде наметната, егзархиската или патријаршиската. Руските офицери известуваат и за стремежите на турската власт за распалувањето на националните чувства на народите во Македонија. Често пати турската војска и не брзала за да пристигне во настраданите реони. За време на едни масовни убиства на христијанско население, турската војска иако била известена, таа не пројавила желба да преземе мерки за истрага. Таквите настани често се случувале. Руските офицери, полковниците Воронин и Свирски при еден разговор со рускиот амбасадор во Цариград, Зиновјев откриле дека во Македонија положбата е тешка и неподнослива. Надежда кај населенито за подобрување на својатата состојба уште повеќе исчезнувала.

Руските офицери се наоѓале во една безпомошна положба и не можеле да се застапуваат за своите помошници. За тоа постоел и конкретен пример. Еден руски офицер со знаење на Хилми паша за преведувач го повикал учителот Илиев. Набрзо учителот бил уапсен пред очите на рускиот офицер, без да биде наведена причината за тоа. Русинот го изразил својот протест, но сѐ било залудно. [469]

Кон крајот на 1905 година, рускиот генерал-мајор Шостак поднесол рапорт до Главниот штаб во кој ја опишува положбата на христијанското население во Солунскиот вилает. Меѓу другото, рускиот генерал додава: „Реорганизацијата на жандармеријата тече според својот тек. Но, недовербата, што се покажува спрема неа од месната администрација, макар и оповргнувана од Хилми-паша во личните разговори, а докрај потврдувана од фактите, ја лишиле нејзе од можноста да си ја извршува својата задача а и го попречува и учеството во разоткривањето на виновниците за убиствата и за другите престапништва “.[470]

Руската општественост за реформите во Македонија постојано била информирана и тоа: од патници, воени претставници, руски дописници итн. Конзервативните средини своите ставови ги изнесувале во весниците: „Московские ведомости“, „Свет“, „Новое время“ итн. Таквите средини сметале дека спогодбата со Австро-Унгарија се однесува главно за Русија, затоа што Австро-Унгарија широко ја развила зацртаната политика. Други пак додале: „спогодбата со Австро-Унгарија претставува една од најлошите комбинации за нашата дипломатија, од 200 години

---

[469] С. Германов, Руската общественост и революционното движение...,169-170

[470] С. Дракул , Македонија меѓу автономијата...,четврти том, 465

наваму". Проблемите во Македонија во последните години до таа граница биле искомплицирани, така што сите судски институции не можат да го разрешат тешкотиите. Баронот Таубе додал дека ниту дејностите на цивилните агенти и жандармеријата не дале никакви резултати и поради тоа Русија е ставена во незавидна положба. Во печатот остро се критикуваат реформите, при тоа, без да бидат поштедени претставниците на руската дипломатија. Новата реформска програма е наречена „комедија", која што Турција нема способност да ја воведе. Причина за невоведувањето на реформите се Хилми паша и неговите соработници. Тој не им дозволувал на европските офицери самостојно да вршат испитувања на жалбите. Затоа и испратил таен циркулар со кој ѝ забранил на месната власт да дава информации и сведоштва на офицерите.[471]

За Руското царство неопходно било и понатаму да го одржува статус-квото на Балканскиот Полуостров. Како резултат на тоа се претходно потпишаните договори со Австро-Унгарија за реформи во Македонија (1903 г.) потоа, средбата на Николај II со Франц Јосиф (октомври 1903 година), согласност со Турција (1900 г.) за изградба на железничка линија по должината на брегот на Црно Море итн.[472]

Добрите односи на највисоко ниво меѓу рускиот император и австроунгарскиот Франц Јосиф, било повод за министерот за надворешни работи Голуховски да побара склучување на декларација за взаемна неутралност. Двете држави „поврзани со еднакви гледишта за конзервативната политика која треба да се води во балканските земји и многу задоволни од резултатите постигнатите досега од нивна тесна соработка, цврсто се решени да истрајат на тој пат." Виена и Санкт Петербург изразиле желба „да си дадат во прописна форма едно сведоштво за пријателство и взаемна доверба." Така на 15 октомври 1904 година, Русија и Австро-Унгарија своите договори ги дополниле со уште една спогодба и тоа за взаемна неутралност, потпишана во Санкт Петербург. Спогодбата ја постигнале министрите за надворешни работи на двете земји, Ламсдорф и Ерентал. Според неа двете држави си ветуваат дека ќе проследат апсолутна неутралност, во случај ако една од страните се најде во состојба на војна со трета држава.[473] Понатамошниот текст од Спогодбата гласи: „Австро-Унгарија и Русија заеднички и натаму ќе ја запазат политиката кои се

---

[471] Исто, 170-171

[472] Очерки истории Министерства...том первый, 497

[473] А. Н. Сквозников, Российская дипломатия о путях решения...,84; Македонија во меѓународните договори..,1875-1919, 157

должни да ја придржуваат на балканските држави... и тие цврсто одлучиле да го следат тој пат. Двете држави се согласиле да се придржуваат кон лојална и апсолутна неутралност. Обврската меѓу Русија и Австро-Унгарија не се однесува на Балканските народи чија судбина е поврзана со активностите на двете империи. Обрската останува во сила, сè додека овие две големи сили ја следат политиката на Турција. Овој договор ќе биде чуван во тајност и не може да биде пренесен на друга влада, без претходен договор меѓу кабинетите на Виена и Санкт Петербург."[474]

Покрај тоа што руската дипломатија се застапувала за непроменливост на Империјата, таа решавањето на македонското прашање постојано го пролонгирала. Зимата во 1904 година, Велика Британија во посредство со Франција ѝ предложила на Русија, да се воведе автономија во Македонија.[475] Кога било планирано британската дипломатија да го објави предлогот, рускиот министер Ламсдорф одлучно го спречил тоа. Таквата намера ја оценил како штетна за тогашната политичка состојба и при тоа подвлекол: „тоа би довело до поттикнување на умовите во Македонија и на таков начин ќе се создаде нова потешкотија кон толку посакуваното воведување мир во земјата каде што револуционерните елементи се користат со најмалите разногласија на Државите за достигнување на своите злосторнички цели..."[476]

Во овој период (1905 г.) се појавиле многубројни банди, српски на север, грчки на југ од Битолскиот вилает, како и бугарски кои вршеле меѓусебни судрувања. Често пати руските офицери биле изложени на опасности и тоа главно од грчките чети кои не гледале со симпатии кон нивната дејност во Солунскиот вилает. Во прилог на оваа е изложено пишувањето на рускиот генерал мајор Шостак, кој вели:„Неодамна ми беше пренесено соопштението од Хилми паша, за слуховите што циркулираат за можни атентати врз нашите офицери, очигледно од страна на Грците-патријаршисти, поради што јас ги опоменав офицерите на неопходноста постојано да имаат со себе наполнет револвер".[477]

---

474 В. Румянцев, Исторические источники первые годы XX век, (www.hrono.ru); Македонија во меѓународните договори..,1875-1919, 157-158

475 А.Трајановски, Македонија и македонското прашање низ руската...(зборник: Македонија и руската политика на Балканот...) 170

476 Р. Терзиоски, Руската дипломатија и македонските...,200

477 С. Дракул, Македонија меѓу автономијата...,четврти том, 174

Грчката пропаганда поддржана од турската власт, имало право на слободно дејствување против егзархистите, кои тие (Грците) сметале дека имаат поткрепа од руските офицери. Според извештајот на Ротмистер Агура до Шостак: „Грците безразлично на националноста, се трудат секоја наша службена постапка да ја изнакажат, па стасуваат до таква дрзост, што покренуваат дури обвиненија против нашите офицери за соучество со бугарски комити, трудејќи се со сите средства да го настројат против руските офицери и Турското правителство, имајќи предвид дека тие имаат поставено ќако цел по секоја цена да нѐ присилат нас да си отидеме од Македонија. Тие однапред распространуваат слухови меѓу населението, дека Солунскиот вилает ќе премине на Италијанците, бидејќи Русите не се способни да ја реорганизираат жандармеријата". Како резултат на ваквите гласини, населението од Гуменице доаѓало кај рускиот претставник, со цел да се увери во веродостојноста на гласините кои Грците ги ширеле.[478]

Судирите меѓу бугарските и грчките чети најмногу биле застапени поради сопственоста на црквите во населените места, особено за големите црковни празници, како и поради поделбата на населенето на патријаршисти и егзрхисти. Така во јули 1905 година, во Битола биле извршени убиства меѓу Бугарите и Србите. По тој повод рускиот конзул Каљ во својот извештај запишал: „За да им се стави крај на атентатите управителот на австрискиот конзул и јас уште во месец март се обративме до Валијата, со барање да бидат предавани на вонредниот суд сите виновни, без разлика на националноста... го посоветувавме и грчкиот конзул и бугарскиот агент да ги употребат сите мерки, што зависат од нив, за да повлијаат врз своите општини и да ги наговорат да прекинат со ваквите бесмислени и бесплодни убиства, кои само му попречуваат на смирувањето на крајот и спроведувањето на реформите".[479]

Кога во почетокот се појавиле грчките чети во Македонија, турската власт го толерирала нивното дејство, сметајќи ги на еден начин за свои сојузници против Бугарите. Рускиот конзул Каљ известувајќи за судирите меѓу војските и бандите потенцира дека, „по знаменитото Загоричанското клање, турското правителство, поради притисокот од Државите го измени својот однос спрема грчките банди... Војските не ги одбегнуваат судрувањата со бандите, а грчките четници сега

---

478 Исто, 193

479 Исто, 185-186

внимателно ги одбегнуваат судирите со нив и при средбите се спасуваат со бекство“.[480]

По завршувањето на договорите на шведските и белгиските офицери кои учествувале во реорганизација на жандармеријата, јужниот дел од Солунскиот санџак ѝ бил доделен на Русија. „Овие окрузи претежно населени со Грци, сѐ досега останувaа надвор од секакво набљудување од руските офицери“, а исто така и реорганизирањето на жандармеријата не била извршена, бидејќи задолжениот белгискиот офицер целосно бил потчинет на турската власт. Така овие делови претставувале поволна почва за засилена активност на жандармеријата, а со тоа и поголема заштита од нападите на грчките и албанските чети. И управителот на руското генералното конзулство во Солун, Кохмански смета дека „гореименуваните кази, треба да бидат ставени под контрола на нашите офицери, и сега е повеќе отколку вистинско време, земајќи го во предвид очекуваниот налет на нови банди од Грција“. Она што не му давало спокојство на Кохмански, била состојбата во Атонската Гора, која што се одликувала со посебно управување. Тој запишал:„ Јас веќе сега добивам сѐ поупорни и поупорни изјави од руските монаси, дека грчките манастири кријат оружје и грчки комити, при што нашите монаси тоа го објаснуваат со стремежот на Грците да го истребат од Атон руският елемент“. Иако таквото мислење не било основано, криењето на оружје на Атон било поврзано со стеснувањето на досегашната слободна активност на грчкиот комитет во трите окрузи. Руските допломати сметале дека неопходно е да извршат притисок врз турската власт, за да се организира посебна контрола за Св. Гора Атонска. Кохмански дури планирал да го посети Атон и да ги посоветува претставниците на манастирите, да ја прекинат револуционерната пропаганда на оваа свето место. Рускиот дипломат смета дека„ најпогодна за патување на Атон би била Пасхалната недела, бидејќи тоа не би дало повод за разни толкувања, со оглед на тоа што и порано нашите Генерални конзули во Солун не еднаш го посетувале Атон на Велигденските празници“.[481]

Непријателствата меѓу пропагандите на соседните земји и натаму продолжувале. Дури и најмалото претпочитување укажано спрема некој претставник на некоја народност, за некое неважно прашање, на пример избирање на куќата за престој, придизвикува пристрасност спрема неа од народностите кои непријателски

[480] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, петти том, Куманово, 1998, 86

[481] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата...,петти том, 28-29

биле настроени. Од тие причини рускиот конзул Каљ, за време на патувањата често престојувал кај италијанските офицери, сметајќи дека се наоѓа на неутрален терен. На тој начин тој ги примал претставниците на народностите и можел да се информира за сѐ што ги интересира.[482]

Особени резултати во поглед на вооружувањето постигнала српската пропаганда. Рускиот конзул Каљ потенцира: „Турските власти сметајќи ги Србите слаби, ги покровителствуваат нив, гледаат на нивните банди низ прсти и го прогонуваат главно многу посилниот и побројниот елемент- Бугарите“. Српската пропаганда се појавила кон крајот 80-те години од XIX век. Кога тие не успеале да завладеат во Босна и Херцеговина, своето внимание го насочиле кон Македонија. Српската пропаганда зајакнала со отворањето на српскиот конзулат во Битола во 1886 година, кога било формирано „Просветното одделение“.[483]

Српската пропаганда најмногу се проширила во северните делови од вилаетот. Со тоа таа станала речиси рамноправна спрема своите соперници. Намалувањето на бугарските чети во последните години, го искористила српската пропаганда која презела повеќе села од Прилепската и Кичевската каза. Во својот извештај рускиот конзул Каљ, до рускиот амбасадор во Цариград истакнува дека „селското славјанско население, нема сознание за својата националност и му е безразлично дали ќе се наречува себи си бугарско или српско... Бугарите во прво време не обрнаа сериозно внимание на српската пропаганда во Прилепската каза, се сметаа за преовладувачки елемент во последно време се ужаснаа од нејзините успеси..“[484] Рускиот конзул Каљ ги посетил Крушево и Прилеп и брз основа на тоа ги изнел следните податоци: „Прилеп е населен со Бугари кои имаат две цркви, а постои и една грчка црква и неколку училишта... Положбата на Србите во градот е мошне тешка, поради притеснувањата од страна на Бугарите. На Србите неодамна им успеа да отворат свој метох во Прилеп и при него училиште за 20 српски деца, главно благодарејќи му на содејството на Руското посолство во Константинопол“. За разлика од Прилеп, бројот на Србите во Крушево не можел да се спореди, со бројот на Власите, Грците и Бугарите.[485]

---

482 Исто, 159-160

483 Исто, 161

484 С. Дракул, Македонија меѓу автономијата...шести том, 73-74

485 Исто, том петти, 181-182

Српската пропаганда во Македонија имала поддршка и од своите конзули во Скопје и Битола. Потврда за ова наоѓаме во извештаите испратени до Зиновјев и Сементовски. Наведените „српски конзули се фаќаат на дело при доставувањето оружје и борбени материјали на српските чети, со посредство на српските учители и други доверени лица". Против именуваните конзули можело да биде покрената истрага. Кога Хилми паша сакал да го слушне мислењето на руските дипломати, за тоа, тие одговориле: „Обвинувања против српките конзули би можеле да бидат покренати само по дипломатски пат и добро да се проверат тврдењата на четникот Стојан Јован кој сведочел за престапот на српските конзули". [486]

## Русија и Австро-Унгарија и прашањето за финансиските реформи во Македонија

Согледувајќи ги слабите резултати од спроведувањето на Мирцшегската реформска програма, било неопходно да се преземат построги мерки со цел да се подобри положбата на христијанското население во Македонија. Состојбата ја правеле уште потешка, приливот на чети од соседните балкански земји кои исто така претставувале еден вид пречка за спроведувањето на реформите во трите вилаети. Во руската и европската општественост се појавило незадоволство од реформската акција. Во една таква тензична атмосфера, најмногу се истакнала Велика Британија каде што биле одржувани митинзи, написи во весниците, дебати во парламентот итн. Насекаде била осудувана неспособноста на Портата, како и безполезноста на двете „најзаинтересирани" сили Русија и Австро-Унгарија. Лордот Ленсдаун на 20 декември 1904 година испратил писма до англиските пратеници во Санкт Петербург и Виена во кои што била наложена потребата од притисок врз Турција за воведување на посериозни реформи и тоа финансиски и судски реформи. Тој бил воден од сознанието дека потребно е да се изврши притисок врз Турција од сите земји потписнички на Берлинскиот договор, а не само од една или две земји. Поради притисокот и големата упорност на Велика Британија за нови реформи во Македонија и барањата за учество и на другите европски сили, Портата изработила свој Правилник за финансиски реформи. Според него, финансиската програма за

[486] Исто, 404-405

трите вилаети да биде без ничија контрола при нејзиното спроведување. Но овој Правилник во таква форма бил неприфатлив од страна на Големите сили.[487]

Од друга страна, двете реформаторски сили сметале дека не е погодно времето за проширување на реформите. Тоа претставувало само еден вид изговор, бидејќи тие и понатаму настојувале да ја зачуваат непроменливоста на империјата. Како последица на тоа, австро-унгарските и руските претставници во Цариград, Каличе и Зиновјев, на 30 јануари 1905 година ѝ предале на Високата порта, Правилник во кој бил изложен план за финансиски реформи во Македонија, при тоа инсистирајќи цивилните агенти да имаат контрола врз реорганизацијата на финансиските реформи. Овој Правилник им давал право на Русија и Австро-Унгарија да вршат надзор врз финансиските работи.[488]

Со барањето за воведување на финансиски реформи во трите македонски вилаети би се намалила корупцијата и воените трошоци во буџетот во овие вилаети и за сметка на тоа би се ослободиле средства кои би се искористиле за спроведување на реформи и од тоа христијанското население ќе има полза. При тоа Русија и Австро-Унгарија неопходно било да го земат во предвид сè поголемото присуство на Големите сили кои имале предложено да бидат поставени финансиски делегати коишто заедно со цивилните агенти би формирале европска комисија за финансиски реформи во трите вилаети.[489]

Англиската влада не можела да се помири со неуспехот на реформите пред европската и англиската оппттественост, па затоа започнала да дејствува заедно со Франција и Италија. Со поддршката од овие влади ѝ било дадено до знаење на Русија и Австро-Унгарија, дека е потребно да се одземе нивното полномоштво и статусот најзаинтересирани сили при спроведувањето на Мирцшегската реформска порограма. Лордот Ленсдаун сметал дека финансиските реформи се најзначајни и затоа „сите сили имаат право да бараат да се слушне нивниот глас“.[490]

Поради незадоволството од финансиските реформи, Италија упатила остра забелешка кон Русија и Австро-Унгарија, бидејќи со барањето за финансиски реформи не извршиле никаква консултација со другите европски сили и со тоа ги

---

487 Х. Силянов, Освободителнитѣ борби...томъ втори, 542-543

488 Г. П. Геновъ, Източнятъ въпросъ...,, 529

489 А. Н. Сквозников, Македония в конце XIX- начале XX века -яблоко раздора..., 101

490 Х.Силянов, Освободителнитѣ борби...томъ втори, 543-544

ставиле во подредена улога. Русија и Австро-Унгарија и понатаму се сметале за најзаинтересирани сили, а додека пак Англија и Италија се залагале да се воведе колективна контрола при спроведувањето на реформската програма во трите македонски вилаети.[491] После силните критики упатени на австро-руската програма, Русија и Италија постигнале согласност за измена на дотогашната состојба. Така претставникот на Министерството за надворешни работи на Русија, Хартвиг, го известил италијанскиот амбасадор во Санкт Петербург, Малегари дека на сите сили ќе им се овозможи контрола врз финансиските реформи. После силниот притисок од другите сили, грофот Голуховски бил приморан да отстапи од своите тврди ставови. Со други зборови, во спроведувањето на реформите и другите сили да имаат свои делегати, но надлежностите да им бидат различни во однос на цивилните агенти.[492]

Поради упорноста на Турција и противречноситe на Големите сили, предложените руско-австриски реформи имаале многу малку надеж дека можат да успеат. Затоа францускиот пратеник Констант предложил да се изостави руско-австрискиот предлог и да се прифати турскиот предлог кој од Германија веќе бил одобрен. Било потребно да се воведе дополнителен член и да се овозможи контрола од сите сили преку создавање на меѓународна комисија. Ваквото компромисно решение ги задоволило сите барања на Англија и Италија. Русија и Австро-Унгарија се согласиле со тоа и спрема нивниот договор од шесте сили бил изработен проект доставен до Портата.[493] Но, Портата го одбила дополнителниот член на финансиската контрола со оправдување дека нема да биде запазен суверенитетот на султанот. Таа се обидела да добие поддршка од Германија. Поддршката изостанала затоа што германските планови биле идентични со преземените мерки на другите сили. При тоа германската влада и сугерирала на Портата да го прифати дополнителниот член. [494]

На 10 јули 1905 година Високата порта, со нота го одбила европскиот предлог, поради загрозувањето на нејзиниот суверенитет, а пак крајното барање не било во рамките на Мирцштегските реформи. Но, Големите сили немале повеќе можности за калкулација. Морале да дејствуваат решително преку нови предлози или да

491 Г.Тодоровски, Реформите на големите европски сили...,III, 211-212

492 К. Сидовски, Италија и Македонија од крајот на XIX век...,129-130

493 Г. П. Геновъ, Източнятъ въпросъ, часть втора, 34-35

494 К. Сидовски, Италија и Македонија од крајот на XIX век...,131

попуштат пред спротивставеноста на Портата.[495] Европските кабинети на 28 август 1905 година на турската влада им ги претставила европските делегати за финанските реформи во Македонија. Турција упатила протест, но од силите добила закана дека делегатите на 1 октомври ќе пристигнат во Солун и ќе стапат на должност. На 30 септември 1905 година, Портата повторно протестирала дека со приемот на туѓите делегати се овозможува мешање во внатрешните работи на Турција и посегање врз суверенитетот и независноста, кои што многупати биле цврсто гарантирани од Големите сили.[496]

Претставниците на Големите европски сили упатиле колективна нота до Портата. Во врска со оваа нота рускиот амбасадор во Цариград, И. Зиновјев во својата депеша потенцира: „...ви испраќам копија со забелешка на Портата, која служи како одговор на колективната нота на Претставниците на шесте држави од 15/2 ноември 1905 година, во која на турската влада и биле претставени барањата кои се однесуваат на Македонија. Портата се согласува со барањето за продолжување на две години на граѓанските агенти, но се откажува од допуштање во Македонија на финансиска контрола“.[497]

По давањето согласност за прием на финансиската комисија, според пишувањето на Зиновјев: „Портата се обратила до претставниците на Големите држави со барање за измена на некои прописи кои не со во согласност со врховните права на Султанот. Некои од овие предложени од Портата промени биле отфрлени, а други примени. Вчера пред Портата била предадена нова колективна нота[498], во која се барало согласност за усогласување на прописи и други барања доставени до Претставниците.“[499]

---

[495] Г. П. Геновъ, Источнятъ въпросъ.., 530

[496] Х. Силянов, Освободителнитѣ борби...томъ втори, 545-546; Г. Тодоровски, Реформите на големите европски сили...,III, 230-231; Г. П. Геновъ, Источнятъ въпросъ, часть втора, 530

[497] Реформы в Македонии, Дипломатическая переписка...,340

[498] До конечното усогласување на Портата за прием на меѓународна финансиска комисија и контрола во трите македонски вилаети, претставниците на шесте држави и Портата размениле вкупно пет колективни ноти. Сите ноти имале различни значења, започнувајќи од барањето за назначување на финансиската комисија, па сѐ до донесување буџет за финансирање на трите вилаети и сите други воени потреби. (Извештај бр 201, на И. Зиновјев од декември 1905. Реформы в Македонии, Дипломатическая переписка...,350-351)

[499] Реформы в Македонии, Дипломатическая переписка...,344

Откако преземените мерки не дале никакви резултати, претставниците на Русија и Австро-Унгарија, на 8 октомври 1905 година, побарале колективна ауденција кај султанот. Кога тој откажал да ги прими, тие прибегнале кон спротивни мерки. Била предложена морска демонстрација на Големите сили. Единствено само Германија го откажала учеството во демонстрацијата.[500]

На тој начин покрај дипломатските, биле ползувани и присилни мерки. Во турското пристаниште Инаду (близу Босфорот) била направена со неколку бродови ескадрила низ Црно Море. Спроведената демонстрација ги дала потребните резултати. Руското државно раководство успеало истовремено да добие неколку цели: да ја натера Турција да ги исполни понудените услови, да не дозволи преголемо мешање на други држави и да се изведе заедничка морска демонстрација во црноморските теснеци.[501] За тоа време членовите на европската комисија и покрај протестите на Портата се собрале во Скопје каде што во просториите на руските агенти биле разработени финансиски прописи за трите македонски вилаети. На 13 октомври, претставниците на Големите сили се обиделе да му го достават на султанот Абдил Хамид II, проектот за финансиски реформи, но тој повторно им ја откажал колективната ауденција. После тоа, заканите за морска демонстација на европските сили сè повеќе биле неодложни и извесни. Морската демонстрација на петте големи сили Русија, Австро-Унгарија, Велика Британија, Франција и Италија започнала на 26 ноември 1905 година, под управа на австрискиот генерал Јулиус Фон Рипер. Под негова команда најпрво бил заземен островот Митилин. После неколку дена ескадрилата го окупирала островот Лемнос, во Дарданелите. На 14 декември 1905 година, Високата Порта конечно го прифатила барањето на европските држави за спроведување на финансиските реформи во Македонија под европска контрола.[502] Финансиските делегати од четирите земји, кои досега активно не учествувале заедно со Русија и Австро-Унгарија, веќе пристигнале во Солун. Она што предизвикало интерес е тоа што како француски финансиски делегат се појавил Л. Стеаг, кој бил генерален конзул во Солун. Со доаѓањето на граѓанските агенти, Стеаг бил отстранет од учеството во реформите. Управителот на Рускиот генерален конзулат, А. Базилевски во својот извештај вели: „Поголемиот број творци на

---

500 А.Н.Сквозников, Македония в конце XIX- начале XX века -яблоко раздора...,102; И. В. Яакобовская, Имперская политика и Балканы в конце XIX и начале...25

501 Очерки истории министерства...том первый, 499

502 Х. Н. Брейлсфъорд, Македония и нейните народи...304 ; А. Н. Сквозников, Македония в конце XIX- начале XX века -яблоко раздора...,102-103

македонското општествено мнение во Солун не го кријат своето задоволство во врска со доаѓањето на финансиските делегати, согледувајќи во тоа посредно признавање на Европа за недостатноста на резултатите, постигнати со Мирцштегскиот договор“.[503]

На крајот и рускиот амбасадор Зиновјев во својата телеграма ја потврдил “согласноста на турската влада за барањата на европските држави за утврдување на финансиска комисија и продолжување на полномоштвото на Генералниот инспектор и две години на генералот Џеорџис и останатите странски офицери ангажирани за реорганизација на жандармеријата. По вчерашното советување, била прекината морската демонстрација.“[504]

Целокупниот реформски проект изработен од страна на „најзаинтересираните“ земји Русија и Австро-Унгарија, може да се подели на три фази и тоа: Првата фаза започнува со Виенската реформа од февруари 1903 година; втората фаза започнува со Мирцштегската реформска програма донесена во октомври 1903 година, кога на австро-руското туторство му е додадено и на други три европски сили, кога на чело на жандармеријата застанува италијански офицер и Македонија била поделена на пет жандармериски сектори; и третата фаза го претставува притисокот врз Русија и Австро-Унгарија чија одлика е ставањето на финансиската програма под заедничка, колективна контрола на Големите сили.[505]

За време на реформскиот процес, по наредба на генералниот инспектор Хилми паша, есента во 1905 година, било предвидено да се изврши попис на населението. Според Хилми-паша потребно било да се изврши пребројување на населението и тоа според црковните општини и тоа на: патријаршисти, егзархисти, протестанти и унијати. Но при ваквата поделба, се очекувале протести од страна на Романија, која само што добила признавање на влашко население од Портата. Во својата исписка рускиот цивилен агент Демерик додава: „се настојуваше на неопходноста пописот да се изврши како според црковните, така и според племенските групирања. Според неговото мислење, важно е колку што е можно да се расветли темното прашање за племенскиот состав на Македонија.; бидејќи Турското правителство, преземајќи го пописот, дејствува очигледно неискрено“. Најпосле

---

503 С. Дракул, Македонија меѓу автономијата...,четврти том, 307-308

504 Реформы в Македонии, Дипломатическая переписка...,357

505 Х. Силянов, Освободителнитѣ борби...томъ втори, 550

било одлучено, населението да биде регистрирано според верската и националната припадност. [506]

Конкретно во Битолската вилает уште пред неговото започнување, според извештајот на рускиот конзул Каљ, од 2 септември 1905 година „пооделните народности: Бугарите, Србите, Грците и Куцо-Власите -силно се растревожија". На пописот му било дадено посебно значење и државите се труделе да добијат информации како ќе биде спроведуван, врз основа на националноста или според религиската припадност. Така на пример, според Каљ: „Грците го сакаа искажувањето само на религијата, сметајќи го секој патријаршист за Грк; Србите и Власите, протестираа против тоа, барајќи признавање според својата националност; Бугарите, сознајни дека претставуваат преовладувачки елементи во овој крај и дека зборот 'егзархист' и 'Бугарин' се синоними, се трудеа да се здобијат со тоа претставници од меѓу нив да влезат за членови на комисиите што ќе го вршат пописот". Поаѓајќи од ваквите различни мислења кои биле донесени врз основа на своите интереси, рускиот конзул смета" дека под вакви услови пописот во Битолскиот вилает се јавува како крајно непожелен, па дури и опасен, а кон тоа и наполно бесполезен. Ако турскато правителство му е неопходно да го знае точниот број на населението, тоа може да се ограничи со разделување на христијани и муслимани". [507]

Уште на самиот почеток резултатите биле оскудни. По тој повод рускиот конзул Г. Каљ во Битола запишал: „бев присилен прв да преземам мерки, за колку што беше возможно побрзо него (Хилми паша) да го запрам. Претпоставувајќи дека овој попис ќе има политичко значење и дека Државите ќе се раководат според неговите резултати при идните разграничувања на овој крај, сите народности што во Македонија ќе водат меѓусебна борба, заради зголемувањето на своите приврзаници, пред пописите почнале да се извршуваат закани, поткупи, насилства итн". Ова било дело на револуционерните организации, па и на разни други чети чии што акции за време на овој попис биле најмногу ангажирани.[508]

---

[506] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата.., четврти том, 125-126

[507] Исто, 315-316

[508] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, седми том (1909-1913) Скопје, 2006, 96

## Русија и Австро-Унгарија и прашањето за судски реформи во Македонија

После прифаќањето на Мирцштегската реформска програма, турската власт не презела никакви мерки кои ќе придонесат за спроведување на четвртата точка според која било предвидено да се изврши реорганизација во судството. Токму судските реформи претставувале главен недостаток на турскиот систем. Судството било зафатено со силна корупција, а принципот на судска непристрасност особено спрема христијанското население целосно бил нарушен. Невозможно било да се покаже судската правда кога како тужител се јавувал христијанин, а обвинетиот бил муслиман.[509]

Големите европски сили не инсистирале да покажат некаква интензивност при спроведување на реформи во судството во трите вилаети. Но во однос на тоа прашање, не останала рамнодушна Велика Британија. Лордот Ленсдаун испратил писма до министрите за надворешни работи на Русија и Австро-Унгарија, Ламсдорф и Голуховски во кои ја наложил потребата од подобрување на состојбите во судството. Поради опасноста од ангажираност на Големите сили при спроведување на судски реформи во трите вилаети, првиот човек на руското министерство Ламсдорф, започнал советување со Голуховски за состојбата во турското правосудство. Меѓутоа во мај 1906 година била извршена смена на руското министерство за надворешни работи. Ламсдорф бил заменет, а на негово место бил назначен Александр Петрович Изволски.[510]

Како последица на промената во руската дипломатија, настанал извесен прекин при преговорите меѓу „најзаинтересираните“ страни. Подоцна измени биле направени и во Министерството за надворешни работи на Австро-Унгарија, кога за министер бил поставен дотогашниот пратеник во Санкт Петербург, Алојз Фон

---

509 А. Н. Сквозников, Македония в конце XIX- начале XX века - яблоко раздора...,104-105

510 Роден е Москва 1856 година. Бил истакнат руски дипломат, но многу самоуверен и суетен. Покажал склоност кон решавање на многу значајни политички прашања. Творец е на руско-англиската спогодба и градење цврст сојуз со Франција. На чело на Министерството за надворешни работи ( МИД), стапил на 28 април 1906 година. После тоа бил седум години руски абасадор во Париз. Во младоста бил истакнат словенофил, но потоа станал англофил. Бил руски амбасадор во Белград, Копенхаген, Минхен, Токио итн. Својот живот го завршил во Париз во 1919 година. (Поопширно во: С. Живанов, Основи спољне политике Русије...,84-85)

Ерентал.[511] Па така во поглед на реформите во судството било направено намалување на нивната дејност, па дури и заладување на односите меѓу Русија и Австро-Унгарија. Меѓу двојната монархија и Германија било направено зближување со што на европската сцена се појавил еден поинаков распоред за настапување на Големите сили. Од друга страна пак руската револуција од 1905 година, и неуспехот на Русија во војната со Јапонија, придонесле австриското влијание на Балканот да се засилува, додека руското да намалува.[512]

Новата надворешна политика на Австро-Унгарија на Балканскиот Полуостров била со поинаква политичка ориентација. Таа и понатаму настојувала да се запази непроменливоста на Империјата, но се откажала од активно дејство во реформската програма. Во една таква состојба кога Велика Британија заедно со Франција, започнале преговори за судските реформи, ја присилило Австро-Унгарија да ги усогласи своите ставови со Русија. На крајот руската и австро-унгарската дипломатија, успеале да изработат компромисен модел на судските реформи, наменети на Солунскиот, Битолскиот и Скопскиот вилает.[513]

Во август 1907 година, рускиот и австро-унгарскиот пратеник во Цариград и предале нота на Високата порта, со која барале да се применат судските реформи во трите вилаети. Набрзо започнале консултации меѓу Големите сили за поголемо вклучување и на другите сили при извршувањето на судските реформи. Но, Портата ја отфрлила нотата на двете сили при тоа поучена од искуството од претходните (финансиските) реформи и формирањето на меѓународна комисија. Таа сама презела мерки за воведување на судски реформи со кои во голема мера ќе ги неутрализира барањата на европските сили. [514]

Од друга страна, Русија и Велика Британија потпишале спогодба за средување на односите меѓу двете сили во Азија. Постигнатите резултати меѓу двете земји, придонесле за уште поголемо зближување на Велика Британија и Русија на Балканот

---

[511] Роден е во 1854 година во Бохемија (Област во денешна Чешка ). Бил на дипломатска служба во Букурешт и Санкт Петербург, а потоа министер за надворешни работи на Австро-Унгарија, од 1906 до 1912 година. Учествувал во анексијата на Босна и Херцеговина. Поради потигнатите успеси во дипломатијата се стекнал со титулата гроф.

[512] Г. Тодоровски, Реформите на големите европски сили...,III, 299-301

[513] А. Н. Сквозников, Македония в конце XIX- начале XX века -яблоко раздора...,106

[514] Г. Тодоровски, Реформите на големите европски сили...,III, 305-306; К. Сидовски, Италија и Македонија од крајот на XIX век..., 337-338

и во Европа. Спогодбата меѓу Русија и Велика Британија [515] била потпишана на 31 август 1907 година во Лондон. Од руска страна бил потпишана од Александар Изволски, а од англиска, од Артур Николсон-амбасадор во Санкт Петербург. [516]

Кога се говори за значењето англиско-руската спогодба треба, да се истакне дека на двете држави не им било лесно да донесат такво решение. Меѓу Русија и Англија постоело многугодишно непријателство и ривалство. Кога во 1906 година, рускиот Генералштаб ја разгледувал можноста за зближување со Англија, учесниците на советувањето биле против тоа, бидејќи Англија секогаш претставувала енергичен и беспоштеден противник на Русија. Не случајно, англиската дипломатија во Европа, го добила епитетот „Гордиот Албион". Англија честопати била пречка за руските интереси, било тоа да е за прашањето за морските теснеци, за Балканскиот Полуостров, Средна Азија и на крајот, на Блискиот Исток.[517]

Со Англо-руската конвенција бил ставен крај на компромисот за Балканот. За руското царство настаните на Балканот секогаш имале примарна цел. Таквата активност секогаш била поврзана со политичките борби на Србија и Бугарија, кои за Русија биле особено важни пред опасноста од турската власт, борбата против влијанието на големите европски држави на Балканот итн. До 1907 година на Балканот често имало судири меѓу Русија, Австро-Унгарија, Велика Британија и Турција. Меѓутоа со Англо-руската спогодба и формирањето на Антантата, настаните

---

[515] Почетоците на руско-британското зближување датираат од времето на завршувањето на руско-јапонската војна. Заедно со Франција, Велика Британија учествувала во давањето заем на Русија. Во почетокот на 1906 година, рускиот министер за надворешни работи Ламсдорф, ја напуштил својата функција, а на негово место бил поставен дотогашниот пратеник во Копенхаген-Изволски. Тој бил наклонет кон Велика Британија и плашејќи се од нови судири со Јапонија, се трудел да се зближи со Британија. Во март 1907 г. руска флота пристигнала во Портсмут, потоа во Лондон им бил приреден свечен прием. Со овој договор бил формирана Антантата, која ја сочинувале:Англија, Франција и Русија, наспроти Тројниот сојуз составен од Германија, Австро-Унгарија и Италија. (Поопширно кај: В.П. Потемкин, Историја дипломатије, свеска друга, 158-160)

[516] Ч. Попов, Друштвена и политичка историја...(1871-1914), 282-283; Историја дипломатије, свеска друга, 159-160

[517] А.В. Орлов, Внешняя политика и международные отношения России с середины XIX века до 1918 года, Санкт-Петербург, 2011, 135

се измениле и добиле поинаков тек. По прашањето за општата балканска политика, Русија била во постојана консултација со Англија.[518]

Како резултат на противречностите и изменетите политички односи меѓу Големите сили, преговорите кои ги воделе рускиот пратеник Зиновјев, австрискиот пратеник Палавичини и Високата порта, биле одложени поради пасивноста на австроунгарскиот пратеник во Цариград. Во меѓувреме Портата му предала на Зиновјев нов проект со судски реформи. Со овој предлог за реформи, Турција сакала да ја отстрани опасноста од меѓународна контрола во судството.

По тој повод, било одржано советување меѓу пратениците на големите европски сили во Цариград, но без биде донесено некакво конкретно решение. На состанокот биле предложени три проекти за судски реформи и тоа: турски, руски – поддржан од Велика Британија и австро-унгарски поддржан од Германија. На средбата меѓу пратениците, прв пат се појавиле несогласувања меѓу Русија и Австро-Унгарија кои дотогаш го имале приматот „најзаинтересирани сили". Русија инсистирала судските инспектори да бидат под меѓународна финансиска комисија, додека Австро-Унгарија не го прифатила таквиот предлог. Таа барала судските инспектори да бидат назначени од Портата, без да има меѓународна контрола над судските реформи. За тоа време претставниците на шесте големи сили во средината на декември 1907 година, упатиле барање до Портата за продолжување на рокот на генералниот инспектор, на главниот реорганизатор на турската жандармерија, на цивилните агенти и на членовите на меѓународната финансиска комисија за уште седум години. Портата ги прифатила понудените предлози, но биле условени од тоа, сите странски реформатори да бидат турски службеници. Поголем дел од Големите сили не се согласиле со таквото барање на Турција. Затоа била извршена подготовка за барање од Портата, да се воспостави меѓународна контрола на судството во Македонија. Веднаш по предавањето на нотата од страна на Големите сили на Портата, кај австриската дипломатија се случил неочекуван пресврт. Имено, заради добивањето на концесијата на Новопазарската железничка пруга и создавањето воени блокови, баронот Кал во името на министерот за надворешни работи Ерентал, му изјавил на турскиот пратеник во Виена, дека Австро-Унгарија го одобрува ставот на Турција за продолжување на мандатот на турските и на странските реформатори во трите вилаети. Поддршката на турските предлози, значела и целосно откажување на Двојната монархија од заеднички притисок врз Портата за меѓународна контрола

[518] Исто, 138

на судството. Рускиот, британскиот, францускиот и италијанскиот амбасадор и понатаму дискутирале за подготвување на текстот за колективна нота врз Портата. Но поради некои несогласувања, конечниот текст бил пролонгиран. Од друга страна, турската влада користејќи ја таквата положба се согласила да ѝ даде концесија на Австро-Унгарија за изградба на Новопазарската железница. Барањето на Австро-Унгарија да ги поддржи турските предлози за судски реформи, од Германија веќе биле потврдени.[519]

Со посебен султански декрет било потврдено дека Австро-Унгарија ги добила концесиите за изградба на железничка линија од Австро-унгарската граница преку Новопазарскиот санџак до Солун. Таа железница имала воено-економско значење и би била проводник за австроунгарска експанзија на Балканот и Македонија. Со тоа, двојната монархија имала можност да ја контролира стратегиски важната Моравско-Вардарска долина и да има свој излез на Егејско море. Тоа ќе доведе: „...до губење на последниот дел на Турција и воспоставување на австриско господство“.[520]

Претходно во февруари, Германија добила согласност од Портата за продолжување на изградбата на Багдатската железничка линија, а во мај и официјално била потврдена согласноста на турската влада. Оваа претставувало нов голем успех на Берлин, за понатамошно покорување на Турција. Во врска со оваа рускиот министер за надворешни работи Изволски изјавил: „Со реализацијата на австрискиот железнички проект кон Солун ќе доведе кон германизација на Македонија“. А. Изволски упатил писмо до австрискиот пратеник во Санкт Петербург во кое ги критикувал економските планови на Виена на Балканот. Истиот ден Изволски му изјавил на британскиот пратеник Санкт Петеребург: „Русија го напушта меѓусебниот договор со Австро-Унгарија и се обединува со држава која искрено сака реформи (во Македонија).“[521]

Потегот на Австро-Унгарија предизвикал бура од негодуваiьа не само кај Русија и Италија, туку и кај балканските држави. Се појавиле нови проекти како противтежа на Новопазарската железничка линија и воопшто на австро-германската доминација. Се појавил српски предлог поддржан од Русија, за изградба на железничка линија преку Романија, Србија, северна Албанија, до брегот на

[519] Г. П. Геновъ, Источнятъ въпросъ, часть втора, 533 ; Г. Тодоровски, Реформите на големите европски сили...,III, 306-310

[520] Ј. Ханза, Младотурската револуција во Османската империја..95

[521] А. Н. Сквозников, Македония в конце XIX- начале XX века -яблоко раздора...,107-108

Јадранско морет; бугарскиот предлог бил за поврзување на Софија со Солунското пристаниште преку Ќустендил и Куманово. Сите овие проекти само ја искомплицирале состојбата и ниеден од нив не бил спроведен.[522]

Изјавата на Алојз Ерентал, воедно претставувала крај на руско-австриската соработка на Балканот и завршување на договорот од 1897 година за одржување на статус-квото на Балканскиот Полуостров, а истовремено и удар врз Големите сили и нивните залагања за спроведување на реформи во македонските вилаети. Со откажувањето на Австро-Унгарија и нејзиното зближување со турската влада, бележиме една нова етапа на реформите во Македонија.[523]

Засилената активност на австро-германската политика за балканските прашања, значело раздвижување на англиско-руската дипломатија. Министерот за надворешни работи на Велика Британија, Едвард Греј[524] го покренал македонското прашање во Британскиот парламент. Бидејќи Мирцштегска реформска програма не ги дала потребните резултати, така се појавила нова британска иницијатива за реформи во Македонија. Англискиот предлог бил составен од четири точки кои претставувале основа за изработка на заднички реформи во трите вилаети. Ова иницијатива значела дека се извршени коренити промени во надворешната политика на големите европски сили спрема Македонија. Тоа значело автономија за Македонија и успешно решение за воспоставување на ред и мир во Империјата.[525]

Во давањето на предлози за судски реформи не заостанала и Русија. Во една таква состојба, Русија го отфрлила британскиот прокт за реформи во Македонија, како радикален и донесла во март 1908 година, поумерен проект. Рускиот предлог бил донесен како одговор на британскиот предлог за реформи во Македомија и бил

---

522 Г.П. Геновъ, Источнятъ въпросъ.., 533-534

523 Г. Тодоровски, Реформите на големите европски сили...,III, 312

524 Во Велика Британија во 1905 година, била извршена смена во Министерството за надворешни работи. На местото на конзервативната, на власт стапила Либералната партија. Тоа место му било доверено на Едвард Греј( Edward Grey) како прв човек на Foreigne office, кое што во периодот од 1906 до 1916 година, имало важна улога во европската политика. Бил истакнат политичар и дипломат и творец на англиско-руската спогодба. Со доаѓањето на лордот Греј започнува една нова ера, на активна надворешна политика со која Британија излегла од т.н "блескава изолација". Со оваа била извршена нова ориентација на британската надворешна политика која имала за цел да се зближи со Франција, а потоа и со Русија. (Георги П. Геновъ, Источнятъ въпросъ, часть втора, 534)

525 Г. Тодоровски, Реформите на големите европски сили...,III, 314-315

составен од седум точки. Со него било предвидено да бидат назначени цивилни агенти и од Велика Британија, Франција, Германија и Италија и тие да ги имаат истите права како претставниците на Русија и Австро-Унгарија. Рускиот проект за реформи претставувал замена за руско-австриската контрола во Македонија, а тоа само по себе значи, дека австро-руската мисија на Балканот повеќе не постоела. Наместо контролата на двете „најзаинтересирани сили", стапила колективна контрола на сите големи европски сили и тоа на само во Македонија, но и на целиот Балкански Полуостров.[526]

За состојбата во Македонија загриженост покажал и рускиот министер за надворешни работи, Изволски од април 1908 година. Меѓу другото во неа се вели: „досега не е постигнато ништо позитивно и завршно во положбата на македонските христијани и не е направен крупен чекор на патот за остварување на реформите во Македонија."[527]

Во тоа време забележана е засилена германска политичка и економска моќ која ги загрозувала руските и англиските интереси. Преземањето на нови иницијативи за реформи би ја неутрализирале кризата која постојано била присутна во овој дел на Балканот. Иницијативите кои ги преземала Британија воделе кон посакуваниот правец за Македонците- кон воспоставување автономија. Нејзиниот предлог за поставување на генерален губеранатор –христијанин, одговорен пред Големите сили, само го потврдувал тоа. Тоа значело одделување на Македонија од турската империја и создавање на вазална провинција или посебна политичка целина. Но, ваквиот англиски предлог бил одбиен од Русија, Австро-Унгарија и Германија, бидејќи не се совпаѓал со нивните политичките и економските интереси. Засилниот австро-германски налет, можел да се запре само со употреба на политички методи, а тоа значело давање автономија на Македонија- сметала британската влада. Оттука и желбата на англиската влада да ги запази економските интереси на Балканот и Блискиот Исток кои биле загрозени од германско-австрискиот блок. Затоа таа настојувала да се постигне согласност со Русија за воведување на реформи во Македонија. Така во почетокот на април 1908 година, меѓу руската и англиската дипломатија, започнале дипломатски преговори за нивна официјална средба.[528]

---

[526] А. Н. Сквозников, Македония в конце XIX- начале XX века -яблоко раздора...,113

[527] Р. Терзиоски, Руската дипломатија и македонските...,230

[528] Исто, 213; Г. Тодоровски, Реформите на големите европски сили...,III, 327-330

# Рускиот однос кон Балканот и Македонија од Младотурската револуција до почетокот на Балканските војни

## Ревалски средби

Руско-англиското зближување било потврдено на 9-10 јуни 1908 година, на средбата меѓу царот Николај II и англискиот крал Едвард VII[529] во Ревал (денешен Талин). За време на срдечната средба меѓу двајцата високи државни функционери, биле разменети мислења за светските настани и постигната согласност на двете големи сили и формирање на коалиција. Покрај двајцата цареви, на средбата во Ревал учествувале и рускиот министер за надворешни работи, Изволски, помошникот на државниот секретар за надворешни работи, Чарлс Хардинг, адмиралот Фишер и генералот Френч.[530]

Главната цел за свикувањето оваа средба била да се преземат мерки за неутрализирање на германско-австроунгарската коалиција и нејзино ширење на Балканскиот Полуостров, на Блискиот Исток итн. Поради тоа Русија и Англија ги подобриле своите односи и ги усогласиле своите ставови за актуелните прашања во Европа и пошироко. Исто така, Ревалските средби биле одржани и поради актуелната состојба во Македонија.[531] Со ова биле направени последните обиди за решавање на македонското прашање во рамките на Османлиската империја. Русија и Англија направиле чекор напред и побарале од Портата, Македонија да добие автономија.[532]

---

529 Едвард VII бил сопруг на данската принцеза Александра, која била сестра на грчкиот крал Георг, а рускиот цар бил син на другата сестра на кралот Георг со име Дагмар.

530 С. Живанов, Основи спољне политике Русије...,96

531 Ј. Ханза, Младотурската револуција во Османската империја..,126

532 В „пороховом погребе Европы"...,315

За време на разговорите, Хардинг побарал од Изволски да го поддржи англискиот проект за реформи во Македонија. Поради тоа било издадено соопштение во кое било истакнато дека меѓу Русија и Британија е постигната согласност за целокупните меѓународни проблеми. Во текот на дискусијата кога се раговарало за македонското прашање, Изволски се трудел на англиската реформска програма да ѝ даде умерено значење. Поради опасноста од Германија, Хардинг и сугерирал на руската влада што поскоро да ги обнови и реорганизира вооружените сили на својата земја. Поради војната со Јапонија и револуцијата во 1905 година, руската воена моќ била значително намалена, што било повод нејзините противници да ги зацврстат своите позиции на Балканот. Тука пред сѐ се мисли на австриската дипломатија.[533]

За време на средбата меѓу Изволски и Хардинг, детално било разговарано за македонското прашање за преку спроведувањето на реформите да се овозможи смирување на состојбата во Македонија. Разговорите најмногу биле фокусирани кон именувањето на генерален инспектор и правата и должностите со кои ќе располага. Британската влада и натаму го форсирала својот став, а тоа значи генералниот инспектор да има право да именува службеници во државната управа, без да биде овластен од централната власт. Изволски најпрво се спротивставил на англискиот предлог, затоа што сметал дека треба да се сочува султанскиот суверенитет, но потоа се согласил околу поставување на генерален инспектор во македонските вилаети. Меѓу двете земји била постигната спогодба за финансиските прашања, потоа за формирање на подвижни жандармериски одреди, за мисијата на странските офицери кои учествувале во реоганизацијата на жандармеријата итн. Овде може слободно да констатира дека при спогодбата меѓу двете земји, нивниот реформски проект претставува целина од рускиот и англискиот предлог.[534] На крајот на средбата било објавено заедничко соопштение, во кое било истакнато дека меѓу Русија и Англија била постигната согласност за реформи во Македонија. Реформската програма се покажала како мошне радикална и била насочена кон создавање на автономија на Македонија, со своја администрација.[535]

---

533 Историја дипломатије...свеска друга, 165-166; Ј. Ханза, Младотурската револуција во Османската империја..,126-127

534 Г.Тодоровски, Реформите на големите европски сили...,III дел , 332-333

535 Ј. Ханза, Младотурската револуција во Османската империја...,127

Она што недостасува кај Ревалската средба е тоа што изработениот предлог за реформи не бил строго дефиниран, туку само прифатена спогодба за применување на нова реформска програма во трите вилаети. Токму Русија според договорот требало да го состави речиси конечниот облик, да го предаде на разгледување од Големите сили и да им биде соопштен на пратениците на сите сили и во таква форма да го достави до Портата. [536]

Ревалската средба силно одекнала и предизвикала незадоволство кај Германија и Австро-Унгарија. Рускиот амбасадор во Берлин ги посоветувал руските владеачки кругови, да бидат внимателни за да не ја разгневат германската влада. Затоа и Русија настојувала со ова зближување да не ги влоши односите со Берлин и Виена и да им стави до знаење дека со оваа не е променет правецот на својата надворешната политика. И Турција негативно реагирала на руско-британската спогодба. Турскиот министер за надворешни работи, Рифат паша, покажал загриженост кај Портата, поради евентуалното именување на независен генерален инспектор за македонските вилаети. Таквата новонастаната состојба била причина турската влада да го продолжи своето приближување кон Централните сили. За разлика од нив, Франција го поздравила руско-британското зближување. Ревалската средба придонесла за возбудување и кај Големите сили, особено на оние кои припаѓале кон Тројниот сојуз, и кои не можеле да се помират со фактот дека новите реформи имаат радикален карактер и се донесени од Русија и Британија. Наспроти тоа, Германија и Австро-Унгарија ѝ сугерирале на Портата, да не ги прифаќа новите предлози за реформи.[537]

Меѓутоа, за да не го нарушат и да му нанесат срам на англо-рускиот авторитет пред европската јавност, тие само формално го прифатиле англиските предлози, така што противречностите меѓу соперничките страни и понатаму постоеле. Тоа значи и дека колективната нота до Портата не била доставена. Така англо-рускиот предлог за реформи во Македонија од јуни-јули 1908 година бил неприфатлив од другите европски сили. Англискиот предлог бил насочен кон тоа да ги загрози германските и австриските интереси на Балканскиот Полуостров. Од друга страна Германија и Австро-Унгарија настојувале да ја „заштитат“ Османлиската империја од секакви влијанија, а истовремено уште повеќе да се ја засилат својата политичко-

---

[536] Г. Тодоровски, Реформите на големите европски сили...,III дел , 333

[537] А. Н. Сквозников, Македония в конце XIX- начале XX века -яблоко раздора...,113; С. Живанов, Основи спољне политике Русије...,96

економска моќ во Империјата. Австриското и германското царство ја посоветувале Високата порта за големата опасност која ќе доведе до губење на нејзините територии. Како што тоа некогаш (1876 г.) го направила англиската дипломатија, кога под раководство на Митхад паша бил воведен Уставот, така сега австро-германската дипломатија ги поддржала Младотурските идеи за уставен поредок во Империјата, во 1908 година. Со престојната Младотурска револуција бил ставен крајот на англо-руските планови за реформи во Македонија.[538]

Ревалската спогодба за воведување на нови реформи во Македонија значело и засилување на руско-англиската контрола во Македонија и дополнителен притисок врз Портата. Тоа неминовно доведувало до отцепување на нови територии од европскиот дел на Турција, до распарчување на Империјата и нови димензии за македонското прашање.[539]

Ревалската средба била главна причина за избувнувањето на Младотурската револуција.[540] Како друга важна причина била стравот на младотурскиот комитет од зајакнување на руските интереси, а значително намалување на Англија. Руските маневри извршени во Црно Море неколку дена по средбата во Ревал, дополнително го зголемиле стравот кај младотурците. Тоа би значело крај на турското владеење во Европска Турција и на Блискиот Исток. Веста за Ревалските средби предизвикала вознемиреност поради последиците кои би настанале и уште повеќе ги забрзала подготовките за почетокот на Револуцијата. Пропуштањето на оваа прилика значело победа на ВМРО или Македонија и Османлиската империја повторно ќе биде под власт на Големите сили.[541]

---

538 Г. Тодоровски, Реформите на големите европски сили...,III дел , 335-337

539 Ј. Ханза, Младотурската револуција во Османската империја..,128

540 Детално за ова види: Ванчо Ѓорѓиев, Апостол Петков Терзиев, Кралот на Блатото, Скопје, 2013, 239-241.

541 Ј. Ханза, Младотурската револуција во Османската империја..., 147-150

# Младотурската револуција и крајот на руско- австроунгарската реформска програма

Големите европски сили биле инволвирани, во сите сфери на општеството во Османлиската империја. Главната тенденција на младотурското движење била ослободување на Турција од целосната економска и политичка зависност од големите европски сили. Се исполнило времето кога младотурскиот комитет во практика да ја покаже својата револуционерна дејност. Ревалската средба била само повод за преку револуција да биде срушен апсолутизмот во Османлиската империја.[542]

Во јуни 1908 година, во Османлиската империја избувнала Младотурската револуција која имала цел повторно да се воведе уставно уредување по примерот од 1876 година. Еден од основните задачи на младотурците бил распаѓање на целокупната контрола на големите европски држави. Стравувајќи од пораз и да не го загуби својот престол, ноќта на 24 јули 1908 година, турскиот султан Абдул Хамид бил принуден со ираде[543] да го прифати Уставот. Со тоа тој ја активирал конституцијата на Митхад паша од 1876 година.[544]

На 25 јули 1908 годин, рускиот министер Изволски, од Министерсвото за надворешни работи (МИД), со посебна циркуларна телеграма го изнесол официјалниот став на руската влада пресвртот на Младотурците. Во неа било истакнато дека, руската влада го прекинува своето учество во реформите во Македонија и ќе избегнува секакво мешање во пресвртот, кое ќе го спроведува турската власт во Европска Турција. Заради тоа рускиот пратеник во Цариград бил

---

542 Г.Тодоровски, Македонското прашање и реформите...,233

543 Пред прифаќањето на Утавот, долго време заседавал Министерскиот совет. На заседанието детално биле разгледани сите телеграми кои доаѓале од Румелија. За време на разговорите била опишана тешката состојба во која се наоѓала Империјата. Тогаш султанот Абдул Хамид одлучно рекол: "Воведувањето на Уставот стана во мое време ... по извесно време неговата употреба беше прекратена. Ако мојот народ го сака неговото воведување, јас му го давам. Веднаш нека се напише ираде за воведување". Споменатото ираде било објавено во цариградските весници, со што официјално била потврдена победата на Младотурците. види:(фуснота бр. 528, Ј. Хамза, Младотурската револуција во Османската...165)

544 Г.П. Геновъ, Източнятъ въпросъ.., 539

задолжен да ја изрази загриженоста на руската влада спрема Портата, дека на Русија и на другите европски сили им била доверена задачата за подобрување на состојбата во Македонија. И британскиот министер Едуард Греј на 27 јули 1908 година, го поздравил прогласувањето на уставот во Турција, при тоа покажувајќи сигурност дека нема да прави непотребно мешање на европските држави во македонското прашање. Таквиот британски став бил поткрепен, поради тоа што на власт во Империјата стапила проанглиска влада на чело со Ќамил паша. Со таквите изјави водечките европски држави го означиле завршувањето на Мирцштегскиот реформски проект наменет за трите македонски вилаети. Меѓународната контрола составена од цивилните агенти, странските офицери и финансиската комисија, само формално ја продолжиле својата функција и тоа како обични посматрачи на настаните.[545]

По Младотурската револуција се променил односот на турската власт спрема странските офицери и кон другите реформаторски органи во трите вилаети. И кај муслиманското население биле забележани промени во нивното однесување кон странските офицери. Од тука произлегува и таа воздржаност и поголема коректност спрема младотурците, бидејќи сметале дека тоа претставува внатрешна работа на Отоманската империја. Сите офицери во македонските градови кои биле лојални на стариот режим, биле сменети и на нивно место биле поставувани нови млади офицери. Со тоа настапила една нова, поинаква состојба во Империјата која што најмногу ја почувствувале странските офицери, членовите на меѓународната финансиската комисија, дипломатските претставници итн.

Во понатамошниот период се појавиле инциденти и испади и друг вид на незадоволство, предизвикан од турските раководни луѓе и од муслиманското население. Тоа особено било изразено во Скопскиот вилает, кој му припаѓал на австриските реформаторски сили, како резултат на изразената експанзивна надворешна политика на Австро-Унгарија спрема Турција. После Младотурската револуција во таква или слична непријатна состојба се нашле и руските реформаторски сили. Појавата на инциденти меѓу турските офицери со офицерите од европско потекло била сè почеста слика. Таквите екцеси врз земјите кои учествувале во реформската програма придонесле за повлекување на своите офицери кои биле ангажирани во Солунскиот, Битолскиот и Скопскиот вилает. Со промените настанати по Младотурската револуција, на натамошното спроведување

---

545 А.Н. Сквозников, Македония в конце XIX- начале XX века -яблоко раздора..,114-115

на реформите му се гледал неговиот крај. Тоа било потвредено од становиштето кое ги зазело младотурското движење. Имено тие тврделе дека Младотурците имале доверба во Европа, но новата турска држава ќе ги заштитува сите народи и секоја странска интервенција ќе наиде на силен отпор. Младотурците укажувале дека тие ќе извршат реформирање на целото општество, па спрема тоа натамошните реформи на големите европски држави се безполезни. Најмногу на удар во споредба со другите офицери, биле австриските. Тоа ја натерало Австро-Унгарија во август 1908 година да поднесе барање до Русија, која ќе извести Турција за повлекувањето на своите офицери од Скопскиот вилает.[546]

Така Австро-Унгарија во август 1908 година, без согласност на Големите сили, прва започнала да ги повлекува своите офицери од Македонија. Таквиот чекор ја покажал првата вистинска пукнатина и уште повеќе го забрзал крајот на реформската акција на големите сили во Македонија кои ќе има несомнено тешки пооследици. Непопустливиот однос на турските официјални кругови спрема реформите, ги натерало Големите сили на 8 септември 1908 година, да упатат колективна нота до Високата порта. Во неа, барале објаснување за натамошното спроведување на реформите и за престојот на странските офицери во румелиските вилаети. Кон средината на декември истата година, турското министерство за надворешни работи им соопштило на Големите сили потписници на колективната нота (Велика Британија, Франција, Русија и Италија) дека се согласува да се даде отказ на странските офицери кои учествувале во реорганизација на турската жандармерија. Отпуштените офицери дури сакала да ги награди и да им се заблагодари за нивните услуги.[547]

Откако Високата порта одлучила да ги отпушти странските жандармериски офицери, започнало повлекување на странските офицери од Македонија. Во една таква состојба на сложени околности, руското раководство на 26 февруари 1909 година, донесло одлука руските офицери да ја напуштат Македонија. Со својот петгодишен престој во Македонија руските офицери успеале да стекнат доверба кај месното население. Работата на руските офицери при реорганизација на турската жандармерија била оценета како примерна. Александар М. Петрјаев, сметал дека

[546] Г. Тодоровски, Реформите на големите европски сили...,III, 339-345

[547] Исто, 346-349 ; Кочо Сидовски, Италија и Македонија од крајот на XIX век...,144-145;

според постигнатите резултати, дејноста на руските цивилните агенти во Солунскиот санџак, постигнала најголем успех.[548]

Главна цел на Младотурците била, претставниците на Големите сили распоредени според Мирцштегската реформска програма да ја напуштат Македонија. Со текот на времето тие успеале да издејствуваат, големите европски сили да ги повлечат своите претставници од македонските вилаети. Со ваквата иницијатива тие сакале да и докажат на Европа во каква тешка состојба се наоѓа Отоманското царство.[549]

Меѓутоа, Високата порта сепак не се одлучила целосно да ги укине заложбите на Големите сили. Таа сакала да изврши реорганизација на целокупната жандармерија во Отоманската империја. За таа цел го ангажирала генералот Робилант. Потоа младотурската влада направила уште еден крупен чекор кој што е директно поврзан со натамошниот тек на реформската програма во Македонија. Тоа бил смената на генералниот инспектор Хилми паша, кој што претставувал главниот двигател за спроведувањето на реформите. Неговото повлекување од должност во декември 1908 година, претставувал лош предзнак за натамошното спроведување на реформската програма.[550]

Од реформските органи во Македонија останале цивилните агенти, кој имале статус само како набљудувачи и имале право да учествуваат во состаноците на меѓународната финансиска комисија. Младотурската власт постепено им ја ограничувала функцијата на финансиската комисија. При донесувањето на буџетот за 1909 година, турскиот парламент не се обврзал да ја финансира меѓународната финансиската комисија. На 14 септември 1909 година, големите европски сили го прифатиле барањето за укинување на финансиската комисија и цивилните агенти во Македонија. Во една таква состојба во турските области бил воведен обичен конзулски режим кој постоел до средбата во Мирцштег и донесувањето на реформската програма наменета за Македонија.

Мирцшегска реформска програма била донесена за подобрување на состојбата на христијанското население и со помош на европските сили да реши македонското прашање. Во услови на засилен турски режим извршуван од турската војска и жандамерија, и покрај залагањата на европската дипломатија, не можело да

548 А. Н. Сквозников, Македония в конце XIX- начале XX века -яблоко раздора..,115-116

549 Ј. Хамза, Младотурска револуција...(Фуснота бр.615), 187

550 Г. Тодоровски, Реформите на големите европски сили...,III дел, 352-353

се изврши подобрување на состојбата на христијанско население во Македонија. Со доаѓањето на младотурците на власт, било спречено учеството на европските држави во реорганизацијата на Отоманското царство, посебно во Европска Турција, со што ги уништиле надежите на македонските христијани за подобрување на својата положба со помош на реформите. На тој начин Ревалската реформска програма останала „само мртва буква на хартија“ за по мирен пат, преку автономија да се реши македонското прашање. Нерешеното македонско прашање, било една од најважните причини за почетокот Балканските војни.[551]

Избувнувањето на Младотурската револуција, било главна причина за завршувањето на големиот реформски проект наменет за Македонија. Младотурците не само што го спречиле и го елиминирале реформскиот процес во македонските вилаети, туку и ставиле целосен крај на руско-британските планови за автономија на Македонија. Во една таква атмосфера завршила претставата на големите европски сили во Македонија. Македонското прашање иако нерешено и понатаму егзистирало.[552]

## Состојбите на Балканот и во Македонија од Младотурската револуција до формирањето на Балканскиот сојуз

Младотурската револуција дала повод за разрешување на уште две важни прашања, а тоа се: присоединување на Босна и Херцеговина кон Австро-Унгарија и прогласување независност на Бугарија. Тоа се случило за само два месеци после јулската револуција со што ја усложнила и така тешката положба и предизвикала да се заборави реформската акција во Солунскиот, Битолскиот и Скопскиот вилает. Двата настани се тесно поврзани со турскиот пресврт и воведувањето на Уставот во јули 1908 година. Основна цел на пресвртот била, да не се спроведат длабоки реформи во Империјата и истата да се ослободи од зависноста на Големите сили. [553]

Во врска со анексијата на Босна и Херцеговина, лидерите на Австрија и Унгарија не биле одлучни и постоело двоумење. Тие знаеле дека со тоа ќе ги прекршат одлуките од Берлинскиот договор и тоа ќе има последици. Освен тоа, тоа

[551] А.Н. Сквозников, Македония в конце XIX- начале XX века -яблоко раздора..,116-117

[552] Г. Тодоровски, Реформите на големите европски сили...,III, 356

[553] Г.П. Геновъ, Източнятъ въпросъ, часть втора, 543

би значело и отфрлување на спогодбите кои Австро-Унгарија и Русија ги потпишале за заедничка политика на Исток, склучени во 1897 и во Мирцштег 1903 година. Тоа не било од посебен интерес за Германија, па затоа ја поттикнувала Австро-Унгарија да ги преземе потребните мери. Таа се залагала својата доминација на копно, да ја надополни со зацртаната програма за воена моќ и над морињата и океаните.[554]

Во состојба кога Русија и Турција не биле подготвени за војна, австро-унгарската влада решила да дејствува и да изврши анексија врз Босна и Херцеговина.[555] Алојз Фон Ерентал пред да го преземе Австроунгарското министерството за надворешни работи, од 1899 до 1906 година бил амбасадор во Санкт Петербург. За време на својот престој во руската престолнина бил информиран од тамошните конзервативни кругови, дека Русија е премногу слаба и не е во состојба да ја спречи Австро-унгарската офанзива на Балканот.[556]

Била донесена одлука анексијата на Босна и Херцеговина да биде прогласена со посебен повод. Станувало збор за 60 години од стапување на престолот на царот Франц Јозеф I. Поради тоа биле преземени низа дипломатски и политички чекори. Првиот чин бил давањето согласност на бугарскиот кнез Фердинанд да прогласи независност на Бугарија, со што Берлинскиот договор бил прекршен.[557] Австроунгарскиот министер за надворешни работи Ерентал, настојувал присоединувањето на Босна и Херцеговина да биде, со согласност на Русија. Со таквата согласност на Русија, ќе ѝ се намалело нејзиното влијание меѓу христијанското население на Балканскиот Полуостров. Заради тоа Австро-Унгарија

---

[554] Ч. Попов, Друштевена и политичка историја Европе...(1871-1914), 287

[555] Првата седница на министрите на Австроунгарската монархија за анексија била одржана на 1 декември 1907 година. На неа била донесена одлука, таа да биде извршена кога ќе созреат условите за тоа. Набрзо почнало да се работи на тоа, тие поволни услови да добијат на динамичност. Кон крајот на декември 1907 година, во Хрватска за бан бил поставен баронот Павле Раух-огорчен непријател на Србија. Од Виена биле преземени мерки за да дојде до влошување на односите меѓу Србија и Црна Гора, со цел во потребниот миг тие да бидат компромитирани. Затоа започнале притисоци од секакви вид: застрашувања, затворања итн. Кога и тоа не успеало, тогаш виенската власт одлучно пристапила тоа да го направи по пат на закана. Настаните со Младотурската револуција само го забрзале тоа решение.(V. Ćorović, Istorija srpskog naroda.....)

[556] Историја дипломатије, свеска друга (1872-1919), 168

[557] Ч. Попов, Друштевена и политичка историја Европе...(1871-1914), 287

била подготвена да ѝ вети на Русија и да ја поддржи по прашањето за протоците и да овозможи слободен премин на руските воени бродови низ Босфорот и Дарданелите.

По Младотурската револуција и доаѓањето на Ќамил паша на власт, Англија го зацврстила своето влијание во Турција, за сметка на австриското. Тоа предизвикало страв во Виена, дека Босна и Херцеговина ќе побара автономија. Заради тоа императорот Франц Јосиф сакал да ја стави под своја власт Босна и Херцеговина.

Од друга страна, англиската влада не сакала да го поставува прашањето за протоците и со тоа да ги искомплицира своите односи со Турција. На тој начин Англија станала уште порешителна и непроменлива во поглед на преминот преку протоците. Според Ерентал, рускиот министер за надворешни работи, ќе побара од Австрија да и се даде право руските бродови да пловат преку протоците.[558]

Руската дипломатија имала средба со Австро-Унгарија. За време на разговорите австриската страна упатила барања за компензација со Русија. За сметка на својата неутралност, Русија побарала од Виена да ги поддржи барањата за повторно разгледување на меѓународните договори, поточно црноморските протоци да бидат во полза на Русија. Протоците требало да бидат повторно отворени за минување на руските воени бродови.[559]

По тој повод од 15-16 септември 1908 година, во замокот Бухлау, (Чешка) бил одржан таен состанок меѓу Ерентал и Изволски. При тоа двајцата министри постигнале само усмен договор. Австро-Унгарија дала цврсто ветување дека нема да се спротивстави на отворањето на протоците за руските воени бродови. Во замена на тоа, Русија се согласила Австро-Унгарија да изврши анексија на Босна и Херцеговина. Така австриската влада ја добила потребната дозвола за анексија, а во спротивно, таа го поддржала барањето на Певческиот мост за слободно пловење на руските бродови низ протоците. Двете држави сметале дека како резултат на анексијата може да биде прекината вазалната зависност од султанот и прогласување на бугарската независност и тие не треба да го спречуваат тоа. На 5 октомври Франц Јосиф I, го потпишал декретот за анексија. Во исто време бугарскиот кнез

---

558 Историја дипломатије, свеска друга (1872-1919), 168

559 Восточный вопрос, преземено од (www. militera.lib.ru) 3

Фердинанд прогласил независност на Бугарија. Во знак на протест, младотурската влада започнала да ги бојкотира австриските производи.[560]

Актот за анексијата бил испратен во сите странски дипломатски кругови. Австрискиот министер не го ни дочекал рускиот официјален одговор. На тој начин ги запрепастил царот Вилхелм II, англиската дипломатија и царот Никола II. Веста за анексијата, рускиот министер Изволски ја примил, додека престојувал во Париз.[561] Објавената анексија придонесла за нарушување на меѓународниот договор. Тоа предизвикало огорченост кај Изволски, затоа што бил нарушен неговиот авторитет. Потоа односите меѓу Сан Петербург и Виена биле влошени.[562]

Во Белград, анексијата врз Босна и Херцеговина предизвикала возбудување и била оценета како удар врз националните интереси. Прогласот за анексија предизвикал реакции и кај Црна Гора. И покрај затегнатите односи меѓу Белград и Цетиње, во моментите на заедничка загрозеност, двете земји изразиле заеднички протест против таквото дејство на Австро-Унгарија. Јавното мислење побарало енергични мерки, мобилизација за можна војна. Српскиот министер за надворешни работи Милован Миловановиќ, пристигнал во Париз при тоа барајќи инструкции за можна војна против Австро-Унгарија. Поради тоа Австро-Унгарија била во состојба на готовност и ги стационирала своите вооружени сили близу границата на Србија. Било предвидено на Србија да ѝ бидат поставени следните барања: да се откаже од претензиите за компензација и протест против анексија и да изјави дека нема да преземе агресивни мерки против Австро-Унгарија. Доколку Србија не ги прифати ултимативните барања, тогаш војната би била неизбежна.[563]

Напнатоста како во Србија, така и во Русија сѐ повеќе се зголемувала. Руските весници и дипломатските извештаи биле исполнети со горчина поради воените мерки кои ги преземала австро-унгарската влада и протестите во Србија. Состојбата се заострила до таков степен, за што бил свикан министерскиот совет на Русија, на

---

560 В.П. Потемкин, Историја дипломатије, свеска друга (1872-1919), 168-169; И.В. Якобовская, Имперская политика и Балканы в конце XIX -начале 20 вв, Великий Новогород, 2008, 27; Нина Дюлгерова, Съединението и независимостта на България в руските външнополитически приоритети, статии, (www.nina-dulgerova.org) , 9

561 V. Ćorović, Istorija srpskog naroda...

562 Восточный вопрос, Преземено од (www. militera.lib.ru)----

563 V. Ćorović, Istorija srpskog naroda... 29; Восточный вопрос, Преземено од (www. militera.lib.ru), 4

кој била разгледана можноста за војна. Меѓутоа министрите покажале воздржаност имајќи го предвид сознанието дека Русија е ослабена и не е подготвена за војна.[564]

Русија и понатаму преземала мерки за ублажување на новонастанатата тензична состојба. Во договор со Англија и Франција, таа предложила да биде свикана меѓународна конференција на Големите сили, каде би се дискутирало за промена на одлуките на Берлинскиот конгрес. Австрија одбивала да учествува на конференцијата, сѐ додека не добие гаранција дека нејзината постапка нема да биде изложена на критика. Ерентал ја одбивал европската конференција и од причина што прашањето за Босна и Херцеговина е само работа на Турција и Австро-Унгарија. Но мандатот за окупација Австроунгарска монархија не го добила од Турција, туку од страна на Големите сили, па спрема тоа таа промена треба да ја бара во таа насока.[565]

За тоа време во Турција се случиле промени во власта. Ќамил паша бил симнат од власт. На 26 февруари 1909 година, австриската дипломатија со помош на Германија забележала голем успех. Била постигната спогодба со турската влада. Турција се одрекла од суверенитетот над Босна и Херцеговина за 2,5 милиони фунти стерлинзи. За сметка на тоа, двојната монархија се одрекла од окупирање на Новопазарскиот санџак и ги повлекла своите војници. [566]

Германија и понатаму ја поддржувала Двојната монархија, при тоа нагласувајќи дека анексијата треба да биде призната од Големите сили. Германскиот канцелар Билов, на 21 март 1909 година, му дал наредба на германскиот амбасадор во Санкт Петербург, Пурталес, да упати барање со ултиматум до Изволски: да ја признае анексијата на Босна и Херцеговина, исто така, тоа да го направи и Србија и при тоа очекувајќи позитивен одговор. Доколку Русија не даде јасен одговор, тогаш Германија ќе дозволи, австроунгарската војска да изврши напад врз Србија. Изволски примајќи го барањето, му посочил на амбасадорот Пурталес, дека за вакво барање мора да го извести царот. Првиот човек на Руското министерство за надворешни работи(МИД) Изволски, бил принуден или да прави отстапки или да дозволи напад на Србија. Чувствувајќи се измамен од австриската дипломатија и неподготвеноста за војна, рускиот цар Николај II, на 24 март 1909 година, го известил Билов дека ги прифаќа германските барања и ја признава анексијата на Босна и Херцеговина. Во една таква атмосфера, кризата во Босна и Херцеговина ги

---

564 В.П. Потемкин, Историја дипломатије, свеска друга (1872-1919), 173

565 V. Ćorović, Istorija srpskog naroda...30

566 Историја дипломатије, свеска друга, 173

заострила австро-руските односи, а истовремено ги засилила противречностите меѓу Австро-Унгарија и Србија.[567]

Другиот важен настан е прогласувањето на независноста на кнежеството Бугарија. Според Берлинскиот конгрес било решено кнежеството Бугарија да биде вазално (зависно) на Османската империја. Во 1885 година е извршено соединување на Источна Румелија кон кнежеството Бугарија. Но и покрај тоа, кнежеството сè уште било во состојба на вазална зависност. По Младотурската револуција бугарскиот претставник во Цариград, Иван Гешов, ја изнел идејата за објавување независност на Бугарија. Од пресудно значење било мислењето на руската дипломатија.[568] Рускиот министер Изволски им сугерирал да не брзаат со објавувањето со независноста и да почекаат прва Австро-Унгарија да го наруши Берлинскиот договор.

Бугарскиот кнез кнезот Фердинанд правел напори за со помош на Австро-Унгарија да објави независност. Во Будимпешта, Фердинанд бил примен од министерот Еренталкако независен владетел и при тоа не бил потпишан никаков документ.[569]

Независноста била објавена со посебен манифест на 22 септември 1908 година, во црквата "Св. Четириесет маченици" во Велико Трново. При тоа кнезот Фердинанд ја примил титулата цар на Бугарија и било прогласено независно Бугарско царство. Со објавувањето на независноста биле нарушени одредбите на Берлинскиот договор па токму заради тоа започнала борбата на меѓународно признавање на бугарската независност. Еден ден подоцна (23 септември 1908 г.), Австро-Унгарија ја објавила анексијата на Босна и Херцеговина. По објавувањето на

---

567 Восточный вопрос, Преземено од: (www. militera.lib.ru) 5, Историја дипломатије, свеска друга , 174; И.В. Яакобовская, Имперская политика и Балканы в конце XIX и начале ...,28;

Ч. Попов, Друштевена и политичка историја Европе...(1871-1914), 287

568 Во тој период руската позиција била насочена кон неколку цели: Да ѝ даде поддршка на Бугарија и на негативното расположение во Србија и Црна Гора, поради анексијата на словенските територии кои создаваат услови за антиавстриска коалиција, потоа, нарушувањето на балканското статус-кво е во согласност со актуелизираните руските приоритети, сврзани со протоците и на крајот, со подобрувањето на руско-англиските односи да се засилат руските позиции на Балканот и крајната цел е формирање на воен блок-Антантата. (Нина Дюлгерова, Съединението и независимостта на България в руските външнополитически приоритети, статии, (www.nina-dulgerova.org), 10

569 Ц. Диковски, Обявяване на независимостта на България и борбата за нейното...,6

независноста, истиот ден Фердинанд телеграфски го известил султанот Абдул Хамид покажувајќи му верност. [570]

По прогласувањето на независноста, било потребно не само согласност на Портата, туку и на Големите сили потписнички на Берлинскиот договор. Поради инцидентот со бугарската влада и заземањето на источните железници, Портата непријателски гледала спрема бугарската независност. Тоа се должи на фактот што во речиси ист ден Бугарија ја објавила независноста и ги прекинала вазалните врски со Турција, а Австро-Унгарија ги присоединила двете „турски"области Босна и Херцеговина, за кои имала право само да управува со нив. Поради тоа што двата настани, анексијата на Босна и Херцеговина и бугарската независност, биле извршени истовремено, владите на Големите европски сили биле против таквото решение. Тие биле уверени дека тоа е извршено под влијание на Австро-Унгарија. Рускиот печат со воздржаност го осудила прогласувањето на бугарската независност. Осудата била оправдана поради претходно направената согласност, за анексијата на Босна и Херцеговина од Австро-Унгарија. За разлика од нив, австроунгарските весници со симпатии гледале кон бугарската независност, додека германските покажале воздржаност, затоа што сакале да го запазат пријателството со Турција и сојузот со Австро-Унгарија.[571]

И Двојната монархија и Русија не покажале готовност за признавање на бугарската независност. Австроунгарскиот министер за надворешни работи Ерентал веднаш го поставил прашањето за одземените железнички линии од Источните железници. Русија пак дала предлог да се свика меѓународна конференција на која ќе биде извршена ревизија на Берлинскиот договор, а со тоа да си обезбеди слободен премин преку Босфорот и Дарданелите.

На 1 октомври 1908 година, бугарскиот премиер Александар Малинов, упатил дипломатска нота до турската влада, со која барал во рок од три дена да биде признатa бугарската независност. Турската страна одговорила со објавување на делумна мобилизација, а Бугарија покажала борбена готовност со мобилизирање на резервната војска. Таквата тензична состојба била надмината со изразената подготвеност на бугарската страна за преговори со Портата. Англиската морнарица

[570]Восточный вопрос, Преземено од: (www. militera.lib.ru)----; Ц. Диковски, Обявяване на независимостта на България и борбата за нейното..., 7; И.В. Якобовская, Имперская политика и Балканы в конце XIX и начале ...,20

[571] Г. П. Геновъ, Източнятъ въпросъ, часть втора, 547-549

била упатена кон турските води, а руската морнарица само чекала наредба за мобилизација на вооружените сили. За да се спречи вооружениот конфликт, силите на Антантата испратиле делегат за преговори со Портата. Тоа било време кога ниту една држава не била расположена за војна, а со тоа и нова распределба на сфери на влијание.[572]

За време на преговорите, Турција побарала висока финансиска компензација. Бугарската влада со циркуларно писмо ги известила Големите сили дека нема да го плаќа турскиот надворешен долг. Со замешувањето на силите на Антантата конфликтот бил целосно разрешен. На 17 јануари 1909 година, руската влада во согласност со Англија и Франција, дала иницијатива да ги прифати барањата на Турција од 125 милиони лева. Бугарија била ослободена од отплата, а за сметка на тоа било потребно да склучи формален заем [573]од Русија со многу ниска камата. Најпосле на 6 април 1909 година, бугарскиот делегат Андреј Љапчев[574] и Рифат паша го потпишале протоколот со кој е призната независноста на Бугарија. На 7 април 1909 година, руската влада официјално ја признала независноста на Бугарија. Набрзо тоа го направиле Англија, Франција и Италија. Со потврдувањето на државниот суверенитет, Бугарија ја отфрлила вазалната зависност од Турција. Се ослободила од плаќање данок, од отплатата на турскиот државен долг и источнорумелиски данок.[575]

---

[572] Ц. Диковски, Обявяване на независимостта на България и борбата за нейното..., --

[573]Русија ја финансирала оштетата што Бугарија требало да ја исплати на Отоманската банка. Таа го направила со цел да ја задржи Бугарија под свое влијание, а со тоа да создаде поволни услови за формирање на Балканскиот сојуз насочен против германската експанзија на Балканот.(Михајло Миноски, Македонија и македонското прашање во руската политика ...,Зборник, Македонија и руската политика на Балканот..,96 )

[574] Бил истакнат политичар и државник од Бугарија, со потекло од Македонија. Роден е во 1866 година, во Ресен. Најпрво се школувал во гимназијата во Битола, а потоа продолжил во Солунската машка гимназија. Подоцна заедно со други ученици и учителот Трајко Китанчев се преместуваат во гимназијата во Пловдив. Во владата на Малинов бил назначен за министер за трговија и земјоделство. Одиграл значајна улога при објавувањето на независноста на Бугарија. Ја предводел бугарската делегација на преговорите во Цариград. Го потпишал протоколот за признавање независност на Бугарија. Се упокоил во Софија во 1933 година

[575] И.В. Яакобовская, Имперская политика и Балканы в конце XIX и начале ...,21; Цветан Диковски, Обявяване на независимостта на България и борбата за нейното...,

За време на Босанската криза (1908-1909 год.) австро-германскиот блок извојувал победа, но руското влијание и понатаму било присутно. Пред руската дипломатија престоела важна работа. Таквиот пораз не и доликувал на Русија и не бил во согласност со нејзниот статус како голема европска сила.[576] Иако пред балканските народи била во некој степен изразена привремена слабост, руското влијание и после тоа било запазено. Интервенцијата на Билов сериозно ги заострила односите меѓу Русија и Австро-Унгарија. Сега на потег била руската дипломатија, која и не чекала долго за да ѝ се реваншира на австроунгарската дипломатија.[577]

Помеѓу Италија и Австро-Унгарија постоеле судири околу нивните интереси во Албанија. Италијанската влада настојувала да го засили своето влијание на Балканот и до некој степен да се доближи до правата кои што Русија и Австро-Унгарија ги имале стекнато. Со други зборови, италијанската надворешна политика на Балканот се движела во насока на следење на политиката која што Русија и Австро-Унгарија ја воделе.[578]

На 24 октомври 1909 година, во Ракониџија[579] се сретнале рускиот цар Николај II, со италијанскиот крал Виктор Емануел III. Министрите за надворешни работи на Италија, Томазо Титони и на Русија, Александар Изволски, потпишале спогодба која потоа била потпишана од двајцата цареви. Согласноста меѓу двете страни имала таен карактер. Русија и Италија се договориле да дејствуваат заеднички против австриската експанзија на Балканот. Спогодбата била составена од следните точки:

1). Русија и Италија должни биле најпрво да го зачуваат статус-квото на Балканскиот Полуостров.

2). Што и да се случи на Балканот, тие мораат да се придржуваат кон примената на начелата на народностите, да го помагаат развојот на балканските држави вклучувајќи ја можноста за секоја странска превласт.

---

576 Ирина Е. Воронкова, Европейская политика России после Боснийского кризиса в оценке конституционных демократов, (www.rusnauka.com), 1

577 Историја дипломатије, свеска друга.., 175

578 Македонија во меѓународните договори, 1875-1919, 159

579 Замокот Ракониџија (Castello Reale di Racconigi) се наоѓа во северозападна Италија, во провинцијата Кунео, во близина на градот Торино. Во него се одржала позната руско-италијанска спогодба за статус-кво на Балканот.

3). Двете страни се обврзуваат заеднички да се спротивстават на сите дејства спротивни на горе наведените цели и секое дејство на друг поредок треба да биде одложено за некоја друга согласност.

4). Ако Русија и Италија сакаат да склучат спогодба со трета страна која се однесува на европскиот Исток... никоја од нив да не презема ништо без учество на другата.

5). Италија и Русија се обрзуваат да се однесуваат позитивно, првата кон руските интереси и прашањето за протоците, а втората-кон интересите на Италија во Триполи и Киринеаки.

Востановениот договор бил таен и не можел да биде предаден на друга држава, без заедничка согласност на двете страни. Тоа всушност и последниот крупен дипломатски чекор кој што Изволски го направил.[580]

За време на договорот со Русија, Италија се подготвувала за војна против Турција. Младотурската револуција дала можност при евентуално продлабочување на кризата, да се создадат услови за разделување на Османлиската империја. Од тие причини италијанската дипломатија покажала интерес за договор со Русија. Спогодбата главно била насочена против силната експанзија на Австро-Унгарија. Со тоа Италија им се придружила на Големите сили, заинтересирани за свое влијание на Балканот.[581]

По средбата во Раконица, Русија ја напуштила својата дотогашна традиционална политика, односно решавање балканските прашања со Виена и сега воспоставила соработка со Рим. Спогодбата ја подигнала на повисоко ниво самодовербата кај балканските работи и тие имале можност без страв да се развиваат. Во Раконица бил потврден слоганот: "Балканот е на балканските народи", што значело и порака за создавање на поблиска врска меѓу балканските народи, која

---

[580] Сборник договоров России с другими государствами (1856-1917) , бр. 6. Соглашение между Россией и Италией, 1952, (www.istmat.info); Очерки истории министерства...,том первый (860-1917), 520; Македонија во меѓународните договори, 1875-1919, 159-161; Ханс-Лотар Штепан, Македонскиот јазол, Идентитетот на Македонците прикажан на примерот на Балканскиот сојуз, Скопје, 2004, 268-269 ; Историја дипломатије, свеска друга.., 175

[581] А. В. Орлов, Внешняя политика и международные отношения Руссии...,164

што руската влада по завршувањето на анексионата криза, сè повеќе ја препорачувала. [582]

По завршувањето на реформите во Македонија во 1909 година, кои ги спроведувале европските сили и задушувањето на заговорот во турската престолнина, на младотурската влада и се создале услови за непречено владеење. Новопоставениот султан Мехмед V, се ставил во служба на младотурците. Во такви услови, младотурците станале овластени господари на ситуацијата во Отоманската империја. Во периодот од пролетта 1909 до средината на 1910 година, младотурскиот парламент изгласал низа закони кои биле насочени кон неутрализирање на ослободителните напори на поробените народи, а при тоа да обезбедат целосна власт во Македонија и на Балканскиот полуостров. Така биле донесени повеќе нови закони, и тоа: закон против четите во румелиските вилаети; закон за штрајкови, насочен кон работничките штрајкови и синдикатските здруженија; закон за политички здруженија со кои било предвидено распуштање на политичките партии итн. Сите овие новодонесени закони оставиле тешки последици за натамошниот развој на Македонија. Со ваквиот начин на владеење на младотурците, се создале услови за повторно враќање на состојбата на безредие во Империјата.[583]

Своите размислувања во врска со современата политичка положба во Европа и задачата на руската надворешна политика, високиот руски дипломат Успенски го споделил со рускиот император. Тој при тоа упатил критики за однесувањето на руската дипломатија во последните триесетина години кој ја довеле Русија во застој и затоа вели: „императорската влада треба да го обнови составот на руската дипломатија со посвежи учени, енергични и далекувидни претставници со определени задачи кон словенското европско прашање, при што го вклучува и македонското.“ Меѓу промените кои Русија треба да ги направи, тој во прв ред писмото го нагласува „..сочувствувањето со политичката независност на Србија, Бугарија и Црна Гора; востановување на автономија на Македонија под контрола европски губернатор итн. На крајот смета дека „Русија треба да ја помне историската улога на Балканскиот Полуостров да не ги отфрла словенските тенденции во Европа и да подготвува триумф на вистинските животни интереси на словенството по пат на тесно обединување и сплотување на општите словенски идеи“.[584]

---

[582] V. Ćorović, Istorija srpskog naroda...

[583] Историја на македонскиот народ, книга втора, 304-305

[584] Р. Терзиоски, Руската дипломатија и македонските..., 230-231

Незадоволна од младотурското владеење, Русија се определила прво да изврши зближување меѓу балканските народи, а потоа и по нејзина директива да формира Балкански сојуз. Тоа било направено со цел: да го спречи австроунгарското продирање на Балканот; да го забрза распаѓањето на Отоманската империја; и да ги зацврсти своите интереси на Балканскиот Полуостров.[585] По контрареволуцијата во Цариград ( 1 април 1909 година) српскиот претставник Миловановиќ на бугарската влада ѝ предложил повеќе контакти и поинтимно разбирање меѓу Бугарија и Србија со кои ќе се овозможи заштита на српските и бугарските интереси. Бугарската страна побарала поконкретно согледување на состојбите, но и понатаму покажувала резервираност кон српските предлози. Преговорите биле поддржани од руските дипломати во Белград и Софија. По тој повод рускиот амбасадор во Белград, Сергеев на бугарскиот амбасадор Тошев му рекол: „Ние ќе направиме сѐ од наша страна да го олесниме вашето зближување, кое од сѐ срце го сакаме“.[586]

За време на српско-руските контакти за создавање на заеднички сојуз, руската дипломатија одиграла значајна улога. Во екот на упорните настојувања на Миловановиќ да издејствува согласаност од страна на бугарската влада, била извршена промена на амбасадорското место во Белград. На местото на Сергеев, за нов руски амбасадор, бил поставен Николај Хенрикович Хартвиг.[587] Тој бил ревносен приврзаник на српската надворешна политика на Балканот и застапник на српските интреси во Македонија, при истакнувајќи ја неопходноста за излез на Србија преку

---

[585] В. Стојчев, Македонското прашање во политиката на Царска Русија...,(зборник, Македонско-руските врски во XIX и почетокот на XX век), 69-70

[586] П. Стојанов, Македонија во политиката на големите сили..., 69

[587] Тој бил по потекло Германец. Спаѓал во групата на оние „руски Германци“ кои со големи симпатии гледале кон Словените и станале ревносни словенофили. Хартвиг претставувал вистински пример за руски претставник на Балканот за заштита на христијанското население. Директно учествувал во српско-бугарските преговори за сојуз и отворено ги поддржувал српските претензии во Македонија. Самиот руски цар имал голема доверба кон Хартвиг. Тој ги заштититник на српските интереси и одиграл мошне важна улога во српската надворешна политика и зближувањето меѓу Србија кон Бугарија. Во врска со смислата и значењето на Русија на Блискиот Исток, Хартвиг ги подвлекува следните цели: Да им помогне на словенските народи кој со помош на Русија че водат самостоен живот за да ги постигната своите идеали, а тоа значи да го поделат меѓу себе целокупното турско наследство на Балканот и Русија да ја реализира својата историска задача да се зацврсти на брегот на Босфорот кој претставува врата за руската земја. Хартвиг бил руски пратеник во Белград од 1909-1914 година. ( А. Јелачић, Русија и Балкан..., --)

Албанија на Јадранско Море. Како прва задача која си ја поставил, била да ги зближи Србија и Бугарија и со тоа да ја држи Србија на растојание од Австро-Унгарија.[588]

Турската власт како и порано, гледала кон народот како своја потчината раја. Во својот извештај Попов, од Скопје, (18 јануари 1910 год.) меѓу другото констатирал:„ Населението се однесува скептички спрема мерките, што ги презема власта, и тоа сосема малку верува во искреноста на турските стремежи да заведат ред во земјата, а на христијаните навистина да им ги дадат истите права како и на муслиманите. Интелигентните кругови, во желба на Турците да ги 'отоманизираат' сите народи на Империјата, гледаат нивни стремеж за поништување кај христијанското население на секаков проблесок на национално самознание".[589]

Во 1910 година, била извршена смена во министерството за надворешни работи (МИД) на Русија. На местото на Александар Изволски, бил назначен Сазонов. Новиот министер за надворешни работи (МИД) започнал да води вистинска империјална политика, имајќи една поповолна дипломатска и финансиска состојба, бидејќи Русија веќе се опоравила од војната со Јапонија и од Револуцијата во 1905 година. Тој својата дејност ја насочил кон подобрување на политичките односи со Германија. Тој со тоа сакал да добие во време и целосно да ги обнови руската војска и морнарица.[590]

Младотурците вовеле новини во турската политика. Тука спаѓале: напорите за отоманизација на турските поданици на други вери и народности, потоа создавање на отоманска свест итн. Теророт против христијаните особено во Македонија, обновувањето на четничките акции, атентати, само го потврдувале распаѓењето на Турција, кое што Револуцијата не можела да го спречи. Од друга страна постоело стравување од зајакнување на турската војска како резултат на ангажирањето на германски офицери кои работеле како инструктори во турската армија. Ова претставувало уште поголем мотив за христијанските држави на Балканот за што поскоро да ги решат своите национални прашања. Поради тоа тие сè повеќе се стремеле кон зближување и обединување со своите сонародници.[591]

---

588 П. Стојанов, Македонија во политиката на големите сили...,70-71

589 С. Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, седми том, (1909-1913), 87-88

590 Историја дипломатије, свеска друга.., 176

591 А. Јелачић, Русија и Балкан..., 56

Како резултат на општата напнатост во земјата, биле забележани симптоми за приближување меѓу балканските народи кои дотогаш биле ривалски расположени едни кон други. Таквата состојба кај турската администрација предизвикала најсериозно стравување. Во врска со политиката на Русија во Македонија, рускиот надворешен советник Тухолка во својата забелешка изнесол свои гледања, а то се следниве: „Секакви претпоставки за дележ на Македонија( и на Стара Србија) ми се чинат, при сегашните услови-недопуштиви и опасни, како за нас, така и за балканските Славјани. Балканските народи не се во состојба да се договорат меѓу себе за тоа разделување; при најмалото споменување за дележ, Турција би побрзала да се зближи со Австрија и Германија и нашите односи би биле нарушени; Австрија и Германија не би го допуштиле тој дележ без војна; Пред да бидат делени турските владанија ќе треба да се војува со Турција, бидејќи од воведувањето на конституцијата, Турција повеќе не пожалува ништо во грижата за својата армија". Гледано од друг аспект, балканските Словени претставуваат природни пријатели на Русија и затоа и покрај пријателството со Турција не можеле да ја жртвуваат самобитноста на Словените. Затоа руската влада настојувала да одржува пријателски односи со Турција, но таа пак да им обезбеди мирен живот и слободен културно-историски наредок. Во краен случај ако не ги обезбеди интересите на Словените на Балканот, Тухолка смета дека: „најдобар од сѐ друго ќе биде стремежот за неутрализација на Македонија и Стара Србија и кон нивно уредување во вид на автономна федеративно-кантонална област (аналогно на Либан од една и Швајцарија на друга страна) при што Големите држави( во прв план Англија) да внимава ниедна народност да не ја угнетува другата."[592]

Со објавувањето на независноста на Бугарија, а исто така со анексијата на Босна и Херцеговина, односите меѓу Србија и Бугарија биле нарушени. Прогласувањето на независноста на Бугарија бил сметан од страна на Србија како непријателски акт, а револтот уште повеќе бил зголемен со присоединувањето на Босна и Херцеговина кон Австро-Унгарија.[593]

Како последица на тоа се појавиле бугарско-српски натегања за интересите во Македонија. Во врска со ова, бугарскиот претставник во Белград, Тошев рекол: „Помислата дека Бугарија би ги препуштила Стара Србија и Скопје на Србија, е една од српските илузии. Бугарија цврсто се држи за својата стара политика, да го чува

---

592 С. Дракул, Македонија меѓу автономијата...,седми том, 79-83

593 Ѓ. Абаџиев, Балканските војни и Македонија, Скопје, 1992, 14

единството на Македонија и да се залага за автономија на целата Македонија...сето тоа води кон подоцнежно припојување на Македонија со Солун, кон бугарската држава. На оваа политика не ѝ одговара, проширување на Србија кон југот."[594]

Бугарија се стремела да ги реализира своите аспирации за добивање на цела Македонија. Србија пак настојувала да ја отстрани опасноста од Австро-Унгарија, која ги загрозувала нејзините политичко-економски интереси. На тој начин двете балкански држави водени од различни интереси се труделе да постигнат меѓусебно разбирање.[595]

Во овој период (1910 година), Бугарија започнала дипломатска офанзива за да овозможи поддршка од големите европски сили за своите претензии во Македонија. Тоа особено го очекувала од царска Русија. Причина за тоа била засилената српска пропаганда, која што покажувала сè поголема активност. На бугарските владеачки кругови добро им било познато сознанието дека српската позиција кај Русија била посилна, во однос на бугарската. Русија сметала дека, Србија претставува голем сојузник против Австро-Унгарија, додека пак Бугарија била сојузник на Хабсбуршката монархија. Пример за тоа било бугарското однесување за време на Босанската криза во 1908 година, кога двете држави( Бугарија и Австро-Унгарија) ги реализирале своите политички цели. За да ги подобри своите односи со Русија, царот Фердинанд го посетил рускиот цар Николај II. Тој се надевал дека ќе добие поддршка од руското царство за присоединување на Македонија кон Бугарија.. Од друга страна интересот на Русија бил, да се надминат српско-бугарските противречности и да се формира Балкански сојуз, како одговор на австроунгарската експанзија.[596]

Бугарско-српско зближување било потврдено со взаемните посети на највисоките државници на двете земји. Во јуни 1909 година, бугарскиот крал Фердинанд два пати отпатувал во Белград на средба со српскиот крал Петар. Во духот на зближувањето, покрај посетите биле приредени и други свечености, како што биле: средбата меѓу српските и бугарските економисти, патување на бугарски студенти во Атина итн. При тоа тие веднаш ги информирале политичките кругови дека овие средби не претставуваат никаква опасност за регионот. Во почетокот на 1910 година, Миловановиќ го посетил Малинов во Софија. Потоа двајцата министри

---

594 Х. Л. Штефан, Македонскиот јазол...,101

595 Ѓ. Абациев, Балканските војни и Македонија..., 16

596 А. Гиза, Балканските държави и македонският въпрос..,27-28

во прудружба на Малинов и Пашиќ го посетиле Санкт Петербург. Главна тема на разговорите бил планираниот сојуз меѓу двете земји и македонското прашање. Малинов настојувал на Бугарија да ѝ биде осигурана Сан-Стефанска Бугарија, а Миловановиќ се залагал да се изврши корекција на границите од Сан-Стефанскиот договор и Србија да ја прошири своите граници југозападно од Шар планина, во Тетовско и Скопско. Започнатите преговори меѓу двете држави за сојуз меѓу Србија и Бугарија водени во руската престолнина, довеле до постигнување спогодба, а со тоа и планови за поделба на Македонија. Меѓутоа овие преговори, не донесле никакви резултати, кои што практично би биле спроведени. Српско-бугарски предлог – договор кој било потребно само да се потпише, бил изоставен и не бил реализиран. Во јуни 1910 година, во Софија бил одржан сесловенски собор на којшто присуствувале истакнати личности од Русија, Србија и Полска. На соборот силно било манифестирана неопходноста од зближување меѓу Словените на културно и економско поле. Биле давани проект-планови за словенски театар, словенска банка, заеднички научни собори итн.[597]

Во 1910 година, бугарскиот цар Фердинанд бил поканет од царскиот двор во Санкт Петербург, на кое му било предложено итно да биде склучен Балкански сојуз. Потоа рускиот министер за надворешни работи Изволски го посоветувал да го посети Цариград, со цел Турција да не се сомнева во врска со Балканскиот сојуз и да придонесе таа да се оддалечи од Германија и Австро-Унгарија. Истовремено и Изволски со намера да ја потенцира безопасноста од посетата на двајцата балкански кралеви на Петербург, му дал инструкции на рускиот амбасадор во Берлин, Шебеко да го информира Министертвото за надворешни работи, дека патувањето на балканските кралеви имало чисто мирољубиви цели. Колку тие цели биле мирољубиви, ни сведочи изјавата на капетанот З. фон Хинце, дека, кралот Фердинанд предложил заедничка воена интервенција против Турција, при што цел на Русија да биде Цариград, а цел на Бугарија-Македонија и Солун. Посетите на српскиот крал Петар и на бугарскиот Фердинанд, претставувале подготвителни разговори за Сојуз и за акција на Балканот.[598] За време на оваа посета биле направени обиди за формирање на руско-бугарски сојуз, кој би бил незавесен од Србија. Руската дипломатија понудила и друг предлог, а тоа бил српско-бугарско-турски сојуз. Според него, Русија имала цел Србија и Бугарија да ги насочи против Австро-Унгарија. Согледувајќи ја неможноста од еден таков сојуз, Русија ги

[597] Ѓ. Абациев, Балканските војни и Македонија..,17-18

[598] Х. Л. Штефан, Македонскиот јазол..., 101-102

советувала владите на Србија и Бугарија да биде формиран само српско-бугарскиот сојуз при тоа да се овозможи взаемна попустливост во нивните спорови околу поделбата на Македонија.[599]

За разрешување на македонското прашање постоеле и други мислења. Така рускиот министер за надворешни работи Александар Изволски во извештајот (од 19 ноември 1909 г.) упатен до Николај Хенрикович Хартвиг забележал: „Согласно со ова мислење, искрената и лојалната спогодба и Србија меѓу Бугарија, врз тлото на Македонското прашање, со посредство на Русија, би можело да послужи како единствено средство за подршка на статус-квото и за зачувување на мирот на Балканот. Во таквата состојба би требало да биде ставена заедничката обврска на Бугарија и Србија да не претендираат ни спрема најмалечок дел од Македонската територија. Македонија ќе продолжи да останува во составот на Турција сè дотогаш, додека оваа последнава сосем не се распадне, а во тој случај можно е дури и во иднина Македонија да стане автономна држава, во границите на Сан-Стефанскиот договор, со приклучување на Салоники. До тогаш Македонија би служела како обединувачка алка меѓу државите, што се стремат кон нејзино разделување.“ Таквиот план на дејствување за Македонија, можел да им послужи на Русија и на Италија како потпора за нивните понатамошни активности на Балканот.[600]

Српско-бугарското приближување сериозно ја загрижило турската влада. Белградскиот и софискиот печат во своите планови дури ги анализирале придобовките од таквата комбинација. За разлика од нив, Турците гледале опасност и започнале да се однесуваат негативно кон нив. Генералниот конзул во Солун, Чариков до императорскиот посол во Константинопол од 23 ноември 1909 година, поднесол свој извештај. Младотурската влада, „согледува во Турција непожелно засилување на неспокојните славјански соседи во подобрувањето на српско-бугарските односи .. како и опасност од меѓусебно помирување на бугарската и на српската националистичка пропаганда во Македонија.“ Младотурскиот комитет стравувајќи од понатамошно српско-бугарско зближување кое може да резултира со нивен сојуз, застанал на страна на грчките и влашките интереси. Младотурците биле водени од сознанието дека при обиди за создавање на единство меѓу Словените, брзо ќе наидат на отпор кај грчкиот елемент кој бил оптоварен со „Мегали идејата“. За разлика од нив, влашката пропаганда имала влијателни претставници не само во

---

[599] П. Стојанов, Македонија во политиката на големите сили...,68-69

[600] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата...,седми том, 52

престолнината, туку и во месниот младотурски комитет. „Со средување на грчко-влашките недоразбирања, пишува Чариков, треба да му се создаде противтежа на можното зближување на Бугарите и Србите во Македонија.“ [601]

Русија била водена од помислата, да создаде еден Балкански сојуз, во кој што би била и Турција. Главна цел на Сојузот била да го чува Балканот за балканските народи. Србија со резерва го прифатила понудениот предлог, но сепак како и Бугарија била против него. Тие така постапиле затоа што во територија на Турција, не можеле да ги реализираат своите национални стремежи. За Србија, особено било важно солунското пристаниште, преку кое добивала воена помош од Франција. Но потоа постепено и таа го прифатила грчкиот и бугарскиот став. За тоа допринесло и тоа што Младотурците во голема мера како офицери биле германски деца, па од тие причини политички се ориентирале кон Берлин, а напоредно со тоа и кон Виена. Младотурците немале многу доверба во тој сојуз, затоа што добро им било познато дека Србите, Бугарите и Грците се подготвуваат еден ден да ги истераат од Европа и да ги ослободат своите браќа. Австрија била против зближувањето на балканските народи и затоа Турција кон крајот на 1909 година ѝ понудила сујуз на Австрија.[602]

Во овој период по Младотурската револуција, христијанското население во Македонија се наоѓало во тешка состојба. Суровиот закон за бандите, прогонствата, претресите во домовите, прогонствата на семејствата, како и назначувањето на муслимански полски стражари во селата населени со христијани, уште повеќе ја усложнувале и така тревожната состојба. Христијаните ја изгубиле довербата во турските власти, а пак потребната поддршка од бугарскиот, грчкиот и србскиот конзулати, била изоставена. Од тие причини тие барале покровителство од руската власт. За тоа рускиот конзул во Битола, Виктор Ф. Каљ (јануари 1910 год) известува: „Во последно време во Рускиот конзулат во Битола, доаѓаат маса селани со молба да бидат запишани како Руси. Објаснувајќи им на молителите, дека, бидејќи турските поданици, не можат во исто време да бидат признати и за руски, Каљ им укажува на селаните, дека можат секогаш да сметаат на покровителството на Русија, во својството на православни и на едноверници." На месните власти ваквото барање на селаните им било добро познато. Тие дури им сугерирале на христијаните да се обраќаат само до рускиот конзул, а не до конзулите на соседните балкански земји, кои само ги гледале своите национални интереси.“

---

601 Исто, 54-55

602 V. Ćorović, Istorija srpskog naroda...,52

Во почетокот на 1910 година, биле забележани обиди за приближување и меѓу Грците и Бугарите. Целта на оваа зближување според Каљ, е суровиот однос на турските власти кои ги принудувал тие да се сплотуваат, за заедничка борба против турскиот режим. Дополнувајќи ги своите извештаи (од 13-20 јануари 1910 год.) Каљ додава: „Укажаното зближувањето се покажува во тоа, што првенците од обете народности, по долги години забрана, одново се посетуваат едните со другите; претставниците на Грчката и на Бугарската митрополија, што порано се свртуваа при средбите на друга страна, сега мирно разговараат меѓу себе; браковите меѓу Бугари и Гркинки, кои неодамна се сметаа недопуштиви, сега се дозволени." Исто така голем впечаток оставила и средбата меѓу грчкиот митрополит во Битола и поранешниот бугарски министер Данев. Ваквите обиди за зближување можеле да имаат последици меѓу народот, имајќи ја во предвид нивната поделеност меѓу парijаршисти и егзархисти.[603]

За подобрување на бугарско-грчките односи влијание имале и други околности. Критското прашање и влошувањето на бугарско-турските односи ги натерало Бугарите и Грците да ги заборават сите поранешни непријателства и да ги здружат силите за заедничка борба против младотурците. Сето тоа водело кон постигнување на спогодба меѓу грчките претставници и бугарските политички дејци, наменета за македонските работи.[604]

Во меѓувреме била засилена дејноста на турските власти за разоружување[605] на христијанското население, затворање на бугарските конституциони клубови како и доселување на муслиманско население[606] од Босна и Херцеговина. Поради тоа што оружјето било само делумно предавано, турските власти прибегнале кон насилно одземање, закани и арестување во турските затвори. Според гласините кои доаѓале до солунскиот генерален конзул Александар М. Петрјаев, „оружјето им се одзема

[603]С. Дракул, Македонија меѓу автономијата...., седми том, 90-91

[604] Исто, 146

[605] Интересно е да се спомене дека во некои места во Македонија, била организирана посебна трговија со стари ловечки пушки кои селаните за таа намена ги купувале, за потоа да им ги предадат на турските власти.

[606] Целта на привлекувањето на иселеници од Босна и Херцеговина (мухаџири) е засилување на муслиманскиот елемен за сметка на христијанскиот. Потврда за тоа е фактот што мухаџирите, биле преселувани во областите со најгусто христијанско население. Во местата каде што доминирало муслиманско население и покрај тоа шти имало слободна земја, доселеници не се испраќале.( С. Дракул, Македонија меѓу автономијата, седми том., 140)

речиси исклучиво на христијаните; што се однесува до Турците, тоа ним не само што им се остава во нивни раце, туку на муслиманските доселеници дури им се раздава од оружјето, што им се одзема на христијаните."[607]

Била формирана специјална комисија која имала задача да врши претресување на домовите како и други места во кои би можело да се пронајде скриено оружје. Воената власт на чело со Торгут паша прогласила т.н. воена состојба и бил одреден рок за предавање на оружјето. Поради тешката состојба на затворениците, нивните роднини барале помош кај рускиот конзул. Но и покрај неговото посредување, не била постигната посакуваната цел, бидејќи битолскиот валија не бил во можност тоа да го направи поради постоењето на воената состојба.[608]

Тепањето и измачувањето на христијанското население продолжило и понатаму со несмалена усрдност. Во солунскиот вилает, некои од измачуваните за да се спасат од натамошни мачања користеле и други средства. Многу егзархисти, штом ќе се прогласеле за патријаршисти или унијати, биле ослободувани. Меѓу нив имало и видни семејства кои ја признале јуридикцијата на Патријаршијата или унијата. Во нив имало и свештеници. Типичен пример е забележан во градот Ениџе- Вардар. Кога градот бил обиколен и било вршено повеќечасовно измачување на егзрхисти, тогаш,"грчки и унијатски свештеници одеа по бугарските куќи, ги наговараа егзархистите да преминат во унијатство или да станат патријаршисти, соблазнувајќи ги со разни ветувања и заплашувајќи ги со грозни претскажувања во врска со судбината."[609]

За време на разоружувањето на населението во Македонија, масовно биле апсени Грци и Бугари. Меѓутоа однесувањето на турските власти спрема Грците, се разликувало во голема мера од онаа спрема Бугарите. Бугарските претставници биле изложени на суров режим во затворите, биле тепани и измачувани на најѕверски начин така што во измачувањето учествувале не само обичните војници, туку и турските офицери. Меѓу останатото во својот извештај Петрјаев (15 октомври 1910 г.) известува дека:„Сите Грци пак биле брзу ослободувани, речиси без воопшто да ги почувствуваат врз себе измачувањата од Турците. Пуштени на слобода, Грците дури објавија во весниците благодарствени писма, во кои ја искажуваат признателноста

---

[607] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата...., седми том, 128-129

[608] Исто, 150

[609] Исто, 162-163

спрема турските власти заради доброто однесување спрема нив." Ова најверојатно било резултат на притисокот на месниот младотурски комитет, а исто така и на подобрените односи меѓу Цариградската патријаршија и турската власт.[610]

Месното население, според рускиот конзул во Битола, Петрјаев, се наоѓало во една многу тешка состојба. Населението било изложено на двоен притисок: од една страна биле казнените одреди кои на најсуров начин ги принудувале луѓето да го предадат оружјето и да им ги откријат имињата на револуционерите, а од друга страна тајните комитети им се заканувале со смрт на доколку некој ги предаде на турските власти. „Меѓу другото кај мене дојде депутација од неколкумина од бугарските села на Охридскиот округ (Вевчани, Враништа, Лабуништа, Подгорци, Моруништа идр.) замолувајќи ме да ги ислушам, заедно со нивните молби. Тие сметајќи се себеси за Македонци и не сакајќи да земат никакво учество во политичката пропаганда на бугаризмот, сториле сѐ да останат неутрални... Егзархиските учители се трудат да им наметнат активно учество во ширењето на панбугарска идеја и во работата на тајните комитети, а во случај да одбијат им се заканувaат со одмазда. Од страв за својот живот и имот, погоре назначените села ги ополномоштиле нив да побараат од Конзулатот нивно примање и зачислување во руско поданство,бидејќи се надеваат дека поради тоа опстојателство, бугарската револуционерна пропаганда ќе ги остави намира". На крајот Петрјаев констатира дека "тие беа многу разочарани кога им ја објаснив неможноста овие нивни желби да бидат исполнети, како поради формални така и политички причини". Вакви барања биле испраќани и од други села во Битолскиот вилает.[611]

Пред усилбите на Русија за зближување на балканските држави, а потоа и формирање на Балканскиот сојуз, Руската влада потпишала спогодба со најмалата држава на Балканот, Црна Гора. Русија и Црна Гора биле тајни сојузници, но во 1910 година, посакале и официјална потврда преку потпишување на воена спогодба. Анализирајќи ги настаните од почетокот на XX век, рускиот цар и финансиските служби на еден многу скептичен начин ги оцениле перспективите на воено-политичката соработка меѓу двете земји. Руската дипломатија во поглед на идниот воен сојуз, сметала дека Црна Гора може да биде полезна во случај на војна на Балканскиот Полуостров. Руско-црногорската спогодба била потпишана на 2 декември 1910 година во Санкт Петербург. Спогодбата била составена од десет

610 Исто, 178-179

611 Исто, 182-183

членови. Во првиот член јасно е дефинирана главната цел на документот: „Активно унапредување за развој и усовршување на црногорската армија, со цел да ѝ се даде поддршка на вооружените сили на Кралството во висина на современите борбени услови."; во вториот член се говори за неопходноста руското воено министерство да испрати офицери во Црна Гора за обука на нејзината армија; во третиот член, кралската власт се обрзува да ги има на располагање сите вооружени сили при повик од рускиот император; четвртиот член соодржи оперативни планови за соработка меѓу двата Генералштаба на Црна Гора би на Русија, со петтиот член било предвидено, во случај на војна началник на црногорската војска да биде руски офицер, кој ќе биде одреден од рускиот император. Посебно важен за Русија била седмиот член, во кој било запишано: „Кралската (Црногорската) влада се обрзува со својата армија, да не презема никакви офанзивни операции без претходна согласност на царската власт и да не потпишува никакви воени договори со други држави без согласност на Неговото Императорско величество." [612]

Руските политичари се надевале дека нивната согласност од 1910 година, ќе биде цврста гаранција дека Црна Гора со своите постапки ќе биде од полза за руските интереси. Меѓутоа руско-црногорските односи секогаш не се одвивале во позитивна насока и во неколку наврати доаѓало до сериозни политички проблеми. Имало случаи кога Русија била готова да ѝ дозволи на Црна Гора сама да решава за својата судбина, но кралот Никола брзо го сознавал својот неуспех и потоа постапувал во согласност со руската надворешна политика. Една од причините кој довела до руско-црногорска воена спогодба е и тоа што состојбата на Балканскиот Полуостров започнала да се вжештува, и црногорската влада ја засилила својата активност во пограничните области на Османлиското царство. Во првата половина на 1910 година, црногорскиот крал го поттикнал албанските племиња од Црна Гора против Турција, ги помагал востаниците при тоа игнорирајќи ги силните протести на турската власт и рускиот пратеник во Цетиње С. В. Аресенев.[613]

[612] Модернизация vs война, Человек на Балканах накануне и в время Балканских войн, зборник, (1912-1913), Москва , 2012, 163-164

[613] Модернизация vs война, Человек на Балканах накануне...,165

# Улогата на руската дипломатија при создавањето на Балканскиот сојуз

По завршувањето на реформите во Македонија (1909 год), Русија презела иницијативи да се овозможи зближување, а потоа и за спогодби меѓу балканските држави. Руската влада зазела таков став затоа што, при евентуален конфликт со Австрија или Германија да ги има на своја страна. Засилените австро-германски претензии кон Ориентот, биле во спротивност со оние на руската влада. Русија ја информирала Англија, дека Турција била прогермански ориентирана, што придонесло Англија да го поддржи рускиот став. Во текот на 1910 година, бележиме подобрување на српско-бугарските односи со можност за договори меѓу двете страни наменет за поделба на Македонија. Со постојано посредништво на Русија, односите меѓу двете балкански држави станале сè поблиски. На тој начин по младотурскиот преврат состојбата на Балканскиот полуостров не се разликувала многу од она од времето на режимот на Абдул Хамид. Турција и покрај спорот со Австрија предизвикан од анексија на Босна и Херцеговина, ја напуштила проанглиската и повторно се одлучила за проавстро-германската политика.[614]

Во периодот после Младотурската револуција, следеле два настани кои во голема мера и нанесле удар на Отоманската империја. Тоа се: анексијата на Босна и Херцеговина од Австро-Унгарија и прогласувањето на кнезот Фердинанд за бугарски цар. Немирите во Високата порта и обидот на Абдул Хамид повторно да се врати на власт, само ја продлабочиле кризата во земјата. Барањето за присоединување на Либија кон Италија, довело до турско-италијанска војна која завршила со пораз на Турција. Таквите околности предизвикале одделување од Империјата на цели територии и народи што значело, неповолности за Русија[615] и појава на ново политичко движење на Балканот каде главна цел била ослободување од турската власт.[616]

---

[614] Г. П. Геновъ, Источнятъ въпросъ.., 554

[615] За време на турско-италијанската војна морските протоци во периодот од 1910-1913 година биле затворени. Тоа се покажало како неповолно за руската трговија чии што извоз се вршел токму низ тие протоци. Подолготрајното затворање би предизвикало уште поголем потрес и финансиска загуба за државната каса на Русија. Од тие причини таа била заинтересирана за слободен премин низ морските протоци.

[616] Ф.И. Успенски, Источно питање...,212-213

Пораката за создавање на поблиска врска меѓу балканските држави сè повеќе била присутна. Од анексијата на Босна и Херцеговина, и ставањето крај на австро-руската согласност, балканската политика на Русија се базирала на иден сојуз на балканските држави против Германија. Таа замисла се совпаѓала со стремежите на владите во регионот за национално обединување. Таквота врска, руската влада ја поддржувала со уште посилен интензитет.[617]

Во април 1911 година, руската дипломатија јасно ја изнесла идејата за создавање на Балкански сојуз. Таа била насочена не толку против Турција, колку против Австрија и Германија. Иницијативата потекнувала од руските амбасадори во Софија и Цариград -Неклудов и Чариков. Чариков бил воден од помислата и Турција да биде повикана да влезе во тој сојуз, со давање гаранција за добри односи со балканските држави. Според него, лишувањето на Турција од Сојузот, би можело да ја загрози стабилноста на Балканот, а со тоа и проблемот со протоците. Тој се надевал дека со членството на Турција во Сојузот, ќе го намали австро-германското влијание на Блискиот исток. При тоа планот на Чариков наишол на сериозни пречки: Германија речиси целосно ја покорила Турција, така што таа не би влегла во таква комбинација. Во руските владеачки кругови таквиот состав за Балканскиот сојуз не бил поддржан. Во Санкт Петербург преовладувало мислењето за здружување и тоа само на христијанските народи на Балканот. Предводник на таквиот план, бил рускиот пратеник во Белград, Николај Хенрикович Хартвиг. Приоритет на Русија бил да биде склучен сојуз меѓу Бугарија и Србија. На тој начин таа ќе може да ги контролира и нема да дозволи предвремено објавување војна. Создавањето на Балканскиот сојуз ќе ја зацврсти позицијата на Русија наспроти руско-австриските противречности. Она што ја заплашувало руската дипломатија и Балканскиот сојуз, била опасноста од предвремена војна на балканските држави без учество и желба на Русија.[618]

Петербургската дипломатија во поглед на балканската политика на Балканот трасирала два патишта: од една страна таа заедно со Австро-Унгарија се надевала на придобивки од руско-австриското влијание во Турската империја, а од друга страна немајќи доволно доверба кон Австро-Унгарија, руската дипломатија настојувала да ги зближи балканските народи и да ги насочи против Двојната монархија.

---

[617] Очерки историй Министерства...,том первый , 525

[618] И.В. Яакобовская, Имперская политика и Балканы в конце XIX и начале ...,29-30; Историја дипломатије, свеска друга.., 189

Создавајќи го Балканскиот сојуз, Русија дејствувала умерено и таа во тоа време не била нејзина цел да ги истера Турците. За тоа таа сѐ уште не била подготвена. Од друга страна, Бугарија ѝ била потребна на Русија, како врска на Балканскиот сојуз против продорот на Австрија.[619]

Руската дипломатија настапила со претпазливост, затоа што германските инструктори би можеле да им дадат помош на Турците, па тие да ги победат балканските сојузници. Спротивно на руските интереси била, евентуална австроунгарска интервенција против Србија и Црна Гора. По тој повод рускиот министер Сазонов, ги предупредил бугарската и српската влада да не преземаат никакви воени операции, бидејќи последиците можат да бидат катастрофални.[620]

На 24 март 1911 година, во Бугарија на власт дошол големиот русофил Иван Евстратиев Гешов. Тој формирал коалициона влада составена од Народната и Прогресивно-либералната партија, која (втората) станала најрусофилската партија во Бугарија. Во новонастанатите услови биле трасирани новите руско-бугарски односи кои претставувале основа за нова соработка.[621]

По анексијата на Босна и Херцеговина и албанското востание кое водело кон создавање на албанска држава, ја загрижило српската влада стравувајќи да не се најде во состојба на изолација. Од таму таа презела иницијативи за создавање на Балкански сојуз. Во април 1911 година, српскиот премиер му дал предлог на новиот бугарски премиер Иван Гешов да постигнат спогодба за "пријателска поделба за сфери на влијанија во Македонија". Руското министерство за надворешни работи (МИД) ја поддржала идејата за српско-бугарска спогодба.[622]

Преговорите на балканските држави за заеднички сојуз, под покровителство на Русија, започнале за време на турско-италијанската војна, во есента 1911 година. Поради зафатеноста на Турција со војната, овој настан се покажал како поволен момент за интензивирање на акциите, за реализирање на своите планови, за ставање крај на турското владеење и поделба на Македонија. Ова војна го отворила и

---

619 Лав Троцкий, Перед истрорическим рубежом Балканы и Балканская война, Санкт Петербург, 2011 , 163

620 В. Стојчев, Македонското прашање во политиката на Царска Русија...,(зборник, Македонско-руските врски во XIX и почетокот на XX век), 70

621 Ѓ. Абациев, Балканските војни и Македонија...18-19

622 Историја дипломатије, свеска друга..., 190

последниот степен на Источното прашање и уште повеќе ја зголемила тензијата во меѓународните односи. [623]

Во март 1911 година, започнало востание на Албанците против Османлиската империја. Црногорскиот дворец не само што ги поттикнал немирите, туку и ги помагал Албанците. По тоа повод од црногорските складови било изнесено оружје за потребите на востаниците. Рускиот воен агент Н. Т. Потапов направил истрага и во контекс на тоа додал:„...моите информации се покажааа како точни. Ниту воениот министер, ниту министерот-претседател не можат да ми дадат јасно објаснување дека тоа не може биде така... оружјето и муницијата се тајно пренесени кај Албанците, кои до последните денови имааа недостаток на оружје и муниција, а сега повторно преминаа во напад." Рускиот претставник во Цетиње испратил телеграма до раководителот на руското министерство за надворешни работи Нератов. Во него се вели: „Нашиот воен агент има докази за непрекинатото до последните денови снабдување на црногорските власти за албанското востание со оружје и воен материјал, и покрај тоа што официјално изјавуваше за неутралност." Поради својата воена настроеност, црногорските власти добиле предупредување не само од рускиот претставник во Цетиње, туку и од Цариград. Рускиот амбасадор во седиштето на Османлиската империја Чариков, на 14 јули 1911 година, телеграфски на А.Нератов му соопштил: „Сегашното отстранување на Црна Гора од преговорите, предложени од турските власти и нејзините брзи вооружувања имаат намера да го нарушат европскиот мир. Опасноста е голема...".[624]

Големите потреси предизвикани од востанието во Албанија и бунтовите во северно-западна Македонија, не ја оставиле рамнодушна Македонската Револуционерена Организација (МРО). Поради тоа, таа во јуни 1911 година, стапила во преговори со албанското движење. При тоа МРО со циркулар се обратила до странските конзули со барање за автономен статус на Македонија под европска контрола.[625]

---

[623] Ч. Попов, Друштевена и политичка историја Европе...(1871-1914), 294 ; И. В. Яакобовская, Имперская политика и Балканы в конце XIX и начале ...,29

[624] Модернизация vs война, Человек на Балканах накануне..,165-166

[625]В. Поповски, Судирот меѓу македонскиот и рускиот фактор по прашањето за формирање на заедничка држава...(Зборник, Македонија и руската политика на Балканот...), 54

Користејќи ја зафатеноста на Турција поради војната со Италија, рускиот амбасадор во Цариград, Чариков, под директива на царската влада започнал преговори со Високата Порта. На 12 октомври 1911 година, тој упатил демарш со барање до Големиот везир Саид паша, за руско-турска спогодба. Руската влада покажала дека е подготвена да даде согласност за изградба на железничката линија во северна Анадолија, за која што биле заинтересирани и француските капиталисти. Но, за тоа било потребно да добие согласност од француската страна. Предлогот на Чариков содржел и низа поволности за Турција. Меѓу поважните се следните: руската влада се обврзувала дека ќе ја помага Отоманската влада за одржување на постоечкиот режим, не само во Босфорот и Дарданелите, но и пошироко; од своја страна Отоманска влада да не се спротивставува на преминот на руските бродови преку морските протоци. Таквото толкување на конвенцијата било во согласност со конвенцијата на другите европски сили, потпишана во март 1871 година. На крајот, Чариков укажал на потребата од воспоставување добри односи меѓу Отоманска влада и соседните балкански држави и примена на понатамошно статус-кво во Империјата. Овие услови иако биле поволни за Турција, сепак не ги дале посакуваните резултати. Големиот везир како и порано не брзал да даде одговор и започнал да ги одолговлекува преговорите. Француска влада го прифатила рускиот проект, но укажала на неопходноста тоа да биде регулирано и од Лондон. Меѓутоа турската влада под влијание на Германија, не го прифатила предлогот на Чариков. Потоа рукиот предлог наишол и на други препреки. Имено, англискиот министер Греј не го прифатил дипломатскиот чекор на Чариков. Немајќи друго решение, Сазонов го сменил од функцијата руски амбасадор во Цариград.[626]

Идејата за создавање на Балкански сојуз била постојано присутна. Таа се јавува во различни места и различни времиња, без да добие некаква правилна форма и била во тесна врска со барањето на христијаните за ослободување од турското ропство. Двете "најзаинтересирани" сили, Русија и Австро-Унгарија имале свои планови за поделба на Балканот. Исто така и Србија и Грција биле водени од помислата дека христијаните можат да се ослободат од Турците, само ако цврсто се здружат помеѓу себе. По Берлинскиот конгрес, балканските држави ги насочиле своите планови за добивање поддршка од Русија или Австро-Унгарија. За време на владеењето на кралот Милан, во Србија било застапено австриското влијание, а при крајот на царувањето на Александар Обреновиќ (кон крајот на XIX и самиот почеток

[626] А.В. Орлов, Внешнаяя политика и международные отношения Роосии..., 164-166 ; Историја дипломатије, свеска друга.., 183-184

на XX век) било забележано постепено приближување кон Русија. И за време на владеењето на Петар Караѓорѓевиќ, Србија целосно преминала на руска страна.

Однесувањето на Бугарија спрема Русија и Австро-Унгарија било слично како и кон соседна Србија. После своето ослободување, тогашното кнежество Бугарија се наоѓало под руско влијание. Поради руското мешање во управувањето на кнежеството, настапил период на заострување на руско-бугарските односи. По распуштањето на владата на Стамболов (1894 г.) (најголемиот непријател на руското влијание), односите биле подобрени и Бугарија започнала да води проруска политика. Кога во 1908 година, Бугарија прогласила независност, повторно со руско покровителство биле уредени споровите со Турција. На тој начин бугарското царство го продолжило својот поход заедно со Русија, сѐ до борбите на балканските држави за ослободување од Турција и поделбата на Македонија. Подоцна меѓу Бугарија и Србија и Црна Гора и Грција настапил период на постепено зближување, кое завршил со формирањето на Балканскиот сојуз.[627]

Додека балканските држави ја имале поддршката на царска Русија, за тоа време Австро-Унгарија претставувала сериозна закана за стремежите на балканските држави. Поткрепена од сојузот со моќната Германија, Двојната монархија била подготвена на секој начин да ја оневозможи меѓусебната поделба на териториите во европска Турција, бидејќи со поделбата меѓу балканските земји, би бил спречен продорот на Австро-Унгарија кон Егејско море.[628]

За да се воспостави потребната соработка со Србија, во Белград бил испратен, Димитар Ризов (поранешен бугарскиот претставник во Белград -родум од Битола) на средба со српските политичари за да договори средба[629] меѓу Миловановиќ и Гешов. Бугарија подготвила посебен спис кој служел како основа за преговорите со Србија.

---

[627] Г.П. Геновъ, Источнятъ въпросъ, часть втора, 556-559

[628] Историја дипломатије, свеска друга, 190.

[629] Идејата за средба меѓу Миловановиќ и Гешов потекнува од Димитар Ризов кој всушност и бил ангажиран од бугарската влада да ја изврши доверената мисија. Тој му соопштил на Милован Миловановиќ дека треба да се сретне со царот Фердинанд и со Гешов и да го извести Гешов за разговорите и потоа претседателот на бугарската влада да добие упатства од царот за состанокот со српскиот министер. За да не предизвика сомневање кај Австро-Унгарија и Турција, Гешов да не задржува во Белград, туку да се патува од Белград до некоја друга станица.( Документи за борбата на македонскиот народ...,том први, 531)

Во него било истакната потребата од автономија за Македонија, па доколку тоа не може да се реализира, да се направи поделба на Македонија.[630]

Есента, на 28 октомври 1911 година, Србија и Бугарија започнале преговори за склучување на сојуз. Почетните преговори биле водени во најголема тајност. Имено, претседателот на бугарската влада Иван Гешов се враќал од Унгарија каде што претходно со кралот Фердинанд ги прецизирале сите детали од прелеминарните разговори за сојуз со Србија. Гешов во Белград требало да се сретне со српскиот претседател на влада Милован Миловановиќ. Во каква апсолутна тајност би биле водени разговорите, сведочи и фактот што Гешов во Софија испратил еден бугарски патник со негово име. Миловановиќ влегол во вагонот во кој престојувал Гешов и разговорите се воделе од Белград до Лапово, во возот кој сообраќал на линијата Белград-Ниш. [631]

Двајцата политичари дискутирале за општата состојба на Балканот, за тешката положба во која се наоѓа македонскиот народ, како и за неопходноста од спогодба меѓу Србија и Бугарија, за да им се помогне на своите христијански браќа кои се наоѓаат под турска власт. За време на нивниот двочасовен разговор, биле поставени темелите на нивниот иден сојуз. Во понатамошниот тек Миловановиќ и Гешов ги истакнале српските и бугарските интереси во Македонија.[632]

Преговорите за договор меѓу претставниците на Србија и Бугарија се одвивале тешко. Гешов се залагал за автономија на Македонија, додека Миловановиќ се залагал за поделба меѓу сојузниците на турските области во Македонија.[633]

Од преговорите за сојуз меѓу Србија и Бугарија биле задоволни двете страни. Во контекс на тоа Миловановиќ додал: „Сега треба да се оди понатаму, да се прецизираат условите на договорот...ние првин установивме дека нашата заедница има да се потпре врз Русија и да се стави под нејзина заштита. Гешов ми одговори дека Фердинанд наполно се согласува со тоа...“ Потоа двете страни констатирале дека, договорот да биде сојузнички и ќе го потпишат владетелите и министрите за

[630] Историја на македонскиот народ...книга втора, 356

[631] Историја дипломатије, свеска друга, 191

[632] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност...том прв, 533-534 ; Карнегиева фондация за международен мир. Доклад на международната комисия за разледване причините, София, 1995, 41

[633] Модернизация vs война, Человек на Балканах накануне..,181

надворешни работи. Ќе се потпише во три примероци за секоја страна по еден, а „третиот за Русија која ќе се замоли да го прими на знаење, да го одобри, да ја прифати улогата на арбитар предвидена за неа и да вети дека ќе биде наклонета во сè за остварувањето на неговите цели.“ [634]

По постигнатите услови меѓу Гешов и Миловановиќ, преговорите биле водени меѓу полномошните министри во Белград и Софија-Мирослав Спалајковиќ[635] и Андреј Тошев. Бугарската страна во текот на разговорите и понатаму, инсистирала српските барања да бидат сведени на минимум. Барањето за автономија[636] за Македонија и понатаму бил присутно, затоа што повеќе и одел во прилог на бугарските аспирации. Било предложено од Македонија да бидат формирани три зони: бугарска, спорна што ќе се решава со руска арбитража и српска зона. Под влијание на Русија, Бугарија ги смалувала своите барања и настојувала да им се придружи на српските барања за поделба на Македонија. Во врска со оваа поранешниот бугарски министер за надворешни работи Тодоров, изјавил: „Треба да се спогодиме, колку што може поскоро и точно да договориме што му припаѓа на секому, за да може секој еден од нас да го развие своето влијание во границите на одредената сфера на интереси и мирно да очекуваме секаква евентуалност. Нема зошто да се расправаме за она што уште е спорно и треба да мислиме за она што со сигурност ни припаѓа и што сме готови да си го отстапиме доброволно еден на друг....затоа треба да се бориме (со меѓусебно отстапување), вие да го добиете Скопје, а ние Солун, Битола и Велес“.

За време на понатамошните разговори, Миловановиќ одбил да дискутира за автономија на Македонија, а се согласил да се разговара само за поделба на Македонија. Бугарската страна сакала да ја добие речиси цела Македонија, а додека Србија имала за цел да се изврши поделба, така што спогодбата не можела лесно да се постигне. Во врска со оваа Миловановиќ истакнал: ”Ќе дојде моментот вие (Бугарите), ќе го добиете најголемиот дел, и никој нема да протестира што рускиот цар по чија заштита ќе се изврши ова големо дело, само еден мал дел од Македонија

[634] Документи за борбата на македонскиот народ..., том први, 532

[635] Мирослав Спалајковиќ ( 1869-1951) бил српски политичар и дипломат. Во 1911 год. бил поставен за српски пратеник во Бугарија. Починал во Париз.

[636] Бугарија за време на преговорите силно го истакнувала барањето за автономија на Македонија, со надеж дека таа подоцна ќе се приклучи кон Бугарската држава. Наспроти ваквите барања на бугарската страна, Србија барала договор за поделба. (Б. Јелавич, Историја на Балканот...,113)

ќе и биде даден на Србија." Главниот спор настанал во врска со т.н. спорни територии, за кои Миловановик предлагал да бидат решени со арбитража на рускиот цар. Ваквиот став бил поткрепен и од рускиот пратеник во Белград, Николај Хартвиг. Тој инсистирал деталите околу поделбата на територијата на Македонија да бидат одложени за подоцна. Најважно било во тој миг било да се создаде сојузот, а поделбата ќе се изврши кога ќе дојде време за тоа. И француската влада го одобрила планот за сојуз меѓу балканските држави. Тоа им било соопштено на српскиот крал Миловановиќ, за време на престојот во Париз, во ноември 1911 година.

Кон крајот на 1911 година, започнале преговорите за разграничување на спорните зони. Гланиот спор се водел за тој ќе управува во градовите Скопје, Струга и Велес. На Србија оваа територија и била потребна со цел од југ да го заштитува излезот на Јадранско море, а за Бугарија, затоа што преку Скопје и Велес водел патот кон Вардарската долина. Спорови биле водени за секое место и секое село, особено во Скопско и Струшко. Руските амбасадори во Белград и Софија, Хартвиг и Некљудов, честопати дејствувале во спротивност со интересите на руското министерство за надворешни работи( МИД). Додека првиот ги бранел интересите на Србија, другиот ги застапувал интересите на Бугарија. Состојбата кулминирала кога и двајцата руски претставници Николај Хартвиг и Анатолиј Некљудов[637] се искарале помеѓу себе. На крајот до израз дошла главната цел, а тоа е создавањењто на сојузот, а поделбата на територии да биде пролонгирана за подоцна. Бугарската страна сепак се согласила за создавање на "спорна зона", која што ќе се разреши со помош на Русија.[638]

Руските претставници Хартвиг и Некљудов, српско-бугарските преговори ги имале под своја контрола. За време на преговорите тие вешто тактизирале, правеле отстапки и вршеле притисок кога имало потреба за тоа. При одредувањето на заедничката граница меѓу Србија и Бугарија, ги имале во предвид и најситните детали и на тој начин ги задоволувале аспирациите на едната или другата страна. [639]

Се појавиле недоразбирања и околу другите пунктови на разграничување особено во Струга и Охридското Езеро. И бугарските и српските претставници барале вклучување на Струга во рамките на своите граници. Србија имала потреба да ги

---

[637] Анатолиј Василевич-Некљудов (1856-1934) бил истакнат руски пратеник во Софија, од 1911-1913 година.

[638] Историја дипломатије, свеска друга..., 191-192

[639] Ѓ. Абаџиев, Балканските војни и Македонија..,18-20

поседува териториите северно од Охридското Езеро, за да може да ги одбива нападите на албанските племиња и да има сигурен излез на Јадранско Море. При тоа рускиот претставник Некљудов, му сугерирал на Гешов, границата околу Струга и Охридското Езеро да биде разрешена подоцна, со руска арбитража. За време на разговорите Русија, ги советувала двете страни да бидат умерени и подготвени за отстапки, за што побрзо да се формира српско-бугарски сојуз, бидејќи во спротивно ќе постапи во согласност со своите интереси. [640]

Царска Русија го приведила кон крај својот план за создавање на Балкански сојуз, кој пред сè бил насочен кон Австро-Унгарија. Балканските држави биле свесни дека ваквиот сојуз е неопходен. На тој начин руската дипломатија го преградувала патот на австро-унгарската експанзија на Балканот и подготвување на војна против Турција кога за тоа ќе се создадат поволни услови. Со такви амбиции биле оптоварени и владите на соседните балкански држави. Како резултат на тоа во почетокот на 1912 година, бил подготвен четворен воен сојуз на балканските држави кои имале за цел после војната со Турција териториите на Балканот да бидат поделени. Преговорите меѓу балканските држави Србија и Бугарија брзо напредувале, но и излегле од контрола на Русија. На крајот била постигната согласаност за спорните зони и бил потпишан протокол на 22 февруари 1912 година. Една седмица подоцна на 29 февруари/ 13 март, бил потпишан Договор за пријателство и сојуз меѓу Србија и Бугарија кој соодржел и таен анекс кон претходниот договор и Спогодба помеѓу бугарскиот и српскиот Генералштаб. Од бугарска страна бил потпишан од Иван Гешов, а од српска страна од Милован Миловановиќ.[641]

Откако српско-бугарските несогласувања биле надминати, се пристигнало кон фаза на скорешно потпишување на спогодбата. Во прилог на тоа, рускиот претставник во Софија, Некљудов (од 11 февруари 1912 година) забележал: „Излезот се состои имено во заклучување на српско-бугарска спогодба, но не во оној вид, во кои го разбираат него Бугарите и Србите, туку во оној, во каков го подразбираме ние. Ние воопшто не ја сакаме таа спогодба да му покровителствуваме на скорашното расчленување на Турција и на заокружувањето на Балканските држави; наша цел е така да се сплотат Бугарите и Србите, кога тие по можност би биле во состојба самостојно да ѝ дадат отпор на секоја политика на приклучување што доаѓа од

[640] Исто, 21

[641] Ѓ. Абаџиев, Балканските војни и Македонија., 25

северо-запад, па нивните сили и нашите да можат достатно да созреат за успешно разрешување на историските задачи, што стојат пред нас.... Самиот нивни развиток ќе му ги определи и делот и продобивките, па и иднината на секого.“[642]

Истиот ден пред потпишувањето на српско-бугарската спогодба, Хартвиг по покана од српскиот крал, престојувал во Дворецот и во врска со мислењето за спогодбата, тој се раководел од упатствата што му биле дадени. Според мислењето на царската власт, „спогодбата е должна да придонесе за зацврстување на поредокот на Балканот и на мирниот успех на обете држави, меѓутоа, никако да не служи и како орудие во нивните раце за какви и да било освојувачки намери. Кралот ми даде најпозитивни уверувања во тоа, дека тој под никакви услови нема да се реши на активно истапување, без претходна согласност на Русија“- истакнал Хартвиг во тајната телеграма, од Белград, 27 февруари 1913 година.[643]

Најпосле, конечниот текст на српско-бугарскиот договор за формирање на Балкански сојуз, бил потпишан на 13 март 1912 година. Руската дипломатија при склучувањето на овој договор внесла посебни клаузули насочени кон Австро-Унгарија. Договорот ги содржел следните тајни додатоци: член 1). Двете кралства Бугарија и Србија гарантираат една кон друга државна независност и неповредливост ,на државните територии и за таа цел се обврзуваат...да си помагаат една кон друга со целокупната своја сила, ако една од нив биде нападната од една или повеќе држави; член 2). Двете договорени страни се обрзуваат да си помагаат една со друга со целокупната воена сила при анексија од некоја друга сила, која ќе окупира или привремено заземе некоја балканска територија, која се наоѓа под турска власт, ако една од нив смета дека тоа е во спротивност со нејзините интереси; член 3). Двете договорени страни можат да склучуваат мир само заедно и со претходна спогодба [644]

Српско-бугарскиот договор содржел и таен анекс. Во случај на внатрешни немири во Турција кои би го загрозиле статус-квото на Балканот ако една од двете

---

[642] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата...седми том, 331

[643] Исто, 342

[644] Македонија во меѓународните договори...,(1875-1919), 162-164; Историја дипломатије, свеска друга, 192; И. В. Яакобовская, Имперская политика и Балканы в конце XIX и начале ...,30; Ѓ. Абаџиев, Балканските војни и Македонија.,26; Документи за борбата на македонскиот народ...,том први, 533-535; Македонија во билатералните и мултилатерални договори..., (1861-1913), 153-154; Модернизация vs война, Человек на Балканах накануне..,183

договорени страни смета дека треба да преземе воени акции, треба да и се обрати на другата страна; Ако се постигне согласност за воена акција, таа треба да и се соопшти на Русија и ако таа не е против, акцијата ќе биде преземена според заедничката спогодба. Ако не се постигне спогодба, двете страни повторно треба да побараат мислење од Русија; Преписот од Договорот и од Тајниот анекс, „да се достави до руската влада која ќе биде замолена да го прифати како акт на наклоност, земајќи ги во предвид целите што сакаат да се постигнат и го моли рускиот цар да го прифати и одобри со калаузулите на овие два акти.“; За сите недоразбирања кои би се појавиле при извршувањето на Договорот, Тајниот анекс и Воената конвенција, да решава Русија. [645] Тајниот анекс било потребно да биде чуван под под строга тајна. За него требало да бидат информирани само царот, руската влада и дипломатија. Тоа било направено од причина што во целокупните подготовки директно учествувала руската дипломатија, во прв ред преку своите амбасадори во Белград и Софија, па и преку српски и бугарски политичари со руски официјални претставници. И покрај постојаните противречности, владеачките кругови на Србија и Бугарија, биле принудени да ја прифатат руската арбитража.[646]

На 19 јуни 1912 година, договорот бил дополнет со потпишување на српско-бугарска воена конвенција. Со спогодбата биле одредени териториите во кои ќе дејствуваат нивните армии. При тоа било одредено со колку илјади војници ќе располага секоја страна при можна војна против Турција или Австрија. Целосната воена подготовка била завршена со спогодбата на Генералните штабови на Србија и на Бугарија. Спогодбата била потпишана во Варна, од генералите Радомир Путник[647] и Иван Фичев.[648]

---

[645] Македонија во меѓународните договори...,(1876-1919), 164-166; Документи за борбата на македонскиот народ...,том први, 535-537; Македонија во билатералните и мултилатерални договори..,(1861-1913), 154-155

[646] П. Стојанов, Македонија во политиката на големите сили...,76-77

[647] Радомир Путник (1847-1917) бил воен командант на српската војска. Забележал многу важни победи против турската, австроунгарската и бугарската војска од 1912-1914 година, со кои Србија ги зазела Косово и Вардарска Македонија.

[648] Документи за борбата на македонскиот народ...,том први, 537-538; Историја дипломатије, свеска друга, 194; Види поопширно во: Македонија во билатералните и мултилатерални договори..,(1861-1913), 158-161

Русија го поддржала потпишувањето на сојузот меѓу Србија и Бугарија. Со тоа таа овозможила заштита на своите интереси и взаемна помош во случај на нарушување на статус-квото на Балканот или напад од некоја друга држава.[649]

После потпишувањето на српско-бугарскиот договор, бугарскиот министер Стојан Данев при предавањето на преписите од Договорот, Тајниот анекс и Воената конвенција, ја искористил можноста да побара од Сазонов, при спор со Србија за распределба на спорните места, да се застапува во полза на Бугарија. Тука спаѓале териториите: Солун, брегот на Егејско Море до устието на реката Места и на запад од Сороски залив до Мидија, која била и крајната граница на Сан-Стефанска Бугарија. При тоа Сазонов го одбил барањето на Данев.[650]

Грчко-бугарски договор бил потпишан на 29 мај 1912 година, без да содржи во себе клаузули за поделба на територии по завршувањето на војната. Преговорите биле водени без некое директно учество на руската дипломатија, но со посредство на англиската дипломатија. Во споредба со другите преговори кои биле придружени со долги спорови, овие (преговори) се одвивале мошне брзо, најмногу поради притисокот од настаните на Балканскиот Полуостров. Во текстот на договорот не била ниту спомната можноста за автономија на Македонија. Договорот за одбранбен сојуз меѓу Бугарија и Грција бил потпишан во Софија, од Иван Гешов и Д. Панас. Сето тоа со внимание индиректно го следела руската дипломатија. Грција и Бугарија исто така, постигнале воена конвенција која била потпишана, дури на 5 октомври 1912 година, пред нивната мобилизација.[651]

При последниот акт за постигнување на Балканскиот сојуз, во преговорите меѓу Бугарија и Црна Гора, повторно учествувал Димитар Ризов. Меѓусебните преговори не се одвивале ниту во Цетиње, ниту во Софија. Тие започнале (мај 1912 година) и завршиле во виенски Хофбург, за време на средбата меѓу императорот Франц Јосиф и црногорскиот крал. Бугарската страна ја претставувале Стојан Данев и Димитар Ризов, а во црногорската, учествувале воениот министер генералот Мартиновиќ и војводата Пламенац. Преговорите завршиле со усна согласност, без потпишување на писмен акт. Решението за пристапување на Бугарија и Црна Гора во

---

649 В „пороховом погребе Европы“....415

650 Ѓ. Абаџиев, Балканските војни и Македонија., 27

651 А. Гиза, Балканските държави и македонският въпрос ...,29; Македонија во меѓународните договори...,(1875-1919), 167-168; Х. Л. Штефан, Македонскиот јазол...,276-277; И. В. Яакобовская, Имперская политика и Балканы в конце XIX и начале ...,31

рамките на Балканскиот сојуз било испратено до бугарскиот дипломат во Цетиње, Н. Колушув. Кон крајот на август истата година, бил потпишан договор и меѓу Грција и Црна Гора.[652]

Србија и Грција не потпишале договор, но само постигнале согласност за заеднички воени дејствија против Турција. Непотпишаниот договор главно бил резултат на брзиот развој на настаните на Балканот, а и поради тоа што Грција не се решавала брзо да потпише договор против Австро-Унгарија. Меѓутоа, тоа не значи дека односите меѓу двете влади не биле добри. Во почетокот на октомври, биле надминати српско-црногорските несогласувања и била потпишана воена и политичка конвенција. Интересно е дека во ниту еден акт, не била предвидена и прецизирана поделба на Македонија, за разлика од српско-бугарскиот договор. Во едни такви услови, во почетокот на октомври 1912 година, со учество на Русија и со помош на Англија бил формиран Балканскиот сојуз.[653]

Српско-бугарскиот, а потоа и меѓусебниот договор на четирите балкански држави, за Русија претставувал значаен дипломатски и политички успех на Балканскиот Полуостров. Таа имала цел да ги обедини балканските држави кои би претставувале успешна бариера за австро-унгарскиот продор на Балканот, а напоредно со тоа сигурна заштита на Босфорот и Дарданелите. Во една таква состојба при недоволна подготвеност за војна, Русија планирала Балканскиот сојуз да го чува во дефанзивна состојба спрема Турција и да спречи секаков продор на Австро-Унгарија на Балканот.[654]

Српско-бугарскиот договор ја преставувал основата на Балканскиот сојуз и бил создаден по руска иницијатива. Сите преговори помеѓу Белград и Софија, биле под контрола на Русија, а при разграничувањето на спорните зони активно учествувале руските дипломати Хартвиг и Некљудов. Со таквиот руски акт биле добро запознати и другите членки на Антантата, Франција и Англија. Во тоа време активноста на руската дипломатија било насочено кон тоа, да се избегне предвремена војна против Турција. Англија го одобрувала Балканскиот сојуз, заради осигурување на своето влијание во Индија, а исто така да не ја ослаби тогашната отоманска влада и нејзиниот приврзаник Ќамил паша. Франција од една страна го одобрувала Балканскиот сојуз, бидејќи нејзината многубројната војска го штитела

---

[652] Модернизация vs война, Человек на Балканах накануне.., 185-186

[653] И. В. Яакобовская, Имперская политика и  Балканы в конце XIX и начале ...,31

[654] П. Стојанов, Македонија во политиката на големите сили...,77

Балканот од навлегување на други војски, а од друга страна покажала одредена спротивставеност против Балканскиот сојуз, заради можни воени дејства против Турција. Таа се застапувала за натамошна целост и непроменливост на Отоманската Империјата и за статус-кво на Балканот.[655]

Од создавањето на српско-бугарскиот договор па сè до почетокот на војната против Турција, дипломатската активност на Русија, Англија и Франција била насочена кон тоа, да не им дозволат на балканските држави да започнат војна против Турција. Меѓутоа и покрај оваа нивна активност, војната не била избегната. Додека Англија и Франција биле во тек со преговорите за создавање на Балканскиот сојуз, Русија пред Германија тоа вешто го прикривала. Конкретно, при средбата на Саздов со германскиот канцелар Холвенг, рускиот претставник категорично го порекнувал постоењето на Балканскиот сојуз под руско раководство, иако Холвег бил известен за тоа од своите дипломатски агенти. Руската дипломатија и после потпишувањето на договорите и воените конвенции, не го намалила својот интерес за односите на сојузниците спрема Турција. Таа постојано вршела притисок врз Србија и Бугарија, да ги отврати од намерата да ја нападнат Турција. Рускиот министер Сазонов пред сојузниците често го повторувал ставот на рускиот кабинет: "Русија ниту може, ниту сака да се меша во една војна против Турција." И рускиот пратеник во Софија Некљудов го предупредил Гешов, дека Русија не се согласува Бугарија и нејзините сојузници, да започнат војна против Турција и при еден таков развој на настаните, не можат да се надеваат на руска поддршка. Сазонов пред дипломатските претставници на Србија и Бугарија, често ги потенцирал мотивите што ја натерале Русија да го поддржи Балканскиот сојуз. Тој во една прилика рекол: "Нашата идеја за спогодба меѓу балканските народи, имаше за цел да го сочува Балканскиот Полуостров од едно туѓо завладување." Но, сепак според официјалните изјави на рускиот император и дипломатите, Русија не би останала рамнодушна пред војна со Турција и не можела да се воздржи од замешување во војна во полза на христијанските народи на Балканот.[656]

Од создавањето на Балканскиот сојуз до почетокот на војната, се засилила пропагандата на балканските сојузници за војна против Турција. Дневните весници во Бугарија, Србија Грција и Црна Гора бил исполнети со бројни написи за тешката состојба на потчинетите народи на Балканот. При тоа, тие ги повикуваат владите и

---

[655] Ѓ. Абациев, Балканските војни и Македонија.., 28-29

[656] Исто, 29-31

народот, да започнат борба за ослободување од турската власт. Се исполнило времето и дошол последниот час за "пресметка меѓу крстот и црвената полумесечина."[657]

Истовремено армиите на сојузниците засилено се вооружувале. Најголеми подготовки направила Бугарија, чија што војска требало да учествува во најтешките фронтови. По тој повод се јавиле голем број доброволци кои изразиле волја да учествуваат во „ослободителната војна". Засилени подготовки за војна се воделе и во Србија и Грција. И економски најслабата балканска држава, Црна Гора се подготвувала. Таа за потребите во војната, од Русија добила финансиска помош и била снабдена со поголеми количини на жито.

Во тоа време (1912 год.) Турција, "болниот човек од Босфорот" се наоѓала во една мошне тешка состојба. Нејзиниот углед на меѓу големите европски сили, сè повеќе се намалувал, особено после анексијата на Босна и Херцеговина од Австро-Унгарија и војната со Италија. Младотурската влада не успеала да ја спречи зависноста на Турција од европскиот капитал. Таа уште повеќе се зголемувала, а одделувањето на нови територии од Империјата, уште повеќе ја отежнувало состојбата. Желбата на младотурците за збратимување помеѓу христијани и муслимани (Хуриет) и воспоставување мир, не ги дала посакуваните резултати. Напротив, нивната политичка мисла исполнета со лажни ветувања и силна централистичка управа, придонесла за појава на нови конфликти и безредија во внатрешноста на Отоманската империја. Младотурската влада правела напори да го спречи незадоволството, но не успеала.[658]

Во јуни 1912 година, избиле војнички буни во повеќе гарнизони во Косово и западна Македонија. Незадоволните офицери формирале заговорничка организација. Владиниот кабинет поднесол оставка. На 9 јули, била формирана нова влада, составена од членови составени од периодот до Хуриетот. Подоцна и парламентот бил распуштен и биле распишани нови избори, кои воопшто не биле спроведени. Ова било показател дека турската власт била пред распаѓање и во земјата настанало целосно безвластие. Сето тоа претставувало дополнителен мотив, балканските народи уште повеќе да ги засилат своите позиции. Иако турската власт

[657] Историја на македонскиот народ...книга втора, 359

[658] А. Гиза, Балканските държави и македонският въпрос.., 29-30

била најслаба, македонскиот народ не бил во состојба да се спротивстави на аспирациите на балканските држави.[659]

Наведените настани дополнително ја влошиле сигурноста на христијанското население во европска Турција. Пројавеното незадоволство се покажало како погодна почва за аспирациите на балканските држави: Србија, Бугарија и Грција. За таа цел тие организирале чети главно составени од членови кои го напуштиле турскиот режим. Младотурската влада за одбрана од четите ги користела старите методи од времето на султанот Абдул Хамид. Неможејќи да се справи со настанатите проблеми, таа започнале да врши терор врз христијанското население, кое особено било изразени во селските средини. Во Бугарија биле формирани револуционерни комитети и уфрлани врховистички чети, кои по директива на бугарската влада имале намера да се создаде состојба на безредие, која треба да биде повод за воена интервенција за „ослободување на Македонија“ од турската власт.[660] За тоа рускиот конзул Петрјаев во извештајот од Битола (15 мај 1912 година) пишува:„Поради обновување на дејството на револуционерните комитети и движење на четите, властите започнале пребарување по куќите, апсења и евакуирање на селата, осомничени за врски со бандите. Тие (властите) во повеќе случаи ги надминале границите на разум и елементарна правда.“[661]

Уапсените лица од турските власти биле спроведувани во затворите. Тие упатувале жалби до рускиот генерален конзул. Во прилог на оваа е молбата на затворениците од Еди Куле кај Солун:„ Ние ве молиме да обратете внимание на нас несреќните. Обвинети сме за како комитации. Ние сме луѓе граѓани, архимандрити, свештеници, учители. Ние сме фатени од службите и дуќаните“. Тие понатаму, бараат од конзулот да се заинтересира за нив, за нивно ослободување, бидејќи без причина биле затворени, а тоа го направиле затоа што биле „Бугари“. Во затворот се појавила болеста „Црн тифус“ поради што секој ден умирале по неколку души. Молбата завршува мошне емотивно со зборовите: „Молат и плачат, ја испружуваат раката за помош, ве чекаат Вас и молат да се застапите за поскоро ослободување“.[662]

---

[659] Историја на македонскиот народ...книга втора, 332-333

[660] Ѓ. Абациев, Балканските војни и Македонија...,35

[661] Државен архив на Македонија, Руски императорски конзулат во Битола, бр.2.616.2.46/2

[662] Државен архив на Македонија, Руски императорски конзулат во Битола, бр.2.616.2.112/2

# Русија и балканските војни

Балканскиот сојузници подготвувајќи се за војна, објавиле мобилизација на своите вооружени сили. Потоа била спроведена и општа мобилизација и биле разрешени сите прашања за престојната заедничка воена акција против Турција.[663]

Руската дипломатија преземала мерки за да ги спречи најавените воени дејства на членките на Балканскиот сојуз. По тој повод, рускиот претставник во Софија, Некљудов (во телеграмата од 16 август 1912 година) разговарал со Данев и Гешов. Во врска со предвоената состојба во која се наоѓал Балканот, Данев изјавил: ...„колку што е можно ќе го сообразува своето поведение со нашите категорични ставови, меѓутоа бранувањата кои ја имаат зафатено Бугарија, се мошне сериозни и тие можат да доведат до остри незадоволства и кон Кабинетот и кон Кралот, кого што сега веќе го обвинуваат заради малодушност и за пренебрегнување на националните интереси". Во истиот контекст Гешов додал: „истапувањето на Бугарите, заедно со Србите, со Црногорците и со Грците, не би можело да го запали општиот европски пожар, доколку балканските држави ја истакнат на своето знаме неизменливоста на територијалниот статус-кво, туку само значат подарување на Македонците на правата, предвидени со параграфот 23 од Берлинскиот договор.... Војната можеби е започната од Србите и од Црногорците и во таков случај не ќе биде возможно да се изостане од своите сојузници". На крајот Некљудов додал:„Во разговорот и со Гешов и со Данев, јас не испуштив да укажам на постојаните чекори, и Ваши и на Гирс, пред Портата, за средување и за олеснување на положбата на македонските христијани. При тоа исто така потсетив и на нивните одамнешни чувства на љубов и на уважение спрема Русија, настојчиво молејќи ги да не донесуваат никакви решенија, што би биле не само опасни за самите Бугари, туку, на крајот на краиштата, би внесле заладување меѓу нив и Русија" .[664]

Кон крајот на летото биле направени последните обиди за избегнување на воениот конфликт. Големите сили ги заплашувале балканските сојузници дека ќе воведат против нив строги економски санкции. Од друга страна, против Турција ќе се преземат дипломатско-политички мерки со кои ќе биде принудена да воведе реформи во Македонија. Така, на 25 септември 1912 година, Русија и Австро-

[663] Г. П. Геновъ, Източнятъ въпрос...„ 565

[664] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата....,седми том, 373-374

Унгарија издале Декларација со која ги предупредиле балканските држави, дека нема да допуштат промена на границите на Балканот и преку радикални реформи во Македонија ќе го спречат избувнувањето на воените дејства. Во декларацијата упатена до балканските држави, двете сили изјавиле: а) Европа енергично осудува секаква мерка која би довела до нарушување на мирот во Европа. б) Во интерес на населението, силите ќе преземат мерки за спроведување на реформите во управувањето во европска Турција, без никакво мешање во суверенитот на султанот и територијалната целост на Империјата. Силите ќе имаат право, колективно да ги проучат реформите. в) Ако при сето тоа, војната меѓу балканските држави и Отоманската империја избувне, силите, после завршувањето на конфликтот, нема да допуштат никаква измена на територијалното статус-кво во европска Турција. [665]

Балканските сили го отфрлиле посредувањето на Големите сили пред Портата. Затоа тие сами побарале од Портата ултиматум со свои реформи, со кои ќе се подобри состојбата на христијанското население во Европска Турција. На Портата и бил даден рок од шест месеци да ги изврши реформите, со право тие да имаат сопствена контрола врз нив, независно од контролата на Големите сили. Истовремено со предавањето на нотата пред Портата, властите на балканските држави, дале одговор и на австро-руската декларација. Во неа тие им се заблагодариле на двете влади за нивниот интерес кон христијаните во Империјата. Балканските држави сметале дека неопходно е сами директно да му се обратат на султанот и да му ги посочат понудените реформи за нивно вистинско спроведување. Овде многу важно е тоа што во преговорите со Портата, тие го исклучиле понатамошното учество на Големите сили. Оваа претставува и прв случај кога балканските држави изразиле желба, сами да ги нормализираат состојбите во Отоманската империја. Но, Турција го отфлила ултиматумот на балканските сојузници.

Постапките на Русија и Австро-Унгарија, се покажале недоволно сериозни, затоа што наместо да побараат од Портата радикални реформи, тие само приложувале празни ветувања кои што во минатото веќе ги имало. Од друга страна,

---

665 Г. П. Геновъ, Источнятъ въпросъ..„ 566-567; Карнегиева фондация за международен мир.., 46

Турција дала само магливи ветувања, кои што не можеле да ги задоволат барањата на балканските држави. Во едни такви услови, војната станала неизбежна.[666]

На 9 октомври 1912 година, Црна Гора ѝ објавила војна на Турција и започнала воени дејства во правец на Скутари ( Скадар). Таа војувала со својата регуларна војска за чија обука се грижеле руските офицери. Тоа претставувало еден вид проверка колку црногорската армија е подготвена за војна. Резултатите биле негативни. Но, сепак на почетокот на воените дејства, црногорската војска постигнала извесен успех. Во врска со оваа рускиот воен агент Потапов пишува: „...поради успехот на воените дејства, кралот многупати ми се заблагодари мене и на руските офицери кои ја обучуваа црногорската армија ". По само три дена подоцна, Србија и Бугарија, а потоа и Грција ѝ објавиле војна Турција. Војната за балканските држави се покажала успешна.[667]

Иако Балканскиот сојуз се наоѓал под контрола на Русија, сепак есента 1912 година и покрај советите од Санкт Петербург, започнал војна против Турција. Балканските сојузници забележале победи во војната и ги рашириле своите позиции и во извесна смисла извршиле национално обединување. Тоа значело и засилување на руското влијание во тие предели. Истовремено со поразот на Турција, нејзината позиција ослабува, а тоа претставувало можност за засилено руско дејство во Цариград.[668]

Балканскиот сојуз ја започнал својата акција, пред Русија да ги заврши своите дипломатски подготовки. Руската дипломатија сметала дека овој сојуз ќе го искористи за исполнување на своите интереси. За разлика од балканските сојузници кои започнале остар судир со Турција, Русија во тоа време не била заинтересирана за војна. Во нејзин прилог било што побрзо да се постигне мир меѓу Италија и Турција, и на тој начин руската трговија ќе има слободен проток, а исто така ќе ја неутрализира воената настроеност на балканските држави.[669]

Русија ги поддржувала барањата на членките на Балканскиот сојуз. Една од најважните цели на Србија бил да добие некое пристаниште на Јадранско Море, при

---

[666] А. Гиза, Балканските държави и македонският въпрос..,30; Г. П. Геновъ, Източнятъ въпрос.., 567-569

[667] Модернизация vs война, Человек на Балканах накануне.., 169; И. В. Яакобовская, Имперская политика и Балканы в конце XIX и начале ...,31-32

[668] Очерки истории Министерства...,том первый, 525

[669] Историја дипломатије, свеска друга..., 194-195

тоа истакнувајќи го Драч. Австро-Унгарија со поддршка на Италија се спротивставила на ширењето на Србија кон Јадранот. Двете силе издејствувале да се создаде албанска држава со цврсти граници и која ќе служи како брана за аспирациите на другите балкански држави.[670]

Појавата на австро-српски конфликт за излез на Јадранско Море, било причина за нова интервенција на руската дипломатија. Силното српско напредување кон Драч, предизвикало предвоена состојба. Германија била подготвена да ѝ даде поддршка на Австро-Унгарија. Од друга страна, руската влада ја предупредила Србија, дека при можен судир со Големите сили, нема да ја добие потребната поддршка. Француската влада сметала дека, иако Русија презема иницијативи за спречување на војната, сепак била подготвена да ги поддржи воените дејства на Сојузниците. Конкретно во овој случај им давала поткрепа на српските претензии. Меѓутоа, сметајќи се за неподготвена, настојувала да ја избегне војната. Од тие причини рускиот министер Сазонов, ѝ сугерирал на Србија да попушти и да не дојде до вооружен судир. Мирот бил зачуван повторно под влијание на руската дипломатија. На тој начин, Србија капитулирала и се одрекла од своите планови за излез на Јадранско Море. Руската влада предложила спорните прашања да бидат решени од страна на Големите сили.[671]

За време на војната, бугарската војска пристигнала во близината на Цариград. Турција, била принудена да бара преговори за примирје. Барањето на Портата сепак ги дало посакуваните резултати. Во едни такви услови, најзаинтересирани за мир биле двете сопернички сили- Русија и Австро-Унгарија. Царската влада во Русија покажала знаци на сериозна вознемиреност. Дури од Санкт Петербург биле упатувани категорички закани со цел да се спречи продорот на бугарската армија кон Цариград, бидејќи при негово евентуално освојување би се ставил крај на вековните руски стремежи за владеење над протоците. Меѓутоа, сосема неочекувано неповолностите биле решени на поинаков начин: турската армија го спречила понатамошното бугарско напредување.

По победата на балканските сојузници во Првата балканска војна, руската дипломатија ги повикала владите на Бугарија и Србија да бидат мудри, да покажат

---

670 Б. Јелавич, Историја на Балканот...,II дел, 113

671 И. В. Яакобовская, Имперская политика и Балканы в конце XIX и начале...,32; Историја дипломатије, свеска друга..., 197

смиреност и да го зачуваат потребниот мир. За жал тоа било само „гласот на оној што вика во пустината“.[672]

Договорот за примирје помеѓу Отоманската империја и членките на Балканскиот сојуз бил потпишан на 3 декември 1912 година, во Чаталџа[673] со тн. Чаталџинско примирје. Две недели подоцна во Лондон била свикана конференција, наречен Лондонска, на која учествувале сите завојувани страни, под директива на Големите сили.[674]

Брзите успеси на балканските сојузници против Турција, придонесле Големите сили да преземат поенергични мерки за решавање на воената криза. Лондонската мирна конференција се одржала во дворецот Сент Џејмс, на 16 декември 1912 година. [675]

Во британската престолнина биле отворени две конференции: советување на претставниците на шесте големи сили и конференција на балканските сојузници [676] и Турција. За време на преговорите балканските сојузници биле под заштита на Тројниот сојуз односно Русија, а Турција под заштита на Австрија и Германија. Со цел да задржи поголеми територии на Балканот, Турција дала предлог, Македонија и Албанија да добијат автономија, под врховна власт на Турција. Предлогот за

---

672 Модернизация vs война, Человек на Балканах накануне...,347

673 Чаталца е град во околината на Истанбул. Од Истанбул е оддалечен околу 50 км. Во реонот на Чаталца се водела една од најтешките борби за време на Првата балканска војна. Бугарските војски биле одбиени од турската армија, со што бил ставен крај на успешниот поход на бугарската армија во оваа област. Денес во оваа место живеат нешто повеќе од 15000 жители.

674 Македонија во билатералните и мултилатерални договори..., (1861-1913), 167-169 ; А. Гиза, Балканските държави и македонският въпрос...,33; Г. П. Геновъ, Източниятъ въпросъ..., 570

675 Г. Марков, България в Балгрският съюз срещу Османската Империя, 1912-1913, София, 1989,----

676 На Лондонската конференција, не присуствувале претставници од Македонија, иако тие биле директно засегнати. Преговорите траеле неколку месеци. Македонското прашање и понатаму не било решено. Затоа со право можеме да констатираме:„Македонците при секои важни преговори, од страна на Големите сили, секогаш биле изоставени.“ (Х. Л. Штепан, Македонскиот јазол...(1878-1914), 358)

автономна Македонија бил одбиен, најпрво од Србија и Грција, а потоа и од Бугарија. [677]

Во понатамошниот тек од преговорите, сојузниците настојувале Турција да ги отстапи Одрин и островите во Егејско Море. Меѓутоа турската делегација не сакала да прави никакви отстапки. Руската влада ја известила Високата порта, дека не дава гаранција за својата неутралност, ако поради непопуштање на турската страна, се обноват воените дејства. Како потврда за тоа, во Кафказ веќе била присутна руската армија. На тој начин под притисок на Русија и Големите сили, Портата била принудена да го прифати барањето за "отстапување на Одрин и беломорските острови" на сојузниците. [678]

Помеѓу членките на Балканскиот сојуз и во овој период постоеле меѓусебни противречности и различни погледи, што било одраз на нивните интереси. Тие разлики добиле на интензитет, по ослободувањето на балканските држави од Османлиска власт. Во контекс на тоа може да се додаде и поделбата на христијанското население во Македонија на патријаршисти и егзархисти. Рускиот конзул во Битола Кохмански, во својот извештај од 18 јануари 1913 година, подетално се задржува на тоа. Тој при тоа констатирал: „Црковните разлики на патријаршистите од егзархистите под влијание на настанатите промени, коренито го измени животот на народот во Македонија. Неодамна тие се поделија на групи, задржувајќи ги своите цркви како симбол на нивниот народ. Разликите се зголемени по ослободувањето на државите од турското владеење. Во местата освоени од Грците, новата власт во почетокот ги дефинира определбите, а потоа предизвика остри компликации во Прилепскиот, Кичевскиот и Дебарскиот округ". Во последните години во овие краеви српската пропаганда забележала низа успеси, па како резултат на тоа, Цариградската патријаршија црквите ги предала на српскиот епископ, кој неколку години бил викарен епископ на грчкиот митрополит во Велес. Митрополитот при тоа ...„ се согласил за воведување на богослужби на

---

677 Историја дипломатије, свеска друга..., 198; Ѓ. Абаџиев, Балканските војни и Македонија..,55

И. В. Яакобовская, Имперская политика и Балканы в конце XIX и начале...,33

678 Г. П. Геновъ, Източниятъ въпросъ.., 572-573; А. Гиза, Балканските държави и македонският въпрос..,40; Историја дипломатије, свеска друга..., 198-199

(црковно)словенски јазик, при што секое натамошно влијание на патријаршиската и егзархиската црква изчезнало.“[679]

Романија како компензација за својата неутралност во војната против Турција, побарала од Бугарија да ја отстапи Добруџа и да гарантира за правата на Власите во Македонија. Но бугарската страна не се согласила. По иницијатива на Англија, во Санкт Петербург, била одржана пратеничка конференција под претседателство на рускиот министер Сазонов. На конференцијата (од 26. 04 до 9. 05. 1913 г), било решено: градот Силистра да биде отстапен на Романија со областите од Дунав до романската граница; Бугарија била должна да ги напушти своите утврдувања и да гарантира за правата на влашкото население кое живее на нејзина територија.[680]

По освојувањето на Одрин, бугарската армија повторно се приближила кон Цариград. Како резултат на тоа во Санкт Петербург, се појавила нова вознемиреност и црноморската флота била подготвена да отплови во Босфорот. Руската дипломатија брзо презела и дипломатски мерки и побарала од Софија да го прифати примирјето. Во едни такви услови, на Бугарија дури ѝ била ветена помош при споровите со Србија за поделба на територии. [681]

Додека се водела разврската меѓу Турција и сојузниците, еден воен конфликт повторно ја радвижил европската дипломатија. Имено, црногорските трупи го опседнале градот Скадар. Црна Гора со поддршка на Русија упорно ги одбивала барањата на Австро-Унгарија, за повлекување од градот. Како последица на тоа, дошло до остар австро-руски конфликт. Под влијание на Англија, Австро-Унгарија се согласила да изврши демобилизација на своите сили. После тоа и Русија ја повлекла резервната војска која за таа цел била ангажирана. Меѓутоа, иако двете земји ги повлекле своите војски, црногорската војска и понатаму го држеле под опсада турскиот гарнизон во Скадар. На Лондонската конференција била донесена одлука, да се изврши колективна морска демонстрација од Големите европски сили насочена против Црна Гора. Незасегнат од блокадите и дипломатските мерки, црногорскиот крал со турскиот командант Есад паша, дури потпишал и договор за отстапување на

679 Државен архив на Македонија. Руски императорски конзулат во Битола....бр.2.616.2.76/3 (необјавен архивски материјал)

680 Г. П. Геновъ, Източниятъ въпросъ, часть втора, 578-581

681 Г. Марков, България в Българският съюз срещу Османската..,----; А. Гиза, Балканските държави и македонският въпрос.., 41

Скадар на Црна Гора. Но после многу одложувања, а најмногу поради притисокот на руската дипломатија, црногорската војска била принудена да се повлече од градот. Потоа во градот била стационирана меѓународна војска составена од европските земји.[682]

Бугарскиот премиер Иван Гешов истакнал дека се појавиле несогласувања и спротивности меѓу Србија и Бугарија. Територијалните претензии на Србија, од една страна и бугарските побарувања од друга страна, ја ставиле руската дипломатија во една непријатна положба, да не се меша во спорот меѓу Србија и Бугарија. Но и покрај тоа, таа се трудела да интервенира што побрзо. Повторно по интервенција на Големите сили, биле надминати споровите меѓу сојузниците.[683]

Австриската дипломатија настојувала да ја осуети спогодбата меѓу Србија и Бугарија. Таа дури го обвинила рускиот цар, дека тој наводно ја ограничува независноста на балканските држави. Австриската дипломатија го наговорила Фердинанд да не ја прифаќа руската арбитража, туку одлуките да ги носи самостојно. Српската страна најпрво се колебала околу прифаќањето на руската арбитража, но за да не ѝ наштети на нивните интереси, на крајот сепак се согласила. Бугарија подоцна го прифатила руското посредување, но само условно, доколку Русија ги прифати бугарските барања.[684]

Со потпишувањето на Лондонскиот договор, било јасно дека Големите сили не се во состојба да ги решат проблемите кои се однесуваат на поделбата на Македонија, ниту пак можат да ги запазат нивните претходни договори. Најнезадоволна од решенијата на Големите сили се чувствувала Србија. Со напуштањето на Северна Албанија и Драч, таа била лишена од својата главна цел - излез на Јадранско Море. Од тие причини српска влада решила да побара компензација во Македонија за директна граница со Грција, преку која ќе може да го користи Солунското пристаниште. Белград побарал да се изврши ревизија на територијалните услови на нивниот меѓусебен договор, потпишан во март минатата година. Вардарска Македонија која што била ослободена од Србија била тн. спорна зона, Србија никако не сакала да ја изгуби. Затоа Белград предложил тоа да се изврши со арбитража на рускиот цар, кое со нивниот претходен договор било предвидено. Ваквото српско барање за предоговарање по прашањето за спорни зони,

---

682 Историја дипломатије, свеска друга..., 200

683 И. В. Якобовская, Имперская политика и Балканы в конце XIX и начале...,33

684 V.Ćorović, Istorija srpskog naroda, 52

било категорично одбиено од бугарската влада . Затоа српската страна веќе откриено ги изразила своите аспирации: за присоединување на цела Македонија, коишто српските војски ги освоиле за време на војната. Во едни такви услови меѓу Србија и Бугарија се појавиле спротивни стрмежи и взаемна нетрпеливост.[685]

Балканскиот сојуз кој бил создаден по руска иницијатива не ѝ давал спокојство на Австро-Унгарија. Затоа таа се залагала на разни начини и по секоја цена да го растури Балканскиот сојуз. Основна цел на австриската дипломатија била да ја раздели Бугарија од Србија. Лишувањето од излез на Србија на Јадранско Море, придонесло српското кралство да биде економски зависно. Како средство за распаѓање на Сојузот, послужил бугарскиот цар Фердинанд, кој и покрај сојузот со Србија и понатаму бил приврзаник на Двојната монархија. Фердинанд бил инспиратор за создавање на голема бугарска империја на Балканот и понесен од таа идеја, посакал да изврши освојување и на Цариград. Кога пред неколку месеци бугарската војска речиси пристигнала до Цариград, бугарската влада под притисок на Русија била принудена да ја прифати зацртаната граничната линија. Поради тоа Фердинанд „паднал во очајание". На крајот владата на бугарскиот цар Фердинанд, повторно била проавстриски ориентирана.[686]

Руската дипломатија правела напори да ги смири конфликтите и да го зачува Балканскиот сојуз на сметка на бугарските интереси. Рускиот министер Сазонов сметал дека, по некој вид ред на Балканот, најдобро би било: Србија да го добие Скопје, Бугарија Одрин, а Грција- Солун. За Бугарија тоа било неприфатливо, бидејќи двата главни македонски градови Солун и Скопје, се наоѓале надвор од нејзината територија. Бугарските претставници Малинов и Паприков, на руските дипломати им укажале дека станува збор за „земји во кои отсекогаш живеело бугарско население". Очигледно било дека Русија како да не ги засегала бугарските интереси во Македонија. Таквиот став најмногу го бранел рускиот конзул во Скопје, Иван Јастребов. [687]

Кон крајот на мај 1913 година, Русија започнала нови иницијативи за избегнување на конфликтот. Иако во својство на арбитар, руската дипломатија ја советувала Бугарија да покаже конструктивност. Рускиот став бил:„ Прифатете ги

---

[685] Ч. Попов, Друштевена и политичка историја...,(1874-1914), 296 ; А. Гиза, Балканските държави и македонският въпрос..,42

[686] Ѓ. Абациев, Балканските војни и Македонија..,53-54

[687] А. Гиза, Балканските държави и македонският въпрос..,43

српските барања за компензација и покрај даденото ветување, дека нема да барате од вас ништо повеќе од тоа кое им се дава според договорот, согласете се да им дадете неколку градови надвор од спорната зона, надвор од границата, која тие ветуваа дека ќе ја нарушат“. Руската позиција предизвикала непријателство меѓу двете страни, а воедно и сомневање во беспристрасноста на руската арбитража. Бил направен нов обид за избегнување на воениот конфликт. По тој повод Гешов и Пашиќ договориле средба на границата меѓу двете земји, во Цариброд.[688] Тие сакале да постигнат пријателски договор за разрешување на своите потешкотии, во врска со спорните зони во Македонија, но без присуство на туѓи сили. Во текот на преговорите бугарскиот претставник, дознал дека Фердинанд се одлучил за воени дејствија, па како последица на тоа, Гешов поднесол оставка. На тој начин и последната надеж за избегнување на војната речиси била изгубена.[689]

Таквиот став на руската дипломатија решиле да го искористат Австро-Унгарија и Германија, кои биле против Балканскиот сојуз, и настојувале Бугарија да ја привлечат на своја страна. Дури и нивните пратеници во Софија, честопати му сугерирале и го храбреле бугарскиот цар за непопуштање кон Србија и кон Грција. Пред бугарскиот Генералштаб, пратениците на Централните сили ја изнесле идејата дека бугарската армија е во состојба да извојува сигурна победа против српско-грчките сили. Во тоа време била извршена смена во бугарската влада и наместо Иван Гешов, за примиер бил поставен Стојан Данев. Тој се залагал да не се допушти никакво попуштање на српско-грчките барања, потоа бил поборник за добивање на Солун и истиснување на Србија од сите позиции, доколку таа не ги прифати барањата на бугарската влада за доминација во поглед на територијалната поделба.[690]

Австро-Унгарија на секој начин ја терала Бугарија кон војна. Таа дури и ветувала заем и гаранција за нејзиниот територијален интегритет. Наспроти тоа, Русија се трудела да ги усогласи нивните спротивни гледишта. Веќе во тоа време е забележана засилена концентрација на бугарска војска кон важни стратегиски места,

---

[688]Цариброд било старото име на Димитровград, денешна Србија. До 1951 година градот се викал Цариброд, а сегашното име го носи во чест на бугарскиот претседател, Ѓорѓи Димитров. Денеска во него живеат нешто повеќе од 6200 жители, од кои поголемиот дел, (53,4% )се Бугари.

[689] Карнегиева фондация за международен мир. Доклад на международната комисия..., 59

[690] А. Гиза, Балканските държави и македонският...,44; Ѓ. Абаџиев, Балканските војни и Македонија.., 77

но и стационирање на војски и од грчка и српска страна. Рускиот претставник во Белград испратил телеграма до Сазонов, во која ја објаснил и ја оценил одлуката на српската страна како правилна.„Доколку Србија се откаже од своите воени планови во Македонија исто е како доброволно да си потпише свесно смртна пресуда за својот народ“-запишал Хартвиг. Рускиот предлог за арбитажно решение на спорните зони, Фердинанд го одбил. Бугарскиот цар одговарајќи му на рускиот предлог, испратил телеграма до рускиот министер Сазонов во која отворено биле нагласени аспирациите кон Македонија. Во дел од неа се вели: „Бугарија нема само право над Македонија, но има и неотклонлива должност спрема едно население кое секогаш било и сака да остане бугарско.“.[691]

Во телеграма до рускиот цар, Фердинанд истакнал дека Бугарија не сноси одговорност за започнатата криза и за братоубиствената војна ја обвинил Србија. Тој сметал дека и Русија сноси вина, поради нејзиното предавство на бугарските интереси во Македонија. Фердинанд си дозволил да разговара на таков начин со Николај II, затоа што имал поддршка од Австро-Унгарија и Германија. [692]

На 27 мај 1913 година, Стојан Данев со телеграма го известил бугарскиот пратеник во Санкт Петербург, Бобчев за прифаќање на руската арбитража. Кон тоа е додадено дека неопходно е српската страна претходно да гарантира за усогласување на предвоениот договор. Данев ја обвинил руската политика поради нејзината несериозност и ја советувал царската влада да не се предава на илузии. Бугарскиот министер предложил и други според него, неопходни услови за согласност за арбитража од Русија, а тоа е окупација на бугарската војска на Македонија. Ваквиот демарш на Данев со ултиматум, бил наменет повеќе кон Русија, отколку кон Србија. Министерство за надворешни работи (МИД) на Русија, на чело со Сазонов веднаш реагирало. По тој повод Сазонов пред Бобчев изјавил дека Бугарија е предавник на словенското дело и под влијание на Австро-Унгарија ги игнорира советите на Русија и апелот на рускиот цар.[693]

По иницијатива на Фердинанд Кобушки, било свикано советување на кое била донесена одлука, да се побара од владата во Санкт Петербург, решавање на спорот со Србија во рок од седум дена. Ултимативното барање предизвикало остра реакција кај рускиот цар и кај првиот човек на руското министерство за надворешни

---

691 Ѓ. Абаџиев, Балканските војни и Македонија...,78-79

692 Очерки истории Министерства...,том первый, 526

693 Исто, 527

работи, Сазонов. Тој му префрлил на бугарскиот пратеник во Русија, дека Бугарија се оддалечила од Русија и тргнала по советите на Австро-Унгарија. На тој начин новата бугарска влада на чело со Стојан Данев, дополнително ги влошила односите со Русија и Романија. Опфатени од воената треска, Фердинанд и неговите генерали останале глуви на руските повици. Како одговор на тоа Русија порачала, дека нема да ја спречи Романија доколку ја нападне Бугарија.[694]

Кон крајот на јуни 1913 година напнатоста меѓу Бугарија и Србија достигнала таков степен, така што војната била на прагот. Рускиот цар Николај II, ги направил последните обиди за да дојде до помирување. Тој испратил телеграма до српскиот крал Петар Караѓорѓевиќ и до бугарскиот цар Фердинанд, за преку компромис да ги задоволи барањата на двете страни. При тоа тој им сугерирал да се изнајде по мирен пат решение за излез од кризата и да се запази Сојузот. Во телеграмата е спомената средба во Солун, која потоа треба да продолжи во Санкт Петербург. Николај II, како главен руски арбитраж изјавил:„ државата која ќе го наруши мирот и ја започне војната, ќе одговара за своето поведение пред славјанството“. [695]

Рускиот цар имал полна слобода да решава за тоа каков став ќе заземе Русија за евентуалните последици од ривалството. Со други зборови таквата закана значи: „ако Србија не ја прифати руската арбитража, таа го доведува во прашање своето постоење“. Од друга страна пак, ако Бугарија покаже спротивставеност и започне војна, ќе биде нападната од Романија и Турција. Таквата закана на рускиот цар предизвикала знаци на повреденост. Воинствените партии во Србија не покажале волја за отстапки. Тие под притисок на Русија отстапиле за албанското прашање, но не и за македонското прашање. Вознемирен од воените планови на српската влада, Пашиќ на 15 јуни 1913 година, поднесол оставка. Но рускиот пратеник во Белград, Николај Хартвиг успеал да ги убеди српскиот крал и пратениците во парламентот да се согласат со руските барања за прифаќање на арбитражата. При тоа Пашиќ останал на власт и искажал целосна готовност за примање на руската арбитража.[696]

Никола Пашиќ и Стојан Данев било потребно да отпатуваат во Санкт Петербург на заедничка средба. Но ниту еден од двајцата премиери не се осудил да се упати кон седиштето на руската влада, стравувајќи од одлуката на рускиот арбитр

---

[694] Ѓ. Абациев, Балканските војни и Македонија..,78-80

[695] Очерки истории министерства...,том первый, 526; Карнегиева фондация за международен мир. Доклад на международната комисия...,61

[696] Карнегиева фондация за международен мир. Доклад на международната комисия..., 61

кој можел да биде наклонет кон едната или другата страна. До средба не дошло, затоа што на 30 јуни 1913 година, Фердинанд без знаење на својата влада, дал заповед да се изврши напад врз српските и грчките сили распоредени во целата погранична линија.[697] Русија направила обиди за спречување на воената операција. При тоа руската страна изразила жалење поради судирот и предложила средба во Санкт Петербург, со цел по мирен пат да се реши спорот и упатила повик кон Србија, Грција и Бугарија да ги прекинат воените дејства. На 1 јули 1913 година, рускиот демарш бил повторен, но војната била неизбежна.[698] Со тоа започнала Втората балканска војна или уште позната како Меѓусојузничка.[699]

По извршувањето на нападот врз сојузниците, бугарската влада се надевала дека Австро-Унгарија и Германија нема да дозволат Романија да стапи во војната. Додека австриската влада била подготвена за интервенција, поддршката од Германија изостанала. Причина за тоа била воздржаноста на Германија од воени дејства, а уште повеќе влијаеле воведувањето на вонредните мерки за јакнење на германската војска кои траеле сè до крајот на 1913 година. Од друга страна, Русија и Франција побарале од Романија да изврши мобилизација на својата војска и да се вклучи во војната против Бугарија. Неуспесите на Бугарија во војната, се покажале како погодно време за вмешување во војната на Романија, а потоа и на Турција. Последната на 16 јули 1913 година, по нападот над бугарската војска го презела Одрин од Бугарите. Поразена на сите фронтови, Бугарија немајќи избор побарала примирје, најпрво од своите поранешни сојузници. Побарала и посредништво на руската влада. Кога од тоа не биле добиени позитивни резултати, царот Фердинанд извршил рокада во кабинетот на владата. Ја променил русофилската влада на Иван Гешов и Стојан Данев и поставил австрофилска, на чело со Васил Радославов. Промената во владата значело и преориентација на бугарската надворешната политика и ставање под покровителство на Австро-Унгарија.[700]

---

697 А. Гиза, Балканските държави и македонският въпрос..,45-46

698 Главна причина поради која руската дипломатија не успеала да го спречи воениот конфликт е големата несогласност меѓу балканските држави и противречностите меѓу Големите европски сили. Мерките за помирување кои Русија ги преземала, не биле поддржани од Франција и Англија, кои стравувале од засиленото руско влијание на Балканот.( Очерки истории Министерства...,том первый, 527)

699 Очерки истории Министерства...,том первый, 527

700 Во таа прилика царот Фердинанд ги изрекол следните зборови: „Нема друго спасение за Бугарија, освен враќање кон Рим“, што во извесна смисла значело можност за вклучување

Имајќи го предвид поранешните ветувања, новиот бугарски премиер побарал поддршка од Виена и Берлин. На крајот бугарскиот цар Фердинанд, лично се обратил до романскиот крал Карол барајќи мир, потоа задоволување на територијалните аспирации на Романија за отстапување на Јужна Добруџа и прекин на нападите. И Русија им се обратила на владите на балканските земји да ги прекинат воените операции и со нејзино посредување, да потпишат мир во Санкт Петербург. Мирот бил потврден на престојниот договор во Букурешт. [701]

## Букурешки мировен договор (1913)

Букурешкиот договор е потпишан на 10 август 1913 година, помеѓу Србија, Грција, Романија и Црна Гора, од една страна и Бугарија од друга страна. На оваа мировна конференција, бил означен крајот на Втората балканска војна.

Конференцијата траела десет дена и на крајот бил потпишан Букурешкиот договор. Најголеми дискусии се воделе за поделбата на Македонија односно разграничувањето меѓу земјите победнички и поразената Бугарија. Според текстот на договор за мир: Србија ја добила Вардарска Македонија, Косово, дел од Метохија и источната половина на Новопазарскиот санџак; Грција ја добила Егејска Македонија, полуостровот Халкидики со Солун, дел од западна Тракија и Егејските острови; Црна Гора добила дел од Метохија и дел од Санџак; Бугарија ја добила Пиринска Македонија, градот Струмица со околијата, дел од западна Тракија и излез на Егејско море кај пристаништето Дедеагач (Александруполи). Букурешкиот договор претставува единствен меѓународен договор коишто не бил потпишан од

---

унија со Римокатоличката црква. Таквиот план на Фердинанд, наишол на прием кај општествените слоеви, кон тоа додавајќи го и духовенството, што било причина за брза реакција на егзархот Јосиф. Државната власт на тоа, не посветила речиси никакво внимание. На тој начин идејата за единство и едноверие меѓу словенските народи, која била применувана за време на Балканските војни, лесно можела да биде отфрлена( Модернизация vs война, Человек на Балканах накануне.., 190)

701 Историја дипломатије, свеска друга...,202-203; Модернизация vs война, Человек на Балканах накануне.., 190; V. Ćorović, Istorija srpskog naroda, 53 ; Ѓ. Абаџиев, Балканските војни и Македонија..,81-82 ; А. Гиза, Балканските държави и македонският въпрос..,47

Големите сили и кој во извесна смисла бил против нивните интереси. Со Балканските војни е означен крајот на турското владеење на Балканот.[702]

По утврдувањето на конечните резултати од меѓусојузничката војна, бугарските политичари за неуспехот на Бугарија, ја обвиниле Русија. Со други зборови Русија била виновна, затоа што таа придонесла да се создадат такви услови, коишто вешто ги искористиле Романија и Турција. Руската влада можела да ја спречи Романија и Турција да не извршат напад на Бугарија, бидејќи токму со допуштање на Санкт Петербург, дошло до потиснување на бугарска војска од исток и југ. Незадоволството било толку големо, така што бугарскиот државен врв констатирал дека со оваа се нарушило словенското братство и некогашните заеднички интереси. [703]

Со поделбата на Македонија, балканските буржоазии уште повеќе ја продлабочиле кризата и се засилиле нивните меѓусебни спротивности. Балканските завојувачи останале глуви на барањето на македонската колонија во Санкт Петербург кои се залагале за независна македонска држава. По тој повод Димитрија Чуповски во весникот „Македонский голос" испратил статија, во кој ја опишува тешката состојба после Букурешкиот договор и поделбата на Македонија од страна на соседните балкански држави.[704]

Букурешкиот мировен договор биле неповолно примен во Петербургската влада. Министерот за надворешни работи Сазонов, ја оценил состојбата на Балканот како целосно нестабилна. Но од извештаите на руските дипломати во Белград, Атина, Цетиње и Софија, може да се констатира дека Букурешкиот мир, сепак и не бил така неповолен за Русија. Понатамошната руската надворешна политика била базирана на следните одредби: Распаѓањето на турската империја било неизбежно; добра прилика, Русија да го реши основното прашање- за протоците и да не допушти тие да бидат под контрола на други држави. Во однос на другите големи држави,

---

[702] Македонија во меѓународните договори..,(1876-1919), 186-191; В пороховом погребе...427 За оваа опширно во: Македонија во билатералните и мултилатералните договори..,(1861-1913), 234-243; А. Гиза, Балканските държави и македонският въпрос..,57; Документи за борбата на македонскиот народ.., том први, 572-574; Историја на македонскиот народ...книга втора, 376-377;

[703] Ф.И. Успенски, Источно питање...,221-222

[704] За статијата на Димитрија Чуповски, поопширно во: Документи за борбата на македонскиот народ...,том први, 575; Историја на македонскиот народ...книга втора, 377

Турција ја смета како помалку опасна за руските интереси. Затоа неопходно е да се обнови Балканскиот сојуз. [705]

[705] И. В. Якубовская, Имперская политика в конце XIX и начале XX.., 34-35

# „Московскиот славјански благотворителен комитет“ и Панславизмот

Овој комитет бил формиран во почетокот на 1858 година, во Москва од група словенофили. Целта е да ги помага православните Словени надвор од границите на Руската империја. Причината за тоа било учењето на западно-европските општества за ширење меѓу јужните словени на латинско-језуитска пропаганда и да го спречи руското влијание на Балканот меѓу Словените. Латинската пропаганда сакала да го искористи растројството во овие предели, предизвикано од Цариградската патријаршија и Бугарската егзархија. Целта на комитетот во прво време била да ги подучува словенските народи за црковното прашање, училиштата и народното предание, со руски учебни помагала итн. Но, со текот на времето започнал да се вклучува во потребите на јужните и западните Словени[706].

Славјанскиот комитет во пракса своето внимание го насочил кон Јужните Словени, конкретно кон Словените на Балканот. Во периодот од 1856 до 1876 година, околу 500 студенти добиле стипендии во Русија. Со тоа руското влијание на Балканот било особено зајакнато. Но вистинската намера на Комитетот била, студентите да бидат задоени со идеите на Панславизмот. Ваквото влијание на Русија придонесло и за спротивни резултати. Еден дел од студентите кога се вратиле дома, станале силни противници на царска Русија.[707]

Од Москва, Славјанско благотворително општество се проширило насекаде. Во него биле вклучени: новинари, индустријалци, општественици, трговци, високи државни службеници, а во нив спаѓал и рускиот пратеник во Цариград, грофот Николај Игнатиев.[708]

Поразот на Русија во Кримската војна на запад бил причина и повод за понижување и напад врз православната црква. Дечанскиот архимандит Серафим го известил рускиот император Александар II за посетата на манастирот на еден францускиот дипломатски агент, кој му предложил француско покровителство. Во

[706] Ф. А. Блокгаус, Славјанското благотворително општество(1890-1907), 1)

[707] L. Stavrijanos, Balkan posle 1453 godine..., 352

[708] К. Манчов, История на балканските народи...,том 1(1352-1878), 80

Бугарија исто така било планирано да се воведе источниот обред. Најистакнат претставник за ширење на унијата бил мисионерот Еуген Боре (1809-1878).[709]

Како главен центар на унијатското движење во Македонија бил градот Кукуш. Во средината на XIX век, градот претставувал важен центар на словенската културна преродба. Училиштето било основано во 1841 година и важело за стратешко место од каде просветата била ширена во Полјанин, Воден, Карадак, Струмица идр. По тој повод Рачински вели: "Ако се зацврсти словенството во Кукуш, тогаш Охрид и Битола ќе го земат него за пример". Првиот човек на Кукуш, Нако Станишев се обратил за помош кај манастирот Зограф, на Атон. Тој од императорот Александар II, барал во Русија да се испратат архимандритот Климент, К.Дупков и Г. Златанов да собираат средства кои се наменети за училиштето. Васил Чолаков на заминување од Москва, од Московскиот Славјански комитет добил 160 рубли.

Во 1858 година, од Славјанскиот комитет биле испратени во Македонија, Александар Рачински и Егор Јужаков, под изговор дека ќе собираат стари ракописи. Нивното вистинско доаѓање било да им дадат поддршка на кукушкото население и во некоја мера да го неутрализираат продорот на западната пропаганда. Тие меѓу населението ја разделиле книгата:„Православните црковни братства од југозападна Русија", од Јоан Флеров.[710] По пристигнувањето на Рачински и Јужаков, Станишев ги информирал двајцата претставници со зборовите: "Ние сакаме училиште кое ќе ни даде добри свештеници и учители кои добро би го посеале семето на православното словенство." Тие во текот на годината собрале 350 рубли, но биле недоволни. Помош[711] била побарана од Славјанскиот комитет. Во времето пред потпишувањето на Кукушката унија, Бахметов испратил 1750 рубли, а Ковалевски го известил дека таа сума ќе биде испратена во Цариград на сметка на кнезот Лобанов-Ростковски, а потоа препратена за Кукуш за тамошното училиште.Токму Лобанов-Ростковски посредувал кај Вселенската Патријаршија за поставување на Партениј Зографски за кукушко-полјански епископ. Тоа било и причината за ликувањето на претставникот

---

[709] Н. Урић, Питање реформи и устанка у Турску... с посебним освртом на делатност српско-босанског одбора и руски словенофила (1860-1861)Чланци и расправе, 18

[710] Религия и църква в България..., 91

[711] Писменото барање за помош било потпишано од Нако Станишев и учителот Димитар Миладинов. На годишното собрание на комитетот меѓу другото било разгледано и за кукушкото барање. На собранието учествувале: А.С Хомјаков, А. И. Кошелев , Иван Аксаков, Јуриј Самарин, А. Н Бахметов идр. Едногласно било решено да бидат испратени 2750 рубли.( А.А. Поповкин, Московский Славянский комитет...,159)

на Славјанскиот комитет, Александар Рачински во писмото до Бахметов, во кое задоволно констатирал: "Унијата е уништена...Боре (Еуген) е разбиен во сите точки. Милосредните сестри не се добродојдени во Кукуш, и си отидоа со срам."[712]

Словенофилите ги советувале словенските народи да ја чуваат својата традиција и вера. Од особено значење било печатењето на една посланица напишана на руски и српски јазик, потпишана од И. Аксаков и други истакнати словенофили. Посланицата била раздавана во знак на општословенско братство и со ветување за брзо ослободување од Турците. Словенофилите во своите списи го предупредувале српскиот народ да ги зачуваат својот јазик, својата самобитност и да не подлегнат на притисокот од западната пропаганда. Особено важно било да се зачува православната вера која претставувала главна одлика на словенските народи. Надвор од православната вера, никој не може да се изјасне како вистински Словен. Словенофилите не ги прифаќале Словените католици во сесловенското братство, и сметале дека тие нема да се навредат за тоа, бидејќи тоа било само на одредено време. Спротивните ставови меѓу руските словенофили и западниот римокатолицизам, ги опишал Николај Данилевски во книгата" Русија и Европа". Тој сметал дека тие се две општества со ралични погледи на светот: православно-словенски и романско-германски. Идеологијата на Источната црква покрај заедничката борба на христијанскиот народ за ослободување од турската власт, му помогнала на руското царство успешно да се одбрани од налетот на западната пропаганда. Тој отишол и во друга крајност и истакнал дека, турските освојувања на Мала Азија и Балканскиот полуостров ги оценил позитивно, бидејќи муслиманите несвесно ја спасиле православната црква и Словените од латинизирање. Русија за идните самостојни народи станала "прибежиште и котва на спасот за угнетениот, но и не згмечување на неуништивиот словенски свет". Нападот врз римокатоличката црква во Посланицата до Србите, предизвикала негодување кај католиците и го осуетило хрватското движење за приближување и прифаќање на источниот обред.[713]

Московскиот комитет настојувал да го заштити православието во Македонија од налетот на западната пропаганда. Еден од главните лица во комитетот бил Алексеј Николаевич Бахметов и Александар Викторович Рачински. Бахметов доставил барање до браќата Миладиновци и Сава Радулов, да се испратат податоци

---

712 А.А. Поповкин, Московский Славянский комитет и "Кукушская уния" (1859 г.)( Вестник вгу.серия: История, Политология. Социология.) 2011, бр.2, 159-160

713 Н. Урић, Питање реформи и устанка у Турску..., 18-20

за настаните во Македонија и за тоа да ги известува словенофилите. Бахметов како припадник на комитетот, се грижел за снабдување на православните кукушани со парични средства. По иницијатива на Бахметов и Рачински, Константин Миладинов го превел на македонски дијалект издадено во Моска 1858 година, делото на свештеникот Јован Ефимович Флеров „За православните црковни братства во југозападна Русија против католицизмот и унијатството од 16-18 век". Така за потребите на православното население во Бугарија и Македонија биле испечатени и испратени 10.000 примероци. Кнезот Лобанов-Ростовски успешно ги решил проблемите на кукушкото население преку поставување на архимандритот Партениј Зографски за кукушко-полјански епископ. Емисарот Боре за потребите на пропагандата, подоцна ги ангажирал Јосиф Соколски и полскиот авантурист Чејковски. Во 1883година, Нил Изворов ја примил унијата. Меѓу оние кои подоцна ја примиле унијата биле и македонскиот револуционер Гоце Делчев. Така по заслуга на руската дипломатија и Славјанскиот комитет биле зачувани балканските народи од западната пропаганда. Уште во следната година по своето формирање овој комитет се покажал како сериозен противник на западната дипломатија на Балканот. [714]

Наоѓајќи се во една меѓународна изолација, руската дипломатија барала нови начини за противдејство кон Запад. Овој комитет бил формиран после војната, со седиште во Москва. Подоцна биле формирани разграноци и во другите градови. Во наредните години такви општества се јавуваат во Санкт Петербург 1867 година, Киев 1869 и Одеса 1870. Одлика на комитетот е да се зачува словенската историја, словенскиот јазик, фолклор,традиција, словенска литература и друго. Во 80-те години од XIX век, како негова идеологија се јавува Панславизмот. Московскиот комитет е првиот словенски комитет. Својата дејност ја започнал кон крајот на 1857 година, а добил официјална потврда од државата на 26 јануари 1858 година. Неговото создавање е поврзано со меѓународната положба и со руските интереси на Балканот и словенските реони во Австро-Унгарија. Седиштето на руското царство не сакало да се лиши од своите позиции кои ги имале на Балканот. Како прилог на тоа е и фактот што 80% комитетот е финансиран од државата, а останатите се од доброволни дарови, членарина и друго. [715]

---

[714] Алексеј Поповкин, Славјански комитет и борбата за православие во Македонија (1859год.) 2010,1-2

[715] А. Андреев, Руски-славянски комитети и идеята за општ славяно-руски език.., 92-93

Поради својата блискост со руската влада и двор, словенофилите постојано добивале помош од државниот буџет. Покрај тоа тие имале поткрепа и од големите трговци и земјопоседници од Москва и од другите поголеми градови. За потребите на комитетот во една прилика Аксаков побарал помош од индустијалецот Василиј Кокорев заедно со трговците успеал да собере 20.000 рубљи. Главната дејност на Московскиот комитет во овој период била насочена кон словенското население во Османлиската империја. Тоа било и во согласнот со интересите на надворешната политика на Русија и намерите за враќање на своите поранешни позиции изгубени по поразот од Кримска војна. Во весникот "Денъ", Аксаков со посебно внимание ги следел сите настани кои се случувале во европскиот дел на Турција и според својата соодржина повеќе наликувал на гласник на ослободителните движења на Балканот.[716]

Славјанскиот комитет испратил писмо во кое што барал официјална потврда од власта и ги наведуваат причините за создавањето на организацијата. Тие посочуваат дека во Западна Европа и Османлиското Царство веќе постојат такви општества какви што имаат Латинската и Језуитската пропаганда кои имаат цел да го поткопаат и потоа да го уништат руското влијание. Такви се: Заедницата на полската емиграција во Париз, Лазаристичкото училиште во Румелија, општеството во Лондон и Хесен-Дармштад, училиштето на Полјакот Калицки, Римската делегација предводена од павликанскиот епископ Андреј Казанов и разни други римокатолички и простестански мисионери. Во составот на Московското славјанско општество активно биле вклучени и жени. Формирани биле женски оддели во составот на комитетите. Покровител на тие оддели била сопругата на царот Александар.[717]

За разлика од другите балкански земји, во руските планови на Балканот, Бугарија била од посебно значење, имајќи го во предвид податокот дека словенофилите во извесна мерка, биле претходници на руската надворешна политика на Балканот. Во програмата на Московскиот комитет била зацртано да се помага Бугарија, со цел да се спречи ширењето западното црковно влијание во овој

---

[716] Н. Урић, Питања реформи и устанка у Турску...,21

[717] Андрей Андреев, Ролята на православната и словянската идеи за формирането на понятията ( годишник „млади и стари“ в българското възраждение, Пловдив, 2006), 5

дел на Балканот и пошироко. Овој комитет имал добра соработка со бугарските емигранти кои живееле во градот Одеса.[718]

Словенските комитети одиграле значајна улога при решавањето на бугарското црковно прашање. Грофот Игнатиев, големиот словенофил, по поставувањето за амбасадор во Цариград се сочувствувал со барањата на бугарската буржоазија и тоа е главниот посредник за решавањето на црковниот спор во полза на Бугарите. Решавањето на црковното прашање и спротивставеноста на западната пропаганда всушност биле и основните задачи на руската дипломатија. Особено словенските комитети покажале активност за спречување на дејноста на западната верска пропаганда. Руската дипломатија и словенските комитети внимателно ги следеле сите настани. Во 1859 год. бил испратен како пратеник на комитетот во Цариград Александар Рачински. Патувањето било забрзано поради писмото на архимандритот Петар-инспектор на руската црква при амбасадата во Цариград и активен словенофил кој бил испратен од комитетот. Тој бил загрижен поради тоа што населението било под големо влијание на разни мисионери па дури и предлагал да се прекине финансиската и политичката помош. Тој испратил две писма до управникот Бахметов, во која ја критикува руската политика и ги опишува успесите на Западната пропаганда. Описите на Рачински предизвикале паника кај руските словенофили. Евентуалното поврзување на христијанското население со западните мисии ќе биде погубно за православната црква и за руските интереси на Балканот. Затоа била составена посебна програма која предвидувала контакти со високи државни претставници и засилена руската дипломатска активност во Османлиската империја. Биле испраќани учебници за училиштата, помош за читалните, црквите и тн. [719]

Под влијание на славјанските комитети на повеќе лица од Балканскиот полуостров им било овозможено да се запишат на универзитетите во Киев, Москва, Санкт Петербург, Одеса итн. Русите често испраќале помош кај словенските народи на Балканот, која главно се состоела во книги, парична помош од руските конзули за училиштата во неразвиените краеви, идр.[720] Така на пример по заслуга на Александар Рачински во Москва бил повикан Константин Везенков од Крушево,

[718] Н. Уриќ, Питања реформи и устанка у Турску...,23

[719] Андрей Андреев, Славянските комитети, руската политика и България през. втората ра половина на XIX век, В.Епохи, кн.3-4, В.Трново, 2006, 3-5стр.

[720] Н. Генчев, Българско възраждане, 6

Македонија.Тој него го препорачува, затоа што го познавал од цариградското училиште, а во Русија бил испратен од владиката Партениј. За ова сведочи писмото од Рачински упатено до Бахметов, со цел на Везенков да му се овозможи државна стипендија во Москва.[721]

Во друга прилика, во 1864 година, по препорака на рускиот амбасадор во Цариград, Игнатиев, во Москва бил примен Васил Т. Мишајков, родум од Битола. Тој од гимназијата во Атина, се запишал на Московскиот универзитет и на тој начин станал составен дел од воспитаниците на Славјанскиот комитет.[722] Од Москва била испраќана парична помош наменета за кукушкото училиште. Егор Ковалевски во писмото испратено до Бахмедов (од 12.12.1859 год.) запишал: „за извесно време треба да предадеме 2750 сребрени рубли за кукушкото училиште и да дочекаме поточни сведоштва за тоа, заслужува ли споменатото училиште толку голема помош и ако понатамошните извештаи се покажат неповолни, ние ќе се погрижиме тие пари да ги дадеме на попогодно место...“[723]

Во 1868 година како оддел на Московскиот Славјански благотворителен комитетет е основан Петербургшки оддел на Славјанскиот комитет. Неговата дејност била за задоволување на духовните потреби на Словените, а не и за политичките прашања. Во 1877 година, со објавувањето на војната против Турција, петербургшиот оддел бил преименуван во Сан Петербургшко Славјанско благотворително општество.[724] Панславистите од Москва и Санкт Петербург како и другите поголеми градови во Русија, упатиле критика за Берлинскиот конгрес и сметале дека е нанесена тешка навреда врз достоинството на Русија. Лидерот на рускиот Панславизам, Аксаков ги доживеал одлуките на конгресот многу болно. На заседанието на Московско словенско општество, упатил остра критика. По тој повод рекол:“Русија самата се лиши од победник во губитник“. Неговите натамошни остри критики биле издадени во весникот „Гражданин“, што било причина Московското словенско општество по наредба на царот Александар II да биде укинато, а Аксаков бил протеран од Москва.[725]

---

[721] Македония, Сборник от документи и материали, София ,1978, 162

[722] Исто, 221

[723] Исто, 163

[724] Модернизация vs. война. Человек на Балканах накануне...301 (фуснота бр.2)

[725] А. Гиза, Н. Г. Шелепенькин, Ситуация в Македонии и позиция России.., 45

Словенофилите од Русија после Априлското востание им дале несебична поддршка. Во него учество зеле големите руски поети: Фјодор Михајлович Достоевски, Иван Тургењев, Лав Николаевич Толстој, А. В. Аверкиев, хемичарот Димитриј Иванович Менделеев идр. Како резултат не само на нивните залагања, но и на познатите славјанските комитети, била собирана помош за настраданите од Априлското востание.[726] Сан Петербургшко Славјанско благотворително општество на своето заседание оддржано на 28 август 1912 година, дискутирало за политичката состојба на Балканот. За обезбедување помош на словенските држави, раководството на организацијата извршило консултации со претставници на руското општество на Црвениот Крст. Било решено да се испрати помош за жртвите од војната преку Црвениот крст на Србија, Бугарија и Црна Гора. Така во писмото испратено до српскиот Црвен крст било напишано: „помош до славните синови на Србија, кои ја започнаа решителната борба со исконскиот непријател на верата Христова за слобода на словенските народности". Испраќањето на помошта било извршено со брод преку пристаништето во Одеса. Во рамките на Општеството било отворен женски оддел, предводен од ќерката на генералот Чернаев, Вера Михаиловна Христианович. Овој оддел се бавел со собирање на прибор за настраданите и облека за потребите на болниците.

Кон крајот на септември 1912 година, било одржано заседение на Славјанското Благотворително општество со кое раководел генералот Петар Д. Паренсов. На него било решено да се испрати медицинска и санитарна помош не само за Словените, туку и за Грците. Советот одлучил од резервите на Општеството да биде подигнат заем од 40.000 рубли. Покрај оваа, Славјанското Благотворително општество одржало и друго заседание овој пат во ресторанот „Виена", На него присуствувале 100 членови,од кои била одобрена помош за христијанското население на Балканот. Советот на Општеството исто така презел иницијативи за пополнување на касата со средства од црквите на соодветните епархии на митрополитите на Петербургската, Московската и Киевската епархија. Светиот Синод одобрил собирање на свети садови за потребите од настраданите во војната во сите цркви.[727]

Од 60-70 години од XIX век се појавува силно политичко движење наречено Панславизам. Идејата за Панславизмот се јавува кај интелегенцијата на западните и

[726] Н. Генчев, Българското възраждане, 7

[727] Модернизация vs. война. Человек на Балканах накануне...,292-294

јужните Словени кои биле угнетени од страна на германските и турските феудалци. Тие имале за цел: сите словенски народи да се обединат и со поддршка на рускиот цар да изврши национално ослободување. Идеите на Панславизмот потекнувале од разни структури од населението. Во нив спаѓале: револуционери, конзервативци, либерали идр. Панславистите им давале целосна поддршка на национално–ослободителните движења на балканските народи, а при тоа упатиле и остри критики кон царизмот поради неговата нерешителност против Турција. Политички органи на панславистите станале словенските комитети. За разлика од руската влада, словенските комитети, целосно го поддржувале националното ослободување на јужно-словенските народи. Тие преку доброволни прилози, собирале пари потребни за купување оружје, храна, лекови и потоа биле доставувани до востаниците. Словенските комитети развиле активна политичка поддршка на Балканот. Така на пример, и покрај заканите на руската влада, генералот Чернаев бил поставен за командант на српската армија.[728]

Панславистите со посебни симпатии гледале кон словенските народи кои се наоѓале под туѓа власт и барале нивно ослободување, а потоа и обединување со Русија. Затоа руската надворешна политика имала раководна улога при покровителството врз националното движење над балканските народи и да помага за создавањето на национални држави на Балканот. Таа станува и сојузник на словенските народи против Австро-Унгарија и Турција.[729] Општо гледано, Панславистите се залагале за ослободување на сите словенски народи од двојната власт, поточно од хабсбуршката и турската власт. Сепак повеќе било застапено антиавстроунгарското расположение. По ослободувањето тие би се организирале и би формирале федерација на повеќе држави во која Русија би имала водечка улога. Федерација би била составена од православните народи од Србија, Бугарија и Црна Гора. За разлика од овие народи, Панславистите кон католичките Полјаци гледале со недоверба и ги сметале за предавници на својата Православна вера.[730]

Разлика меѓу Панславистите и Словенофилите, речици и да не постои. Словенските комитети ја спроведуваат руската надворешна политика. Во последната половина на XIX век, конкретно во Бугарија одиграле поинаква улога. Имено тие биле против соединувањето на Бугарија, против Александар Батенберг, Стефан

728 Внешняя политика России во второй половине XIX века, 7

729 К. Манчов, История на балканските народи...,том 1, 25

730 Б. Јелавич, Историја на Балканот...,том I , 419

Стамболов, и кнезот Фердинанд, и со секакви средства настојувале да ја променат состојбата во Бугарија. Често пати тие ги наметнувале своите ставови, различни од официјалните, но и покрај тоа тие не отстапувале од своите цели – да го зацврстат своето влијание на Балканот и меѓу Словените во Австро-Унгарија и да се спротивставаат на западните сили.

Русија покажала претензии, како духовно така и политички кон наследството на Византија. Во Османлиската Империја таа и понатаму се трудела да го засени своето влијание меѓу православните христијани и преку државната политика. Царот Михаил Фјодорович Романов давал милостиња која често пати била и поголема од предвидената. Така тој ги помагал манастирите на Св. Гора Атонска, источните патријаршии, покровителствата на светите места, Рилскиот манастир и други. Истата религија на братските народи, создавала чувство за помош на поробените балкански народи. Поради таквите ставови Русија станала противник на Османлиската Империја. Така Русија успеала да се наметне кај интелегенцијата на христијанското население на Балканот која единствен сојузник гледала единствено само во Русија, а нејзиниот владетел- вистински христијански цар.

Кога и последниот кримски хан Шахим Гераj се откажал од престолот, јужните граници биле ослободени и присоединети кон Русија. Со тоа амбициите за засилување на руското влијание на Балканот се засилиле. Бил формиран т.н. “грчки проект” со кое се предвидувало истерување на Турците и воспоставување на Византиска империја, а Влашка и Молдавија да се обединат со едно име Дакија. На тој начин Византија и Дакија би биле руски протекторати. Но појавата на националните држави предизвикала и политичка промена на Балканскиот Полуостров.

Развојот на словенската идеја во Русија е процес кој и понатаму продолжува да трае. Рускиот Панславизам освен што е антизападно настроен, внесол и нови идеи. Се појавила теорија за создавање на сѐ општ Балкански сојуз, па дури и словенска држава заснована на принцип на федерација. Еден таков идеолог е Н. Ј. Данилевски(1822-1885). Тој своите тези ги претставил во книгата „Русија и Европа“, издадена во 1881 год. Во неа ја докажува неопходноста од тоа обединување како спротивно на германско-романскиот сојуз. Опседнат од тој сојуз, тој предвидувал вклучување и на несловенски народи и држави. Во словенскиот сојуз дури ги ставал и Романија и Унгарија. Со тој сесловенски сојуз ќе се постигне целосно словенско обединување. Цел на Србите е да го присоединат јужното словенско население кое се наоѓа во Австро-Унгарија. За Бугарија единствен пат за развој е токму членството во

сѐсловенската држава. Тоа е поради државната традиција и “нивната неизградена интелегенција" .[731]

По неуспехот на Илинденското востание грофот Игнатиев ги советувал Словените на Балканот да мируваат. Списанието "Известия" го опишува насочувањето на австро-унгарската војска кон границите словенските земји и нејзиното непрекинато следење на македонското движење. Балканските Словени потребно било да ги прекинат своите караници, да го одржат мирот и на тој начин да не можат да предизвикаат мешање на оние кои не ја почитуваат нивната независност. Според тоа, ниту Македонија, ниту македонскиот како посебен народ, не било предвидени во програмата на сѐ словенското "Благотворно друштво".[732]

Во врска со воведувањето на турските реформи во трите румелиски вилаети се појавиле реакции и од словенофилски кругови во весникот „Славянские известия“. Словенофилите сметале дека турските реформи не дале ни малку, за кое населението и македонските комитети воделе борба и тие нема да решат никакoво прашање. Уредникот на овој весник Короблов, навлегувајќи подлабоко во суштината на проблемот смета дека главна причина поради која се воведуваат само некои псевдо реформи е стравот од една Голема Бугарија. Стравувањата би биле поголеми кога таквата силна бугарска држава (гледана во нејзините етнички граници) би застанала на страната на Австро-Унгарија и Германија.[733]

До крајот на Јапонската војна, Московскиот панславизам бил под покровителство на кнезот Сергеј, а потоа бил под контрола на Череп Спиридонович. На тој начин покажал знаци на повторна активност и го привлекувал вниманието на балканските народи. Русија и понатаму не ја напуштала својата панславистичка традиција.[734]

---

[731] А. Андреев, Руските славянски комитети и идеята за опщ “славяноруски език“ 95-97

[732] В. Стојчев, Македонското прашање во програмата на царска Русија...(Зборник, Македонско-руските врски во почетокот на 19 век)..., 67

[733] С. Германов, Руска общестевеност и революционното движение...,103

[734] Х. Брейсфорд, Македония нейните народи, 294 (фуснота број 4)

# Односот на руската дипломатија кон унијатството и протестантството на Балканот и во Македонија

Со решенијата од Парискиот мировен договор (1856 г.) Русија го изгубила приматот за покровителство на христијанското население на Балканот. Тоа било можност за засилена римокатоличка и протестантска пропаганда. Во едни такви услови руската дипломатија барала начини за повторно да се врати на своите поранешни позиции. Поради тоа што Ватикан не успеал да ги убеди христијаните да преминат во римокатоличка вера, им понудил унија со Латинската црква и тоа по мошне прифатливи услови: да се задржат сите традиции, богослужбата да се врши на мајчин јазик, наместо името цариградскиот патријарх, да се спомнува римскиот папа, поддршка на народот за време на преродбенското движење итн.[735]

Во XIX век се појавила и протестантска еспанзија на Балканот. На островот Кипар дејствувала протестантска мисија која била под покровителство на англиските колонизатори, а потоа се раширила и на Балканот. Пристигнувањето на Исток на протестантските мисионери уште од самиот почеток претставува еден лош начин на „христијанизација" на православното население. Тие го убедувале населението дека православната црква се наоѓа во мрак, исполнета е со предрасуди и непознавања на Светото Писмо. Дејноста на мисионерите била насочена кон печатење книги, брошури и списанија на разбирлив јазик. Религиозните цели на протестантските мисионери било во тесна врска со интересите на западната политика на Исток. Ваквата протестантска мисија преставувала сериозна опасност за православното неселение и предизвикувала загриженост кај руската дипломатија.[736]

Можното поврзување на христијанското население со западните мисии за црковна самостојност и верско образование по нивните училишта, било сметано како погубително за православната вера, за сите словенски народи како и за руските интереси на Балканот. За таа цел руската влада изработила посебна програма како

[735] Ростислав Терзиоски, Односот на руската дипломатија спрема унијатството и католицизмот во Македонија (втора половина на XIX и почетокот на XX век). Гласник на ИНИ, год. 48, број 1-2, Скопје, 2004, 128

[736] Афанасий Зоитакис, Протестантизм и православие на Балканах. Част I Протестанская експанзия на Востоке, Святая Гора, 2012 , 2

притивдејство на пропагандите, потоа вршела контакти си високи државници, засилени дејства на руските амбасадори и конзули во Османлиската империја итн.[737]

Рускиот дипломат Григориј Трубецкој во својата книга „Руската политика на исток" изнесува мошне важни моменти за идните односи со Источната црква. Тој запишал: „Неопходно е колку што може да ги зајакнеме нашите врски со Источната-Православната црква и особено со Цариградската патријаршија, како центар на православието. Нашите политички интереси и понатаму ќе бидат во тесна врска со православието. Тоа нешто нашите противници го знаат многу добро. Кога тие ја напаѓаат Источната црква или кога се застапуваат за неа полесно да ја скршат, тие го прават тоа не само од срдечност спрема римокатоличката или протестантската пропаганда, туку исклучително со задни мисли против нашето влијание на Истокот... затоа наш интерес е да поддржиме добрососедство со оние народи што поради еднаковста на верата ќе ни бидат секогаш приврзани... ние не го криеме интересот што нè тера да вршиме покровителство над нашите едноверници". Рускиот дипломат во продолжение се задржува на опасноста предизвикана од расправата помеѓу Грците и Словените околу нивно покровителство на црквите. Трубецкој по тој повод забележал: „оваа жална состојба на работите како последица на слепотијата на високото грчко духовенство, им овозможи на непријателите на православието да го рашират кругот на своите дејства меѓу словенското население. Агентите на западните држави распространија разни учебници, книги со духовна содржина, да отворат словенски институции во кои предавањата им се доверени на полски и француски доселеници. Тие имаат цел да ги поколебаат догмите на нашата света вера. Затоа неопходно е да се употребат сите наши напори за прекинување на тие погубни раздори." Од друга страна, Портата им дава целосна поддршка на пропагандите, бидејќи со тоа го нарушува нивното единство меѓу народите, ги потсилува нивните несогласувања. Како потврда за поддршката на Портата, е официјалното признавање на унијатската и протестантската пропаганда во Османлиската империја.[738]

Протестантските мисионери мошне итро ја ширеле својата верска пропаганда. Во своите проповеди мисионерите често истакнувале, дека постои решение за црковното прашање и ослободување од иноверното владеење. Како резултат на тоа многу млади луѓе го прифатиле нивното учење. Еден дел од

---

737 Религия и църква в България...,142

738 Р. Терзиоски, Односот на руската дипломатија спрема унијатството.., 129-130

младината бил убеден дека протестантите се молеле за населението и не сакале никого да го одделат од Православната црква. Како ефикасно противдејство против влијанието на западните пропаганди, било предложено да формираат православни мисии кои ќе бидат под покровителство на Русија.[739]

Рускиот амбасадор во Цариград Николај Игнатиев, покажал загриженост поради продорот на пропагандите. Тој сметал дека...„Словените можат да паднат во искушение и да ги прифатат наговарањата на западните сили и Турците и да ја прифатат унијата со Рим". Таквите предвидувања и се извршиле. Така Франција и Австрија со дозвола на Портата ѝ давале поддршка на римокатоличката пропаганда на Балканот, со што турската влада настојувала да му направи противдејство на руското влијание. Со ветувањето за создавање на бугарска црква, повеќе Бугари во Цариград станале унијати и потоа во 1861 година, била основана унијатска црква. Но и покрај помошта од Портата, најмногу поради притисокот на руската дипломатија, унијата се одржала за кратко време. Постоело и друго мислење дека некои Бугари преминувале во унија, само да ја заплашат Русија за да ги поддржи нивните барања за автокефална црква. И протестантската пропаганда не забележала некаков значаен успех, затоа што не ги поддржала барањата на православното население за посебна црква. Само мал дел од населението го прифатил протестантското учење, а мнозинството ја отфлило туѓата вера. Еден протестантски мисионер забележал: „Малобројните водачи кои биле подготвени да ја прифатат Библијата како свој темел, повеќе преферираат да го зачуваат единството на својот народ, отколку да бидат покорни на Христовото учење" (секако во протестантска форма). [740]

Руската надворешна политика исто така била насочена кон тоа да го заштити православното население од налетот на римокатоличката и протестантската пропаганда. Руската дипломатија активно посредувала кукушани да го отфрлат унијатството и да го прифатат Партениј Зографски за Кукушко-полјански епископ. Тоа било направено преку посредувањето на рускиот амбасадор Лобанов-Ростковски, кај Цариградската патријаршија.

И во наредниот период интервенцијата на руската влада се покажала како пресудна за опаѓањето на унијатското движење. Во 1860 година, антипатријаршиското движење во Бугарија достигнало највисок степен, па и спомнувањето на цариградскиот патријарх во богослужбите било изоставено. Сите

739 Религия и църква в България.., 142

740 L. Stavrijanos, Balkan posle 1453 godine...,355-356

овие причини се покажале како поволни за дејствување на Римокатоличката пропаганда која го советувала населението да се откаже од јурисдикцијата на Цариградската патријаршија и да се соедини со Западната црква. По тој повод Јосиф Соколски и Макариј Савов упатиле барање со петиција за стапување во унија. Изборот паднал на Јосиф Соколски, кој потоа од папата Пие IX бил ракоположен за епископ и поставен во Цариград. Сите овие настани биле будно следени од руската дипломатија. Поради опасноста за православието, таа презела мерки за отстранување на Јосиф Соколски од Цариград. Него му било сугерирано дека наводно треба да отпатува за Русија, бидејќи тамошните унијати кои ја прифатиле унијата останале без епископ. Од Петко Р. Славејков бил убеден дека при прошетка до Бујук-дере, треба да се сретне со рускиот амбасадор Лобанов- Ростковски. Потоа според планот на Лобанов, со брод бил киднапиран и одведен на заточение во Одеса, а од таму префрлен во Киевско-печерската лавра каде што и го завршил својот живот.[741]

На тој начин со отстранувањето на првиот епископ на Балканот, Соколски, биле пресечени корењата на унијатстkoто движење. Како резултат на притисокот на руската дипломатија и залагањата на амбасадорот, унијатството насекаде бележело знаци на силно опаѓање. По заслуга на Николај Игнатиев во 1870 година, била создадена Бугарска егзархија и на тој начин бил решено црковното прашање за словенските народи во Османлиската империја. Во едни такви услови, Егзархијата претставувала како противтежа на унијата. Рускиот конзул дури им упатил остри закани на солунските првенци, доколку не се покорат на нејзините наредби, Русија нема да ги заштитува пред турската власт. Подобри денови за унијатите настапиле со поставувањето на Рафаел Попов за апостолски викар за Македонија и Тракија. Во 1861 година, кога неколку претставници на некои македонски општини заедно со солунските првенци, започнале да водат преговори за стапување во унија, тие не успеале поради силниот протест на рускиот конзул во Солун. Сите обиди за ширење на верските пропаганди, наидувале на противдејство на руската дипломатија. Токму Русија претставувала неопходна поткрепа за македонското население. Како главна причина за опасноста од пропагандите е односот на Цариградската патријаршија и однесувањето на грчките митрополити и свештеници спрема словенското население на Балканот. Пропагандите настојувале да ги стават во своја полза и честите расправиите меѓу меѓу населението за тоа чие ведомство да го прифатат на

[741] Спомени, дописки и писма на Васил Манчов, Сставителство, бележки и коментар на: Цветана Нанова и Юлия Николова, София, 1982, 7

Егархијата и Патријаршијата. Затоа и пропагандите своите мисии ги насочувале во оние места каде веќе постоеле такви услови. Тоа особено било присутно во Битолскиот и Солунскиот вилает. Преку светогорските манастири, руското влијание било сè уште силно и како резултат на тоа биле испраќани ученици во руските училишта кои биле стипендирани од руската влада. Подоцна тие претставувале активни борци против протестантството, унијатството и разни други пропаганди. [742]

Руската дипломатија била загрижена од натамошниот подем на римокатоличката пропаганда, иако со отстанувањето на Јосиф Соколски го намалила нејзиното влијание. Колку повеќе се движењето за унија се интензивирало, толку повеќе руските дипломати се активирале.

Кога во 1874 година, Нил Изворов бил назначен за унијатски епископ, тоа повторно предизвикало вознемиреност кај руската дипломатија. Спротивставеност кон унијатите покажале и Бугарската егазрхија и Цариградската патријаршија, бидејќи тоа значело загрозување на нивните интереси. Рускиот генерален конзул упатил остра закана кон водачите на унијатското движење, бидејќи со таквиот чин, македонското население ризикува да ја загуби поддршката на Русија. Руската дипломатија видно вознемирена, правела напори по секоја цена да го одврати Нил Изворов од унијата. Во тоа особено се истакнал амбасадорот Игнатиев, кој презел иницијативи кај егзархот Антим, епископот Нил веднаш да биде повлечен од Цариград.

По договорите помеѓу Патријаршијата и Егзархијата за поделба на македонските епархии, повторно се појавиле обиди за создавање на самостојна македонска црква преку унија со Западната црква. Тоа силно ја засегнало руската влада, која за да го отстрани Нил Изворов, му биле понудени пари, а потоа и закана за атентат врз него. Кога Рафаел Попов со дозвола на Портата ги посетил унијатите во Кукуш и Еница Вардар, и се задржал повеќе од предвиденото време, тоа било причина за брза интервенција на рускиот конзул упатил барање до Портата за негово отстранување. [743]

И рускиот амбасадор во Цариград Николај Игнатиев, покажал посебна загриженост поради продорот на западната религиозна пропаганда меѓу православните народи во Османлиската империја. Рускиот гроф се залагал за

---

[742] Р. Терзиовски, Односот на руската дипломатија спрема унијатството.., 130-132

[743] Славко Димевски, Македонска борба за црковна и национална самостојност (Унијатско движење), Скопје 1988, 122

единство на православните народи и поради тоа руската дипломатија се наоѓала во една тешка состојба, бидејќи дејството на пропагандите предизвикувало поделба меѓу словенското и грчкото население на две спротивставени страни.[744]

Кон крајот на 80 -те години од XIX век руската дипломатија допринесла, бугарската Егзархија да ги засили своето влијание во Македонија. Типичен пример за тоа е обидот на свештеникот Спасе Игуманов да премине во унија со римокатоличката црква. Под силниот притисок на Егзархијата, тој бил приморан да го признае нејзиното ведомство. Како резултат на руските залагања, особено на рускиот конзул Јастребов во соработка со Егзархијата, придонесол да дојде опаѓање на унијатството. Подоцна кај Јастребов се појавила идеја за формирање клуб во кој ќе членуваат само православни конзули(на Русија, Грција, Бугарија и Србија) кој имал за цел да се бори против римокатоличката пропаганда. Но поради различните интереси и меѓусебни несогласувања, обидите пропаднале. [745]

Руската дипломатија заедно со Егзархијата и Патријаршијата, успеале да го задуши новиот унијатски бран од 1891 година, чиј иницијатор бил скопскиот митрополит Теодосиј Гологанов. На крајот на митрополитот му бил одземен неговиот чин и бил протеран. Руското конзулство успеало да го неутрализира унијатството во Битола и околината. Тоа исто така влијаело Бугарија да го отфли понудениот конкордат од Ватикан за „Бугарска (римо)католичка ерархија“. Во јануари 1903 година, рускиот министер за надворешни работи, Ламсдорф укажува на опасноста од католиците и протестантите кои ја „воспитуваат младата генерација да ги прекине врските со својата религија и националност“. [746]

Непосредно по Ѓурѓовденските колежи, (мај 1903 год.) католичките свештеници го советувале населението во Битола да ја примат Унијата, при тоа им дал ветување дека ќе бидат под сигурна заштита. Во својот извештај до рускиот амбасадор во Цариград, од 14 мај 1903 година, конзулот Ростковски, запишал:„ Лазаристите громогласно изјавуваат, дека во случај на повторување на колежот во Битола, нивната духовна мисија и католичките конзулати ќе ги отворат своите врати и ќе дозволат прибежиште само на оние кои ја примиле Унијата, кои заедно со тоа, ќе престанат да бидат сомнителни во очите на турските власти“. Како последица на ваквите изјави на Лазаристите, двајца затвореници кај кои биле пронајдени кушуми,

---

744 А. Д. Мцхвариашвили, Восточный вопрос и российкая дипломатия...,16

745 Исто, 159-160

746 Р. Терзиовски, Односот на руската дипломатија спрема унијатството..,134-135

веќе пред валијата изјавиле дека сакаат да станат унијати. Но битолскиот митрополит Григориј вложил напори „новите унијати“ да не бидат ослободени, „бидејќи тоа би можело да ги соблазни и другите кон преминување во Унијата“. Потоа митрополитот Григориј упатил барање до Езархијата „да бидат испратени пари за помош на настраданите, бидејќи во спротивен случај католичките свештеници ќе ја искористат безизлезната положба на жителите за целите на својата пропаганда“- додава Ростковски.[747]

Во мај 1903 година, според францускиот конзул во Битола, осум семејства од градот писмено се согласиле дека ја прифаќаат унијата. Во врска со оваа рускиот конзул во Битола во извештајот од 21 мај 1903 година пишува: „Францускиот конзул Г. Готје ме уверуваше, дека не му се познати имињата на овие лица, со исклучок на еден, којшто сега се наоѓа в затвор...За ослободување на овој затвореник на молба од католичките свештеници, францускиот конзулат се обрати до Валијата, но доби само ветување дека неговото дело ќе биде разгледано меѓу првите.“ Рускиот конзул поради тоа покажал загриженост и затоа додава: “јас ќе ги вложам сите усилби оваа ветување да не биде извршено, бидејќи во спротивен случај, тоа ќе послужи како соблазна спрема другите, што се наоѓаат во затворите. Да му се укажува спротивставување на католичкото духовенство и на францускиот конзулат е толку неопходно, бидејќи тие за да го пропагираат унијатството, на сите начини се трудат да го придобијат благо-расположението на турските власти. Неодамна католичките монахињи лично го молеа Валијата да го ослободи некој муслиман Лами, којшто ги предводел башибузуците за време на колежот на христијаните во Битола од 23 април годинава.“ Инаку муслиманот Лами, турските власти заради заштита на муслиманското население не го затвориле, но повторно после упорното наговарање и залагање на рускиот и австрискиот кунзул, бил ставен во затвор. Рускиот конзул Ростковски сепак успеал да ги дознае имињата на оние христијани кои барале да бидат примени во унијата. Според него: “...тоа се луѓе со сомнителна репутација; еден од нив бил протестант и кога престанале да му даваат субсидија, одново се вратил во православието; другиот, останувајќи по трет пат вдовец, сакал да земе четврта жена, добил отказ од митрополитот за да се венча, преминува во унијата со надеж дека католичкиот свештеник ќе го венча, итн.“ На крајот во извештајот рускиот конзул потенцира: “ќе се погрижиме со сите средства да ги задржиме

[747] С. Дракул, Македонија меѓу автономијата...,шести том, 202-203

овдешните христијани од тој судбоносен чекор, па не ќе запреме дури ни пред војна со Турција, за да ја задобиеме толку сакананата автономија на Македонија".[748]

Поради притисокот на Турците врз селаните во село Негрово, во 1905 година, целото село од околу 100 куќи преминале во католиштво. За тоа известува капетанот Цветков од 12 мај 1905 година. „Сите жители од селото, на чело со православниот свештеник, сакаат да преминат во католичка вера, избавувајќи се себе си на тој начин од тешкотиите при ликвидацијата на православниот свештеник и негова замена со католички". Овде не станувало збор за некаква љубов кон папата, ниту за некакви религиозни чувства. Населението сметало подобро да ги заштити своите интереси доколку преминат во католичка вера.[749]

Како последица на нападите од грчките банди, поради нивното откажување од ведомството на Патријаршијата, жителите на селото Божец Енице-Вардарско, пред властите изјавиле дека сакаат да ја прифатат Унијата. Во писмото до Зиновјев и Сементовски е констатирано: „отцепништвото на селаните од Божец од православието се совпадна со доаѓањето на папскиот делегат во Константинопол, монсињорот Тачи и неговата обиколка по унијатските села на Солунскиот вилает, можеше да предизвика поведување и на други села, додека пак од друга страна, очајничкиот чекор сепак не ги спасуваше од нови напади на грчките чети" затоа како што продолжува во извештајот „побарав од Генерал -Инспекторот да бидат преземени мерки за заштита на селото од опасноста".[750]

Обиди за прифаќање на унијата се појавиле и во Паланечката каза. Бугарскиот скопски митрополит Синесиј поднел извештај (24 ноември 1906 година), до Генерал инспекторот Хилми паша, и до цивилните агенти на руското и австриското правителство. Во него се вели: „христијанското население од Паланечката каза е решено да дојде во Скопје да прави постапки за негово преминување во Унијата. Ве известувам дека пратениците на тоа население пристигнаа овде и едвај можев со преголеми усилби да ги убедам да дојдат кај мене да поразговараме и да ги посоветувам, како нивни духовен отец". Како нивно оправдување за таквиот чекор, ги истакнале зголемите даноци врз населението и поради тоа одлучиле да станат унијати со цврста надеж дека ќе најдат поткрепа.[751]

---

[748] Исто, втор том, 225-226

[749] Исто, четврти том, 124-125

[750] Исто, петти том, 221

[751] Исто, 258-259

За време на разоружувањето на македонското население, конкретно во Енице-Вардарската каза (Солунски вилает),турската власт сурово се однесувала врз населението. Некои биле ѕверски тепани или измачувани на најразлични начини, а други пак биле уапсени и спроведени во затворите, под изговор дека соработувале со комитите. Граѓаните биле приморани да преземаат и други мерки со цел да најдат спас од властите. Потврда за тоа наоѓаме во извештајот од Константинопол 1910 година. Во него е запишано:„Многумина егзархисти, штом ќе се прогласеле или изјасниле за патријаршисти или унијати, биле ослободувани. Како последица на тоа, многу видни семејства преминале во Патријаршијата или во унијата. Свештеникот Кочо го признал ведомството на Патријаршијата.“ [752]

Во друг руски извештај од 1910 година е запишано: “Како за време на опсадата на градот Енице-Вардар, и измачувањето на народот, како и после прекинувањето на опсадата на градот, грчки и унијатски свештеници –пропагандисти одеа по бугарските куќи, ги наговараа и ги повикуваа Бугарите да преминат во унијатство, соблазнувајќи ги со разни ветувања и заплашувајќи ги со грозни претскажувања...“ Со помош на својата силна агитација посебно унијатите, успеале да придобијат 60-70 куќи, особено оние кои биле колебливи. По тој повод „пристигна дури и намесникот на унијатската мисија во Солун со цел да се обиде да ги ослободи арестуваните луѓе, сметајќи дека ќе ги побудат нив да дадат изјава за свое преминување во унијата “.[753]

Нови обиди за прифаќање на унијата, се појавиле во градот Куманово. За тоа, (од 25 март 1911 г.) до руското императорско посолство во Константинопол, известува управителот на руското императорско Конзулство, В. Гаджемуков. Во него стои: “Го известувам Императорското посолство дека за време на ’разоружувањето’ меѓу населението на Куманово се појави мисла за прифаќање на унијата, сметајќи дека на тој начин ќе се издејствува заштита и покровителство од страна на Австриското правителство. Како поттикнувачи на тоа се тајниот агент на Австрискиот конзулат, учителот Георги Караманов и трговецот Намичев. Овие намери не беа спроведени во дело.“ Според рускиот управител и еден свештеник од Куманово, Ефрем Јачев, поради незадоволството од Митрополијата изразил желба да ја прими унијата. “...Склони кон тоа има и други жители, приближно околу 50 души. Беше упатена делегација во Австрискиот конзулат кој од своја страна испрати еден од ’фреровите’ во Куманово. Последниот, претставувајќи слика за некакво баснословно

---

[752] Исто, седми том, 162

[753] Исто, 163-164

покровителство, им ветувал земни и небесни богатства на оние што ќе се присоединат кон католичката црква. Но, поради сериозните мерки кои ги презеде Бугарската митрополија, нејзе ѝ успеа да го задржи Ефрем Јачев и неговите истомисленици". Бугарскиот митрополит пред рускиот претставник изразил загриженост, дека и понатаму може да дојде до „ присоединување кон католичката црква, толку повеќе што во тоа ќе наидат на поддршка од страна на турските власти, кои што се стремат кон разединување на населението".[754]

[754] Исто, 256-257

# ЗАКЛУЧОК

Од досегашното истражување можеме да изведеме заклучоци дека Кримската војна претставува пресврт за руско покровителство на христијаните и нивно влијание на Балканскиот Полуостров. После војната тоа било речиси истиснато. Тоа било можност за слободно навлегување на западните пропаганди (протестантската и римокатоличката). Исто така за да го спречи мешањето на Русија во внатрешните работи на Османлиската империја и Портата презела посебни мерки. По тој повод турскиот султан на 18 февруари 1856 година, со посебен султански ферман, објавил низа реформи познати како Хатихумајун. На тој начин руското царство се нашло во една изолирана состојба. Во едни такви услови, се појавил Панславизмот со идеја за обединување на сите Словени под покровителство на Русија. Така со помош на Русија биле испратени повеќе ученици од кои повеќето биле стипендирани од руската влада. Подоцна тие станале големи поддржувачи на рускиот царизам. Русија и понатаму правела напори да ги заштитува балканските држави и да ги помага нивните ослободителни движења. Поради неможноста сама да одлучува, руската дипломатија своето внимание го насочила кон обезбедување на влијание кај Високата Порта, да го зачува единството меѓу балканските народи и најпосле да издејствува укинување на забраната за присуство на руска флота во Црно Море.

Иако Русија била оштетена со одлуките од Берлинскиот конгрес, таа сепак успеала да формира голема словенска држава на Балканот. Меѓутоа ваквите планови на Русија придонеле за загриженост кај големите европски сили, кои стравувале дека новото кнежество Бугарија можело да влијае и другите балкански држави да водат проруска политика. По обединувањето на Источна Румелија со кнежеството Бугарија, руско влијание од Бугарија било отстрането, а наметнато било австроунгарското. Во тоа време Русија започнала да ја поддржува српската пропаганда. Во понатамошниот период кон крајот на XIX век, за да ги усогласат своите ставови врз основа на својата политика на Балканот, Русија и Австро-Унгарија во 1897 година потпишале спогодба за зачувување на статус-квото во Империјата.

Единствена сила која се стремела да ја наруши таквата состојба била ВМРО и од таму произлегува таквиот непријателски став на руската дипломатија кон Револуционерната организација. Македонската Револуционерна Организација била сметана како извор на нестабилност. Пред опасноста од востание во Македонија, кон крајот на 1902 година, биле воведени реформи. Заради меѓународна оправданост на

реформите, Русија и Австро-Унгарија, побарале поддршка од земјите кои го потпишале Берлинскиот договор. Така во февруари биле објавени февруарските реформи. Реформите биле неуспешни и не придонесле за подобрување на состојбата во Битолскиот, Солунскиот и Скопскиот вилает. Така што тие завршиле, пред да започнат.

Односите меѓу Русија и Бугарија конечно биле подобрени во 1902 година, кога и била потпишана руско-бугарска спогодба. Со посредство на Русија, Бугарија добила заем од Франција. Услов за тоа било, Бугарија да не се противи при поставувањето на српскиот владика Фирмилијан во Скопје.

После неуспешното Илинденско востание, повторно по иницијатива на Големите сили, Русија и Австро-Унгарија во својство на најзаинтересирани сили во октомври 1903 година, ја донесле позната Мирцштегската реформска програма. Овие реформи биле слични на претходните, а разлика била само тоа што за реализација на овие реформи, била предвидена меѓународна контрола. За таа цел било предвидено да се се изврши реорганизација на турската жандармерија, да се воведат реформи во судството и во областа на финансиите. За време на спроведувањето на овие реформи, забележано е присуство на чети испратени од Србија, Бугарија и Грција. Сите тие дејствувале во Македонија и го принудувале населението да се изјасни за својата национална припадност.

Со подобрувањето на руско-англиските односи, од страна на Англија била предложено Македонија да добие автономија во рамките на Империјата. Токму актуелизирањето на македонското прашање било причина за избувнувањето на Младотурската револуција. Со донесувањето на уставот во Отоманската империја, бил означен и крајот на пет годишните реформи донесени во Мирцштег.

По Младотурската револуција, Русија настојувала да ги зближи балканските народи, а потоа преку меѓусебни договори да ги обедини. Со каква сериозност пристапувала Русија кон Балканскиот сојуз, уште пред неговото формирање, сведочи и тоа што таа потпишала сојуз и со најмалата балканска држава Црна Гора. Руската дипломатија направила обиди за приклучување кон тој сојуз и на Турција. По тој повод познати се и дипломатските обиди на рускиот конзул Чариков, кој сметал дека токму членството на Турција ќе придонесе за намалување на австриското влијание врз Ориентот. Резултат од тоа зближување, било формирањето на Балканскиот сојуз, кој се одвивал под директна контрола на Русија. Како главна причина за формирањето на овој сојуз, била опасноста од австрискиот продор кон Балканот, да

се забрза распаѓањето на Империјата и да се зацврсти руското влијание на Балканот. Во контекс на зближувањето на Бугарија и Србија, рускиот конзул Сергеев вели: „Ние ќе направиме сѐ, само да го олесниме вашето зближување, кое од сѐ срце го сакаме“. Со поделбата на Македонија меѓу балканските сојузници, Русија сметала дека трајно ќе ја отстрани опасноста од секаква можност за освојување на Балканскиот Полуостров од Австрија и Германија. Пред решителноста на Балканските држави за мобилизација на своите оружени сили, руската дипломатија преземала иницијативи за спречување на воените дејства. Следувале заплашувања не само на Русија, туку и на Големите сили, за избегнување на воениот конфликт. На крајот и покрај сите предупредувања, војната против Турција станала неизбежна.

Балканскиот сојуз не ѝ давал спокојство на австриската дипломатија и затоа таа настојувала по секоја цена да го растури овој Сојуз. Затоа таа своите усилби ги насочила кон бугарскиот кнез Фердинанд кој и покрај сојузот со Србија, бил проавстриски настроен и се залагал за создавање голема бугарска држава. На крајот биле направени и последните обиди од руска страна, за помирување меѓу Србија и Бугарија и за руска арбитража на спорните зони при поделбата на Македонија. По завршувањето на Втората балканска војна, бил потпишан Букурешкиот мировен договор и била извршена конечната поделба на Македонија. Ова можеби претставува и најтемниот и најтрагичниот настан во целокупната македонската историја. Иницијативи за руско влијание на Балканскиот Полуостров, се јавуваат и во поново време. Се враќа ли Русија повторно на Балканот?

# Преглед на консултирани извори и литература

## ИЗВОРИ

### а) Необјавени архивски материјали


- **Државен архив на Македонија, Руски императорски конзулат во Солун**, микрофилмуван архивски материјал, Број на сигнатура. XCVI/1145
- **Државен архив на Македонија.** Подрачна единица во **Битола.** Руски императорски конзулат во Битола. бр.2.616.1.162/1


### б) Објавени архивски материјали


- Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том први, Скопје, 1981
- Дракул Симон, Македонија меѓу автономијата и дележот, том 1-7, Куманово-Скопје, 1995-2007
- Македонија во билатералните и мултилатерални договори на балканските држави (1861-1913), документи- редакција и коментар Михајло Миноски, Скопје 2000
- Македонија во меѓународните договори, 1875-1919, Избор, редакција и коментар на Александар Христов и Јован Донев, Архив на Македонија, Скопје, 1994
- Македония и Одринско (1893-1903) Мемоар на Вътрешната Организация, 2008
- Македония, Сборник от документи и материали. Институт за история, София, 1978
- Реформы въ Македоніи, Дипломатическая переписка, (1902-1903), С. Петербургъ,
- Руски документи за Македонија и македонското прашање (1859-1918) (Избор и редакција на Александар Трајановски), Скопје, 2004
- Сборник договоров России с другими государствами (1856-1917) , бр. 6. 1952, (www.istmat.info)
- Терзиоски Растислав, Руската дипломатија и македонските бранувања (крај на XIX -почеток на XX век, сведоштва од руските активи, Скопје, 2011

ЛИТЕРАТУРА


- Абаџиев Ѓорѓи, Балканските војни и Македонија, Скопје, 1992
- Андреев Андрей, Ролята на православните и славянските идеи за формирането на понятијата „стари и млади“, Пловдив, 2006
- Андреев Андрей, Славянските комитети, руската политика в България през втората половина на XIX век, кн.3-4, В.Трново, 2006
- Балканские народы и европейские правителъства в XVIII- начале XIX в.( документы и исследования) Москва, 1982
- Бамберг Феликс, Източният вопрос, между Кримската война и Берлинският конгрес, София, 2003
- Битоски Крсте, Македонија во времето на големата Источна криза (1875-1881), Скопје, 1982
- Блокгаус А.Ф, Славјанското благотворително општество (1890-1907)
- Брейлсфърд Ноел Хенри, Македония нейните народи и тяхното бъдеще, София, 2013
- Войников Ж, Българското освобождение и дипломатическите перипети свързани с него, 2011
- В „пороховом погребе Европы“, 1878-1914 гг, Научное издание (група автори), Москва, 2003
- Геновъ П. Г, България и Европа, Санъ Стефано и Берлин -1878, София, 1940
- Геновь П. Георги, , Източният Вопрось (Политическа и дипломатска история), Часть втора( Оть Парижкия конгресь (1856) до Иьойнският договор(1919)), София, 1926
- Генчев Николай, Българското възраждане, (Дигитална библиотека по архивистика и документалистика) София,2008, (www.electronik-library.org)
- Германов Стоян, Руската общественост и революционното движение в Македония и Одринско 1893-1908, София, 1992, 77
- Гиза Антони, Балканските държави и македонският въпрос, София, 2001
- Григорьева Александровна Анна, Баканская политика России и панславизм в 80-е годыхiх века. Катедра всемирной истории, 78, www.gramota.net
- Губер А. А, Гефтер я. М, Всемирная История, том 7, Москва 1960
- Даневъ Стоян, Очеркъ на дипломатическата история на балканските държави, Балканския близкоисточенъ институтъ, София, 1922

- Диковски Ц, Обявяване на независимостта на България и борбата за нейното утвърждаване, 2008
- Димевски Славко, Македонска борба за црковна и национална самостојност (Унијатско движење), Скопје, 1988
- Дюлгерова Ангелова Нина, Политика России и Австро-Венгрии в отншении Болгарии в конце XIX-начале XX вв.(1896-1903), Москва , 1985,
- Дюлгерова Нина, Международни аспекти на Илинденско-Преображенското въстание 1903 год. Варненски свободен университет
- Донев Јован, Ставот на Русија кон македонското прашање при крајот на XIX и почетокот на XX век(1897-1903) Зборник, Македонско-руските врски во XIX и почетокот на XX век, Скопје, 1996
- Ѓорѓиев Ванчо, Апостол Петков Терзиев, Кралот на Блатото, Скопје 2013
- Ѓорѓиев Ванчо, Реформи за мир или одлагање на конфликтот, 100 години од Балканските војни (Прилози од научниот собир одржан на 3-4 декември, 2013 година), Скопје, 2013
- Ѓорѓиев Ванчо, Слобода или смрт, Македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает (1893-1903), Скопје 2003
- Ѓорѓиев Ванчо, Трајко Китанчев, Скопје, 2015, 36
- Živanov Sava, Pad Ruskog Carstva, 1, Beograd, 2007
- Živanov Sava, Rusija i raskol Evrope, Odnosi između evropskih sila pred Prvi svetski rat, Od Berlinskog kongresa do početka rata (1878-1914), Beograd, 2005
- Živanov Sava, Rusija na prelomu vekova, Poslednje decenije Ruskog Carstva, Od završetka Krimskog rata do početka Prvog svetskog rata (1855-1914), Beograd, 2002
- Зарковић Весна, Руски дипломати на удару атентатора у Косовском и Битољском вилајету почетком XX века. Свеска 32, 2012
- Зборник, Балканот и Русија: Општото и специфичното во историскиот и културниот развиток (прилози од заедничкиот проект помеѓу и институтот за национална историја и институтот за славистика при Ран) Скопје, 2010
- Зборник -Македонско -руски врски во XIX век и почетокот на XX век, Скопје 1996
- Зборник Матице српске за историју, 71-72, Нови Сад, 2005
- Зоитакис Афанасий, Протестантизм и православие на Балканах. част I протестанская експанзия на Востоке, Святая Гора, 2012

- Икономов Т, ПротоколитѢ на Берлинскиӣ конгресъ, София, 1885
- Икономов Т, ПротоколитѢ на Цариградската конференция съ Лондонскиӣ протоколъ, Варна, 1885
- Исаева Ольга, Македонская тема в Балканской политике России(1878-1913гг.) зборник, Балканот и Русија...,15
- Историја дипломатије, свеска прва, во редакција на В.П. Потемкин, Београд, 1949
- Историја дипломатије, свеска друга, во редакција на В.П. Потемкин (1872-1919, Београд, 1949
- Историја на македонскиот народ, книга втора, Од почетокот на XIX век, до крајот на првата светска војна, Скопје, 1969,
- Якубовская В. И, Имперская политика и Балканы в конце XIX –начале XX вв. 2008
- Јањатов Драган, Традициите на руската дипломатска школа,(Аспекти на македонското национално прашање), Скопје, 2011
- Јелавич Барбара, Историја на Балканот осумнаесетти и деветнаесетти век, том I, Скопје 1999
- Јелавич Барбара, Историја на Балканот, дваесетти век, том II, Скопје 1999
- Јелачић Алексеј, Историја Русије, Поучник IV, Београд, 1929
- Карнегиева фондация за международен мир. Доклад на международната комисия за разледване причините, София, 1995
- Кључевски О. Василиј, Историја Русије, Београд, 1997
- Ковачевић М. Душко, Спољна политика Русије до почетка Велике источне кризе (1856-1875)
- Косев Константин, Кратка история на българското възраждение, София, 2001,141
- Леонидович Ямбаев Михаил, Македония и Русия (1897-1902), Москва, 2004
- Лилов Иван, „Освободителни“ мисии на Русия- Съветския съюз във и около България, София, 2004
- Манчев Кръстьо, История на балканските народи, Том I (1352-1878) второ издание, София, 2006
- Македонија и руската политика на Балканот од Берлинскиот конгрес до првата светска војна), Скопје, 2008, (зборник)
- Марков Г, България в Бългрският съюз срещу Османската Империя, 1912-1913, София, 1989
- Миљуков Павле, Сењобос, Ензенман, Историја Русије, Београд, 1939

- Miljukov Pavle, Senjobus Sarl, Ezenman Luj, Istorija Rusije, (ponovljeno izdanje), redactor Ognjen Sekuljic, Zagreb, 2009
- Мякотинь А. В, История на Русия, от XI доVIII вькь, София, 1937
- Модернизация vs война, Человек на Балканах накануне и в время Балканских войн, зборник,(1912-1913), Москва , 2012
- Мцхвариашвили Александра Димовна, Восточный вопрос и российская дипломатия, в 1864-1871 гг (по материалиам записок графа Н. П. Игнатьева), Краснодар, 2013
- Недељковић Славиша, Стара Србија и турске реформе (Турски реформски програм из 1902 године) Ниш, 2006, www.scindeks–clanci.ceon.rs
- Никитин А. С, Очерки по истории южных Славян и русско балканских связей в 50-70-те годы XIX в, Москва, 1970
- Новая история, под редакцией Н. Е. Овчаренко, часть вторая, 1871-1917, Москва, 1976
- Орлов В. А, Внешняя политика и международные отношения России с середины XIX века до 1918 года, Санкт-Петербург, 2011
- Очерки истории Министерства иностранных дел России, Том первый, 860-1917 гг. Москва, 2002
- Perović Latinka, Planirana revolucija, Beograd-Zagreb, 1988
- Пољански-Андонов Христо, Ситуацијата во Македонија по Илинденското востание и Мирцштегските реформи, Скопје, 1955
- Popov Čedomir, Građanska Evropa (1770-1871), Druga knjiga, Politička istorija Evrope, Novi Sad, 1989
- Попов Чедомир, Грађанска Европа (1770-1914) Политичка историја Европе (1871-1914) Београд 2010.
- Поповић Васиљ, Европа и српско питање, у периоду ослобођења (1804-1918) Београд, 1940
- Поповкин Алексей, Славянски комитет и борьба за Православие в Македоний (1859 год), Руская народная линия, 2010, www.ruskline.ru
- Поповски Владо, Руската и советската надворешна политика и македонското прашање (од крајот на XVIII век до четвртата деценија на XX век), Скопје, 2013
- Растовић Александар, Македонско питање у британском парламенту (1903-1908), Ниш, 1910

- Религия и църква в България: Социальни и културни измерения в православието и неговата специфика в българските земи, редакция, Георги Бакалов, София, 1999, 136
- Рыбаченок Сегеевна Ирина , Политика России на Балканах на рубеже XIX-XX веков: цели, задачи и методы, Институт российской истории, 2010, 2 (www.ebookiriran.ru)
- Русија и источно питање, Савремена политичка историја www.scribd.com
- Русија и македонското прашење во втората половина од XIX век, (www.wikibooks.org)
- Сидовски Кочо, Италија и Македонија од крајот на XIX век до 1909 година, ИНИ, Скопје, 1994
- Силянов Христо, Освободителнитѣ борби на Македония, Том първи, Илинденското възтание, София, 1933
- Силянов Христо, Освободителнит борби на Македония. Том II, след Илинденското востание, София, 1943 ( II фототипно издание)
- Сквозников Н. Александр, Македонский вопрос в начале XX века и российская общественост, Самара, 2008
- Сквозников Н. Александр, Российская дипломатия о путях решения македонской проблемы в конце XIX -начале XX века, Самара, 2009
- Сквозников Николаевич Александр, Македония в конце XIX-начале XX века — яблоко раздора на Балканах, Самара, 2010
- Sovjetska zemlja, grupa avtori , Kultura, Zagreb,1948
- Спомени, дописки и писма на Васил Манчов, Съставителство, бележки и коментар на: Цветана Нанова и Юлия Николова, София, 1982
- Stavrijanos Leften , Balkan posle 1453 godine, Beograd, 2005
- Станиславовна Бобкова Марина, Манифест о всемилостивейшем даровании крепостным людям прав состояния свободных сельским обывателей и об устройстве их быта, 100 главных документов российской истории, док.история.
- Стојанов Петар, Македонија во политиката на големите сили во времето на балканските војни 1912-1913, Скопје, 1979
- Терзиовски Растислав, Односот на руската дипломатија спрема унијатството во Македонија (втора половина на XIX и почетокот на XX век). Гласник на ИНИ, год. 48, број 1-2, Скопје, 2004
- Тодоровски Глигор, Русија и реформите во Македонија од средината на 19 век до Илинденско востание МАНУ, прилози 20/1

- Тодоровски Глигор, Реформите на големите европски сили во Македонија (1829-1909) I дел, Скопје, 1984
- Тодоровски Глигор, Реформите на големите европски сили во Македонија (1829-1909) II дел, Скопје, 1984
- Тодоровски Глигор, Реформите на големите европски сили во Македонија (1829-1909) III дел, Скопје, 1984
- Тодоровски Глигор, Македонското прашање и реформите во Македонија (од дипломатската историја на македонскиот народ) Скопје, 1989
- Трајановски Александар, Руската политика кон Македонија и македонското прашање кон крајот на XIX и почетокот на 20 век (1876-1915), Годишен зборник, книга 10, Скопје 2004
- Троцкий Лев, Перед историческим рубежом, Балканы и Балканская война, Санкт-Петербург, 2011
- Урић Ненад, Питање реформи и устанка у Турску, с посебним освртом на делатност српско-босанског одбора и руски словенофила (1860-1861) Чланци и расправе,
- Успенски И. Фјодор , Источно питање, Београд, 2003
- Хамза Јусуф, Младотурскара револуција во Османската империја, Скопје, 1995
- Hearder Harry, Europe in the Nineteenth Century, 1830-1880, Second edition, London-New York, 1988
- Христов Д, Русия и Източният въпросъ, част I , София, 1905, 31-33
- Цановъ С. А, България въ източний въпросъ, Пловдивъ, 1879
- Čehajić Mersad, Njemacke novine u Moravskoj o Balkanskim ratovima (1912) magistarski rad, Olomouc, 1912
- Ћоровић Владимир, Историја српског народа, прва књига, Београд, 2001 ( Фототипно издание)
- Штепан Лотар -Ханс, Македонскиот јазол, Идентитетот на Македонците прикажан на примерот на Балканскиот сојуз, Скопје, 2004
- Wortman Richard, The Crisis of Russian Populism, Cambridge, 1967

## СПИСАНИЈА, ВЕСНИЦИ И СТАТИИ

- Алтънов В, Методий Кусев и националният въпрос, Списание Разум, брой 2, 2002)

- Гиза Антони, Шелепенъкин Г. Н, Ситуация в Македонии и позиция в России после Берлинскаго конгреса, 1878 года, 2005, Выпуск 5, www.histvestnik.psu.ru
- Ламздорф Н. В, Журнал "Дипломатический вестник", www.mid.ru
- Дюлгерова Нина, Руски щрихи към Руско-турската война 1877-1878 г. (Руски сценарии за войната и след войната) Статиа. 23
- Дюлгерова Нина, Съединението и независимостта на България в руските външнополитически приоритети, статии, (www.nina-dulgerova.org)
- Поповкин А. А, Московский Славянский комитет и „Кукушская уния„ (1859) Вестник вгу серия: История, Политология, Социология, бр.2, 2011

## КОРИСТЕНИ СТРАНИ НА ИНТЕРНЕТ

- Андреев Андрей, Руски-славянски комитети и идеята за опщ „славяно-руски език". (www.nbuv.gov.ua)
- Внешная политика России во второ и половине 19 века, (www.km.ru)
- Воронкова Е. Ирина, Европейская политика России после Боснийского кризиса в оценке конституционных демократов, (www.rusnauka.com)
- Задохин Г. А, Низовский Ю. А, Пороховой погреб Европы, 2000, „Военна литература"(www. militera.lib.ru)
- Македонские земли в 1878-1914, (www.knowledge.allbest.ru)
- Палангурски Милко, Русия, България и Виенските реформи (1902-1903.) www.uni-vt.bg
- Румянцев В, Исторические источники первые годы XX век, (www.hrono.ru)